РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1056
Скопје, 14 јуни 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1056 од 14 јуни 2013 година

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Менаџмент**, осмо издание, од **проф. д-р Бобек Шуклев**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје.....1-14

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметите од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Илина Јакимовска)**.....15-31
2. Рецензија на ракописот под наслов **Каталог на земјотресите во Република Македонија 1981-1990**, од **д-р Лазо Пекевски**, пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....32-35

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Маја Наумовска, Анета Мацаров, Татјана Игњатовска Петковска, Катерина Секулоска, Александар Ѓоргиев, Катерина Сулева, Лујза Серафимова, Кристина Доновска, Јована Аполеска, Авни Кастрати, Беким Каноли, Валентина Јаневска, Симона Петковска Ендековски, Александар Зарков, Сања Давидовска, Марија Георгиевска)**.....36-37

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Сашо Спасовски, Даниела Ангеловска, Рушит Јусуфи, Михаил Матески)**.....38

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и инфорациски технолоигии во Скопје **(Сања Ангелова, Ивана Шоповска, Елена Ивановска, Коста Папастеревски, Карина Доневска, Даниел Коцев, Македонка Гудирова, Никола Христоски)**.....39-40

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик**, од **м-р Соња Китановска-Кимовска**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....41-47

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Драгица Кировска, Александар Радомировиќ, Билјана Хаџи-Јанева, Борче Јоновски, Ана Блажеска, Игор Дуровски, Весна Блажевска Кировска, Марија Николовска, Драган Дурлевиќ, Харитон Гацоски, Георги Наумовски, Елена Милосковска, Марко Петрушевски, Игор Деспотовски, Радослав Бојаџиевски)**...48-49

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Поврзаност на прекумерната експресија на гените UHRF1, p53 и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур**, од **д-р Скендер Саиди**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....50-56

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Општествено-политичкиот живт и културата на живеење на Македонците во Тетово во првата половина на XX век**, од **м-р Бранислав Светозаревиќ**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....57-63

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Бошњаците во Македонија во текот на XX век, со посебен акцент на културата и просветата**, од **м-р Зеќир Рамчиловиќ**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....64-66
2. Реферат за избор во звањето научен советник на Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Љубица Јанчева**).....67-74

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Викторија Митрикеска Ѓорѓи Николовски, Кристина Дабевска, Сашка Тодоровска, Магдалена Јовановска, Билјана Михајловска, Воислав Стојановски**).....75

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Сања Спенџарска, Билјана Коцева, Магдалена Јаневска, Билјана Учета, Ангела Ангеловска Усовска, Маја Трајковиќ, Александра Марковска, Мирјан Велковски, Флорија Незири Даути, Миланчо Чанговски, Магдалена Китановска, Јасминка Јакимовска, Радана Костовска Митева, Огнен Коцевски, Анета Димовскам Фељана Кока, Марија Чанова, Миле Стојковски, Блаже Велковски, Кристина Запатоска, Дарко Николов, Габриела Хаџи-Василева, Зоран Трајковски, Снежана Силјаноска, Наташа Јаневска Николовска, Живка Спасевска, Енисе Демири**).....76-77

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)** од **м-р Мунир Адеми**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....78-82

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Данијела Таниќ Шаневски, Маргарита Зужелова**).....83

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Марија Милошевска, Арбен Речица, Ивана Велиновска**).....84

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Осеоинтеграцијата на едноосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes melitus** од **д-р Владимир Филиповски**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....85-89

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање доцент во научната област автоматика на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Емил Заев**).....90-102

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Рецензија на докторска дисертација **Развивање ма трофазен модел од конечни и бесконечни елементи за динамичка анализа на почвата**, изработена од **м-р Кемал Едип**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија Скопје.....103-106

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународни односи, на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Јулија Брсакоска Базеркоска)**.....107-123
2. Реферат за избор на наставник на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Ирена Рајчиновска Пандева)**.....124-144

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Халим Хида)**.....145
2. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија и клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Оливера Рашиќ-Цаневска)**.....146-156
3. Реферат за избор на еден наставник во сите звања за научните области (дисциплини): дефендологија, мировни стратегии, теории на глобализацијата, глобализацијата и мирот и креирање на политиките на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Горан Зенделовски)**.....157-165

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Реферат за избор на наставник во звањето насловен доцент во научната област применета кинезиологија по предметот дидактика во физичко образование и спорт на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Серјожа Гонтарев)**.....166-180
2. Реферат за избор на наставник по предметот физичко образование и спорт во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Славица Новачевска)**.....181-186
3. Реферат за избор на наставник во звањето насловен доцент во научната област применета кинезиологија по предметот боречки спортови 1, бокс и борење на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Калач Руждија)**.....187-195

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(Убавка Милошеска)**.....196

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во научните области (дисциплини): полемологија, дефендологија и интегрална безбедност на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Тања Милошевска)**.....197-209
2. Рецензија на докторската дисертација **Општествениот контекст и промените во улогите на мајчинството,** од **м-р Викторија Боровска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....210-214

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор во звањето насловен вонреден професор од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Стево Божиновски)**.....215-231

.ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст во Република Македонија,** изработена од **м-р Искра Станчева Гигов,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....232-238
2. Реферат за избор на еден научен соработник (доцент) во научното поле организациски науики и управување, област: управување со човечки ресурси, на Економскиот институт во Скопје **(д-р Ирина Мајовски)**.....239-253

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот за учебник со наслов **Спортска медицина за физиотерапевти,** за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје.....254-256
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант,** од **м-р Весна Лазаровска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....257-261

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на еден соработник во звањето асистент по наставната дисциплина актерска игра со познавање на албанскиот јазик на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Хисмет Рамадани**).....262-270

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Создавањето на надзорешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија,** од **м-р Енвер Абдулахи,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....271-273

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Драган Богдановски-живо и дело (1929-1998)** од **м-р Марјан Иваноски,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....274-278

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор во наставно-научно звање - насловен доцент по предмети од наставно-научната област физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска**).....279-290

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001-2011),** од **м-р Катерина Вељановска,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....291-299

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Показатели кои ја предвидуваат прогресијата и исходот кај болни со тешка сепса и септичен шок,** од **д-р м-р Крсте Гроздановски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....300-302

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Слободан Калајџиски**).....303-315

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија на докторската дисертација **Воведување на користењето на длабоко замрзната сперма во репродукцијата на свињите,** од **м-р Љупчо Мицков,** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....316-322

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ", ОСМО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 0202-3812/3 од 31.10.2012 година, донесена на седницата одржана на 26.10.2012 година, определен сум за рецензент на учебникот **„Менаџмент", осмо издание, од проф. д-р Бобек Шуклев**. По внимателното читање и проучување на трудот го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Изградбата на новиот стопански и политички систем на нашата земја и создавањето на моделот на отворено пазарно стопанство означуваат почеток на темелни измени во стопанството. Во тие рамки, претпријатието како основен стопански субјект станува посамостојно, а законитостите на пазарот се се поизразени. Претпријатијата, исто така, се организираат на нов начин. Во тек се измени на стопанската структура. Легализиран е плурализмот на сопственоста. Општествената сопственост се трансформира во приватна, во сопственост на акционери. Во стопанството темелно се изменети условите на стопанисување. Една од основните и, по наше мислење, приоритетна задача пред која се наоѓа нашето општество и стопанство е воведувањето на менаџментот, како наука за управување и раководење, во нашите претпријатија и напуштање на негативниот однос кон него.

Имено, неоспорно е сознанието дека во минатото, долг период на време, кај нас, теоретските и практичните достигнувања на менаџментот, потврдени и докажани во земјите со пазарна економија, беа запоставени, па дури и прикажани како лоши. Како да заборавивме дека деловното одлучување во светот е извонредно ценета и вреднувана активност. За тоа се потребни способни, стручни и претприемливи менаџери, кои ќе ги познаваат и применуваат современите методи и техники на менаџментот. Тоа значи дека управувањето и раководењето со претпријатието има своја технологија која се заснова на одредени правила, постапки, методи, техники и слично. Таквиот менаџмент на Запад е извонредно развиен и подигнат на ниво на наука. А, токму овој и таков менаџмент во нашето стопанство долго време беше потиснуван со многу ограничувања од најразличен вид.

Ваквата состојба во последниве години се надминува со менување на наставните планови и програми на економските факултети, со организирање на постдипломски студии по менаџмент, со организирање на семинари, советувања и

други облици на образование на човечките ресурси за примена на менаџментот.

Во овие рамки, напорот на проф. д-р Бобек Шуклев да напише современ учебник од областа на менаџментот заслужува целосно внимание и признание, бидејќи пополнува една силно изразена потреба за сознавање и афирмација на теоријата и практиката на менаџментот и во нашата земја.

Набљудуван низ таква призма, трудот третира многу значајна и извонредно актуелна материја поврзана со менаџментот како универзална цивилизациска придобивка. Фактички, предмет на проучување на трудот се бројните аспекти и прашања на менаџментот, и тоа елаборирани според логичен и систематски редослед и со совладана научна методологија. При тоа, тежиштето на трудот е ставено на основите на менаџментот и на функциите што ги извршуваат менаџерите во текот на работењето, кои, во исто време, се и функции на менаџментот како процес, при што успешно е решен проблемот на соодветно одмерување на важноста и третманот на секој елемент одделно.

Инаку, трудот, кој содржи 390 страници текст и 51 страница литература, речник, фусноти, индекс на автори и индекс на предмети, е структуриран во три дела и 13 глави логично подредени во една конзистентна целина.

Неговата глобална содржина е следна:

I дел Основи на менаџментот
Глава 1 Предизвикот на менаџментот
Глава 2 Еволуција на мислата за менаџмент
Глава 3 Работата на менаџерите
Глава 4 Окружувањето и организациската култура
II дел Менаџмент - процес
Глава 5 Планирање
Глава 6 Организирање
Глава 7 Координирање
Глава 8 Мотивирање
Глава 9 Контролирање
Глава 10 Менаџерско одлучување
III дел Современи предизвици на менаџментот
Глава 11 Општествената одговорност и менаџерската етика
Глава 12 Малиот бизнис и претприемаштвото
Глава 13 Предизвикот на корпоративното управување
Речник
Фусноти
Индекс на автори

Индекс на предмети

Првиот дел е посветен на основите на менаџментот, при што особено внимание се посветува на карактерот на менаџментот, а во тие рамки, на улогата на менаџментот во работењето на претпријатието, нивоата на менаџментот во менаџмент-скалата, функциите на менаџментот, принципите на менаџментот, менаџментот на новото работно место, total quality management и техниките на TQM. Во него, исто така, се обработува еволуцијата на мислата за менаџмент со посебно истакнување на класичните, бихевиориетичките, квантитативните и современите теории за менаџмент. Понатаму, значаен простор во првиот дел му е посветен на односот на менаџерите и лидерите со посебно истакнување на работата што ја извршуваат менаџерите, на способностите кои се бараат од менаџерот според нивоата на менаџментот, на одговорностите на генералниот менаџер, на десетте улоги во кои се јавува главниот менаџер и на карактеристиките на успешно и модерен менаџер. На крајот од првиот дел, разработено е окружувањето во кое претпријатието функционира. При тоа, претпријатието влијае на окружувањето или е под негово влијание при донесувањето на краткорочни и стратегиски одлуки. Тука, исто така, се разработува односот помеѓу окружувањето и организациската култура. Посебно одбележување заслужуваат содржините кои се внесени во првиот дел на трудот, а кои се однесуваат за карактерот на менаџментот и за односот на менаџерите и лидерите, кадешто се лоцирани проучувањата на авторот за тоа кој е менаџерот, што тој работи, какви се неговите способности, што значи успешен и модерен менаџер, какви видови менаџери постојат и слично.

Вториот дел на трудот е посветен на процесот на менаџментот. Во него се вклучени основните функции што ги извршуваат менаџерите. Така, менаџментот започнува со планирањето како негова главна функција. Сите менаџери планираат. Тие формулираат цели, разработуваат политики, изработуваат планови како средство за акција и за конкретизација на целите.

Организирањето е втора функција што ја извршуваат менаџерите. Во тој контекст разработен е односот помеѓу организацијата, организирањето и организационата структура, традидионалните и современите форми на организациската структура, формалната и неформалната организација, делегирањето на авторитетот, одговорноста на менаџерот, а исто така, објаснети се и другите елементи на организационата структура (поделба на работата, единство на командувањето, формализацијата, департманизацијата и распонот на

менаџментот).

Координирањето е трета функција што ја извршуваат менаџерите за да ги поврзат и синхронизираат одделните активности во претпријатието. Менаџерот треба да создава услови за кооперација на работниците. За таа цел, во оваа функција се разработени: видовите, факторите, принципите и методите на координирање.

Мотивирањето е четврта функција на менаџментот. Тука посебно се третирани односите помеѓу мотивирањето и мотивите, карактерот на мотивирањето, задоволството од работата, улогата на менаџерот како мотиватор, факторите кои влијаат на мотивацијата, посебнлта улога на парите како фактор на мотивација и реакциите на индивидуите кога постојат незадоволени потреби. Објаснети се, исто така, и единаесет различни теории за мотивација кои на менаџерот треба да му помогнат да го унапреди извршувањето на работата и да земе активна улога во управувањето со процесот на мотивација при работа.

Контролирањето е петта функција што ја извршуваат менаџерите. Контролирањето, како функција со која завршува менаџмент-процесот, ги опфаќа прашањата за карактерот, суштината, процесот и видовите контроли. Исто така, елаборирани се стандардите за контрола, карактеристиките на контролата, барањата кои треба да се исполнат за ефикасна контрола, економијата на контролата и слично. На крајот од вториот дел, разработено е менаџерското одлучување и неговиот однос со планирањето, карактерот на одлучувањето, условите на одлучување познати како ризик, извесност и не извесност, моделите на одлучување, зголемување на партиципацијата во одлучувањето и процесот на одлучување.

Во **третиот дел** на учебникот се истражувани современите предизвици на менаџментот. Во фокусот на интересот на авторот се новите аспекти на менаџментот презентирани според следниов редослед: концепции за општествената одговорност, подрачја на општествена одговорност, еволуција на општествената одговорност, општествената одговорност на менаџерите, менаџерска етика, етика кај работното место, одржување на високи етички стандарди, етиката и одлучувањето, дефинирање на малиот бизнис, карактерот на малиот бизнис, улогата на бизнис-планот, нови можности на малиот бизнис и неуспесите на малите бизниси. На крајот на третиот дел, елаборирани се одделни важни аспекти од проблематиката на претприемаштвото и корпоративното управување: основи на претприемаштвото, различност меѓу претприемачите

карактерот на корпоративното управување, редизајнирање на одборот на директори, улоги на членовите на одборот на директори, корпоративното управување и менаџментот, оценување на одборот и директорите и формално оценување на ефективноста на одборот.

Во осмото издание на учебникот се извршени неколку промени кои авторот ги смета за корисни за конституентите и препознатливи за подрачјето на менаџментот кој се карактеризира со брз развој. Така, нови содржини се вклучени во 65 наслови, како на пример, ефикасност и ефективност во менаџментот, основни карактеристики на менаџментот денес, современи менаџмент-техники, развојот на мислата за менаџментот низ историјата, зошто менаџерите се потребни, ефективен наспроти ефикасен менаџер, мерење на организациската ефективност, кога способностите не успеваат, улогата на менаџерот денес, нови предизвици за менаџерот, како се менува работата на менаџерот, грешки кои ги прават менаџерите, окружувањето на менаџментот денес, карактеристики на организациската култура, импликации на организациската култура, отпор кон промени, зошто луѓето се спротивставуваат на промените, културна социјализација, културна ревизија, жените во менаџментот, споредба на современите структури, координирањето и функција на менаџментот, координирањето и соработката, координирањето и поделбата на работата, зошто е потребно координирањето во претпријатието, важноста на координирањето, карактеристики на координирањето, предности на координирањето, значење на мотивацијата, извори на мотивацијата, главни карактеристики на личноста, како наградите влијаат на мотивацијата, организациски награди, нефинансиски награди, мотивациски програми за подобрување на перформансите, фактори кои влијаат на мотивацијата, контролата и функција на менаџментот, зошто менаџерите ја користат контролата, окружување на одлуките, стапка на промена, видови окружување на одлуките, зошто менаџерите донесуваат погрешни одлуки, политички модел, методи за подобрување на групата креативност, одржливоста и корпоративната општествена одговорност, клучни столбови на одржливоста, општествена одговорност кон стеикхолдерите, бенефиции и трошоци на корпоративната општествена одговорност, стратегии на општествената реакција кон стеикхолдерите, вредностите и етиката, нивоа на етиката, етиката на работното место, девијации на работното место, извори на неетичко одлучување и однесување, реваншизам, личниот карактер, профил на сопственикот на малиот бизнис, 9 fs за успешен нов бизнис, основните институции на корпоративното управување, почетоци на корпоративното управување во Македонија, разновидноста

во одборите, бариери за унапредување на жените на врвни менаџмент позиции, модели на стаклени бариери, видови бариери, корпоративните скандали и корпоративната репутацијата, улогата на институционалните инвеститори во корпоративното управување, форми на акционерски активизам, нова ера на институционалните инвеститори и 13 нови случаи на студирање преку пример презентирани на крајот на секоја глава.

Поради истите мотиви во учебникот делумно се преработени содржините на 16 и други наслови, како на пример, што е менаџмент, менаџмент-функции и нивоа на менаџмент, принципи на менаџментот, менаџери наспроти лидери, карактерот на визијата и мисијата, карактерот на организациските цели, карактерот на деловната политика, карактерот на организациските планови, што е координирање, фрустрацијата и предизвикано однесување, теорија на зрелоста, модели на одлучување, што е општествена одговорност, што е корпоративно управување, развој на менаџерските способности, што е мотивација.

Во продолжение, без да се прави приказ на деталите содржани во трудот, бидејќи тоа во вакви прилики не е неопходно, ќе се потенцираат некои негови квалитативни особености:

Прво, трудот по својата концепција, содржинскиот и методолошкиот пристап во ништо не заостанува зад исти учебници публикувани во земјите со долгогодишна традиција во областа на менаџментот.

Второ, трудот во целина е пишуван според усвоената предметна програма за предметот основи на менаџментот.

Трето, во разработката на материјата авторот користел мошне обемна и релевантна домашна и странска литература. Посебно истакнување заслужува богатиот фонд на користена странска литература од областа на менаџментот, во најголем дел објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред таа година.

Четврто, трудот е богато илустриран со графикони, слики, шеми и табели. Тие, на свој начин, зборуваат за сериозноста и сеопфатноста на истражувачките напори на авторот во изработката на трудот.

Петто, во трудот се презентирани тековни примери од претпријатијата за да се илустрира како новите сознанија за менаџментот се применуваат во секојдневната практика. На тој начин, читателите имаат можност да разберат како концептот на менаџментот се применува во современите услови и како тие можат да го применуваат самите.

Седмо, трудот е пишуван на јасен и разбирлив јазик, со концизна и ударна мисла, при што авторот го задржува неопходното научно ниво во презентирањето на материјата.

Осмо, трудот изобилува со емпириски резултати, добиени од анкети и студии спроведени во одделни земји, кои сведочат за прифатеноста и распространетоста на менаџментот во светот.

Осмо, посебно одбележување заслужува напорот на авторот да го унапреди процесот на учење и подготвување на материјата од страна на студентите. За таа цел, во секоја глава од трудот посебно се истакнуваат целите на учењето и клучните термини.

Деветто, квалитетот на трудот се подигнува на повисоко ниво со речникот, индексот на автори и индексот на предмети, кои се даваат на крајот од книгата. Во речникот секој клучен термин кој се среќава во одделните глави на учебникот е вклучен во поширок речник во кој се содржани над 300 термини опфатени во процесот на менаџментот. Индексот на автори и индексот на предмети, пак, помагаат полесно да се лоцираат информациите сврзани со авторите и одредено тематско подрачје.

Со оглед на презентираните квалитети на трудот, сметам дека учебникот „Менаџмент, осмо издание", ќе предизвика внимание и интерес кај голем број корисници: меѓу студентите на економските факултети, во нивните настојувања за совладување на предметните содржини по предметите од областа на менаџментот, кај научните работници како ориентација за идни продлабочени истражувања на одделни сегменти на менаџментот и кај економските и други човечки ресурси кои во претпријатијата директно се ангажирани и работат на задачи од областа на менаџментот.

Заради сето тоа, чест ми е да го предложам учебникот **„Менаџмент", осмо издание**, изготвен од **проф. д-р Бобек Шуклев**, да се прифати за печатење и објавување.

Рецензент

Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕНАЏМЕНТ", ОСМО ИЗДАНИЕ,
ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 0202-3812/3 од 31.10.2012 година, донесена на седницата одржана на 26. 10. 2012 година (7), определен сум за рецензент на ракопис за учебник со наслов (1) *Менаџмент* (осмо издание) (8) од проф. д-р Бобек Шуклев (6). По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Осмото издание на трудот *Менаџмент* од проф. д-р Бобек Шуклев содржи вкупно 445 страници, од кои 394 страници отпаѓаат на основниот текст, 26 страници на вовед, 5 страница на користена литература, 7 страници на индекс по предмет и на автори, на речник и на фусноти (13). Трудот и во ова издание ја задржува својата основна структура. Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана во три дела и петнаесет глави, покрај предговорот и менаџментот филозофијата, и тоа:

Зошто треба да се користат примери во менаџментот?
I дел Основи на менаџментот
Глава 1 Предизвикот на менаџментот
Глава 2 Еволуција на мислата за менаџмент
Глава 3 Работата на менаџерите
Глава 4 Окружувањето и организациската култура
II дел Менаџмент - процес
Глава 5 Планирање
Глава 6 Организирање
Глава 7 Координирање
Глава 8 Мотивирање
Глава 9 Контролирање
Глава 10 Менаџерско одлучување
III дел Современи предизвици на менаџментот
Глава 11 Општествената одговорност и менаџерската етика
Глава 12 Малиот бизнис и претприемаштвото
Глава 13 Предизвикот на корпоративното управување
Речник
Фусноти
Индекс на автори
Индекс на предмети

Контролирањето, како функција со која завршува процесот на менаџментот, опфаќа прашања како на пример: карактерот, процесот и видовите контрола, стандардите за контрола, карактеристиките на контролата и економијата во контролирањето. На крајот од вториот дел, разработени се: одлучувањето и неговиот однос со планирањето, карактерот на одлучувањето, моделите на одлучување и процесот на одлучување.

Третиот дел е посветен на ***современите предизвици на менаџментот***, со посебен акцент на општествена одговорност, видовите општествена одговорност, дефинирање на деловната етика, приодите на етичко однесување, содржината на кодексот на етика, менаџментот на малиот бизнис, развојот на претприемаштво и терминот претприемач, карактеристриките на малцинските претприемачи, жените-претприемачи и др. На крајот од третиот дел, елаборирани се одделни витални аспекти од проблематиката на корпоративното управување, видовите одбори на директори, улогите на претседателот на одборот на директори, двојната улога на претседателот на одборот на директори, одборот на директори во групи на компании, оценувањето на одборот и на директорите, унапредувањето на ефективноста на одборот и сукцесијата на главниот извршен директор, бариерите за унапредување на жените во менаџментот и корпоративните одбори, моделите на стаклени бариери, улогата на институционалните инвеститори, формите на акционерски активизам и др.

II. Оцена на трудот

Трудот Менаџмент (осмо издание) е пишуван според предметната програма (5) по предметот основи на менаџмент (2) како задолжителен во 4 департмани, со 90 часа настава (4) и 8 ЕКТС, на студиските програми по менаџмент, сметководство и ревизија, маркетинг, е-бизнис, прифатена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет – Скопје. Осмото издание на трудот, „Менаџмент" се разликува во однос на шестото по обем на страници (445 страници во осмото во однос на 499 страници во седмото издание) и содржината (нови, изоставени и преработени наслови) од 60% (9).

Ракописот за учебникот „Менаџмент" на проф. д-р Бобек Шуклев е подготвен за публикување како осмо издание. Во последните десетина години тој доживеа шест изданија: во 1993, 1998, 1999, 2004, 2008, 2009, 2011 и во 2013 година. Во секое ново издание трудот трпеше одредени измени во содржината, со напуштање на некои од постојните поглавја, како и воведување на нови. Со користењето на нова литература авторот ја иновираше содржината на материјата на менаџментот, во согласност со новите текови на нејзиниот развој во светот, особено во земјите со поголема традиција во образованието на кадри од односната проблематика. Иако изготвен како учебник, трудот беше

Приказ на содржината на трудот

Во модерното економско работење, нема ниту еден толку важен фактор каков што е менаџментот. Менаџментот ќе остане основна и доминантна карактеристика додека постои цивилизацијата. Менаџментот е универзален процес. Тоа значи дека сите менаџери извршуваат исти работи. Улогата на менаџерот е да креира и да поддржи интерно окружување во кое луѓето работат заедно, ефективно и ефикасно, кон остварување на персоналните цели и целите на претпријатието. Проблематиката на менаџментот во учебникот е систематизирана во три дела (11).

Првиот дел е посветен на ***основите на менаџментот***, со посебен акцент на неговиот карактер, ефикасноста и ефективноста на менаџментот, а во тие рамки и на улогата на менаџментот во работењето на претпријатието, нивоата на менаџментот во менаџмент-скалата, менаџментот на новото работно место, менаџмент на вкупниот квалитет, техниките на TQM, функциите на менаџментот, современите менаџмент техники, на развојот на мислата за менаџмент низ историјата, како и основниот модел на менаџмент; односот меѓу менаџерите и лидерите, со посебно истакнување на работата што ја извршуваат менаџерите, на улогата на менаџерите во менаџментот, на способностите кои се бараат од менаџерот според нивоата на менаџмент, на одговорностите на генералниот менаџер и др. На крајот од првиот дел, разработено е окружувањето на кое претпријатието влијае или е под негово влијание при донесувањето на краткорочни и стратегиски одлуки и организациската култура.

Вториот дел е посветен на ***процесот на менаџментот***. Во него се вклучени основните функции што ги извршуваат менаџерите. Така, менаџментот започнува со планирањето, како главна негова функција. Организирањето е втора функција што ја извршуваат менаџерите. Во тој контекст, разработени се: односот меѓу организацијата, организирањето и организационата структура, традиционалните и современите форми на организационата структура,како и елементите на организационата структура. Координирањето е трета функција што ја извршуваат менаџерите, за да ги поврзат и да ги синхронизираат одделните активности на работата во насока кон остварување на целите на претпријатието. Мотивирањето е четврта функција што ја извршуваат менаџерите. Во овие рамки, посебно се разработени односите меѓу мотивирањето и мотивите, карактерот на мотивирањето, улогата на менаџерот како мотиватор, факторите кои влијаат на мотивацијата и др. Во овој контекст се разработени единаесет различни теории за мотивацијата кои треба да му помогнат на менаџерот да го унапреди извршувањето на работата и да земе активна улога во управувањето со процесот на мотивацијата во работата. Контролирањето е петта функција што ја извршуваат менаџерите.

прифатен и од нашата практика, поради што за кратко време по првото публикување, уследија нови, и сегашното осмо издание (13).

Имајќи ја предвид намената на ова дело, авторот водеше сметка да не го зголемува товарот врз студентите при совладувањето на проблематиката, поради што, по правило, воведувањето на новини беше проследено во просторот создаден со напуштање на некои од претходните. Па така, вкупниот обем на трудот изнесува 445 страници, од кои на текстот што ја третира односната проблематика, без страниците што му претходат и без прилозите, како што се, речникот, индексот според авторите и според предметот, изнесува околу четиристотини страници.

И покрај направените измени со секое ново издание, концептот на трудот не е изменет. Наместо предговорите кон претходните седум изданија, следува само предговорот кон осмото издание, во кој авторот ги означува насловите со нови содржини, како и оние што се само преработени и изоставени. Новина од авторот претставува посебно означената менаџмент-филозофија, на која се изградува целината на трудот, систематизирана во три дела: основите на менаџментот, продесот на менаџментот и современите предизвици на менаџментот. Во овие рамки преку насловот "Зошто треба да се користат примери во менаџментот?", се дава одговор на оправданоста од користење на примери од практиката, се унапредуваат вештините на студентите за согледување на ситуациите и се развива нивната способност за менаџер-ско одлучување во врска со тоа што треба да се стори и како да се спроведе сето тоа. Заради задржување на потврдените карактеристики и заради зголемување на педагошките вредности на учебникот, извршени се неколку промени кои се корисни за конституентите и се порепрезентативни за подрачјето на менаџментот кое се карактеризира со брз развој. Во продолжение се истакнати само новите карактеристики на ова издание, а тоа се насловите со нови содржини, како и оние што се преработени и изоставени.

Нови содржини на наслови: Најновите сознанија во менаџментот ја наметнаа потребата од вклучување нови содржини во следниве наслови: ефикасност и ефективност во менаџментот, основни карактеристики на менаџментот денес, современи менаџмент-техники, развојот на мислата за менаџментот низ историјата, зошто менаџерите се потребни, ефективен наспроти ефикасен менаџер, мерење на организациската ефективност, кога способностите не успеваат, улогата на менаџерот денес, нови предизвици за менаџерот, како се менува работата на менаџерот, грешки кои ги прават менаџерите, окружувањето на менаџментот денес, карактеристики на организациската култура, импликации на организациската култура, отпор кон промени, зошто луѓето се спротивставуваат на промените, културна социјализација, културна ревизија, жените во

менаџментот, споредба на современите структури, координирањето и функција на менаџментот, координирањето и соработката, координирањето и поделбата на работата, зошто е потребно координирањето во претпријатието, важноста на коодинирањето, карактеристики на коодинирањето, предности на коодинирањето, значење на мотивацијата, извори на мотивацијата, главни карактеристики на личноста, како наградите влијаат на мотивацијата, организациски награди, нефинансиски награди, мотивациски програми за подобрување на перформансите, фактори кои влијаат на мотивацијата, контролата и функција на менаџментот, зошто менаџерите ја користат контролата, окружување на одлуките, стапка на промена, видови окружување на одлуките, зошто менаџерите донесуваат погрешни одлуки, политички модел, методи за подобрување на групата креативност, одржливоста и корпоративната општествена одговорност, клучни столбови на одржливоста, општествена одговорност кон стеикхолдерите, бенефиции и трошоци на корпоративната општествена одговорност, стратегии на општествената реакција кон стеикхолдерите, вредностите и етиката, нивоа на етиката, етиката на работното место, девијации на работното место, извори на неетичко одлучување и однесување, реваншизам, личниот карактер, профил на сопственикот на малиот бизнис, 9 fs за успешен нов бизнис, основните институции на корпоративното управување, почетоци на корпоративното управување во македонија, разновидноста во одборите, бариери за унапредување на жените на врвни менаџмент позиции, модели на стаклени бариери, видови бариери, корпоративните скандали и корпоративанта репутацијата, улогата на институционалните инвеститори во корпоративното управување, форми на акционерски активизам, нова ера на институционалните инвеститори и 13 нови случаи на студирање преку пример презентирани на крајот на секоја глава.

Преработени содржини. Во учебникот се преработени содржините на следниве наслови: што е менаџмент, менаџмент-функции и нивоа на менаџмент, принципи на менаџментот, менаџери наспроти лидери, карактерот на визијата и мисијата, карактерот на организациските цели, карактерот на деловната политика, карактерот на организациските планови, што е координирање, фрустрацијата и предизвикано однесување, теорија на зрелоста, модели на одлучување, што е општествена одговорност, што е корпоративно управување? развој на менаџерските способности, што е мотивација.

Заслужува да се истакне фактот дека трудот и натаму ги задржува поранешните карактеристики. Со континуирани иновирања тој се потврдува како сеопфатен и добро систематизиран учебник, кој придонесува да им се олесни на студентите совладувањето на предметната проблематика. Трудот е широко прифатен и од лица во стопанството, особено од оние чија животна преокупација е менаџментот. Публикувањето на овој труд ќе претставува значаен придонес во

збогатувањето на бизнис-литературата од областа на менаџментот како и унапредување на бизнис-практиката поврзана со менаџментот во претпријатијата.

За унапредување на процесот на учење и подготвувње на литературата од страна на студентот вклучени се неколку дополнителни карактеристики кои претставуваат педагошка помош за студентите во разбирањето и примената на презентираниот концепт, а тие се:

Целите на учењето кои го фокусираат вниманието при читањето и служат како сеопфатна проверка на совладаното и мерка на способноста да се одговори на поставените прашања. Јасното остварување на целите на учењето е дадено на почетокот на секоја глава. Во секоја глава, студентот треба да дефинира, да опише, да дискутира, да спореди, да наведе и да идентификува соодветни аспекти од проблематиката на менаџментот.

Клучните термини. Кога студентот за првпат ќе стане близок со некое ново подрачје, совладувањето на терминологијлта претставува совладување на половината од патот до успехот. За таа цел, секоја глава завршува со клучни термини, кои во текстот се подвлечени со болд, кога за првпат се дефинираат, а се извлечени и на маргините на трудот. Со тоа е направена поголема транспареност во совладувањето на материјата.

Во трудот се презентирани бројни ***илустрации, слики и табели*** кои ја поврзуваат теоријата и практиката на менаџментот. Овие илустрации се преземени од вистински случаи објавени во списанија или книги, од истражувачки студии или од личното искуство на авторот. Со нив се зголемува транспарентноста на текстот и заклучоците кои произлегуваат од практичните истражувања.

Новина во однос на претходното издание претставува ***студирањето преку примери.*** На крајот на секоја глава се презентирани примери од светски познати компании, за да се илустрира како новите сознанија за менаџментот се применуваат во секојдневното работење. Меѓународните примери на студентите треба да им овозможат да ги развијат сопствените способности, да разберат како одделните аспекти на менаџментот се применуваат во стварниот свет и како тие самите можат да го применуваат сопственото знаење во конкретни случаи.

Трудот е ***техничко*** опремен на највиско можно рамниште, а текстот во учебникот е прикажан сликовито и живописно, со илустрации во боја, кои се важни аспекти на визуелната презентација на одделни прашања од менаџментот. Исто така, трудот содржи и индекс на автори, индекс на предмети, како и речник на термини.

Учебникот „Менаџмент", осмо издание, е пишуван според предметната програма по предметот основи на менаџмент, прифатена од страна на Наставно -научниот совет

на Економскиот факултет-Скопје. Стилот на пишување се карактеризира со јасно формулирани реченици кои ја одразуваат суштината на елаборираното прашање.

Предлог

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцена на трудот ***Менаџмент*** (осмо издание) од проф. д-р Бобек Шуклев, потврдените квалитети на учебникот од претходните изданија, како и неговото збогатување со нови и преработени содржини, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го одобри овој ракопис за користење од страна на студентите како учебник (14). Учебникот ***Менаџмент*** (осмо издание) е прв во Република Македонија и не постои друг или сличен универзитетски учебник од оваа област (според содржина, квалитет и дизајн), со што се аргументира оправданоста за објавување на трудот (15). Истовремено го препорачувам за печатење.

Скопје, 1. 6. 2013

Рецензент

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 07-614/3 од 8.5.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по предметите од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија, во состав: д-р Љупчо С. Ристески, ред. проф. на ПМФ, д-р Анета Светиева, ред. проф. на ПМФ (во пензија) и д-р Мирјана Мирчевска, вонр.проф. на ПМФ, Скопје.

Врз основа на документите од Деканатот на ПМФ, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 23.3.2013 г., за избор на еден наставник во сите звања по предметите од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија се пријавила кандидатката д-р Илина Јакимовска, доцент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ.

По извршениот преглед на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

КРАТКА БИОГРАФИЈА

Презиме и име: Илина ЈАКИМОВСКА

Датум и место на раѓање: 1971 г. во Скопје

Образование и работно искуство:

1989 г.	Завршила гимназија „Јосип Броз - Тито“, културолошка насока.
1994 г.	Се стекнала со степен **дипломиран етнолог,** Природно-математички факултет, Студии по етнологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
1995 г.-1999 г.	Асистент на уредникот во издавачката куќа „Култура“ - Скопје, за секретарски работи, стручен превод, проверка и корекција на текстови според оригинал, релации со медиуми, издавачки куќи и други форми на соработка.
1999 г.	**Стручен соработник** во Меѓународниот комитет на „Црвен крст“ во Скопје (International Committee of the Red Cross) – преведувач и асистент за комуникација и соработка.
2002 г.-2005г.	**Демонстратор** за група предмети на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-матема-

тичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2003 г. Се стекнала со звањето **магистер на етнолошки науки,** постдипломски студии за етнологија, насока: етнологија на Македонците, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со темата: ЕТИЧКО-НОРМАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ПОГОВОРКИТЕ ВО НАРОДНАТА КУЛТУРА НА МАКЕДОНЦИТЕ.

2006 г. **Асистент** на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предметите: Етнологија на Азија 1 и 2, Етнологија на Кина, Етнологија на Јапонија, Вовед во методологија на етнолошки истражувања.

2007-2008 г. **Асистент** на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметите: Историска антропологија, Фолклор и фолклористика, Пол и родова култура и Визуелна антропологија.

2008 г. Се стекнала со научен степен **доктор на етнолошки науки,** Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со темата: ТЕЛОТО ВО МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА – НОРМИРАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ, НАДЗОР и КАЗНУВАЊЕ.

2008-2013г. **Доцент** на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предметите: историска антропологија, фолклор и фолклористика, пол и родова култура и визуелна антропологија.

Настава:
Прв циклус:

2008 г. -

Визуелна антропологија
Пол и родова култура
Современи религиски феномени
Фолклор и фолклористика
Историска антропологија
Антропологија на пол и род
Теренска етнологија 4 со музеологија
Антропологија на фолклор
Современ милет систем
Антропологија на пол и род
Семиологија и симболички системи

Социјална култура на Македонците
Применета антропологија
Концепти за време и простор во традиционалните култури
Етнологија на Австралија и Океанија

Втор циклус:
2009 г. - Етнологија и антропологија на Македонија
Антропологија на фолклор

Дипломски работи:

2009 г. „Современата состојба и карактеристики на пентекосталната верска заедница во Македонија“ од Гоце Спасевски, одбранета на 12.3.2009.

2009 г. „Феноменот на музичкото радио Канал 103 и неговото влијание врз македонската алтернативна сцена“ од Дарко Јорданов, одбранета на 16.7.2009.

2009 г. „Урбан фолклор: графити сцената во Скопје“ од Тина Митева, одбранета 1.10.2009.

2009 г. „Еутаназијата и народното сфаќање во Виничко“ од Марјан Ѓоргиев, одбранета на 29.10.2009.

2009 г. „Модификација на телото кајмладите во Скопје изразена преку пирсинг“ од Гордана Димитриевска, одбранета на 3.12.2009.

2010 г. „Историја, современа техника и некои социјални аспекти на тетовирањето со примери од Македонија“ од Петар Мишевски, одбранета на 21.6.2010.

2010 г. Современите магиски верувања на членовите на социјалната интернет мрежа Фејсбук“ од Александар Ристевски, одбранета на 2.9.2010.

2010 г. „Верски и културен идентитет на фрањевскиот световен ред од Херцеговина“ од Дејан Николовски, одбранета на17.12.2010.

2011 г. „Историски и транскултурен приказ на толкувањето на соништа со примери на македонската традициска и современа култура“ од Александар Мешков, одбранета на 27.1.2011.

2011 г. „Скиентологијата како современ религиски феномен во Македонија – етнолошко истражување“, одбранета во 2011 година.

2011 г. „Етнолошко истражување на реалното аикидо, историјат и навлегување во РМ“ од Иван Цветкоски одбранета во 2011 година.

2011 г. „Етнолошко истражување на детството кај Македонците во Скопје и Скопско“ од Марина Милошевска, одбранета на 4.2.2011 година.

2011 г. „Етнолошки аспекти на музичката традиција во

Радовиш – историја и современа состојба“, одбранета на 23.2.2011.

2011 г. „Современо народно лекување по примери од Скопје и Куманово“ од Соња Манчевска, одбранета 15.09.2011.

2012 г. „Видео истражување: како студентите по етнологија и антропологија ги вршат своите теренски истражувања“ од Магдалена Таневска, одбранета во 2012 година.

2012 г. „Егзилот како специфична форма на премин: животна приказна“ од Јана Коцевска, одбранета во март 2012.

Магистерски работи:

2011 г. „Етнолошко и антрополошко проучување на локалните култури и на локалните културни политики и практики по примерот на општина Неготино од 2000 до 2010 година“ од Донов Александар (член на комисија за оцена и одбрана).

2011 г. „Етнолошко и антрополошко проучување на идентитетот и статусот на внатрешно раселените лица во Република Македонија“ од Мартин Наковски (член на Комисија за оцена и одбрана).

Докторски работи:

2009 г. „Антропологија на сексуалноста – родовост и промена на биолошкиот пол по примери од ромската заедница во Скопје“ од м-р Инес Црвенковска Ристеска, 2009 (член на Комисија за оцена на подобност на пријавена тема).

2009 г. „Визуелната антропологија во образованието и во поширокаta културна јавност во Македонија“ од м-р Елизабета Павковиќ, 2009 (член на Комисија за подобност на пријавена тема).

2010 г. „Институцијата село како суд во традицискоto народно право на Македонците“ од м-р Јелена Цветановска, 2010 (член на Комисија за оцена и одбрана).

2010 г. „Креирањето на културната политика во процесот на заштита на културното наследство во Република Македонија од 1991-2007“ од м-р Даворин Трпевски, (член на Комисија за оцена и одбрана).

2011 г. „Антропологија на интимноста во македонската народна култура“ од м-р Ана Ашталковска (член на Комисија за оцена и одбрана).

2013 г.	„Функцијата, симболиката и прагмата на принесување крвна жртва во македонската народна религија“ од м-р Владимир Боцев (Комисија за оцена и одбрана).

Студиски престои:

1997 г. мај-септември	IFK (International Institute for Cultural Studies) Виена, Австрија, со стипендија од Министерството за наука на Австрија.

Семинари, школи, работилници:

2003 г.	„Менаџмент во културата“, во организација на МСЕД, Самоков, Пореч.
2011 г.	Меѓународен семинар за македонски јазик, наука и култура во Охрид, курс: „Етнологијата во Македонија“, јуни 2011, предавач.
2011 г.	Летна студентска школа во Коница по антропологија, етнографија и споредбен фолклор на Балканот, Грција, јули 2011, предавач.

Конференции:

2001 г.	8. Медитерански етнолошки симпозиум, Пиран, Словенија.
2005 г.	Меѓународна научна конференција „Балканската слика на светот“ МАНУ, Скопје.

Проекти:

2002 г.	Border Crossing Network, Студентска конференција во Скопје.
2003 г.	Border Crossing Network, Студентска конференција во Лерин, Грција.
2010-2012 г.	*Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македонија и Словенија.* *Носител на проектот:* д-р Љупчо Ристески, вонр. професор на ИЕА при ПМФ во Скопје. *Учесници:* проф. д-р Љупчо Ристески, проф. д-р Мирјана Мирчевска, доц. д-р Илина Јакимовска, ас. м-р Даворин Трпески, асс. м-р Елизабета Павковиќ, ас. м-р Ана Ашталковска. *Финансиска поддршка:* министерствата за образование и наука на Македонија и на Словенија.

Објавени трудови:

Монографски публикации:

2004г. „Амбар на душата - етичкото во поговорките", Слово, Скопје, 7-208.

2009 „Телото: етнолошко-антрополошка студија", Слово, 2009.

Уредник:

2007г. „Другоста во етнологијата", Хрестоматија текстови. Уредиле Љупчо С. Ристески и Илина Јкимовска.

Статии

1999 г. *Searching for Yesterday's Man : Connecting Historical and Related Research with Proverbial Wisdom,* De proverbio, Electronic Journal of International Proverb Studies, www.deproverbio.com, vol.5, No.1.

2001 г. Во коавторство со Кашпрак Катаржина-Штам (Полска), *Теолошки, уметнички и етнолошки аспекти на ликот на Св. Јован Крстител* во: ЕтноАнтропоЗум, Год. II, бр2. , Списание на Институтот за етнологија и антропологија, 180-199.

2002 г. *Во потрага по човекот од минатото – врската помеѓу историјата, сродните дисциплини и провербијалната мудрост*, во: ЕтноАнтропоЗум, Год. II, бр2. , Списание на Институтот за етнологија и антропологија, 200-226.

2005 г. *Колкава е таа 'мала разлика'?* – историската антропологија наспроти традиционалната историја", поговор кон книгата „Европското семејство: историско-антрополошки огледи" од Михаел Митерауер, Слово, Скопје, 2005.

2005 г. *Етичко-нормативните аспекти на поговорките од Шопско-македонската област*, во: Етнолог бр. 11, Год. XII, Скопје, 51-56.

2006 г. *Политиката на телото: механизми на надзор, дисциплина и казна на македонската нардна култура,* во: Балканската слика на светот, Зборник од меѓународната научна Конференција, Скопје одржана на 5-6 декември 2005 г., МАНУ, Скопје.

2008 г. *A Life Withouth Health is a Useless Life: Comparing folk and biomedical interpretations of disease in Macedonia.* Ars&Humanitas, Revija za umetnost in humanistiko Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani, 2008, pp. 95-120.

2008 г. *The Good, the Beautiful and the Ugly: Criteria for Evaluation of Corporal Beauty in Macedonian Traditional Culture.* Antropologija 5, Casopis za etnoloska i antropoloska istrazivanja Filozofskog fakulteta u Beogradu, Beograd, 2008.

2010 г. *Благородните теренци: за нуспојавите на еден метод*", ЕАЗ број 7, 2010.

2010 г. *Text as Laboratory: Science Fiction Literature as Anthropological Thought Experiment,* with Dragan Jakimovski. Presented at Belgrade conference "Our world, other worlds: Anthropology, Science-fiction and cultural identities" (December 2009), Antropologija 10, vol. 2, pp.53-63, 2010.

Прикази на книги

2000 г. *Македонија - политика на идентитет и разлика* (Macedonia - The Politics of Identity and Difference), Ed. Jane K. Cowan, Pluto Press, London/Sterling, Virginia, 2000, во. ЕтноАнтропоЗум, Год. II, бр2. , Списание на Институтот за етнологија и антропологија, 229-203.

ПРОЦЕНКА НА ОБРАЗОВНАТА, ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНАТА РАБОТА НА Д-Р ИЛИНА ЈАКИМОВСКА, ДОЦЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА НА ПМФ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Кандидатката Илина Јакимовска работи како доцент на Институтот за етнологија и антропологија. Целото свое образование на факултетските студии, потоа на постдипломските студии, како и докторската работа ги реализирала во сферата на етнологијата и социјалната и културната антропологија. Исто така, во текот на нејзиното образовно профилирање, ставен е акцент и на областите кои се испреплетуваат помеѓу етнологијата и антропологијата и фолклористиката, што денес, слободно може да се заклучи дека тоа придонесло таа да се профилира како своевиден специјалист и во сферата на антропологијата на фолклорот.

Наставна активност

Кандидатката д-р Илина Јакимовска, во сферата на наставните активности на Институтот за етнологија и антропологија е вклучена уште од 2002 година. Оттогаш па сè до 2005 г., таа работела како **демонстратор** реализирајќи низа наставни активности на часовите по вежби. Во 2006 г. е избрана за **асистент** и учествувала во одржувањето на вежбите по повеќе предмети од областа на етнологијата и антропологијата, што може да се види од нејзиниот работен ангажман во кратката биографија. Во периодот од 2007 до 2008 г., како асистент, држела вежби на

предметите: *историска антропологија, пол и родова култура, фолклор и фолклористика и визуелна антропологија.*

Во 2008 г. кандидатката д-р Илина Јакимовска била избрана во звањето **доцент** на Институтот за етнологија и антропологија. Оттогаш таа реализира настава по повеќе предмети од сферата на етнологијата и социјалната и културната антропологија. Со текот на времето нејзината наставна работа посебно се истакнува по предметите *визуелна антропологија, антропологија на пол и род, антропологија на фолклор.* Исто така, солидни резултати покажува во работата со студентите по некои од предметите кои имаат *применлив* карактер.

Од 2009 г. д-р Илина Јакимовска е активно вклучена во наставно-образовниот процес од втор циклус по етнологија и антропологија во реализацијата на наставните содржини по предметите *етнологија на Македонија* и предметот *антропологија на фолклор.*

Во текот на изборниот период д-р Илина Јакимовска работела со студентите кои ги изработувале своите завршни работи – дипломски работи, што може да се види од листата интересни наслови, од иновативните пристапи и бројот на дипломци (16) кои таа ги водела во процесот на творечката работа.

Учествувала како член на комисии за оцена и одбрана на 2 (две) магистерски работи и на 6 (шест) докторски дисертации во периодот од 2009 до 2013 г.

Таа е професионална и исполнителна личност, вклучена во повеќе секојдневни активности на Институтот, како што е координирањето на студирањето според ЕКТС (2008-2011 г.), а била и секретар на научна конференција. Од активностите што имаат пошироко општествено значење треба да се истакнат нејзините ангажмани во сферата на преведувачката работа од македонски на англиски јазик и обратно, најпрво на текстови за списанието на Институтот за етнологија и антропологија „ЕтноАнтропоЗум", како и за бројни стручни текстови од интерес за потесната и пошироката јавност во земјата.

Научноистражувачка работа

Кандидатката д-р Илина Јакимовска е активно вклучена и во научно-истражувачките активности на Институтот за етнологија и антропологија. Во периодот 2002-2003 г. била вклучена во организирањето на студентската мрежа Border Crossing Network, од каде што произлезе и Балканската студентска конференција каде што секоја година се претставуваат истражувачките достигнувања на студентите по етнологија, антропологија и фолклористика од земјите на Балканот.

Во периодот 2010-2012 г. учествувала во реализацијата на билатералниот истражувачки проект: *Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македонија и Словенија,* во реализација на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ и Одделението за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Исто така, во периодот од 2012 година учествува во реализацијата на националниот проект *Етнографска карта на Македонија"* во реализација на Институтот за етнологија и антропологија.

Како резултат на нејзината научноистражувачка работа, д-р Илина Јакимовска објавила 2 (две) монографии, при што посебно внимание заслужува книгата „Телото: етнолошко-антрополошка студија", Слово, 2009, бидејќи се обработува тема што досега

не била предмет на фокусирано и продлабочено истражување во македонската етнологија и антропологија. Студијата се карактеризира со современ теориски пристап, компаративност и мултидисциплинарност, посебно од аспект на желбата да се избегне едностраноста во истражувањето на телото и телесното. Ова посебно се огледа во обидите за надминување на различните приоди во природните и општествените и хуманистичките дисциплини во гледањето кон телото и телесноста на човекот. Анализите на авторката успешно се надоврзуваат на акумулираното теориско знаење за телото и телесното, главно во рамки на западната интелектуална традиција, ги детектира најчесто затскриените аспекти на третирањето на телото во постојните текстови од македонски автори и нив критички ги препрочитува, спротивставувајќи и на теоријата теренски податоци и примери од фолклорот. Применувајќи го дискурсот на спротивности таа ги испитува границите на наведените поими, кои на ваков начин се карикатурално растегнати до нивните екстреми. Истовремено, кандидатката критички пристапува кон теориските ставови според кои човекот се состои од две меѓусебно неповрзани супстанци, тело и ум, при што една од страните во односот (умот) е хиерархиски надредена, и фаворизирана како позначајна, подобра и во секој поглед супериорна во однос на другата.

Како резултат на нејзиното продлабочено интересирање за антропологијата на телото и телесното резултат се нејзините две статии: *A Life Without Health is a Useless Life: Comparing folk and biomedical interpretations of disease in Macedonia* и *The Good, the Beautiful and the Ugly: Criteria for Evaluation of Corporal Beauty in Macedonian Traditional Culture.* објавени на англиски јазик во списанија со меѓународен уредувачки совет, едната во Р. Словенија, а другата во Р. Србија. Во двата текста авторката се обидува да претстави компаративна анализа на традиционалните вредности, главно изразени во фолклорните и етнографските материјали, за важните аспекти на човековото живеење: болеста, убавината и грдотијата. Семиотичката анализа на материјалите укажува на можностите за супституирање на вредностите кои „недостасуваат" за работите да се перцепираат како вредни.

Во текствите *Благородните теренци: за нуспојавите на еден метод,* ЕАЗ број 7, 2010 и *Text as Laboratory: Science Fiction Literature as Anthropological Thought Experiment,* авторката д-р Илина Јакимовска се впушта во теориско-епистемиолошки размислувања за употребата на одредени истражувачки техники и нивните реперкусии во истражувачкиот процес, како и преиспитување на идеите дека текстот може да се третира како своевидна лабораторија за антрополошки мисловен експеримент. Овие два текста имаат специфична теориска тежина.

Стручно-апликативна дејност

Од поднесената документација може да се утврди дека кандидатката д-р Илина Јакимовска во последниве години била многу активна во различни стручно-апликативни активности во сферата на применетата етнологија и антропологија, но и пошироко. Одржала 5 (пет) предавања на тркалезни маси, школи и работилници од поширок општествен карактер каде што говорела за специфичностите на етнологијата и антропологијата како дисциплини. Исто така, соработувала со наши врвни и светски ценети филмски автори, каков што е режисерот Милчо Манчевски при изработката на филмските сценарија за филмовите „Прашина" и „Мајки". Активно учествувала и во активностите за промовирање на студиите по етнологија и антропологија во средните училишта, помеѓу младинците-активисти на Црвениот крст на Македонија и сл.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на биографските, библиографските и сите други податоци што се однесуваат на карактеристиките на образовниот профил и потесната стручна и научно-истражувачка работа, како и оние на педагошкото искуство на кандидатката д-р Илина Јакимовска, доцент на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје, Комисијата со задоволство може да заклучи дека таа совесно, професионално, стручно пристапува во реализацијата на сите наставни и научноистражувачки активности. Исто така, со голема ерудиција кандидатката д-р Илина Јакимовска пристапува кон активностите преку кои се промовираат етнологијата и антропологијата како дисциплини, а истовремено квалитетно ги претставува и образовните институции во кои таа работи. Тука ги истакнуваме и нејзините ангажмани во сферата на преведувачката работа од македонски на англиски јазик и обратно, најпрво на текстови за списанието на Институтот за етнологија и антропологија „ЕтноАнтропоЗум", како и за бројни стручни текстови од интерес за потесната и поширокатa јавност во земјата.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното во Извештајот, Комисијата смета дека кандидатката д-р Илина Јакимовска целосно ги задоволува општите и посебните академски критериуми за да биде избрана во повисоко наставно-научно звање – вонреден професор.

Во таа смисла, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет при Природно-математичкиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Илина Јакимовска во звањето вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

22.5.2013 г.,
СКОПЈЕ

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Љупчо С. Ристески, ред. проф. (ПМФ), с.р.
2. Д-р Анета Светиева, ред. проф. (ПМФ) (во пензија), с.р.
3. Д-р Мирјана Мирчевска, вонр. проф. (ПМФ), с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Илина Димитар Јакимовска
Институција: Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, УКИМ

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус** ***Учебна 2008/2009 (летен семестар)*** Визуелна антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 Пол и родова култура, 2Х15Х0,04=1,2 Современи религиски феномени 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2009/2010 (зимски семестар)*** Фолклор и фолклористика, 2Х15Х0,4=1,2 Историска антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2009/2010 (летен семестар)*** Антропологија на пол и род, 2Х15Х0,04=1,2 Визуелна антропологија, 2Х15Х0,04 Современи религиски феномени, 2Х15Х0,04=1,2 Теренска етнологија 4 со музеологија 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2010/2011 (зимски семестар)*** Историска антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 Антропологија на фолклор, 2Х15Х0,04=1,2 Современ милет систем 2Х15Х0,04=1,2 Антропологија на пол и род, 2Х15Х0,04=1,2 Семиологија и симболички системи, 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2010/2011 (летен семестар)*** Визуелна антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 Теренска етнологија 4 со музеологија, 2Х15Х0,04=1,2 Социјална култура на Македонците 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2011/2012 (зимски семестар)*** Историска антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 Антропологија на фолклор, 2Х15Х0,04=1,2 Антропологија на пол и род, 2Х15Х0,04=1,2 Семиологија и симболички системи, 2Х15Х0,04=1,2 Применета антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2011/2012 (летен семестар)*** Визуелна антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 Концепти за време и простор во традиционалните култури 2Х15Х0,04=1,2 Социјална култура на Македонците, 2Х15Х0,04=1,2 Етнологија на Австралија и Океанија, 2Х15Х0,04=1,2 ***Учебна 2012/13 (зимски семестар)*** Историска антропологија, 2Х15Х0,04=1,2	37,2

	Антропологија на фолклор, 2Х15Х0,04=1,2 Антропологија на пол и род, 2Х15Х0,04=1,2 Применета антропологија, 2Х15Х0,04=1,2 **Втор циклус** 7 семестри од воведувањето на втор циклус (2009)Х6 часа (Етнологија на Македонија со уште четворица колеги)Х0,05=2,1 1 семестар Антропологија на фолклор од втор циклус во рамки на истоименият модул, 30Х0,05=1,5	
2.	**Настава во школи и работилници (учесник)** **2Х1=2** Циклус предавања на семинарот по македонски јазик, наука и култура во Охрид на тема „Етнологијата во Македонија“, јуни 2011 (учесник) Циклус предавања за Визуелна антропологија на летна студентска школа Коница, Грција, јули 2011	2
3.	**Одржување теренска настава** **3Х15Х2Х0,04=3,6** 6 часаХ0,04 (два летни семестра Теренска 4 и еден семестар Теренска 3)	3,6
4.	**Подготовка нов предмет (предавања)** **7Х1=7** Историска антропологија, Визуелна антропологија, Антропологија на пол и род (претходно Пол и родова култура), Современи религиски феномени, Антропологија на фолклор, Семиологија и симболички системи, Применета антропологија	7
5.	**Консултација со студенти** 8 семестриХпросек 15 студенти по семестарХ0,02=0,24	0,24
6.	**Ментор на дипломска** **15Х0,2=3**	3
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторска работа** **6Х0,5=3** „Антропологија на сексуалноста – родовост и промена на биолошкиот пол по примери од ромската заедница во Скопје“ од м-р Инес Црвенковска Ристеска, 2009 (член на Комисија за оцена на подобност на пријавена тема) „Визуелната антропологија во образованието и во поширокатa културна јавност во Македонија“ од м-р Елизабета Павковиќ, 2009 (член на Комисија за подобност на пријавена тема) „Институцијата село како суд во традицискoто народно право на Македонците“ од м-р Јелена Цветановска, 2010 (член на Комисија за оцена и одбрана) „Креирањето на културната политика во процесот на заштита на културното наследство во Република Македонија од 1991-2007“ од м-р Даворин Трпевски, 2010 (член на комисија за оценка и одбрана) „Антропологија на интимноста во македонската народна култура“ од м-р Ана Ашталковска, 2011 (член на Комисија за оцена и одбрана) „Функцијата, симболиката и прагмата на принесување крвна жртва во македонската народна религија“ од м-р Владимир Боцев, 2012 (Комисија за оцена и одбрана)	3
8.	**Член на Комисија за оцена или одбрана на магистерска работа** **2Х0,3=0,6**	0,6

	„Етнолошко и антрополошко проучување на локалните култури и на локалните културни политики и практики по примерот на општина Неготино од 2000 до 2010 година“ од Донов Александар (член на Комисија за оцена и одбрана) „Етнолошко и антрополошко проучување на идентитетот и статусот на внатрешно раселените лица во Република Македонија“ од Мартин Наковски (член на Комисија за оцена и одбрана)	
9.	**Член на Комисија за одбрана на дипломска** **6X0,1=0,6**	0,6
10.	**Интерна скрипта од предавања** **3X4=12** Скрипти за предметите: историска антропологија, антропологија на фолклор и антропологија на пол и род	12
11.	**Научно-популарна статија во стручно-методско списание** **1X1=1** Напис во Bioversity Newsletter for Europe n. 44, WHEAT GENETIC RESOURCES PROCEDURES AND TRADITIONAL HARVEST FESTIVITIES, со д-р Емилија Симеоновска, Институт за земјоделство, УКИМ, април 2012	1
12.	**Пакет материјали за одреден предмет** Визуелна антропологија, историска антропологија, современи религиски феномени, применета антропологија, антропологија на фолклор, антропологија на пол и род, социјална култура на Македонци, применета антропологија **8X1=8**	8
13.	**Уредник на зборник текстови за одреден предмет** *Другоста во етнологијата* (заедно со д-р Љупчо Ристески) Едиција хрестоматии: Теории на другоста, Менора и ЕвроБалкан Пресс, Скопје, 2007, 330. **1x2=2**	2
	Вкупно за наставно-образовна дејност (НО)	**80,24**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Активност		Поени
1.	Учесник во меѓународен научен проект **1x5=5**	2010-2012 *ОБРАСЦИ И ДИЛЕМИ НА ЕТНОКУЛТУРНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ПОМЕЃУ ЕВРОПА И АЗИЈА. ЕТНОГРАФСКА АНАЛИЗА И СПОРЕДБИ НА ПРЕТСТАВИТЕ ЗА ПРОСТОРОТ ВО МАКЕДОНИЈА И СЛОВЕНИЈА* *Носител на проектот:* д-р Љупчо Ристески, вонр. професор на ИЕА при ПМФ - Скопје. *Учесници:* проф. д-р Љупчо Ристески, проф. д-р Мирјана Мирчевска, доц. д-р Илина Јакимовска, ас. м-р Даворин Трпески, асс. м-р Елизабета Павковиќ, ас. м-р Ана Ашталковска. *Финансиска поддршка:* министерствата за образование и наука на Македонија и на Словенија.	5
2.	Монографија	*Амбар на душата - етичкото во*	16

	2X8=16	*поговорките*, Слово, 2004. *Телото: етнолошко-антрополошка студија*, Слово, 2009.	
3.	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание **3X4=12** **1X0,9X4=3,6**	*Во потрага по човекот од минатото-врска меѓу историјата и сродните дисциплини и провербијалната мудрост*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, 2001, Скопје. *Теолошки, уметнички и етнолошки аспекти на ликот на Св. Јован Крстител*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, 2001, Скопје (заедно со Катаржина Кашпрак-Штам) *Етичко-нормативните аспекти на поговорките од шопско-македонската област*, Етнолог, бр.11, Скопје, 2005, 51-57. „Благородните теренци: за нуспојавите на еден метод", ЕАЗ број 7, 2010.	15,6
4.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор **2X6=12** **1X0,9X6=5,4**	*Text as Laboratory: Science Fiction Literature as Anthropological Thought Experiment*, with Dragan Jakimovski. Presented at Belgrade conference "Our world, other worlds: Anthropology, Science-fiction and cultural identities" (December 2009), Antropologija 10, vol. 2, pp.53-63, 2010. *A Life Withouth Health is a Useless Life: Comparing folk and biomedical interpretations of disease in Macedonia*. Ars&Humanitas, Revija za umetnost in humanistiko Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani, 2008, pp. 95-120. *The Good, the Beautiful and the Ugly: Criteria for Evaluation of Corporal Beauty in Macedonian Traditional Culture*. Antropologija 5, Casopis za etnoloska i antropoloska istrazivanja Filozofskog fakulteta u Beogradu, Beograd, 2008.	17,9
5.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научен/стручен собир **2X2=4**	*Политика на телото: механизми на надзор, дисциплина и казна во македонската народна култура*. Балканска слика на светот, Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје, 5-6 декември 2005, МАНУ, Скопје, стр. 327-343. *Колку материјалното е материјално?: отпадот како културна категорија*, Зборник текстови од конференцијата „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", Охрид-Скопје, 2009.	4
6.	Учество на научен/стручен собир со реферат **3X1=3**	Меѓународна научна работилница „Балканска слика на светот", Скопје, 5-6 декември 2005, МАНУ. Научна конференција „Нашиот свет, другите светови: антропологија, научна-фантастика и културни идентитети", декември 2009, Белград. Научна конференција „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", Охрид, 2009.	3
		Вкупно Научно-истражувачка (НИ)	**61**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:		Поени
1.	Превод **8X3=24**	„Зен и уметност на поправање мотори“, Слово, Скопје, 2003. „Жената во исламот“ од Лејла Ахмед, Слово, 2004. „Визуелни методи во општествените истражувања“ од Маркус Банкс, Табернакул, 2009. „Смеење во темница“ од Владимир Набоков, Темплум, 2009. „Зошто мажите се коцкаат, а жените купуваат чевли: еволутивна психологија“ од Каназава и Милер, Табахон, 2010. „Парчиња мозаик: есеј за создавањето на Македонија“ од Џонатан Шварц, Табахон, 2010 „Тие имаат збор за тоа: речник на непреводливи зборови“ од Хауард Реинголд, Табахон, 2011. „Во потрага по загубеното време“ од Борис Дежуловиќ (есеи), Табахон, Скопје, 2013.	24
2.	Превод статии (околу) **30X0,5=15**	Преводи на статии од институтското списание Етноантропозум	15
3.	Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри **5X0,5=2,5**	Предавање/тркалезна маса во рамки на ЛГБТ конференција: „Не-видливо: политички и сексуални режими на архивата“, Чифте - амам, Скопје, 22.2.2012 Предавање/ тркалезна маса во склоп на регионалниот Фестивал на нови уметности АКТО, тема Свадби, Битола, 13-14.08.2011 Предавање/ тркалезна маса во рамки на Women's Rights Nights, организирано од канцеларијата на жени на УН и Институтот за родови студии при Филозофски факултет и ECPA, Младински културен центар, 05.03.2011 ТЕДх конференција во Младинскиот културен центар, тема: „Мрзливи во преводот: од јазикот кон светогледот и обратно“, 30.10.2010. „Фолклорот и политиката“, предавање во рамки на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“ при Центарот за истражување и креирање политики, Скопје, февруари 2013	2,5
4.	Учество во промотивни активности на институтот **12X0,5=6**	Соработка на сценариото за филмовите „Прашина“ и „Мајки“ на Милчо Манчевски како етнолог-консултант (X2) Поговор кон книгата „Европското семејство: историско-антрополошки огледи“ од Михаил Митерауер, Слово, 2005. Посета и предавање за етнологијата во средни училишта во Скопје (две години, 2010 и 2011)	6

		Осврт кон „Митот за вечното враќање“ од Мирча Елијаде (издавач: Слово, превод: Маргарита Маленкова) на сајтот офф.нет http://off.net.mk/bookbox/chitanka/mitot-za-vechnoto-vrakjanje Осврт кон „Митологики I-IV” од Клод Леви-Строс (издавач: Табернакул, превод: Маленкова и Трпковска) на сајтот офф.нет http://off.net.mk/bookbox/chitanka/mitologiki-i-iv Гостување на А1 телевизија за Велигден и Водици, 2010 и 2011 (Х2) Промоција на книгата „Парчиња мозаик“ од Џонатан Шварц и организација на Вечерта на ИЕА, ГЕМ клуб, 4.4.2012. Промоција на книгата „Чекајќи ја Македонија“ од Илка Тисен, 17.6.2012, ГЕМ – клуб. Текст во каталог кон изложба на филигран на Марија Милошевска: „Ороpок: ладна жица стопена во жежок ритам“, март/април 2011.	
		Вкупно за стручно-апликативна дејност (СА)	**47,5**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Реден број	**Активност**		**Поени**
1.	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание **1Х0,5=0,5**	Институтско списание „ЕтноАнтропоЗум“ (решение бр. 07-3141/2 од 26.12.2009)	0,5
2.	Изготвување и пријавување на научен/образовен и национален проект **3Х1=3**	„Големите мали луѓе: етнолошко-антрополошка студија на детството на територија на РМ (поднесен до Министерство за наука на РМ, 05.02.2010) “The Yuruk Identity in the Socio-political context of the Republic of Macedonia” – носител, поднесен до Regional Research Promotion Programme in the Western Balkans - RRPP (26.08.2011) Лаборатории за теренска етнологија, архив за етнолошки и антрополошки ресурси и лабораторија за визуелна антропологија при Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ, Скопје, коносител (неколкукратно поднесуван до Министерството за европски прашања и Министерството за	3

		наука и образование на РМ)	
3.	Член на факултетска комисија **4Xo,5=2**	Комисија за настава, 19.11.2009, ПМФ 07-2697/9 Комисија за втор циклус студии, 07-961/14 од 30.9.2010 Комисија за јавна набавка, 02-2684/2, 9.12.2011 Комисија за евалуација на Факултетот, 28.4.2011, 07-718/6	2
4.	Член на комисија за избор во звање **1Xo,2=o,2**	За д-р Ана Ашталковска, Решение број 07-1242/2 од 31/08.2012	o,2
5.	Координатор за студиска програма ЕКТС на ИЕА, 2008-2011 **4 годиниX1=4**		4
6.	Студиски престој во странство до 6 месеци **1X1=1**	IFK (Internationales Forschungszentrum Kulturwissenschaften) април-јуни 1997, со грант од Министерството за наука на Република Австрија	1
	Вкупно		**10,7**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**80,2**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**61**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**58,2**
Вкупно	**199,4**

Членови на Комисијата

1. Д-р Љупчо С. Ристески, ред. проф. (ПМФ), с.р.
2. Д-р Анета Светиева, ред. проф. (ПМФ) (во пензија), с.р.
3. Д-р Мирјана Мирчевска, вонр. проф. (ПМФ), с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „КАТАЛОГ НА ЗЕМЈОТРЕСИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1981–1990“ ОД Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ И Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА

Со одлука бр.07-491/4 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата од 28.3.2013 г., а по предлог на Институтот за физика од седницата од 19.3.2013 г., како рецензенти за оцена на горенаведениот ракопис избрани се:

1. д-р Драган Хаџиевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија
2. д-р Владимир Михаилов, редовен професор на ИЗИИС во Скопје, во пензија.

Согласно со тоа, откако го прочитав и анализирав поднесениот ракопис, имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.* се состои од два главни дела, **Општ** и **Посебен дел**.

На околу 30 страници во формат А4, **Општиот дел** ги содржи главите:

1. Вовед
2. Методологија
3. Карактеристики на *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.*
4. Сеизмичност на територијата на Република Македонија во периодот 1981–1990 г. согласно со резултатите од *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.*
5. Литература / References
6. Резиме / Abstract

Посебниот дел на ракописот го презентира самиот *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.* Даден е преводот на насловот на англиски јазик.

Во воведната **Глава 1** од **Општиот дел,** се презентира накратко развојот на изработката на каталози на земјотресите од територијата на Македонија, почнувајќи од почетокот на 20 век, со трудовите на истражувачи од соседните земји, па, преку каталозите за периодите пред 1990 година и 1900-1974 г., изработени од д-р Драган Хаџиевски, и *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* од авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска, кој е веќе рецензиран и е во постапка на издавање, до редовните годишни каталози на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје по 1980 г. Се образложуваат и постојаните потреби во сеизмологијата за реевалуации на постојните каталози. Авторите потоа ги изнесуваат основните цели за изработка на новопредложениот Каталог: тие се поттикнати од новодобиените податоци за земјотресите од Македонија за периодот 1981–1990 г. и од неоходноста за прелоцирање на земјотресите и вооднечување на земјотресните магнитуди, нешта што се важни и за одредување на сеизмичкиот хазард и ризик.

Во **Глава 2** на **Општиот дел,** дадена е методологијата на новиот Каталог, заедно со изворите на податоци и употребените компјутерски програми.

Во **Глава 3** на **Општиот дел,** во табели се дадени параметрите на сите сеизмометри и уредите за регистрација од сеизмолошките станици во Република Македонија од периодот 1981–1990 г., како и формалните одлики на новиот Каталог.

Во **Глава 4** на **Општиот дел**, направена е опстојна сопствена анализа на резултатите од новиот Каталог. Овие резултати се однесуваат на уште попрецизното дефинирање на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, параметрите на сеизмичноста, како и на карактеристиките на засебните земјотресни жаришта во Република Македонија. Резултатите се споредуваат со резултати од други истражувања.

Во **Глава 5** на **Општиот дел** се дава користената литература, а таа вклучува референци од угледни домашни и странски автори.

Во **Глава 7** на **Општиот дел** се резимира новиот Каталог на македонски и англиски јазик, што придонесува за поголема прегледност и пристапност за сите читатели.

Посебниот дел, на 1335 страници во формат А4, го дава самиот нов Каталог, со вкупно 2034 земјотреси. Ова остава впечаток на многу опстојна анализа. Важно е и тоа што се анализирани и слаби земјотреси кои не биле вклучени во поранешните каталози за истражуваниот период.

З А К Л У Ч О К

Ценам дека ракопис *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.* на авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска ги исполнува сите мерила за реевалуација на каталози на земјотреси, пред сè со новите анализи на сеисмичноста и сеизмотектониката на територијата Република Македонија во периодот 1981–1990 г.

Соодветно на ова, му предлагам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје ракописот да биде прифатен за печатење во книга.

Скопје, 17.5.2013 г.

Рецензент

Д-р Владимир Михаилов,
редовен професор на ИЗИИС во Скопје, во пензија, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „КАТАЛОГ НА ЗЕМЈОТРЕСИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1981–1990“ ОД Д-Р ЛАЗО ПЕКЕВСКИ И Д-Р ВЕРА ЧЕЈКОВСКА

Со одлука бр.07-491/4 од 8.4.2013 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на седницата од 28.3.2013 г., а по предлог на Институтот за физика од седницата од 19.3.2013 г., како рецензенти на горенаведениот ракопис избрани се:

1. д-р Драган Хаџиевски, ред. проф. на ПМФ – Скопје, во пензија
2. д-р Владимир Михаилов, ред. проф на ИЗИИС – Скопје, во пензија.

Соодветно на тоа, по читањето и анализата на приложениот ракопис, имам задоволство и чест до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот *Каталог на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.* е составен од два главни дела: **Општ** и **Посебен дел**.

На триесетина страници во формат А4, **Општиот дел** е поделен во подраздели:

1. Вовед
2. Методологија
3. Карактеристики на *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.*
4. Сеизмичност на територијата на Република Македонија во периодот 1981–1990 г. согласно со резултатите од *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.*
5. Литература / References
6. Резиме / Abstract

Во **Посебениот дел** е поместен *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1980 г.* (даден и со англиски превод на насловот, *Cataloque of Earthquakes in the Republic of Macedonia 1981–1990*), на околу 1330 страници.

Во Воведот на **Општиот дел,** најпрво концизно е даден историјатот на составувањето на каталози на земјотресите од територијата на Република Македонија и околните подрачја, од почетокот на 20-тиот век, со обидите на странски сеизмолози, преку каталозите за периодите пред 1990 година и 1900-1974 г., изработени од потписникот на оваа рецензија, и *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1971–1980 г.* од авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска, кој е во постапка на издавање, па сè до годишните каталози на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје по 1980 г. По ова, се изнесуваат причините поради кои во сеизмологијата се вршат реевалуации на постојните каталози на земјотреси: насобирање на нови податоци; уточнување на параметрите на сеизмичноста; прецизирање на дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони; добивање нови карактеристики за ширењата на сеизмичките бранови, Земјината внатрешност и влијанијата на почвата врз сеизмолошките набљудувања; продлабочување на сознанијата за сеизмичките извори; уточнување на проценките на сеизмичкиот хазард и ризик итн. Натаму, се потенцираат најосновните поттици за изработка на предложениот Каталог; насобраните нови податоци за земјотресите од разгледуваната територија, потребата за уточнувања на локациите на земјотресите и заменување на разните типови магнитуди за земјотресите во поранешните каталози со еден тип на магнитуда, што е многу важно во

сеизмолошките истражувања, а особено во одредувањата на сеизмичкиот хазард и ризик.

Во вториот раздел на **Општиот** дел се изложува методологијата на новиот Каталог, при наведување на изворите на податоци и користените компјутерски програми.

Во третиот раздел на **Општиот дел,** табеларно се дадени карактеристиките на сите сеизмографи од сеизмолошките станици во Република Македонија од периодот 1981–1990 г., како и и сите формални карактеристики на предложениот Каталог.

Во четвртиот раздел на **Општиот дел**, авторите изведуваат прецизна анализа на резултатите од новиот Каталог. Овие резултати се однесуваат на уточнување на параметрите на сеизмичноста, дефинициите на епицентралните подрачја и сеизмогените зони, како и на параметрите на сеизмичките извори (жаришта) во блиското и далечното поле на набљудување. Анализите се проследени со споредби со претходните истражувања.

Во петтиот раздел на **Општиот дел** е презентирана користената литература, а таа содржи релевантни референци од домашни и странски автори.

Во шестиот раздел на **Општиот дел** е дадено резиме на македонски и англиски јазик, кое е полезно како за домашните и странските сеизмолози, така и за сите други други читатели.

Посебниот дел е самиот по себе впечатлив, бидејќи содржи податоци и локации за 2034 земјотреси, при што е особено значајно што овде се внесени и слаби земјотреси кои порано никаде не биле анализирани.

З А К Л У Ч О К

Сметам дека ракописот *Каталогот на земјотресите во Република Македонија 1981–1990 г.* на авторите д-р Лазо Пекевски и д-р Вера Чејковска ги исполнува сите критериуми за реевалуација на каталози на земјотреси утврдени во сеизмологијата, при што тој обезбедува нови сознанија за сеизмичноста и сеизмотектониката на територијата на Република Македонија во истражуваниот период и воопшто.

Согласно со тоа, му препорачувам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, ракописот да биде прифатен за печатење во засебна книга.

Скопје, 17.5.2013 г.

Рецензент

Д-р Драган Хаџиевски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, во пензија, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Маја Наумовска	„Корпоративно претприемништво – алатка за создавање конкурентска предност во организацијата”	проф.д-рБобек Шуклев
Анета Мацаров	„Стратегии на м-трговија кај малите претпријатија”	проф.д-р Бобек Шуклев
Татјана Игњатовска Петковска	„Маркетинг – микс концептот во патничкиот авиосообраќај”	проф.д-р Анита Ц.Шулеска
Катерина Секулоска	„Современите системи за поддршка на одлучувањето и бизнис интелегенцијата со посебен осврт на комерцијалните банки во Р. Македонија”	проф.д-р Благоја Ѓорѓијовски
Александар Ѓоргиев	„Економската и финансиската моќ на малите и средните претпријатија во Европската унија”	проф.д-р Бобек Шуклев
Катерина Сулева	„Фактори на кредитниот ризик на банките во Македонија – панел анализа на детерминантите на нефункционалните кредити”	проф.д-р Михаил Петковски
Лујза Серафимова	„Компаративна анализа на станбеното кредитирање во Република Македонија со поранешните републики на СФРЈ и САД”	проф.д-р Михаил Петковски
Кристина Доновска	„Финансиско известување во банкарското работење со посебен осврт на неговата улога во банкарскиот систем на Македонија”	проф.д-р Горан Петревски
Јована Аполеска	„Кредитната активност на банките во Република Македонија пред и по финансиската криза од 2007 година”	проф.д-р Михаил Петковски
Авни Кастрати	„Мерење и моделирање на животниот стандард”	проф.д-р Славе Ристески

Беким Каноли	„Анализа на невработеноста во Косово со фокус на статистичката методологија”	доц.д-р Драган Тевдовски
Валентина Јаневска	„Примена на бизнис интелигенција (БИ) во големи организации”	проф.д-р Сашо Јосимовски
Симона Петковска Ендековски	„Користењето на информациско-комуникациските технологии за поддршка на менаџментот на знаење”	проф.д-р Сашо Јосимовски
Александар Зарков	„Фактори на успешна примена на е-банкарството во Република Македонија”	проф.д-р Сашо Јосимовски
Сања Давидовска	„Економската регулација во Република Македонија (со посебен осврт на регулацијата на електричната енергија)”	проф.д-р Трајко Славески
Марија Георгиевска	„Користи од промоцијата на општествено одговорното однесување на претпријатијата во Република Македонија”	проф.д-р Снежана Р. Јовановска

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 30.05.2013 година

Кандидат	Тема	Ментор
Сашо Спасовски	*Управување со каскадни хидроенергетски објекти и оценка на нивното влијание врз животната средина*	Проф. д-р Атанаско Тунески
Даниела Ангеловска	*Воведување на систем за микроучење во јавната администрација*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Јусуфи Рушит	*Реинженеринг како стратегија за преструктуирање на претпријатијата*	Проф. д-р Ванчо Донев
Михаил Матески	*Техно-економска анализа за примена на технологија "од шише во шише" од рециклирана пет амбалажа*	Проф. д-р Атанас Кочов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови
од Наставно-научниот совет на седницата одржана на 31.5.2013 год.

1. Безжични и мобилни комуникации

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Сања Ангелова	Капацитет за тајност на безжични МИМО фединг канали во присуство на прислушкувач	Secrecy capacity of the fading MIMO wiretap channel	Проф. д-р Венцеслав Кафециски

2. Дигитално процесирање на сигнали

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Ивана Шоповска	Препознавање на семантичка содржина во фотографии базирано на сегментација и контекстуална информација	Semantic content r-cognition in images based on segmentation and contextual information	Вон. проф. д-р Зоран Ивановски

3. Електрична енергија и животна средина

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Елена Ивановска	Електроенергетски аспекти во концептот на почисто производство	Electrical energy issues in the cleaner production concept	Проф.д-р Снежана Чундева

4. Електроенергетика

ред. бр.	Студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Коста Папастеревски	Придобивки од ревитализација на термоенергетски постројки во подобрување на оперативноста на електроенергетскиот систем	Benefits of rehabilitation of thermal power plants in improving the power system operation	Проф. д-р Антон Чаушевски

5. Проектен менаџмент

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Карина Доневска	Примена на модерниот проектен менаџмент при имплементација на систем за управување со документи во државните институции	Application of modern project management in the implementation of document management system in government institutions	Проф. д-р Атанас Илиев

6. Комуникациски и информациски технологии

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Даниел Коцев	Споредба на перформансите на на IPv6 и IPv4 при сообраќај во реално време	Performance comparison of IPv6 and IPv4 for real-time traffic	Проф. д-р Тони Јаневски
2	Македонка Гуџирова	Трансакциски тек и пропратни сигурносни механизми на EMV (Europay MasterCard Visa) чип картичките	Security mechanisms in EMV (Europay Master Card Visa) chip card transaction flow	Проф. д-р Александар Ристески

7. Обновливи извори на енергија

ред. бр.	Студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Никола Христоски	Енергетски конвертор за електрична енергија добиена со фотоволтаична конверзија применет за управување на ЛЕД светилки	Converter for electricity generated by photovoltaic conversion, applied for LED driving	Проф. д-р Верка Георгиева

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ПРЕВЕДУВАЊЕ СТИЛ: ВРЗ ПРИМЕРИ ОД АНГЛИСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“ ОД М-Р СОЊА КИТАНОВСКА-КИМОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет, на својата триесет и шеста редовна седница одржана на 8.5.2013 година, избра членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик,* изработена од м-р Соња Китановска-Кимовска, во состав:

1. д-р Солзица Поповска, вонреден професор
2. д-р Зоран Анчевски, редовен професор
3. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор
4. д-р Томислав Треневски, редовен професор
5. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, доцент.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, со задоволство му го доставуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Соња Китановска-Кимовска изнесува 327 страници компјутерски обработен текст. Текстот содржи седум целини: **Вовед, Теориска рамка, Прашања на истражувањето, Методологија, Анализа и дискусија, Заклучна дискусија, Заклучок** и селектирана библиографија која се состои од 188 единици.

Предметот на анализа на м-р Китановска-Кимовска во нејзината дисертација е преводливоста на стилот на книжевното дело, општо и конкретно преводливоста на Шекспировиот стил на македонски јазик.

Во **воведот**, кандидатката говори за мотивацијата, целта и ограничувањата на нејзиното истражување. Мотивацијата за изработка на оваа дисертација произлегла од потребата од посеопфатни теориски студии за преведувањето во македонската преведувачка теориска мисла во услови на постоење на интензивна преведувачка работа, и застапеност на оваа дисциплина како академска во сите три модули на терцијарното образование: додипломски, постдипломски и докторски студии. Во исто време, во овие рамки таа ја препознава и потребата од истражување во кое стилот и преведувањето се третираат преку рамноправна примена на лингвистички и книжевно-теориски приоди. Во продолжение, кандидатката се задржува на описот на проблемот и на основната цел на истражувањето, а тоа е прашањето за преводливоста на стилот и за можноста за емпириско истражување, во овој домен. Во рамките на извесни ограничувања на истражувањето кандидатката препознава неколку чувствителни места како што се: можноста за постигнување на целосна објективност при анализирање на стилот, недостапноста на информациите околу идентитетот на оригиналите користени при преведување на текстовите кои се предмет на ова истражување, изборот на корпусот, слабостите на методологијата која кандидатката ја користи и сл.

Во делот насловен како Теориска рамка е даден осврт на развојот на теориската мисла за книжевноста и за преведувањето во дваесеттиот век, со посебен акцент на постмодерните текови како што се теориските постановки за интертекстуалноста на Кристева, Рифатер и Барт, од една страна, и за односот оригинал-превод, од друга страна, при што акценот е ставен врз филозофско-книжевните приоди кон преведувањето кои се занимаваат со прашањето дали и во колкава мерка е возможен преводот, колку е можна креативноста при преведувањето, незавидната положба и судбина на преведувачите и сл. Притоа детално се разработени ставовите на Валтер Бенјамин застапени во есејот „Задачата на преведувачот“, како и

примената на деконструкцијата на Дерида во областа на преведувањето. Во продолжените е даден преглед на дефинициите на поимот „стил“, на можноста да се препознаат и именуваат неговите карактеристики и притоа кандидатката се решава за прифаќање на постановките на руските формалисти и тоа поконкретно на „постапките“ како најпрепознатлива карактеристика на стилот, а како клучен фактор за препознавање на стилските обележја ја прифаќа *актуализацијата.*

Во третиот дел од трудот насловен како **Прашања на истражувањето,** м-р Китановска-Кимовска ги дефинира четирите прашања од клучен интерес за нејзиното истражување:

1. Дали е стилот на книжевните дела оригинално напишани на англиски јазик преводлив на македонски јазик?
2. Кои од отстапките кои ги содржи оригиналот, односно кои стилски елементи на оригиналот се задржани во преводот?
3. Колку се разликуваат директниот и индиректниот превод во однос на нивното задржување на отстапките кои ги содржи оригиналот?
4. Колку посредникот влијае врз преведувањето стил?

Методологијата на работа е детално изложена во четвртиот дел на трудот. Најнапред е претставен дизајнот на трудот кој се однесува на следниов корпус: два превода на драмата *Хамлет* од Вилијам Шекспир на македонски јазик, и тоа директен превод од 1989 година на Богомил Ѓузел и индиректен превод (од руски јазик) на Ацо Шопов од 1960 год., преиздаден во 2002 год., како и два превода на *Сонот на летната ноќ*, директниот на Богомил Ѓузел од 1985 год. и на Владимир Попов, за кој неформално се знае дека е направен врз основа на хрватски превод, а е издаден меѓу 1997 и 1998 година. Поради реалните ограничувања на просторот, обемот на корпусот за анализа е ограничен на 1200 стиха од секоја драма и на англиски и на македонски јазик, што дава збир од 7200 стиха. Методолошката

алатка е комбинација од моделот на анализа на Џефри Лич и на Драги Михајловски во која е направен спој на лингвистичка и книжевна анализа на стилски обоените карактеристики во избраниот корпус. Всушност, Лич се занимава со лингвистичка анализа на книжевни текстови, а Михајловски овој модел го адаптира во т.н. *матрица на преводливост* која секој преведувач треба да ја изготви пред да започне со превод на едно книжевно дело. М-р Китановска-Кимовска во својата дисертација прави *матрица на преводливост* на стиховите од корпусот, како на англиските, така и на секој од преведените текстови, и препознава, анализира и коментира по две отстапки на секое ниво:

1. на *графолошко ниво*: стих наспроти проза и стих наспроти полустих; 2. аграматикалностите кои ги зема предвид се однесуваат: на *фонолошко ниво*: алитерација и рима; на *лексичко ниво*: неологизми добиени со синтаксичка конверзија и срастување и на *синтаксичко ниво*: збороред и синтаксички повторувања; и 3. алогичностите: на *семантичко ниво*: игра на зборови и метафора.

Податоците се обработени преку комбинација на квалитативниот и на квантитативниот приод со цел да се ублажат последиците од недостатоците на двата приода поединечно.

Петтиот дел на трудот насловен како **Анализа и дискусија** е, всушност, носечкиот дел на оваа дисертација. На самиот почеток даден е исцрпен осврт на книжевните текови во времето на Шекспир, на условите во театарот и на драмскиот јазик во овој период како и на јазикот на Шекспир. Во продолжение следува исцрпна анализа на отстапките во корпусот според погоре споменатата определба на кандидатката. Анализата е проследена со заклучни согледувања и графичко претставување на податоците за секоја отстапка посебно. На

извесни места, особено во однос на лексичките отстапки, кандидатката дава и предлози за решенија онаму каде што преведувачите се откажале од отстапките. Заклучоците кои ги изведува кандидатката не се занимаваат со причините за постапките на преведувачите, ниту имаат за цел да критикуваат. М-р Китановска-Кимовска доследно се залага за објективност иако е свесна дека при ова истражување таа лично се појавува и во улога на читател, при што субјективното доживување на текстовите е неизбежно.

Шестиот дел од трудот кој е насловен како **Заклучна дискусија** ги третира резултатите од истражувањето во однос на појдовните претпоставки и тврдења и во однос на четирите погоре споменати прашања. Притоа кандидатката заклучува дека: 1. стилот на дела напишани на англиски јазик е преводлив на македонски јазик; 2. во врска со отстапките во оригиналот кои се задржани во преводот дава табела од која се гледа дека процентуално најмногу се пренесени отстапки на графолошко ниво, по нив следува процентот на застапеност на *метафората* (од семантичкото ниво), како и на *римата* (од фонолошко ниво), а со околу 50% се застапени синтаксичките отстапки *зборед* и *синтаксички паралелизам*, додека најтешки за пренесување се покажале отстапките: *алитерација* (фонолошко ниво), двете отстапки од лексичкото ниво: *синтаксичка конверзија* и *сложени зборови* како и *играта на зборови* од семантичко ниво. Во оваа табела се видливи и одговорите на прашањата 3. и 4.: поголем е процентот на задржување на отстапките во директните преводи поради кој може да се заклучи дека влијанието на посредникот врз преведувањето стил е присутно во голема мера.

Заклучокот дава краток осврт врз целокупниот труд, сумирајќи ги сите претходни делови на јасен и прецизен начин и ги наведува не само одговорите што трудот ги дава туку и прашањата што тој ги отвора,

вклучувајќи ги и: причините за нееднаквото пренесување на стилските елементи на различните рамништа на јазикот, факторите кои влијаат врз пренесувањето на стилот, дали резултатите во однос на разликите меѓу директниот и индиректниот превод би биле исти доколку би се зел предвид одговорот на поширокиот читателски аудиотриум или зошто во некои случаи индиректниот превод е поцелисходен од директниот.

Библиографијата приложена на крајот на дисертацијата содржи 188 единици. Списокот на користената литература ни открива не само дека за истражувањата на оваа дисертација се користените извори кои се целосно релевантни за темата туку и дека кандидатката има детален увид во најновите текови на теориската мисла и методите на истражување на преведувањето од 21 век.

ЗАКЛУЧОК: Од досегашните согледувања евидентно е дека м-р Соња Китановска- Кимовска целосно одговорила на критериумите за изработка на докторска дисертација како што се: прецизното и јасно дефинирање на темата, на прашањата и на тезите за истражување; користењето на најсоодветен метод на работа со вклучување на емпириски приод, што претставува новина во доменот на проучувањата на книжевниот превод и говори за иновативноста како дополнителен квалитет на истражувачката личност на кандидатката; прецизната и детална анализа на добиените податоци и исцрпната дискусија за исходот на истражувањето.

Во прилог на нашата севкупна дискусија можеме да заклучиме дека докторската дисертација на м-р Соња Китановска-Кимовска под наслов: *Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик* претставува голем придонес за развојот на теориската мисла и за практиката на преведувањето не само во локални рамки туку и пошироко, давајќи прилог во малку проучуваниот аспект на оваа дејност во светски рамки, а тоа е *преведувањето стил*. Дополнително

можеме да очекуваме дека овој труд ќе придонесе и кон издигнување на свесноста за одговорноста и за значењето на преведувањето кај побарувачите на преводот (издавачите на печатени и на електронски медиуми) и, конечно, кај јавноста која е директно изложена на ефектите на финалниот производ на оваа инаку многу сложена дејност. Во рамките на овие согледувања, Рецензентската комисија изразува длабока почит и благодарност до првиот ментор на кандидатката, проф. д-р Драги Михајловски, за неговиот придонес кон поддршката на оваа тема и за сесрдните залагања при изработката на оваа дисертација, а без кого резултатите изнесени во оваа рецензија не би биле исти.

Согледувајќи ја целисходноста и значењето на докторската дисертација *Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик,* за повеќе аспекти на културата во Р. Македонија и пошироко, му предлагаме на Наставно-научниот совет да ја усвои оваа рецензија и да ја повика кандидатката м-р Соња Китановска-Кимовска на усна одбрана.

Скопје, 22.5.2013

Рецензентска комисија

Проф. д-р Солзица Поповска, с.р.

Проф. д-р Зоран Анчевски, с.р.

Проф. д-р Рајна Кошка-Хот, с.р.

Проф. д-р Томислав Треневски, с.р.

Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Драгица Кировска	"Иновациите во осигурителните компании за поттикнување на нивната конкурентност"	д-р Дејан Пендев
2.	Александар Радомировиќ	"Состојби и перспективи на управувањето со личните финансии во Република Македонија"	д-р Климентина Попоска
3.	Билјана Хаџи-Јанева	"Нефункционалните кредити во банкарството во Република Македонија и можности за нивно поадекватно управување"	д-р Климентина Попоска
4.	Борче Јоновски	"Зголемување на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи преку имплементација на стандарди за квалитет во Република Македонија"	д-р Наташа Данилоска
5.	Ана Блажеска	"Улога и значење на мултинационалните компании за поттикнување и развој на слободните економски зони во Република Македонија"	д-р Васил Поповски
6.	Игор Дуровски	"Финансирање на мали и средни претпријатија преку алтернативни извори"	д-р Биљана Ангелова
7.	Весна Блажевска Кировска	"Управување и контрола на трошоците во меѓународни проекти"	д-р Марија Ацковска
8.	Марија Николовска	"Можности за развој на женското претприемништво во Република Македонија"	д-р Марија Ацковска
9.	Драган Дурлевиќ	"Примена на креативните техники за поттикнување на раст и развој во автомобилиската индустрија"	д-р Васил Поповски
10.	Харитон Гацоски	"Практики на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси во хотелиерството"	д-р Васил Поповски
11.	Георги Наумовски	"Улогата на депозитите како извор на финансирање на банкарските активности – студија на случај"	д-р Климентина Попоска
12.	Елена Милосковска	"Колатералот во функција на кредитирање за отпочнување и раст на малите бизниси"	д-р Дејан Пендев
13.	Марко Петрушевски	"Примена на електронските медиуми во маркетингот на малите и средните претпријатија (МСП)"	д-р Зоран Јаневски
14.	Игор Деспотовски	"Влијание на процесот на стабилизација и асоцијација со Европската Унија врз земјоделскиот сектор во Република Македонија "	д-р Силвана Мојсовска

15.	Радослав Бојаџиевски	"Опкружување и анализа за влез на странски директни инвестиции во Република Македонија "	д-р Биљана Ангелова

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ПОВРЗАНОСТ НА ПРЕКУМЕРНАТА ЕКСПРЕСИЈА НА ГЕНИТЕ *UHRF1*, *p53* И НА МИКРОСАТЕЛИТНАТА НЕСТАБИЛНОСТ СО ФЕНОТИПОТ НА КАРЦИНОМОТ НА МОЧЕН МЕУР"**, ИЗРАБОТЕНА ОД **АС. Д-Р СКЕНДЕР САИДИ**, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, на својата XIV редовна седница одржана на 23.5.2013 година, по предлог на Научниот одбор, врз основа на членот 63 од Законот за високото образование и членот 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, донесе Одлука (бр. 0802-2407/4 од 27.5.2013 година) со која се формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Александар Ставридис,
2. проф. д-р Весна Јаневска и
3. проф. д-р Сашо Панов

за оцена на докторската дисертација изработена од **ас. м-р Скендер Саиди**, доктор на медицина, специјалист хирург-уролог, вработен на Универзитетската клиника за урологија во Скопје, со наслов: **„Поврзаност на прекумерната експресија на гените *UHRF1*, *p53* и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур"**.

По разгледувањето на доставениот текст, Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „Поврзаност на прекумерната експресија на гените *UHRF1*, *p53* и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур" од ас. д-р Скендер Саиди претставува оригинална научна студија од областа на клиничката урологија и молекуларната генетика на уроепителниот карцином на мочниот меур.

Доставениот труд содржи 145 страници (пишувани со големина на фонт: 12 и со проред: 1,5) и ги содржи сите поглавја на една научноистражувачка студија: апстракт на македонски и на англиски јазик, вовед, цели на студијата, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Во текстот се вклучени и 6 слики, 28 графикони, 41 табела, а литературата содржи 194 референци.

Во **воведот**, кандидатот презентира кус преглед на анатомијата и хистологијата на нормалниот мочен меур, потоа на неговата патологија. Понатаму, д-р Саиди ги наведува општите карактеристики и основните податоци за малигните неоплазми на мочниот меур, нивната епидемиологија, факторите на ризик и деталната патолошка и хистолошка класификација. Саиди наведува дека карциномот на мочниот меур е значаен здравствен проблем и е четврто најчесто малигно заболување во западните земји. Хистолошки, карциномот на преодниот

епител (TCC) е најчестиот тип и претставува речиси 90% од сите карциноми на мочниот меур. Посебен акцент е ставен врз генетиката, а особено, на молекуларната генетика на TCC на мочниот меур со прегледно претставување на досега опишаните генски абнормалности.

Саиди наведува дека, во последниве години, постојат докази за честата прекумерна експресија на генот *UHRF1* кај ова заболување. Протеинот UHRF1 директно учествува во регулацијата на клеточниот циклус, а со тоа има потенцијал да биде инволвиран во малигната трансформација на клетката. Тумор-супресорскиот ген *p53* го кодира истоимениот протеин кој дејствува како транскрипциски фактор и се активира при различни типови клеточни стресови, вклучувајќи ги оштетувањето на DNA и онкогенската активација, поттикнувајќи каскада од молекуларни случувања кои доведуваат до прекин на клеточниот циклус, репарација на DNA и апоптоза. Мутациите во генот *p53* се најчести генетски промени кај карциномите кај луѓето, вклучувајќи го и карциномот на мочниот меур. Микросателитната DNA опфаќа многу куси секвенци (1 - 5 базни парови), застапени со мали групации од 10 - 50 копии, кои се расфрлени низ геномот на човекот. Од аспект на молекуларната генетика на малигните неоплазми, микросателитната DNA може да се користи како генетски маркер за стабилноста на геномот. Досега се опишани повеќе промени во определени микросателитни локуси во малигните клетки на TCC на мочниот меур.

Во натамошниот текст од воведот, м-р Саиди ги презентира и дава концизен преглед на дијагностичките и терапевтските модалитети во клиничкиот пристап кон карциномот на мочниот меур, со посебен акцент врз уролошките процедури.

Кон крајот на воведот, Саиди наведува дека основниот мотив за изработка на оваа студија произлегува од досегашните сознанија и искуство со генот *UHRF1*, протеинот p53 и микросателитните промени и нивната корелација со клиничко-патолошкиот фенотип на карциномот на мочниот меур.

Во следното поглавје, кандидатот ги дефинира следниве цели:

1. да се определи квалитативното и квантитативното ниво на експресија на генот *UHRF1* кај пациенти со примарен уроепителен карцином на мочниот меур и да се определи корелацијата со клиничко-хистопатолошките и параметри;
2. да се определи застапеноста на детектибилен протеин p53 во хистолошки пресеци од примероци од пациенти со примарен уроепителен карцином на мочниот меур со дигитална квантитативна имунофлуоресцентна детекција и да се утврди корелацијата со клиничко-хистопатолошките и параметри;
3. да се определи присуството и застапеноста на микросателитните абнормалности (нестабилност-промена на должината и губењето на хетерозиготноста) на релевантни микросателитни маркери во примероци од пациенти со примарен уроепителен карцином на мочниот меур и да се определи корелацијата со клиничко-хистопатолошките и параметри;
4. меѓусебно да се споредат поединечните испитувани параметри (генската експресија на генот *UHRF1*, имунофлуоресцентна дектирано ниво на експресија на p53 и абнормалностите во микросателитните маркери) во однос на корелацијата со клиничко- хистопатолошките и параметри и да се определи нивната потенцијална употреба како индикатори или предиктори.

Во поглавјето **Материјал и методи**, м-р Саиди истакнува дека студијата е од ретроспективно-перспективен карактер и дека пациентите се дијагностицирани, оперирани и евалуирани на Универзитетската клиника за урологија во Скопје, додека молекуларно-генетските анализи и имунофлуоресцентниот дел од истражувањата се вршени во Лабораторијата за молекуларна биологија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Пациентите се селектирани за учество во студијата според посебно критериуми.

Д-р Саиди наведува дека во оваа студија беа анализирани ткивни примероци од две групи на пациенти. Во испитуваната група беа испитувани 70 пациенти со примарен КММ, додека како контролната група беа вклучени 40 пациенти со нормална мукоза на мочниот меур. Пациентите од испитуваната група имаа хистопатолошки потврден ТСС на мочниот меур, а ткивните примероци беа добиени со трансуретрална ресекција на тумори на мочен меур. Хистопатолошката *T*-класификацијата на туморот (според градуси и стадиуми) се однесува на истиот ткивен примерок кој е добиен од пациентот при првата интервенција и кој е употребен за молекуларните анализи. Ткивните примероци од негативната контролна група беа хистолошки верифицирани дека содржат нормален епител од мочниот меур. Овие примероци беа добиени при отворена ретропубична простатектомија поради бенигна хиперплазија на простатата (34 пациенти) или со отворена хирургија на мочниот меур, поради немалигни заболувања кај 6 женски пациенти. Од сите пациенти беше земен и примерок на венска крв под асептични услови заради изолирање на леукоцитна DNA која беше неопходна за микросателитната анализа.

Молекуларните анализи вклучуваа определување на нивото на генска експресија на *UHRF1* со реверзно-транскриптазна полимеразно-верижна реакција (RT-PCR), квантитативно имунофлуоресцентно определување на протеинот p53 во хистолошки пресеци, како и детекција на промените во микросателитните локуси во геномската DNA од ткивните примероци на пациентите со ТСС на мочниот меур со PCR амплификација. Клиничко-патолошките парамтери кои беа користени при статистичките анализи беа: хистопатолошкиот градус (I, II и III), стадиум (1. суперфицијален и 2. мускулно-инвазивен) и клиничкиот тек на болеста (во смисол на појавата на рецидиви, метастази или смрт поврзана со карциномот во текот на 2-годишниот период на евалуација).

Добиените **резултати** од истражувањето детално се прикажани со слики, како и графички и табеларно. Во оваа студија беа анализирани ткивни примероци добиени од вкупно 70 пациенти со хистопатолошки потврден примарен уроепителен карцином на мочниот меур, како и од негативна контролна група, која ја сочинува примероци на хистолошки нормална мукоза од мочен меур на 40 пациенти со немалигни заболувања. Молекуларните анализи вклучуваа определување на нивото на генска со експресија на *UHRF1* со RT-PCR, квантитативно имунофлуоресцентно определување на протеинот p53 во хистолошки пресеци, како и детекција на промените во микросателитните локуси во геномската DNA од ткивните примероци на пациентите со ТСС на мочниот меур со PCR-амплификација. Клиничко-патолошките параметри кои беа користени при статистичките анализи беа: хистопатолошкиот градус (I, II и III), стадиум (1.

суперфицијален и 2. мускулно-инвазивен) и клиничкиот тек на болеста (во смисла на појавата на рецидиви, метастази или смрт поврзана со карциномот во текот на 2-годишниот период на евалуација).

Статистичката анализа покажа дека разликите меѓу вредностите на експресијата на генот *UHRF1* кај ткивните примероци со ТСС-градус II и III и меѓу градус I и III, како и меѓу градус III и контролната група, се статистички високо сигнификантни ($p<0,01$). Понатаму, разликите меѓу вредностите на експресијата на генот *UHRF1* кај ткивните примероци со стадиумите 1. и 2., како и меѓу вредностите на стадиумот 2. со контролната група се, исто така, статистички високо сигнификантни ($p<0,01$). Анализите утврдија статистички високо сигнификантни разлики меѓу вредностите на експресијата на генот *UHRF1* кај подгрупата без и кај подгрупата со рецидиви, метастази или смрт во текот на 2 години, како и меѓу вредностите на подгрупата со рецидиви, метастази или смрт во текот на 2 години и тие на контролната група.

Застапеноста на протеинот p53 во хистолошките пресеци преку вредностите на коригираниот интензитет на флуоресценција покажаа статистички сигнификантни разлики меѓу ниските и високите градуси и стадиуми на ТСС ($p<0,05$). Релевантноста од вака квантифицираниот протеин p53 треба понатаму да се евалуира за да се потврди дали тој може да послужи како молекуларен маркер за диференцирање меѓу низок (градус I) и повисоките хистопатолошки градуси (II и III) на ТСС на мочен меур.

Утврдено е постоење на статистички значајни разлики во фреквенциите на пациентите со микросателитни промени и кај двата испитувани локуси (FCH и D18S51) истовремено, како и кога се присутни промени кај само едниот локус, при споредување со трите градуси според хистопатолошката Т-класификација ($p<0,05$). Фреквенциите на пациентите со нормални наспроти тие со микросателитни промени и во двата локуса (GSN и D18S51) истовремено имаат статистички значајни разлики при споредба на пациентите со двата хистопатолошки стадиуми (1. и 2.) ($p<0,05$). Анализите покажаа постоење на статистички значајни разлики во фреквенциите на пациентите со нормални наспроти тие со микросателитни промени (кај GSN и кај D18S51) истовремено или кога е застапена промена само кај едниот од нив, при споредување со појавата на рецидиви, метастазирање или смрт поврзана со болеста или на нивно отсуство во текот на 2-годишна евалуација на пациентите ($p<0,05$).

Во обемната **дискусија** концизно се објаснети добиените резултати и нивното значење во контекст на темата. Коментирајќи ги резултатите од сопственото истражување, авторот истовремено ги споредува со веќе објавените резултати во литературата од оваа област.

Според литературните податоци, зголемената експресија на *UHRF1* кај уроептиелните неоплазми, барем делумно е резултат на намаленото присуство или целосното отсуство на функционален p53.

Кандидатот истакнува дека користењето на пообјективна и порепродуцибилна методологија заснована на квантитативно мерење на флуоресцентниот сигнал од индивидуалните јадра на флуоресцентен микроскоп. Дигиталните податоци беа анализирани со посебен софтвер за анализирање на слики. Она што е значајно, заднинскиот „шум" кои се резултат од неспецифично врзување на антителата и

автофлуоресценцијата на ткивото беа одземени од секоја анализирана индивидуална дигитална слика со цел да се намали непостојаноста која се должи на варијации во интензитетот на осветлувањето и оптичките несовршености на микроскопот и на самиот препарат. Овој методолошки пристап од неодамна е во употреба за квантитативна детекција на p53 и други протеини поврзани со карциноми и е пософистициран и далеку пообјективен од нашироко распространетиот скоринг.

Кандидатот наведува дека во студијата која е предмет на дисертацијата, застапеноста на промените во кој било од двата микростелитни локуси (GSN и/или D18S51) е најниска кај пациентите со градусот I (2,17%), додека највисока е кај тие со градус III на TCC (67,39%). Од друга страна, нема статистички значајни разлики во однос на хистопатолошкиот стадиум или во однос на преживувањето, рецидивирањето и метастазирањето, во текот на евалуацискиот период. Таквиот податок води кон претпоставката дека микросателитните промени, барем во поголемиот дел од популацијата на пациентите, се случиле меѓу хистопатолошкиот градус I и II, односно, во релативно раниот период во развојот на карциномот. Секако, потребни се дополнителни и поопсежни истражувања за поддршка на оваа хипотеза.

Според м-р Саиди, литературните податоци укажуваат на тоа дека микросателитните промени (независно од тоа дали постои нестабилност на алелите или на нивна делеција со последователно губење на хетерозиготноста) се резултат на соматските мутации на гените вклучени во системот за поправка на погрешно спарени бази и неговата последователна дисфункционалност. Според мислењето на кандидатот, се чини дека најсензитивна метода за детекција на ниските градуси на TCC на мочниот меур е имунофлуоресцентната квантификација на протеинот p53, додека определувањето на генската експресија на *UHRF1* е супериорна како индикатор на повисоките градуси, како и во однос на предикцијата на рецидивите, метастазирањето или преживувањето на пациентите. Анализите на микросателитните промени, пак, нудат поголема дистинкција меѓу градусот I и II на TCC на мочниот меур.

Заклучоците се коректно формулирани и даваат прецизни одговори на целите кои се поставени во докторската дисертација:

1. Статистичката анализа покажа дека разликите меѓу вредностите на експресијата на генот *UHRF1* кај ткивните примероци со TCC градус II и III и меѓу градус I и III, како и меѓу градус III и контролната група, се статистички високо сигнификантни. Понатаму, утврдено е дека нивото на експресија на *UHRF1* корелира со малигнитетот (градусите и стадиумите) на карциномот на мочниот меур, освен кај градусот 1, каде вредностите незначително се разликуваат од тие на контролната група. Покрај тоа, постојат значајни разлики и во однос на преживувањето, рецидивирањето и метастазирањето, во текот на евалуацискиот период.
2. Вредностите на флуоресцентно детектираниот p53 кај пациентите со TCC и кај контролната група покажале статистички сигнификантни разлики меѓу ниските и високите градуси и стадиуми на TCC. Релевантноста од вака квантифицираниот протеин p53 треба понатаму да се евалуираат за да се потврди дали тој може да послужи како молекуларен маркер за диференцирање меѓу низок (градус I) и повисоките хистопатолошки градуси

(II и III) на ТСС на мочен меур. Од друга страна, резултатите не ја потврдиле предиктивната вредност на јадрената акумулација на p53 кај ТСС во однос на рецидивите, метастазирањето или смртта поврзана со овој карцином, барем во периодот на следење од две години по интервенцијата.

3. Кандидатот понатаму наведува дека е утврдено постоење на статистички значајни разлики во фреквенциите на пациентите со микросателитни промени во кој било од двата локуса (GSN и D18S51) при споредување со трите градуси според хистопатолошката Т-класификација. Наспроти тоа, фреквенциите на пациентите со вакви промени во микросателитните алели немаат статистички значајни разлики при споредба со двата хистопатолошки стадиуми (1. суперфицијалниот и 2. мускулно-инвазивниот) ниту со појавата на рецидиви, метастазирање или смрт поврзана со болеста или на нивно отсуство во текот на 2-годишна евалуација на пациентите.
4. Меѓусебната споредба на поединечните испитувани параметри покажа дека вредностите на експресијата на генот *UHRF1* и тие на имунофлуоресцентно дектираното ниво на експресијата на p53 корелираат со клиничко-хистопатолошките параметри (градусот, стадиумот, како и со преживувањето, рецидивирањето и метастазирањето. Поради тоа што нема сигнификантни разлики на вредностите од експресијата на *UHRF1* кај градусот I и кај контролната група, произлегува дека овој параметар не е индикатор за нискиот хистопатолошки градус за разлика од вредностите од експресијата на p53. Понатаму, застапеноста на микростелитни промени е највисока кај градусот II, додека висока корелација со овој градус имаат и вредностите на експресијата на *UHRF1*. Се чини дека индикатори на највисокиот градус III се и вредностите на експресијата на генот *UHRF1* и тие на имунофлуоресцентно дектираното ниво на експресијата на p53.
5. Овие два молекуларни маркери се и подобни за дистинкција меѓу хистопатолошкиот стадиум 1 и 2, за разлика од микростаелитните промени. Значајна предиктивна вредност во однос на преживувањето, рецидивирањето и метастазирањето (барем во 2-годишниот евалуациски период) покажаа вредностите од експресијата на *UHRF1*, за разлика на тие од p53 или абнормалностите во микросателитните алели.
6. Резултатите од оваа студија индицираат дека употребените молекуларни маркери поединечно, а особено при меѓусебна истовремена примена, можат да имаат значајна употребна вредност во клиничко-патолошката евалуација и прогностика на пациентите со ТСС на мочниот меур, за што се неопходни дополнителни студии и валидација на методите.
7. Формирана е посебна база на податоци, како и банка на примероци од неискористените DNA- и RNA-изолати од туморските ткива од испитуваната група на пациенти со ТСС на мочниот меур и од нормалната мукоза од контролните пациенти за идните истражувања.

Приложеното поглавје: Литература е оптимално селектирано, прегледно и коректно цитирано по прифатените стандарди. Изборот на референците е соодветен и доминираат современи референци кои имаат значителен придонес во истражувањето на проблематиката која е цел и на овој научен труд.

Врз основа на извршената анализа на приложената докторска дисертација, Комисијата го донесе следниов

З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација под наслов: „Поврзаност на прекумерната експресија на гените *UHRF1, p53* и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур", од ас. д-р Скендер Саиди, претставува самостоен и оригинален научен труд, со мошне актуелна апликативна и истражувачка вредност. Трудот ги задоволува принципите на научна работа и претставува значаен придонес во клиничката урологија и пионерско истражување од областа на молекуларната генетика на уроепителните карциноми на овие простори. Поставените цели на трудот во целост се остварени, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени.

Рецензентската комисија смета дека овој труд ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска дисертација, има актуелен и значаен придонес во научноистражувачката дејност и клиничката практика во областа на клиничката урологија и молекуларна генетика на карциномот на мочниот меур.

П Р Е Д Л О Г

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Александар Ставридис, с.р.
2. Проф. д-р Весна Јаневска, с.р.
3. Проф. д-р Сашо Панов, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ И КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТЕТОВО ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК“ ОД М-Р БРАНИСЛАВ СВЕТОЗАРЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии- докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 27.3. 2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **„Општествено- политичкиот живот и културата на живеење на Македонците во Тетово во првата половина на XX век“,** поднесена и изработена од докторандот **м-р Бранислав Светозаревиќ**. Врз основа на тоа, Комисијата за оцена на докторската дисертација во состав: проф. д-р Никола Жежов, проф. д-р Виолета Ачкоска, проф. д-р Методија Манојловски, проф. д-р Маргарита Пешевска и проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, по извршената проверка во системот за плагијати, има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **„Општествено-политичкиот живот и културата на живеење на Македонците во Тетово во првата половина на XX век“** изработена од докторандот **м-р Бранислав Светозаревиќ,** опфаќа 554 страници компјутерски обработен текст и содржи Предговор, Вовед, шест глави со повеќе подглави, Заклучок и Библиографија. Темата се однесува на регионалната историја на Тетово и Тетовско во првата половина на XX век и ги обработува сите аспекти на живеењето во овој дел на Македонија, правејќи детална анализа на секој одделен сегмент: политичката историја, историјата на институциите во Тетово и Тетовско, стопанскиот живот, материјалната култура и историјата на секојдневниот живот. Богатата библиографија, многубројните објавени и необјавени извори и даваат посебен белег на докторската дисертација и даваат оригинални научни резултати и сознанија за кои досега македонската историографија, или немаше дадено одговори или тие беа делумни.

Во Предговорот, докторандот м-р Бранислав Светозаревиќ го посочува предметот на неговиот научен интерес во докторската дисертација, при што поопширно се задржал на личностите - историчари, етнографи, хроничари кои пишувале и објавувале трудови низ различните историски периоди за Тетово и Тетовско.

Во Воведот, Светозаревиќ дал краток историјат на Македонија во рамките на Отоманската Империја во последните децении на XIX, осврнувајќи се и на некои позначајни моменти од општествено-политичката историја на Тетово и Тетовско кои го одбележале тој временски период.

Во Глава прва од докторската дисертација под наслов **„Општествено-политичкиот живот во првата половина на 20 век“**, докторандот Светозаревиќ со употреба на обемна архивска граѓа, како и голем број на монографии и статии од различна провениенција, претставил и опишал детални податоци од историјата на Тетово и Тетовско, која ја поделил во шест подглави кои соодветствуваат со шест хронолошки периодизации во кои се опфатени настаните од почетокот на 20 век до балканските војни 1912/13 година, Првата светска војна, меѓувоениот период, НОВ и Втората светска војна, како и првите повоени години во Тетово и Тетовско до 1950 година. Во композицијата на текстот, Светозаревиќ ги опишал сите специфичности и главни историски моменти низ кои поминало Тетово и Тетовско во овој бурен и немирен период, време исполнето со војни, поделби, страдања и човечки и материјални загуби, но и слободарскиот дух на Тетовци кои активно се вклучиле во борбата за создавање на македонска држава, од основањето на МРО - до организираното НОД кое имало масовен карактер во овој дел на Македонија. Главната карактеристика на текстот во првата глава е и големиот број на податоци за личности и семејства во Тетово и Тетовско кои биле носители на регионалната борба и слободарските идеали во тетовскиот крај, досега познати или помалку познати во македонската историографија. Особено значаен од научна гледна точка за текстот во овој дел од докторската дисертација е фактот што докторандот употребил голем број на фусноти кои дополнително ја збогатуваат содржината на целата композиција. Докторандот м-р Бранислав Светозаревиќ во првата глава од дисертацијата употребил и податоци од досега необработени архивски фондови од Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ) и архивското одделение во Тетово, што му дава уште поголема научна фундираност на самиот труд.

Глава втора, под наслов **„Локални и регионални власти и државни установи во Тетово“**, докторандот м-р Бранислав Светозаревиќ ја посветил на сите форми на институционалниот живот во Тетово и Тетовско, за време на различните власти во овој 50-годишен период: административна поделба, судска власт, училиштен систем, здравствени институции и социјални институции. Светозаревиќ, во секоја од петте подглави ни дал детален опис на историјата на овие институции, при што направил голем број на дообјаснувања преку бројните фусноти каде што претставил мноштво од податоци кои се однесуваат на овие сегменти од регионалната историја на Тетово и Тетовско. Докторандот особено внимание обрнал на описните фусноти кои се збогатени со списоци од имиња на Тетовци кои биле познати учители, здравствени работници, а кои Светозаревиќ ги истражувал во архивските фондови на ДАРМ, архивското одделение во Тетово и во бројната литература што се однесува на оваа проблематика.

Во Глава трета, **„Стопански живот“**, која е една од пообемните во дисертацијата со околу 100 страници, докторандот Светозаревиќ ги објаснил и ги

разработил сите гранки на стопанскиот живот во Тетово и Тетовско од 1900 до 1950 година, со што ни открива дека овој северозападен дел од Македонија имал традиција за одредени стопански дејности и еден висок степен на економски развој и дека Тетово бил градска средина кон која поради нејзиниот развој гравитирале и други соседни општини во негова близина. Во секоја од 9-те подглави одделно, Светозаревиќ ги опишал и ги објаснил најважните и најразвиени стопански гранки во градот, како и најкарактеристичните земјоделски дејности во Тетовско: занаетчиство, трговија, овоштарство, градинарство, сточарство, пчеларство, лозарство, шумарство, лов и риболов, сообраќај и транспорт, поштенски сообраќај и угостителството и туризмот. Врз основа на податоци пред сè од архивски фондови, докторандот заклучува дека Тетовско во зенитот, само на развојот на занаетчиството во првата половина на 20 век имало евидентирано околу 500 регистрирани занаетчии од различни занаети. Светозаревиќ до детал се задржал на развојот и на карактеристичните занаети во Тетово и Тетовско како самарџиството, воденичарството, валавичарството, грнчарството, јорганџиството, терзиството, кројачството, пекарството, папуџиството - не избегнувајќи да ги посочи и личностите и семејствата кои се занимавале со овие занаети притоа и давајќи ни детални списоци на занаетчиите. Врз основа на ова, докторандот Светозаревиќ со право заклучува дека занаетчиството имало еден висок степен на развој и ја претставувало душата и срцето на тетовската чаршија. Во прилог на развиеното занаетчиство, Светозаревиќ посочува во текстот од оваа глава и еден список на сите бакали во Тетово кој заради неговата големина е поместен во описна фуснота. Во овој контекст, докторандот Бранислав Светозаревиќ во композицијата на текстот од оваа глава ни ги опишува во најситни детали и сите аспекти на земјоделството, сточарството со сите специфичности кои се карактеристични за тетовскиот крај. Посебно карактеристична е четвртата подглава во која докторантот ги опишува состојбите со печалбарството во Тетовско, каде што врз основа на приложениот список на личности-печалбари, со право заклучува дека оваа појава е дел од секојдневието на населението во овој дел на Македонија. Во последниот дел од третата глава, Светозаревиќ се осврнува и на појавата и развојот на индустриските капацитети во Тетово и Тетовско, како и на развојот на поштенскиот сообраќај, угостителството и првите финансиски институции во овој дел на Македонија.

Во четвртата глава, **„Материјална култура“**, низ неколку поднаслови, м-р Бранислав Светозаревиќ го обработува историјатот на материјалните извори за настанувањето на градот Тетово, структурата на градот како урбанистичка средина, описите што за градот и околината ги оставиле разни писатели, хроничари, историчари и патеписци кои поминале низ овие простори, како и опис на топонимите и најважните места и материјални објекти кои ги посетувале Тетовци во различните временски периоди. При описот на објектите на материјалната култура, докторандот Светозаревиќ посебен осврт направил на верските објекти-цркви, џамии, но во еден дел и на објектите кои се од особено значење за нормалното одвивање на урбаниот живот во градот како училишта, патишта, дуќани, објекти во сопственост на општината и други. Специфична е третата подглава од текстот на оваа глава каде што Светозаревиќ ни презентирал многу интересни податоци за изгледот на традиционалната тетовска куќа,

нејзиниот архитектонски лик, влезниот дел во куќите, дворните места и внатрешниот распоред на просториите кои соодветствувал на патријархалниот начин на живот не само во Тетово и Тетовско, туку и во цела Македонија. Докторандот во овој дел од дисертација заклучува дека традиционалните тетовски куќи, без разлика дали биле христијански или муслимански, имале силни белези и мешавина на сите стилови на градби, но пред сè силно било влијанието на ориентализмот во спој со тогашните модерни архитектонски правци кои доаѓале од Европа. Во последниот дел од оваа глава, Светозаревиќ ја опишал и патната инфраструктура во Тетово и Тетовско, како и детален опис на предметите кои населението ги употребувало, пред сè во домаќинството во неговото секојдневие.

Петтата глава од докторската дисертација е со наслов **„Култура и спорт“**, и во неа докторандот Бранислав Светозаревиќ, преку податоци од архивски фондови и многубројна литература, направил еден пресек на културното живеење како и на спортските дисциплини кои оставиле белег во Тетово и Тетовско во периодот кој е предмет на негов научен интерес. Во текстот на оваа глава, докторандот наведува многу факти кои упатуваат на тоа дека Тетово бил град со богата традиција кон читањето и книгите и затоа и постоењето на читалишта и библиотеки во градот. Како поткрепа на оваа теза, Светозаревиќ го наведува и податокот дека уште во 1920 година бил создаден т.н. Француски клуб кој имал за задача да го шири француското културно влијание во овој дел на Македонија и тоа токму преку изучувањето на францускиот јазик и распространувањето на книги на француски јазик, за што постоел голем интерес во Тетово и Тетовско. Во контекст на ова, докторандот ни предочува во овој дел од дисертацијата дека како резултат на љубовта на тетовци кон книгата се појавиле и голем број на обиди за создавање на писмени трудови на македонски народен јазик и тоа посебно во меѓувоениот период кога Кралството на СХС не го признавало посебниот карактер на Македонија и македонското прашање. Светозаревиќ ни претставува и интересни податоци за развојот на новинарството во тетовскиот крај, а како посебен пример го посочува случајот со Виктор Аќимовиќ. Во еден дел од оваа петта глава, Светозаревиќ го опишува и развојот на театарската уметност во Тетово и Тетовско, наведувајќи дел од театарските претстави кои биле составен дел на културниот живот во градот. Голем дел од оваа петта глава м-р Бранислав Светозаревиќ му ја посветил на музичкиот живот во Тетово и Тетовско кој навистина бил многу богат. Докторандот, пред сè, се осврнува на народното творештво олицетворено во македонските народни песни кои потекнуваат од тетовскиот крај и кои ги поделил во неколку групи: љубовни, лирски, печалбарски и родољубиви, главно комитски песни. Дека музиката имала посебно место во културното живеење, докторандот потврдува со податоците што ги наведува за формирањето и постоењето на повеќе градски хорови и музички групи кои ја негувале македонската народна песна од овој дел на Македонија. Светозаревиќ ги навел и големиот број на Тетовци, интерпретатори на народни песни, но и тие кои се занимавале со музичко творештво, меѓу нив истакнувајќи го пред сè композиторот Тодор Скаловски. Во делот од петтата глава каде што докторандот ги опишува спортските прилики и живот во Тетово и Тетовско, се наведени многу интересни и ретки податоци за овој сегмент од живеењето на населението. Светозаревиќ ги опишал најзастапените спортови во тетовскиот крај: традиционалното пеливанско борење кое

потекнувало од периодот на отоманската власт во Македонија, планинарењето како доста популарен спорт поради планинската конфигурација на тетовскиот крај и фудбалот. Во врска со фудбалот, докторандот во дисертацијата вметнал многу раритетни податоци кои се однесуваат на овој спорт, наведувајќи дека во Тетово и Тетовско во 30-тите години на 20 век биле формирани и активно постоеле неколку десетици фудбалски клубови-можеби најмногу во Македонија под српска власт, при што најуспешни од нив биле ФК Љуботен и ФК Бистрица. И во оваа глава, композицијата на текстот, докторандот ја надополнил со голем број на фусноти, од кои повеќето се описни и се однесуваат на списоци на Тетовци кои биле носители на спортскиот живот во градот.

Последната, шеста глава под наслов **„Историја на секојдневниот живот (култура на живеење)“** е најобемна по својата содржина и во неа докторандот Светозаревиќ ги обработил сите сегменти на секојдневниот живот во Тетово и Тетовско и прикажал и некои сосема нови непознати податоци за историјата на тетовскиот регион од Македонија кои се оригинални и имаат не само историска вредност, но и се интердисциплинарни, затоа што имаат и етнолошки, социолошки и антрополошки карактер. М-р Бранислав Светозаревиќ низ 18 подглави го опишал потеклото на македонските семејства во Тетово и Тетовско, традиционалната семејна заедница, религиските обичаи, секојдневната комуникација на тетовци, потеклото на личните имиња, маалскиот живот, здравствената и образовната култура, начинот на исхраната, обичаите поврзани со гостопримството, суеверијата, модата, слободното време на населението во Тетово и Тетовско и други сегменти. Во првиот дел од шестата глава, докторандот ни дава еден аналитички пристап кон структурата на населението во Тетово и Тетовско, детално објаснувајќи ги движењата на населението, миграциите, регионите на Балканот од каде се преселувало население во Тетовско, дури и податоци за конкретни семејства и нивното потекло. Врз основа на употреба на научна методологија, а не предрасуди, докторандот Светозаревиќ ни претставува прилично реална слика за бројноста на разните етнички групи во Тетово и Тетовско при што констатирал дека во овој дел на Македонија живеело хетерогено население, со назнака дека Македонците биле најбројни, а по нив следувале Албанците, Власите, Србите, Бошњаците, Турците и други. Особено се интересни податоците за правците на миграции на населението од тетовскиот крај како во внатрешноста на Македонија, во градот Тетово, во Србија, Бугарија, но и во прекуокеанските држави. Како еклатантен пример за тоа, докторандот ни го наведува селото Пожаране, со специфична историја и миграции. Во контекст на ова, Светозаревиќ се задржал и на тезите и пишувањата на повеќе лингвисти и историчари кои се обидувале да ги дефинираат корените на тетовскиот јазичен дијалект, како дел од македонските наречја.

Во понатамошниот дел од шестата глава на докторската дисертација, Светозаревиќ своето внимание го фокусирал кон објаснувањето на суштината на семејната заедница во Тетово и Тетовско, при што ја опишал хиерархијата на членовите на тетовското семејство, внатрешните односи, положбата на мажот, жената и децата, заклучувајќи дека се работи за семејство од патријархален тип. Особено, специфични се објаснувањата на докторандот кога опишувајќи ги

внатрешните односи меѓу членовите на семејството - употребува изрази од тетовски дијалект, со што уште повеќе ја збогатува автентичноста на моделот на тетовското семејство од првата половина на 20 век. Во овој дел од дисертацијата, Бранислав Светозаревиќ уште ги опишува и сите обичаи кои биле поврзани со стапувањето во брак, како стројништвото, носењето на чеиз, договорите на семејствата околу самиот чин на свадбената веселба, однесувањето на невестата, момчето и друго.

Во еден дел од оваа глава, докторандот се задржал и на религиозните празници поврзани со православното христијанство. Овде, Светозаревиќ ги акцентира празниците кои најмногу се празнувале согласно православниот календар: Велигден, Божиќ, Водици, Свети Никола, Илинден, а се задржал и на обичаите кои се карактеристични за тетовскиот крај, а се поврзани со овие црковни празници кои биле длабоко врежани во колективната меморија на Македонците и другите православни во Тетово и Тетовско. Кон овој дел на докторската дисертација се надополнува подглавата која ги опфаќа корените на тетовските имиња, презимиња, прекари, но и меѓусебната секојдневна комуникација на улица, во дуќан, кога се одело на гости, во црква и во училиште. Со автентичноста на тетовското наречје и карактеристичните фрази во тетовскиот дијалект при секојдневната комуникација, докторандот не потсетува на корените на македонската култура на изразување која е многу разновидна и со длабоки корени назад низ историјата, но за жал подзаборавена во денешната ера на глобализација во која македонските традиционални дијалекти сè повеќе им отстапуваат место на жаргонското изразување и на многуте странски зборови дури и во самиот македонски литературен јазик. Во овој дел на шестата глава, докторандот дал опширни списоци на жители на Тетово и Тетовско кои се образувале во училишта и универзитети и во западноевропските држави, со што Светозаревиќ потенцира дека образованието бил цврсто вкоренето кај населението од овој дел на Македонија. Последниот дел од шестата глава, м-р Бранислав Светозаревиќ го посветил на начинот на исхраната, обичаите поврзани со тетовското гостопримство како и потполнувањето на слободното време кое исто така е важен сегмент од историјата на секојдневниот живот во тетовскиот крај. Како куриозитет, на крајот од главниот дел на текстот на оваа докторска дисертација треба да се напомене дека м-р Бранислав Светозаревиќ употребил 2792 фусноти кои ја дообјаснуваат композицијата на тезите и даваат уште поголема научна тежина на трудот.

Во Заклучокот, докторандот направил сублимат на сите тези од докторската дисертација и ги посочил сите клучни точки кои се предмет на неговиот научен интерес.

Сосема на крајот, докторандот ја поместил огромната бибилографија која содржи голем број на архивски фондови, необјавени и објавени документи, монографии, научни статии, периодика и интервјуа со личности.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **„Општествено-политичкиот живот и културата на живеење на Македонците во Тетово во првата половина на XX век“**, изработена од докторантот **м-р Бранислав Светозаревиќ**, обработува повеќе аспекти и прашања кои композициски, хронолошки и содржински добро се поставени и претставуваат една заокружена целина. Тезите, анализите и заклучоците се поткрепени и фундирани со соодветна научна подлога и изворна архивска граѓа. Докторандот Бранислав Светозаревиќ покажува целосно владеење со научната методологија и докторската дисертација ја изработил со употреба на компаративна метода, метод на анализа како и дескриптивен метод. Во целата композиција на текстот се искористени голем број на необјавени, објавени извори, литература и периодика од различна провениенција.

Докторската дисертација обработува еден досега историографски необработен дел од регионалната историја на Тетово и Тетовско и претставува значаен придонес кон развојот на македонската историографија. Текстот на докторската дисертација е напишан со јасно разбирлив стил и јазик.

Врз основа на гореизнесените факти и оцени, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме да го усвои овој позитивен извештај и докторандот м-р Бранислав Светозаревиќ да го допушти на усна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 26 мај 2013 година

Комисија

Проф. д-р Никола Жежов, с.р.
Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.
Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.
Проф. д-р Маргарита Пешевска, с.р.
Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БОШЊАЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА XX ВЕК, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА КУЛТУРАТА И ПРОСВЕТАТА“ ОД М-Р ЗЕЌИР РАМЧИЛОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СЈОПЈЕ

Со Одлука на Советот на Институтот за национална историја, бр. 1002-248/2 од 04. 06. 2013 година, формирана е Комисија за оценување на докторската дисертација со наслов : „Бошњаците во Македонија во текот на XX век, со посебен акцент на културата и просветата" од м-р Зекир Рамчиловиќ. Комисијата во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Марија Пандевска и проф д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Ахмет Шериф и проф. д-р Катерина Мирчевска, по увидот во текстот го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација спаѓа во редот на историографските теми кои се занимаваат со културно-просветната проблематика, конкретно со историјата, културата и просветата на Бошњаците во Македонија во XX век.

Проучувањето на наведената проблематика има пошироко значење, бидејќи овој етнос со своите цивилизациски, културни и просветни придобивки имал влијание врз општиот историски и културно-просветен развој во Македонија, особено во XX век. Во рамките на македонската историографија досега не е објавен монографски труд за оваа проблематика во овој историски период, туку за неа е пишувано и истражувано парцијално и во рамките на обработката на други прашања и проблеми, па затоа сметаме дека нејзината обработка претставува придонес кон тематиката. Тоа особено важи за клучните историски процеси и културно-просветни настани сврзани со секојдневниот живот на Бошњаците во Македонија, како и перипетија на позначајните историски процеси, настани, населени места, личности и институции во кои тие дејствуваат.

Во докторската теза истражувачкиот опус на кандидатот е насочен кон документирана анализа на историската генеза на бошњаците во Македонија, со посебен акцент врз културата и просветата во мирновременските периоди од минатиот век. Преку проучувањето на оваа проблематика може да се следи влијанието на Бошњаците врз животот во Македонија по нивното доселување тука, како и појавите и процесите и придонесот на бошњачкиот народ кон просперитетот на македонската држава.

Како научна поткрепа на текстот на теза, м-р Зекир Рамчиловиќ користи бројни необјавени и објавени архивски материјали и обемна историографска литература, не само од македонска, туку и од странска провениенција. Таквиот научен пристап му овозможил на кандидатот да се справи со многу прашања и проблеми непосредно поврзани со активноста на Бошњаците во одделни етнички енклави во Македонија и одвивањето на геополитичките настани и проблеми на целиот простор на Балканот.

Во поглед на концепциско методолошката определба при пишувањето на трудот, кандидатот се раководи од хронолошко-проблемскиот принцип, а ги применил и другите нему потребни и досега познати научни методи. Така, концепциски докторската дисертација е поделена на пет глави и потоа на број одредници и точки, кои хронолошки се подредени подредени во повеќе наслови и поднаслови посветени на тематиката.

Обработката на теми од историјата посветени на општествено-социјалните и демографските карактеристики на населението, проследени со низа појави и процеси

во државата за дадениот временски период, од истражувачите бара познавање на оваа проблематика со сите нејзини специфики, па затоа тука се нотирани досега пројавените истражувачи и нивните научни дела од оваа проблематика.

Во почетокот на докторскиот труд, докторанот се задржува на појаснување на тематиката на обработка во докторската теза, при што во *Предговорот*, се сублимираат општествено-економските и услови и положбата на Бошњаците во текот на XX век.

Во продолжение во следното поглавје насловено како *Вовед*, е даден историскиот преглед на настаните на Балканскиот Полуостров кои се значајни за темата лоцирани кон крајот на XIX век. Тука се обработени улогата на големите европски сили и состојбите во Османлиската Империја како причина за големите миграциони движења на балканските народи, потоа положбата на Бошњаците во Османлиската Империја, во корелација со положбата на Македонија и македонскиот народ во империјата и односите со соседните држави.

Во првата глава под наслов: *Етногенеза на Бошњаците* е обработен историскиот континуитет на бошњачкиот народ, историската генеза на раѓањето и оформувањето на бошњачката нација, јазикот, името и идентитетот. Тука докторанот врши задлабочени анализи кон расветлувањето на историската тематика сврзана со етногенезата на бошњачката нација во минатиот век и нејзиниот стремеж кон модерна и современа нација на Балканот.

Етничките преселби и миграции на Бошњаците од своето родно место кон новите места на живеење се предмет на обработка на втората глава под наслов: *Мухаџирските движења и пошите населувања на Бошњаците во Македонија*. Во неа се разработени причините за познатата мухаџирска криза и нејзиниот одраз врз целокупниот живот во Македонија. Докторандот со право констатира дека годините на Големата источна криза имале решавачко и трајно влијание врз понатамошната судбина на балканските држави и народи, а одлуките на Берлинскиот конгрес директно влијаеле на забрзувањето на процесот на миграција и трајната преселба на голем дел од муслиманите од Босна и Херцеговина и Санџак кон јужните делови на Балканот и натаму кон централните малоазиски делови на Османлиската Империја.

Во третата глава *Бошњаците во Македонија од 1912 до 1941 година*, се разработени балканските војни и Првата светска војна, како и сите воени превирања со неизбрисливи последици на политички, економски, демографски и други промени за Бошњаците кои мигрираат кон Македонија и кои се населиле на овие простори. Наглото пропаѓање на Османлиската Империја придонело процесот на егзодусот и иселување на Бошњаците да се одвива не само во правец кон туку и од Македонија кон Османлиската Империја, односно Турција. По периодот на воените страдања и раселувања, во овој дел од тезата е разработена и положбата на Бошњаците во периодот пред Втората светска војна, каде што Бошњаците се борат за своја еманципација во општеството, преку разработка на културниот, просветниот и воопшто, јавниот живот во вардарскиот дел на Македонија како дел од Кралството СХС/Југославија.

Во четвртата глава *Бошњаците во Македонија од 1941 до 1991 година*, докторанот ја анализира положбата на Бошњаците во текот на Втората светска војна и окупацијата. По ослободувањето, очекувањата на Бошњаците во рамките на новата Југославија не се исполнуваат сосема, со што се јавуваат нови причини за новиот повоен мухаџирски бран кон и преку Македонија кон Република Турција, а се со единствена цел во потрага за посигурен општествен и економски живот. Од друга страна, пак, за оние Бошњаци кои тука трајно останале да живеат, повоениот педесетгодишен период е мошне значаен за нивниот просперитет во рамките на повоена Македонија воопшто, а пред сè кон подобрувањето на условите за живот,

образованието и културата на живеењето, како и нивната партиципација во општествено-политичкиот и научниот живот.

Во петтата глава, *Самостојна и независна Македонија,* е разработена новата состојба и условите на Бошњаците по распаѓањето на СФРЈ и формирањето на независна и самостојна Република Македонија, која и самата во минатите две декади, помина низ многу динамичен период на трансформација на политичкиот, економскиот и општествениот систем. Како демократска држава, со промените во Уставот во 2001 година, Република Македонија во Уставот, покрај другите, ги набројува и Бошнаците како дел од бошњачкиот народ кој живее тука.

Во оваа глава се анализираат документите и податоците за бошњачките населени места со хронолошки приказ на доселувањето на населението во нив и тукашните услови за живеење. Посебен акцент доктораднот дава на состојбата во градот Скопје, каде што Бошњаците живеат и работат во новите средини и видоизменети нови животни услови. Не помалку внимание е посветено и на селските средини каде што живеат Бошњаците и кои се занимавјќи со земјоделство, од кое егзистираат во процесот на обработката на земјата, примаат и пренесуваат свои работни искуства со месното македонско население. Докторандот забележува дека тие во овие селски средини се држат збиено и концентрирано и се упатени едни на други. Можеби една од причините ваквата нивна хомогеност е и заштитата пред сè на верскиот, културниот и националниот идентитет.

Држејќи се до насловот на докторската теза, докторандот во сите погоре споменати глави и одредници доминантно место посветува на проблемот на просветата и културата на Бошњаците во Македонија во периодот на 20 век. При тоа, тој детално, поткрепено со изворни податоци и сознанија од истражувањата на терен дава изворна слика за бројот, населените места, потоа состојбата на Бошњаците и нивната себеорганизација со акцент на културно-просветното поле.

На крајот од докторатот е даден Заклучок, во кој се синтетизираат резултатите и сознанијата до кои дошол докторантот во текот на истражувачката работа, а потоа следуваат изворите и литература, каде што се набројуваат научни дела консултирани при изработката на темата.

Заклучок и предлог

Вреднувајќи го докторскиот труд на докторандот м-р Зекир Рамчиловиќ, Комисијата цени дека, иако темата хронолошки зафаќа поголем временски период, сепак низ долгогодишната и упорна истражувачка работа на кандидатот се презентирани нови аналитички научни сознанија поткрепени со податоци од бројни архивски историски документи и солидна библиографија, што сè заедно е доволна гаранција дека тематиката во докторската теза е успешно обработена.

Комисијата е на мислење дека вака обработената тема претставува нов придонес во македонската историографија.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Научниот совет на Институтот за национална историја да ја одобри докторската дисертација м-р Зекир Рамчиловиќ за одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.
2. Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.
3. Проф. д-р Марија Пандевска с.р.
4. Проф. д-р Ахмет Шериф с.р.
5. Проф. д-р Катерина Мирчевска с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 17.5.2013 година, не именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Лилјана Пановска и проф. д-р Нада Јурукова, за избор во звањето научен советник, на проф. д-р Љубица Јанчева, виш научен соработник. Врз основа на темелно проучените материјали доставените на увид од кандидатот, Комисијата има чест на Советот на Институтот да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Проф. д-р Љубица Јанчева, виш научен соработник во Институт за национална историја во Скопје, е родена 1969 година во Струмица. Во 1992 година дипломирала историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во текот на студирањето била корисник на стипендија од фондот „Атанас Близнаков", наменета за студенти кои покажуваат особени резултати во студирањето. Постдипломските студии ги завршила на Филозофскиот факултет во Скопје-Институт за историја.

Во 1997 година стапила на работа во Институтот за национална историја, во Одделението за нова и најнова историја. Три години подоцна во 2000 година, го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Народната власт во струмичко-радовишкиот регион 1941-1945 година" по што се стекнала со звањето магистер по историски науки. Во 2006 година ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Историско-политичките основи за осамостојувањето на Република Македонија 1971-1991 година", со што се стекнала со титулата доктор на историски науки. Со тоа таа ги исполнила предвидените нормативни услови за стекнување на наредното научно звање, по што во 2006 година е избрана во звањето научен соработник. Три години подоцна во 2009 година е избрана во звањето виш научен соработник.

Истата 2009 година, за монографијата „Народоослободителните одбори во струмичко-радовишкиот регион 1941-1945 година", Советот на град Струмица и ја доделил годишната општинска награда „Свети петнесет тивериополски маченици", а МПЦ-Струмичка епархија и градоначалникот на општина Струмица ја одликуваа со „Столен медал на Светите тивериополски свештеномаченици од редот на Светиот македонски крст".

Научниот интерес на проф. д-р Љубица Јанчева е насочен кон проучувањето на современата историја на Република Македонија и балканските земји, посебно изучувањето на општествено-економските процеси во последните две децении на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) и првите децении на Република Македонија (РМ). Обработката на токму оваа сложена и чувствителна современа проблематика припаѓа на толку бараниот опус на ретките научници кои се посветени на посочениот најнов период.

Проф. д-р Љубица Јанчева се задлабочи да го обработува она што другите од разни причини несакаа или, пак, не можеа тоа да го сторат. Тоа се преломни години кога експериментот на самоуправниот социјализам во седумдесеттите и осумдесеттите години на 20 век директно се одрази во сите сфери на животот на СРМ. Тогаш се тестираше новиот интегративен модел на уредувањето на целокупното општествено уредување по пат на договорна економија и здружување во сложени Основни организации на здружен труд (ООЗТ). Како резултат на процесите на окрупнувањето и експериментирањето во менацирањето со претпријатијата, нивна трансформација во организации на здружен труд, недоволно проверените идеи во практиката од стопанството се пренесоа и во областа на општествените дејности.

Нејзиниот стил е методолошки постапен со применет хронолошко -проблемски, наративен и препознатлив стил, а сопствени авторски видувања и мислења за дел од настаните и факторите како основни чинители само се предизвик за научната полемика кон нивно натамошно дорасветлување.

Од објавените научни трудови дознаваме дека кандидатката при нивното конципирањето, покрај внатрешните, секогаш ги има предвид и надворешните фактори кои имаат клучна улога во констелацијата на севкупните настани на Балканот, кои се резултат на глобалните политики и постапната примена на новите доктрини во светот за ограничен суверенитет на државите и на потребата за ефикасна заштитата на човековите права.

Во извештајниот период, проф. д-р Љубица Јанчева самостојно раководи или, пак, партиципира во определени научно-истражувачки проекти.

Еден од позначајните проекти во извештајниот период со кои таа раководи е научноистражувачкиот проект лоциран во ИНИ под наслов: „Економската политика на Извршниот совет на СРМ 1963-1991". Станува збор за проблематика посветена на економската политика, односно инвестиционите достигнувања, во посочениот историски период за кој бројни научни истражувачи во македонската историографија даваа доста позитивни оценки. Но, во последната деценија се повеќе се натрупуваат критички опсервации за истото прашање, кои се базирани на недоволно документирана соодветна научна анализа на тогашните историски процеси. Нивна единствена намера е да се добие сосема поинаква димензија и слика на тогашниот социјалистички општествено-економски систем, главно како негативен историки период. Во рамките на проектот со извршените научни истражувања во фондовите во архивите во земјата и во странство од страна на кандидатката и нејзините соработници, тие стекнаа податоци кои фрлаат поинаква, односно порелана светлина. Токму во тоа и се состои сижето на проектот и очекуваните резултати од него, со нови истражувачки зафати да се дојде до нови сознанија и податоци за наведената тематика.

Кандидатката проф. д-р Љубица во наведениот изборен период била или, пак, се уште е соработник во неколку научноистражувачки проекти, како на пример проектите: „Репатријација на Македонците од Егејскиот дел на Македонија од источноевропските земји во СРМ од средината на 50-тите до 70-тите години на минатиот век", проектот: „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на

видеоматеријали и разговори со Македонците протерани од Егејска Македонија во 20 век" и други. Во наведените проекти, таа со свои лични теренски истражувања во рамките на научноистражувачкиот тим има извршено евидентирање и анкетирање со наменски кестионер на бројни преживеани учесници во историските настани кои се третирани во рамките на овие проекти.

На полето на публикувањето и јавното обзнанување на достигнатите научни резултати, кандидатката проф. д-р Љубица Јанчева се појави со повеќе самостојни монографски трудови и трудови објавени во домашни и странски научни списанија. Освен како препознатлив научен работник, таа самостојно и во коавторство настапувала на бројни научни собири во земјата и во странство. Научниот интерес и опсегот на пријавените научни трудови со кои таа настапувала на научните собири е со поширок опсег на обработени проблеми и теми, пред се од периодот на социјалистиката изградба на СРМ, но и пошироко.

Во Секторот за постдипломски и докторски студии при ИНИ, проф. д-р Љубица Јанчева, е избрана за предавач на предметите: социјално економска историја на Македонија; социјално-економски промени во НРМ/СРМ по Втората светска војна; воена историја II-војни во 20 и 21 век; партиципација на РМ во воените мисии на НАТО/Воен конфликт 2001; дипломатија на РМ и евроатлантските интегративни процеси на постдипломските студии, и на предметите политичките појави и процеси во современата македонска држава (1944-1991); Република Македонија во периодот на транзицијата; самоуправување и делегатски систем (1953-1991); плурализмот во Република Македонија (1991-2011); историските корени и современите конфликти на Балканот; историја на социјалните потреси во XX и почетокот на XXI век; Македонија во политиката на балканските држави по Втората светска војна; политичките промени, процеси и движења на Балканот по 1945 година; Студената војна на Балканот; Општествено-економска историја на Македонија по 1944 година; промена на сопственичките односи во Македонија по 1944 година и надворешната политика на Република Македонија (1944-2008) на докторските студии по историја при УКИМ.

Проф. д-р Љубица Јанчева е автор на монографијата: „Последните децении со СФРЈ", кој за основа ја има одбранетата докторска дисертација на авторката, но во преработена и збогатена форма и со вметнати најнови сознанија од нејзината научноистражувачката дејност во извештајниот период. Трудот е посветен на историскиот период (1971-1991година) и на такапаречениот „либерален"-делегатски социјализам и договорна економија како најдраматични поглавја во целокупниот повоен развој на СРМ во рамките на СФРЈ. Хронолошки монографијата ги обработува последните две децении (1971-1991 година) од соживотот на СРМ, во рамките на СФРЈ, кои спаѓаат во најдраматичните во целокупниот повоен развој на РМ. Тоа се години во кои СРМ го бара патот кон истакнување на својата самобитност и олабавување на државните стеги на федералната држава СФРЈ. Во нив лесно се препознава процесот на „федерирање" сојузната држава кога сите шест членки вклучително и СРМ бараат развластување на СФРЈ и пренесување на клучните надлежности на секоја република поодделно. Низата последователни државно-правни и политичко-економски мерки

кои беа спроведувани на теренот на СФРЈ во периодот 1971-1991 година, всушност беа вовед во процесот на едно идно ново преуредување на СФРЈ и на статусот на нејзините шест државно-правни членки и двете автономни покраини.

Монографијата методолошки е поделена во неколку глави, подглави и одредници и точки кои се посветени на одделни тематски подрачја од споменатата проблематика. Авторката научно, аналитично и задлабочено ги анализира појавите, процесите и сите останати политички и економски фактори кои влијаат на целокупната состојба на сојузната држава СФРЈ, но и на републичко ниво во СРМ.

Монографијата изобилува со бројни показатели кои се мошне издржано и научно фундирани, поткрепени со соодветен научен апарат со што и дава научна тежина и фундираност. Македонската современа историографија се збогатува со дело посветено на овој мошне малку обработуван современ историски период од националната историја на СРМ. Покрај тоа, проф. д-р Љубица Јанчева е автор и на дел од монографскиот труд на Ацо Манински и Иван Станоев, *Струмичани на Сремскиот фронт*, СЗБ од НОАВМ-Струмица, општина Струмица, 2011.

Во извештајниот период има подготвено и објавено повеќе статии и прилози: Sudski procesi za osudu 1946 i rehabilitaciju 1990 godine, prvom Predsedniku Sobranija Makedonije, Metodija Andonov-Čento, *Istražne radnje i pomoćna sredstva u sudskim postupcima kroz povjest*, Pravni fakultet u Osijeku, Osijek, 2010, 151-156; Македонија и соседите во надворешната политика на СФРЈ (1971-1980), *Македонија и соседите*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Филозофски факултет, Скопје, 2010, 260-268; Organized persecution and massacre of the macedonian population in Kukush region during the Second Balkan War, Translated and edited by Risto Stefov December 19, 2010 http://www.macedoniantruth.org/forum/showthread.php?t=5565; Ličnost Josipa Broza Tita u savremenoj makedonskoj istoriografiji, *Tito-viđenja i tumačenja, zbornik radova*, Arhiv Jugoslavije, Beograd, 2011, 842-848; Влијанието на советските слависти врз работата на комисиите за кодификација на современиот македонски литературен јазик и правопис (1944-1945), *Македонија и Русија/СССР (историја-политика-култура) од првата светска војна до формирањето на современата македонска државност (1914-1944)*, МАНУ/РАН-Институт за славистика, Скопје, 2011, 307-315; Република Македонија и Република Србија во европските интегративни процеси, *Битола и македонско-српските културни односи и врски*, Конзулат на Република Србија во Република Македонија-Битола, Битола, 2011, 73-82; Општина Ѓорче Петров во административно-територијалните поделби на Република Македонија, *Зборник на трудови Ѓорче Петров-живот и дело*, Општина Ѓорче Петров, ИНИ, Скопје, 2011, 155-161; Република Македонија и Република Хрватска на патот кон ЕУ, до кога? *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze, knjiga III*, Filozofski fakultet-Rijeka, Rijeka, 2011, 473-481; Парламентарни повеќепартиски избори во Република Македонија (1990-2011), *Историја, XLVI//1-2*, Скопје, 2010/11, 77-89; Музејот на современа уметност-уметничка ризница на РМ: дела на автори од Битола и Србија, *Битола-тема за културно и уметничко творештво на автори од Република Македонија и Република Србија*, Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2012.

379-386; Tranzicija: slovenački primer i makedonska praksa, *Slovenska pot iz enopartijskega v demokratični system, (Zbirka Vpogledi 5),* Inštitut za novejšo zgodovino, Ljubljana, 2012, 229-239; Културно-образовна афирмација на малцинствата во СРМ, *Македоника, год. II, бр. 3-4,* Скопје, 2012,116-120; Уставните промени во 1971/74 и државноста на СРМ, *Македоника, год.II, бр. 5-6,* Скопје, 2012, 117-123.

Проф. д-р Љубица Јанчева во изминатиот период учествувала и на повеќе научни собири: Меѓународен научен собир „Тито виђења и тумачења", Белград, 7-9 мај 2010, прилог со наслов Личност Јосипа Броза Тита у савременој македонској историографији; Меѓународен научен собир, „Slovenska pot iz enopartijskega v demokratični sistem", Љубљана, 23-24 септември 2010, прилог со наслов Tranzicija: slovenački primer i makedonska praksa; Трет меѓународен научен симпозиум „Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски", Филозофски факултет Риека, 23-25 март 2011 година, прилог со наслов: Македонија и Хрватска на патот кон ЕУ, до кога?; Меѓународен научен собир „Историското наследство: преспектива или хендикеп", Скопје, 18-19 јуни 2010 година, прилог со наслов: Асномските определби, историско наследство или хендикеп за рамковна Македонија; Меѓународен научен собир „Битола и македонско-српските културни односи и врски" Битола. 15-16 октомври 2010 година, прилог со наслов Македонија и Србија во европските интегративни процеси; Научна трибина „Ѓорче Петров живот и дело", Скопје, 1.4. 2011 година, прилог со наслов: Општина Ѓорче Петров-лидер во негувањето на традициите на револуционерот Ѓорче Петров; Меѓународен научен собир, „Македонија-Полска, историја, култура, јазик, литературта, фолклор", Скопје-Штип, 1-3 јуни 2011, прилог со наслов: Полската помош во обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година; Меѓународен научен собир „Битола-тема за културно и уметничко творештво на автори од Република Македонија и Република Србија", Битола, 21-22 10. 2011 година, прилог со наслов: Музеј на современата уметност, уметничка ризница на РМ: дела на автори од Битола и Србија; Меѓународен научен собир „Македонија низ вековите", Скопје, 10-11.11.2011 година, прилог со наслов Македонија суверена и независна; VI меѓународен семинар по албанологија, „Албанското прашање пред и по прогласувањето на независноста", Тетово-Скопје, 20-22 септември 2012 година, прилог со наслов: Македонско-албански дипломатски врски 1993-2009 година; Научен симпозиум „Струмица и Струмичко во време на балканските војни и букурешкиот мировен договор", одржан во Струмица, 25-27 октомври 2012 година, прилог со наслов: Струмица и струмичко: нова дестинација на кукушките бегалци; IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, одржан во Скопје, 18-19 април 2013 година, прилог со наслов: Здравствената заштина на децата бегалци од Грција во ФНРЈ и НРМ.

Проф. д-р Љубица Јанчева била и рецензент на повеќе монографии и зборници на документи: Зекирја Рецепи, Обединета Европа од идеја до реализација, Тетово, 2010, 297; Марјан Димитријевски, „Ѓорче Петров (1865-1921) живот и дело", Општина Ѓорче Петров, 2010, 100; Марјан Димитријевски/Борис Стојановски, Странски воени споменици во Република Македонија, Скопје, 2011, 200; Ацо Манчески/Иван Станоев, Струмичани на Сремскиот фронт,

Струмица, 2011, 162; Ацо Манински, Боро Поцков – Мирко, Струмица, 2011, 155; Катерина Сарова Мирчевска, Нова дестинација-„Нова татковина“: децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Југославија и Македонија 1948-1960, Аз-Буки, 2012, 195; Стојан Ковачевски/Марјан Димитријевски, Др. Никола и Софија Незлобински, Струга, 2012, 128; Архивот на Јосип Броз-Тито, Документи за Македонија 1943-1953, (избор, редакција и коментар проф. д-р Новица Велјановски), ДАРМ, 2012, 570.

Во извештајниот период, кандидатката била член на повеќе комисии за подобност на теми за магистерски и докторски трудови, комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови, ментор на магистерски и докторски трудови, како и член на организациски и редакциски одбори.

Проучувањата на овој период, иако се доста сложени и понекогаш дури и невозможни, сепак кандидатката со нив ќе продолжи и веруваме во уште поблагопријатни услови, не само поради зголемувањето на потребната историско-архивска дистанца, туку и поради претстојната либерализација во користењето на архивските материјали, што досега не беше случај. Новите научни трудови ќе донесат и нови дополнувања и научни преоценки до кои дошла авторката.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на горе изнесеното за научноистражувачката и наставната активност на проф. д-р Љубица Јанчева, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека таа во изминатиот период покажала и постигнала значајни резултати во доменот на нејзината научноистражувачка и наставна работа.

Комисијата констатира дека кандидатката, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и побарените критериуми за предвремен избор во научни звања на Министерството за образование и наука и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје ги исполнува барањата и критериумите за избор во звањето научен советник.

Затоа, имаме чест на Советот на ИНИ да му предложиме проф. д-р Љубица Јанчева, виш научен соработник во ИНИ, да биде избрана во звањето научен советник.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Пановска, научен советник с.р.

3. Проф. д-р Нада Јурукова научен советник с.р.

ОБРАЗЕЦ
ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК

Кандидат: **ЉУБИЦА КИРИЛ ЈАНЧЕВА**

Институција: **ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ**

Реден број	Научноистражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно- апликативна дејност (СА)	Поени	
		во земјата	во странст во
1	Монографија или научна книга	8	
2	Дел од монографија или научна книга	2	
3	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати	23,4	
4	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	9,6	11,
5	Труд со оригинални научни резултати објавен на интернет	1	
6	Учество на научен собир со реферат	12,6	
7	Раководител на научен проект	4	
8	Учесник во научен проект	4	
9	Член на редакциски одбор	1	
10	Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура	0,6	
11	Член на комисија за оцена и одбрана на докторат	7	
12	Изготвување и пријавување на научен национален проект (соработник)	0,5	
13	Учество во работа на комисии за државни натпревари	1	
14	Учество во комисии и тела на државни и други органи	3	
15.	Научноистражувачки (студиски) престој до 3 месеци	0,5	

16.	Настапи на радио/ТВ-емисии и други јавни настапи	4	
17.	Ментор на магистерски труд	1	
18.	Ментор на докторски труд	6	
19.	Член на комисија за избор во звање	0,2	
20.	Рецензии на објавени научни книги	8	
21.	Промоции на објавени научни книги	4	
22.	Одржано предавање за потребите на домашни здруженија и федерации	1,5	
23.	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	1,5	
	МЕЃУЗБИР:	**104,4**	**17,7**
	ВКУПНО :	**122,1**	

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник с.р.
2. Проф. д-р Лилјана Пановска, научен советник с.р.
3. Проф. д-р Нада Јурукова, научен советник с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
на XXXIX СЕДНИЦА одржанана 31.05.2013 година

Ред. бр.	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ТЕМА	МЕНТОР
1.	Сања Спенџарска	Спорот меѓу Македонската православна црква - Охридска архиепископија и Српската православна црква и неговото влијание врз процесот на зачленување на Република Македонија во Европската унија	проф. д-р Зоран Матевски
2.	Билјана Коцева	Европската регулатива во доменот на надворешната и безбедносна политика и нејзиното влијание врз интегративниот процес на земјите од Западен Балкан	проф. д-р Трајан Гоцевски
3.	Магдалена Јаневска	Неформалното образование и флексибилизацијата на работната сила на пазарот на трудот во Европската унија и Република Македонија	проф. д-р Милева Ѓуровска
4.	Билјана Учета	Компетенции на наставникот за менаџирање на наставниот процес	проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска
5.	Ангела Ангеловска Усовска	Менаџирање со воспитно-образовните активности со употреба на ИКТ во предучилишните установи	проф. д-р Лена Дамовска
6.	Маја Трајковиќ	Менаџирање на мултимедијалноста во наставата по француски јазик	проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ
7.	Александра Марковска	Улогата на полицијата во управувањето со кризи во Република Македонија	проф. д-р Марина Митревска
8.	Марјан Велковски	Слабите држави и нивното влијание врз меѓународната безбедност	проф. д-р Билјана Ванковска
9.	Флорија Незири Даути	Јавниот менаџмент и човечките ресурси во државната администрација во Република Македонија	проф. д-р Јован Пејковски
10.	Миланчо Чанговски	Улогата на вооружените сили во функција на успешно водење на борба против тероризмот	проф. д-р Митко Котовчевски
11.	Магдалена Китановска	Менаџмент на време - фактор за ефикасност во менаџирањето	проф. д-р Милева Ѓуровска
12.	Јасминка Јакимовска	Обуките - фактор за професионален развој на вработените во Царинската управа на Република Македонија	проф. д-р Виолета Арнаудова
13.	Радана Костовска Митева	Задоволство од работа и мотивација за работа кај вработените во приватниот сектор	проф. д-р Виолета Арнаудова
14.	Огнен Коцевски	Менаџирање со конфликти во организациите и задоволство од работа	проф. д-р Виолета Арнаудова
15.	Анета Димовска	Квалитет на односот лидер-следбеник и мотивација за работа во приватен и јавен сектор	проф. д-р Елисавета Сарџоска

16.	Фиљана Кока	Сликата за сопствениот и сликата за 'другиот' етникум кај средношколците Македонци и Албанци и нивната перцепција на влијанието на медиумите во креирањето на таквите слики	проф. д-р Виолета Петроска Бешка
17.	Марија Чанова	Систем на работни вредности кај мажи и жени наставници, банкарски службеници и доктори по медицина	проф. д-р Елисавета Сарџоска
18.	Миле Стојковски	Ривалитетот меѓу САД и Европската унија во однос на решавањето на ирачката криза во 2003 година	проф. д-р Трајан Гоцевски
19.	Блаже Велковски	Парламентарна контрола на безбедносниот сектор во државите од Западен Балкан	проф. д-р Оливер Бакрески
20.	Кристина Запатоска	Улогата на крминалистичко-разузнавачката анализа во борбата против организираниот финансиски криминал и перењето пари	проф. д-р Митко Котовчевски
21.	Дарко Николов	Специфичноста на лидерството во полицијата и армијата на Република Македонија	проф. д-р Ванчо Кенков
22.	Габриела Хаџи-Василева	Анализа на степенот на имплементација на стратегијата за заштита и спасување во Репубика Македонија	проф. д-р Тони Милески
23.	Зоран Трајковски	Двојната природа на јазикот: сфаќањата за јазикот кај англиските емпиристи - Бекон, Хобс, Лок и Беркли	проф. д-р Ана Димишковска
24.	Снежана Силјаноска	Функцијата и значењето на здравственото образование кај децата од предучилишниот период	проф. д-р Лена Дамовска
25.	Наташа Јаневска Николовска	Влијанието на програмата за намалување на штети од употреба на дроги врз примената на ризичното однесување на инјекционите корисници на дроги во Зеница	проф. д-р Сунчица Димитријоска
26.	Живка Спасевска	Вклученост на жените во претприемништвото и бизнис секторот	проф. д-р Јован Пејковски
27.	Ениса Демири	Човечките ресурси - неопходен потенцијал за иновативност и претприемништво	проф. д-р Јован Пејковски

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1944-1960)" ОД М-Р МУНИР АДЕМИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје на својата седница од 29. 5. 2013 година, не именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов: „Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)" од кандидатот м-р Мунир Адеми. По разгледувањето на докторскиот труд, Комисијата во состав: проф. д-р Нада Јурукова, проф. д-р Симо Младеновски, проф. д-р Музафер Бислими, проф. д-р Љубица Јанчева и проф. д-р Агим Полоска има чест да го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд „Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)", од кандидатот м-р Мунир Адеми, претставува чувствително историографско прашање, како во однос на повеќеслојноста на проблематиката, така и во однос на истражувачките и други ставови по одредени сегменти, кои варирале и во времето и во просторот, зависно од актуелните општествени, политички и економски цели. Без разлика во чии хронолошки рамки се движи истражувачкиот поход на проблемот, централната оска околу која се насочени сите параметри се просветно-културните појави и процеси на Албанците во Македонија во годините по Втората светска војна, па сè до 1960 година.

Во докторскиот труд, фактографски се истражуваат и се објаснуваат најзначајните појави и процеси поврзани со просветата и културата на Албанците во Македонија во наведениот период.

Докторскиот труд е јазично, стилски, технички и коректно обликуван.

Создавањето на секој докторски труд претставува континуиран процес на интеракција помеѓу истражувачот и фактите со кои тој располага, еден бесконечен дијалог меѓу сегашноста и минатото. Во овој докторски труд изработен од кандидатот м-р Мунир Адеми, тој го внесува сето свое знаење и умеење.

Научните истражувања на докторандот даваат една автентична слика на просветата и културата на Албанците во Македонија во периодот 1944-1960 година.

Во трудот докторандот м-р Мунир Адеми фактографски ги истражува и ги објаснува најзначајните појави и процеси во областа на просветата и културата на Албанците во Македонија во периодот по војната кои се мошне суптилни и сложени. Тие состојби во областа на просветата и културата вршеле силно влијание на сите промени и состојби во другите дејности, од општествените, до дејностите од областа на економијата и стопанството. Остварувањето на амбициите на младата македонска држава за економски растеж и стопански развој биле условени и од функционирањето на просветата и културата на Албанците во Македонија

Темата „Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)" во македонската историографија не била предмет на посебно проучување. Има научни работници што се занимаваат со проучување на одделните сегменти од областа на просветата и културата во првите години по Втората светска војната, никој не се ангажирал за изработка на една сеопфатна монографска разработка на просветата и културата на Албанците во Македонија во односниот период. Од тие причини сметаме дека изработениот докторски труд самиот по себе ќе претставува придонес кон изучување на прашањето на просветата и културата на Албанците во првите повоени години па се до 1960 година.

Просветата и културата на Албанците во Македонија вистинска преродба, масовност и развиток доживува дури по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (2. VIII 1944). Всушност, во докторскиот

труд кандидатот м-р Мунир Адеми го обработува времето на обновата и изградбата на земјата или централистичкиот период од политичкиот систем на Југославија или ДФМ/ НРМ и периодот на воведувањето на самоуправувањето како нов облик на општествено-економски односи. Гледано хронолошки, во историска смисла, тоа е краток период, меѓутоа, под влијание на историските околности, тој е мошне згуснат со збидкувања, настани, појави и процеси, проткаен со разните судбини на одделни личности.

Методолошки, трудот ги запазува критериумите кои се однесуваат на трудови од областа на историската наука. Покрај деловите Предговор и Вовед, трудот е поделен на шест глави со поголем број наслови и поднаслови, а на крајот се поместени заклучокот и користените извори и литература.

Во предговорот кандидатот ги набележува основните мотиви кои го предизвикале да се зафати со обработка на насловната тема. Во воведот дава краток осврт на историското минато на Македонија, нагласувајќи го значењето на нејзината географско-стратешка положба.

Во првата глава, под наслов "Преобразаба на школството", се анализираат и проучуваат повеќе прашања како што се: просветата во НОВ и Револуцијата во Македонија, одлуките на АСНОМ и нивниот одраз врз просветата и културата, уставните решенија од 1946 година и други законски акти во функција на просветата и културата.

Во втората глава, под наслов „Основното воспитание и образование на Албанците во Македонија (1944-1960)", кандидатот посветува внимание на следниве прашања: на културно-просветните прилики, хигиенско-педагошките услови, отворањето на првите основни училишта, наставен кадар, влијанието на образовното наследство врз динамиката на развојот на училишната мрежа и опфатот на учениците, развојот на училишната мрежа, бројната состојба на учениците и наставниот кадар, наставниот план и програма и верските училишта.

Во третата глава, под наслов Учителска школа", кандидатот го анализира развојот на учителската школа „Лирија".

Четвртата глава носи наслов „Учителски курсеви за подготвување на наставен кадар". Во неа, кандидатот посебно внимание посветува на

петнаесетдневните и летните учителски курсеви. При тоа, посебно е нагласено значењето на извонредно плодотворната работа на едногодишните учителски курсеви.

Петтата глава носи наслов „Народно просветување". Во неа, кандидатот посебно внимание посветува на организирањето и работата на аналфабетските курсеви како основна форма за описменување на возрасното население, ја анализира и дејноста и на домаќинските курсеви, на основно општообразовните курсеви и на народните универзитети.

Во шестата глава под наслов „Култура", кандидатот ги обработува следниве прашања: формирањето на Комисија за култура, здравствената култура, а посебно ја проследува дејноста на Албанскиот театарски ансамбл. Првото и првичното ги имаат трајните закони за идентификација во традицијата и континуитетот на една национална култура. Неговото место и значење не може да го измести ниту еден поинаков податок и аргумент кои се надвор од историската наука. Во докторската дисертација, докторандот м-р Муинир Адеми, го нагласува местото на Албанскиот театарски ансамбл кој, според неговите укажувања, веднаш по неговото формирање (1949 година) започнува да бележи успеси.

При изработката на докторската дисертација, користена е архивска документација. Во тој однос, посебно значење има архивската документација што се наоѓа во Државниот архив на Република Македонија и во неговите одделенија во Скопје, Куманово, Тетово и во Охрид. Освен тоа, истражувања на одделни сегменти од темата се извршени и во архивите на одделни културно-просветни институции.

Сите наведени согледувања и емпириски истражувања на архивските материјали, комбинирани со постојната литература, се резултат на оваа систематизирана монографска обработка на просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960).

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Комисијата цени дека предложениот докторски труд ги содржи научно-методолошките параметри, а кандидатот се усовршил при користење и обработка на архивската документација и литература. Комисијата има чест и

задоволство на Научниот совет при Институтот за национална историја да му предложи да го прифати извештајот за докторскиот труд „Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)", од кандидатот м-р Мунир Адеми, и да ја започне постапката за јавна одбрана.

Скопје, 3. 6. 2013 година

Комисија во состав:

Проф. д-р Нада Јурукова с.р.

Проф. д-р Симо Младеновски с.р.

Проф. д-р Музафер Бислими с.р.

Проф. д-р Љубица Јанчева с.р.

Проф. д-р Агим Полоска с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **Фармацевтски факултет**

Кандидат	Тема	Ментор
Данијела Таниќ Шаневски	„Имплементација на одредбите и упатствата за добра дистрибутивна оракса и почитување на договорите за дистрибуција во фармацевтски ланец на снабдување - примерот на Република Македонија “	Проф. д-р Пеце Недановски
Маргарита Зужелова	„Анализа на здравствените, економските и социјалните придобивки од имплементација на педијатриската регулатива“	Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска

04.06.2013

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје
на 401. седница на Наставно – научниот совет одржана на 06.06.2013 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	Марија Милошевска, д.и.а.	Фасади од конструктивно стакло-системи, карактеристики и услови за примена во архитектонско-градежните објекти	проф. д-р Кирил Граматиков, Градежен факултет - Скопје
2	Арбен Речица, дипл. град.инж.	Влијателни фактори за ефикасно управување на градежни проекти во локалната самоуправа	проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска, Градежен факултет - Скопје
3	Ивана Велиновска, дипл.град.инж.	Компаративна сеизмичка анализа на армиранобетонски надвозник според МКС и Еврокодови	проф. д-р Елена Думова - Јованоска, Градежен факултет - Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ТРУД СО НАСЛОВ **„ОСЕОИНТЕГРАЦИЈА НА ЕНДООСЕАЛНИТЕ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАГНОСТИЦИРАН DIABETES MELLITUS "** ОД АС. Д-Р ВЛАДИМИР ФИЛИПОВСКИ,пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје

Наставно – научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 8 редовна седница одржана на 6.6 2013 година, по предлог на Научниот одбор, едногласно донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд поднесен од ас. д-р Владимир Филиповски, под наслов **„Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus"**, во состав:

-Проф. д-р Борис Величковски
-Проф. д-р Мирјана Поповска
-Проф. д-р Јагода Бајевска
-Проф. д-р Татјана Миленковиќ
-Проф. д-р Владимир Поповски.

Рецензентската комисија, по темелното разгледување и проучување на доставениот материјал, на Наставно – научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов **„Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus"**, од ас. д-р Владимир Филиповски, е приложен на 182 страни и содржи 35 слики, 92 табели и 400 графикони.

Структурата на докторскиот труд ја сочинуваат 7 поглавја: вовед и литературен преглед, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во делот насловен,**„Вовед и литературен преглед "** кој е обработен на 25 страни, авторот ги потенцира општите напомени за денталните импланти. Тој ги насочува читателите дека целта на современата стоматологија е да го поврати изгледот, функционалноста, естетиката и здравјето на усната празнина. Тој, исто така, објаснува дека денталните импланти претставуваат помагала кои се користат во стоматологијата за поддршка на реставрацијата во случај кога недостасуваат одделни заби. Понатаму дава осврт на историскиот развој на денталните импланти започнувајќи од древните Маи, па се до денес. На видовите импланти во делот **„Вовед"** им се посветува посебно внимание, како и на процесот на осеоинтеграција на денталните импланти. Авторот во ова поглавје темелно објаснува кои се факторите што влијаат врз осеоинтеграцијата, потенцирајќи дека некои од нив ја потттикнуваат, а некои ја попречуваат осеоинтеграцијата. Објаснувајќи ја успешноста на осеоинтеграцијата на имплантот, тој потенцира дека врз процесот влијаат и механичкиот стрес и микродвижењата на имплантот. Задржувајќи се на главната тема, посебен акцент дава на дијабетесот како системски фактор кој има свое влијание врз осеоинтеграцијата. Подробно и во детали ги објаснува типовите на дијабетес,

оралните манифестации како и патогенетските случувања при ова заболување и неговите реперкуси врз оралните структури. Според авторите цитирани во литературата, пациентите со слабо контролиран дијабетес не се најадекватни за оралнохируршки интервенции.

Многу студии укажуваат на тоа дека сериозните проблеми поврзани со заздравување на постоперативните рани кај дијабетичарите е резултат на перзистентно покачено ниво на глукоза во крвта.

Хистолошките наоди кај експерименталните животни укажуваат на тоа дека формацијата на колагенската мрежа на екстрахираниот заб е инхибирана кај овие пациенти, што од своја страна довдува до одложено заздравување и зголемена алвеоларна деструкција. Кај пациентите со дијабетес, постоперативното зараснување на раната се одвива побавно, изложувајќи го ткивото на компликации, како на пр. ткивна некроза. Дури и студиите спроведени на животни, индицираат дека дијабетесот индуциран со стрептозотоцин интерферира со процесите на осеоинтеграција.

Според користената литература, авторот потврдува дека хипергликемијата може да доведе до дефектна неутрофилна функција. Фибробластите стануваат дисфункционални поради тоа што глукозата е недостапна за аеробен метаболизам, оштетувајќи ја колагенската наслага и создавањето ендотел. Вазодилатацијата станува инсуфициентна како одговор на повреда или агенс или како дел од репараторниот процес кај пациенти со дијабетес. Оттука, авторот ја потенцира делумната контрверзија за употребата на дентални импланти, што е констатација на поголем број стручни лица од оваа област.

Во поглавјето **„Цел на трудот"** имајќи го предвид претходно изнесеното, авторот ги формира целите на трудот: да ги евалуира резултатите од ефектот на терапијата на имплантите, односно да ја испита состојбата на имплантите, т.е. нивното " прежување " во подолг временски период и нивните изгледи за успех кај едната или другата група испитаници. Исто така, авторот си поставил за цел да го проучи ефектот и исходот од терапијата кај трабекуларниот и кортикалниот тип коскено ткиво, т.е. максила и мандибула, да го истражи влијанието на тераписката процедура, имедијатното протетско оптоварување наспроти одложеното (по осеоинтеграција) протетско оптоварување над имплантите и да ги спореди резултатите на осеоинтеграција и појавувањето на периимплантнната инфекција во двете групи, како и да ја утврди корелацијата помеѓу карактеристиките на болеста и ефектот на терапијата.

Во следното поглавје, **„Материјал и метод на работа"**, приложено на 35 страници, даден е методолошкиот пристап за реализација на поставената цел
во соработка со Клиниката за ендокринологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Во оваа студија се следени вкупно 80 вградени импланти, при што 40 ендоосеални дентални импланти вградени кај клинички здрави лица, а други 40 ендоосеални дентални импланти вградени кај пациенти со дијабетес мелитус. Првата група е поделена на четири подгрупи: подгрупа 1А, во која се опфатени клинички здрави испитаници на кои во горната вилица се вградени 10 импланти со примена на техника на одложено оптоварување, подгрупа 1Б, исто така со клинички здрави лица на кои во горната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техника на имедијатно оптоварување, подгрупа 1В, во која се опфатен и клинички здрави индивидуи на ко во долната вилица м се

вградени 10 импланти со примена на техниката на одложено оптоварување, потоа групата 1Г, во која се опфатени испитаници на кои во долната волица им се вградени 10 импланти со примена на техниката на имедијатно оптоварување. Втората група исто така беше поделена на 4 подгрупи: подгрупа 2А, во која се опфатени испитаници со diabetes mellitus на кои во горната вилица се вградени 10 импланти со примена на техника на одложено оптоварување, подгрупа 2Б, исто така кај пациенти со diabetes mellitus на кои во горната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техника на имедијатно оптеретување, подгрупа 2В, во која се опфатени индивидуи со diabetes mellitus на кои во долната вилица се вградени 10 импланти со примена на техниката на одложено оптоварување, потоа групата 2Г, во која се опфатени испитаници на кои во долната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техниката на имедијатно оптоварување.
Студијата е спроведена во период од три години, каде што за евалуација на успехот на имплантите се користени етаблирани критериуми базирани на повеќе конференции во областа на имплантологијата.

За спроведување на методологијата се користени обрасци со темелно земени податоци, од описот на образецот за која цел е наменет. Спроведен е периотест, одредувани се плак индексот, индексот на крварење, длабочината на пародонталиот џеб, индексот на гингивалната рецесија,како и степенот на коскената ресорпција.Проценката на разградбата на коската е спроведена преку тековна контрола на направените рендгенски снимки. За да се добие метричка големина на дефектот земени се предвид големината на дефектот и познатата должина на имплантот. Одредувана е состојбата околу периимплантното ткиво, кој е главен показател за прогнозата и успешноста на вградениот имплант.

Исто така, спроведена е компјутерска обработка на податоците со помош на програмата Fourth dimension, која служи за обработка на системски специфичните податоци за имплантните системи.

Во поглавјето „**Резултати**“, добиените податоци се темелно анализирани, статистички обработени на 84 страници, збогатени со табели и графикони. Во реализираните испитувања авторот регистрирал кај 34 случаи, т.е. кај 42% од вкупната популација индикација за вградување импланти е терминална беззабост. Најчеста причина за загуба на природните заби е пародонтопатија. При имплантацијата, најчесто застапена состојба на коската се опишува како алвеола чија коска целосно е регенерирана. Скоро кај ниту еден имплант на сите контроли не е забележана клиничка подвижност, ниту пак болки и чувствителност на перкусија. Исклучок е само еден испитаник од подгрупата 2Г.

Во поглед на вредноста на периотестот, доминира вредност-5 кај сите подгрупи и тоа при сите четири контроли. Исклучок е само подгрупата 2В, во рамките на која 30-40% од испитаниците имаат вредност на периотест-5
Во поглед на плак контролата, евидентирани се исклучително поволни резултати, т.е. кај 80% од испитаниците не се забележани наслаги односно евидентирана е солидна орална хигиена. Кај 70% од секоја подгрупа не е евидентирана рецесија. Кај преостанатите, каде што сепак е евидентирана рецесија, таа се движела до 2 мм.

Што се однесува до вертикалната коскена ресорпција, нејзината вредност е минимална- под 1 мм, кај 80-100% од секоја подгрупа. Истото важи и за релативната застапеност на вредноста на хоризонталната коскена ресорпција –

под 1 мм кај 80-100% од испитаниците во секоја подгрупа. Во случај да настанала хоризонтална ресорпција, вредноста не е поголема од 1 мм. Овој резултат е евидентиран кај 10-20% од секоја подгрупа.

На крајот од прегледот на резултатите од контролите на параметрите, авторот напоменува дека кај поголемиот број испитаници од сите подгрупи не е забележан периимплантитис (кај над 80% од вкупниот број испитаници во секоја подгрупа не е констатиран периимплантитис), додека пак во случаите во кои е евидентиран периимплантитис, тој е претежно во почетна фаза или цервикално-циркуларно (околу 10% од вкупниот број испитаници од секоја подгрупа соодветно). Само кај еден случај постоело негово експлантирање, што значи дека релативната успешност на импланите во оваа студија изнесува околу 98,75%.

Студијата покажува дека со правилен избор на високо квалитетен имплантен систем, правилно индицирана и стручно изведена имплантно-протетска реконструкција и строго контролиран дијабетес, пациентите со оваа болест се апсолутно прифатливи за вградување импланти со успешна и долгорочна позитивна прогноза за успешност на имплантите.

Во поглавјето „**Дискусија**“, изнесено на 10 страници, авторот ги споредува и ги коментира сопствените резултати со оние кај цитираните автори. Во текот на испитувањето, авторот регистрирал дека дијабетесот како заболување сериозно влијае врз стапката на успешност на денталните импланти. Најголемиот дел од користената литература се експериментални студии извршени врз животни кои укажуваат на фактот дека од дејството на дијабетесот настанува ремоделирање на коската и недоволна минерализација што води до забавена осеоинтеграција. Некои студии укажуваат дека иако количеството на коскена материја кое е формирано со осеоинтеграција кај животни заболени од дијабетес е слично од коскената маса формирана кај контролната група, сепак кај животните со дијабетес постои помал контакт помеѓу имплантот и коската.

Со примена на светлосна микроскопија, видеоснимки и компјутерска анализа, стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика мереле три параметри: стапка на осеоинтеграција, количество на поврзана коскена маса и фреквенција на контактот.При вградување на титаниумски импланти во бутната коска на глодари, евидентирано е помало формирање нова коскена маса, слично на формирање на нова коскена маса во ендоостеумот и медуларниот канал.

Студијата укажува дека дијабетот ја инхибира осеоинтеграцијата. Се верува дека штетните ефекти врз осеоинтеграцијата ќе се намалат со системска примена на аминогванидин, т.е. одржување ниво на гликемија до нормални вредности. Инсулинската терапија укажува на регулација во формирањето на коската околу имплантите и со тоа го зголемува количеството на формираната коска околу имплантите, односно се зголемува и количеството на новоформираната коскена маса. Резултатите укажуваат дека сепак контактот помеѓу коската и имплантот кај заболените од дијабетес се разликува од контактот кај лицата од контролната група.

Прегледот на литературата за влијанието на дијабетесот врз стапката на успешност на ендоосеалните импланти укажува на тоа дека стапката на задржување на имплантите кај лица со дијабетес се движи од 88,8 и 97,3% една година по поставување на имплантот, додека пак стапката на добра

функционалност на имплантот една година по поставувањето на имплантот се движи помеѓу 85,6% и 94,6%.

Поглавјето „**Заклучоци**“, е презентирано на три страници. Врз основа на добиените резултати и нивната статистичка анализа, авторот го заклучува следново:

Пациентите на возраст помеѓу 45 и 60 години се во најголема мера предиспонирани и одлучни за вградување импланти. Од палетата Ankylos, најзастапен се покажа типот А11. Резултатите покажаа минимален ризик за загуба на имплантите и занемарувачки негативен процент на разлика во успешност на имедијантното оптоварување споредено со техниката за одложено оптварување.

Индексот на крварење, коскена ресорпција и длабочина на пародонтални џебови се во правопропорционална корелација и минимано се застапени кај сите подгрупи.

Кај ниеден пациент со вграден имплант не е откриена луксација, перкуторна осетливост и осетливост на термички дразби. Евидентирана е орална хигиена на високо ниво.

Кај сите подгрупи речиси и да не беше забележана појава на периимплантитис (кај над 80%), додека пак таму каде што е регистриран претежно е во почетна фаза (цервикално-циркуларно). Дефинитивно кај пациентите со дијагностициран дијабетес, честите контроли и редовно регулираниот дијабетес придонесуваат за добра контрола на периимплантната инфекција.

Во поглавјето „ **Литература**“ се цитирани 139 референци од домашни и странски автори од понов датум.

ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесениот докторски труд со наслов “**Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus** “ од ас. д-р Владимир Филиповски , заклучи дека тој претставува самостоен научен труд кој ги задоволува формалните и суштинските аспекти на еден докторски труд, поради што Комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно - научниот совет да го прифатат позитивниот рецензентски извештај и да му овозможи на кандидатот да ја продолжи понатамошната постапка до јавна одбрана на докторската теза.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

-Проф.д-р Борис Величковски с.р.
-Проф.д-р Мирјана Поповска с.р
-Проф.д-р Јагода Бајевска с.р
-Проф.д-р Татјана Миленковиќ с.р
-Проф.д-р Владимир Поповски с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ АВТОМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1261/2 од 30.5.2013 година, донесена на седницата на Наставно- научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во наставно-научното звање доцент во научната област автоматика на Машинскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот и анализата на доставените материјали, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 14.5.2013 година, за ова наставничко место се пријави кандидатот д-р Емил Заев, дипл. маш. инж., асистент на Машинскиот факултет во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Емил Заев е роден на 13.2.1976 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје, со континуиран одличен успех. На Машинскиот факултет во Скопје се запишал во 1994 година, на Институтот за хидротехника, пневматика и автоматика, поднасока: автоматика. Секоја година редовно бил наградуван како студент со просечен успех поголем од 8,5. Дипломирал во 1999 година со вкупен просечен успех 9,48. Дипломската работа „Проектирање на дискретен контролер за управување со динамички системи“ ја одбранил со одлична оценка.

На постдипломски студии на Машинскиот факултет се запишал во 1999 година на Институтот за хидротехника, пневматика и автоматика, истражувачко подрачје: автоматика, каде што во 2006 година успешно ја одбранил магистерската работа со наслов „Анализа и проектирање на супервизорно управување и аквизиција на податоци кај хидроенергетски објекти“. За време на постдипломските студии бил стипендист на Министерството за наука на Република Македонија, а за време на докторските студии бил стипендист на Австриската агенција за размена.

Од 2006 година е вработен на Машинскиот факултет во Скопје како соработник на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика, каде што работи и сега. По дипломирањето, а посебно по вработувањето на Машинскиот факултет во Скопје, со свои трудови редовно зема учествувано на меѓународни конференции. Вклучен е во повеќе научноистражувачки проекти и апликативни проекти. Учествувал во повеќе меѓународни проекти, меѓу кои и во проекти кофинансирани од ТЕМПУС- програмата на Европската унија и НАТО. Активно го познава англискиот јазик.

2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА, ИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА АКТИВНОСТ

2.1. Наставно-педагошка активност

Во периодот од своето вработување, кандидатот д-р Емил Заев бил ангажиран во организацијата и одржувањето на вежби по предметите: основи на механика на флуиди, механика на флуиди, гасификациски системи и заштита на ЖС, хидраулика и хидраулични машини, компоненти на управување и автоматизација, основи на турбомашини, гасоводни и нафтоводни системи, мониторинг и управување, транспорт со флуиди, динамика на објекти и процеси, пропорционална техника, системи за хидрауличен и пневматски транспорт, хидраулични волуменски машини, основи на автоматско управување, проектирање на системи за хидрауличен и пневматски транспорт, проектирање на системи за автоматизација, регулација и автоматизација на ХЕП, регулација на хидраулични машини, хидромашинска опрема, автоматизација на машини и процеси, компоненти во автоматиката и хидраулични сервосистеми. Како асистент на Машинскиот факултет, кандидатот д-р Емил Заев активно учествувал во водењето и насочувањето на студентите при изработката на повеќе дипломски работи од подрачјето на системите за автоматско управување и автоматизација и од подрачјето на системите за супервизорно управување и аквизиција на податоци.

2.2. Истражувачки активности

Кандидатот д-р Емил Заев е вклучен во поголем број домашни и меѓународни проекти, во чии рамки реализира повеќе студиски престои.

Во 2003 година реализирал престој на Техничкиот универзитет во Истанбул, Турција, а во текот на 2006 година престој на Универзитетот во Грац, Австрија, во рамките на истражувањата за својата магистерска работа.

Во октомври 2008 година остварил студиска посета на Универзитетот во Леобен, Австрија, каде што ја започнал работата на својата докторска дисертација под водство на проф. д-р Пол О'Лири од Институтот за автоматика. Отогаш, во рамките на истражувањата за својата докторска дисертација, остварил неколку студиски посети на Универзитетот во Леобен во времетраење од 3 месеци, и тоа во декември 2009, јуни 2010 и јуни 2012. Во 2011 остварил неколкудневни посети на Техничкиот универзитет во Виена, Австрија и на Аристотел универзитетот во Солун, Грција, како и посета на техничкиот факултет во Нови Сад, Р. Србија.

Кандидатот д-р Емил Заев учествуваше во TEMPUS JEP- проектот под наслов „Развој на наставна програма од инженерство на животна средина и ресурси", финансиран од Европската унија во периодот од 2005 до 2008 година, со следниве активности: изработка на наставните материјали по предметот: Енергетска ефикасност, спецификација, набавка, инсталирање и пуштање во работа на мерната и компјутерска опрема набавена во рамките на проектот.

Кандидатот учествувал и во проектот: "Monitoring and Improving the Rivers in the Vardar/Axios Watershed (MIRVAX)", финансиран од страна на НАТО-програмата „Партнерство за мир", SfP981877, од 2006 до 2011 година, со

следниве активности: проектирање, набавка, инсталирање, пуштање во работа и тековно одржување на мерната опрема во мониторинг- станицата во Демир Капија за мерење на физичко- хемиските параметри на квалитетот на водата во реката Вардар.

Кандидатот д-р Емил Заев учествува и во тековниот TEMPUS JP- проект под наслов „Развој на учења од инженерство на животна средина", финансиран од Европската унија во периодот од 2010 до 2013 година.

2.3. Стручна активност

Покрај научноистражувачката активност, кандидатот работи и на неколку проекти, кои се водени (или се во тек) од страна на Машинскиот факултет во Скопје, од кои би ги издвоиле следниве: „Главен проект и тендерска документација за МХЕЦ Дебар и МХЕЦ Лукар", "World Bank funded project TFO-23447" во 2001 година, „Споредбени мерења на протокот со ултразвучни мерачи на проток на цевководите од хидросистемот Лисиче", во 2008, „Идеен проект за намалување на бучава и вибрации во доводниот цевковод за вода и ладење во ХЕЦ Вруток" во 2011 година, и „Мерење на карактеристиките на вентилаторите од ладилник за печка" во 2011 година.

3. НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Во изминатиот период, од првиот избор како стручен соработник, кандидатот д-р Емил Заев, како автор и коавтор, учествувал во изработката на поголем број научни и стручни трудови, кои се прикажани во списокот даден во продолжение.

3.1. Научни трудови

1. E. Zaev, A. Tuneski, "SCADA System For Simulation, Acquisition And Monitoring Laboratory Pump Plant", IFAC Automatic Systems for Building the Infrastructure in Developing Countries Proceedings, Istanbul, Republic of Turkey, 2003.

2. Е. Заев, А. Туневски, А. Ношпал, "SCADA Компјутерска апликација за симулација на управување со хидроцентрала", ЗЕМАК Меѓународно советување "Енергетика 2006", Зборник на референти - Книга 1, стр. 501.

3. E. Zaev, D. Babunski et al., "Structure of a SCADA Application for Simulation of the Hydropower Plants", Proceedings of the VIII National Conference With International Participation ETAI 2007, Section A, pp 74, Ohrid, R. Macedonia, 2007.

4. D. Babunski, A. Tuneski, Emil Zaev, "Design an Analysis of Control Plant in the Case of Hydraulic Turbine-Governor System", Proceedings of the VIII National Conference With International Participation ETAI 2007, Section A, pp 73, Ohrid, R. Macedonia, 2007.

5. D. Babunski, A. Tuneski, Emil Zaev al., "Design and Analysis of Hyroturbine-Governor Control System" Proceedings of the 9-th international conference on Advanced materials and operations AMO 09 Kranevo, Bulgaria, 2009.

6. E. Zaev, D. Babunski, et. Al, "Design of optimal SCADA program for automation of HPP" Proceedings of the 9-th international conference on Advanced materials and operations AMO 09 Kranevo, Bulgaria, 2009.

7. D. Babunski, E. Zaev, A. Tuneski, "SCADA simulation for monitoring and control of HPP using Robust Law", Proceedings of the IX National Conference With International Participation ETAI 2009, Section A, pp 90, Ohrid, R. Macedonia, 2009.

8. Д. Бабунски, Е. Заев, А. Тунески, "Симулација на Управување и Мониторинг на ХЕЦ", Зборник од реферати од Интернационален симпозиум "Енергетика 2010" ZEMAK2010, Ohrid, R. Macedonia, 2010.

9. Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Non-Linear Modeling And HIL Simulation Of Hydraulic Cylinder For Hydro Turbine Governing System", Proc. of the ZEMAK International Symposium "Energetics 2010", Ohrid, R. Macedonia, 2010.

10. Emil Zaev, Gerhard Rath, Hubert Kargl, "Design of a Hydraulic Damper for Heavy Machinery", Proc. of the SysStruc 2011, Resita Romania, 2011.

11. Emil Zaev , Gerhard Rath, et al., "HPP Simulator for Real-Time Simulation and SCADA Software Testing", Proc. of the Doctoral student conference DSC2011, Thessaloniki, Greece, 2011.

12. Gerhard Rath, Emil Zaev, "Cable Driven Robot for Camera Motion with Six Degrees of Freedom", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.

13. Darko Babunski, Atanasko Tuneski, Emil Zaev, "Simulation of Load Rejection on a Nonlinear Hydro Power Plant Model with Mixed Mode Nonlinear Controller", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.

14. Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Hydro Power Plant Governor Testing Using Hardware-In-The-Loop Simulation", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.

15. Emil Zaev, "'Hardware-In-The-Loop' for real-time simulation of complex mechanical systems and their control", Doctoral Dissertation, Faculty of mechanical engineering in Skopje, Ss. Cyril and Methodius University, 2013.

16. Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Hardware-In-The-Loop Simulator For Training Of Hydro Power Plants Operators", Proc. of ENERGY 2013, Zlatibor, Serbia, 2013.

17. Gerhard Rath and Emil Zaev, "Cylinder Pressures in a Position Controlled SystemWith Separate Meter-in and Meter-out", Proc. of 13th Scandinavian International Conference on Fluid Power, SICFP2013, Linköping, Sweden, 2013.

18. Emil Zaev, Gerhard Rath, and Hubert Kargl, "Energy Efficient Active Vibration Damping", Proc. of 13th Scandinavian International Conference on Fluid Power, SICFP2013, Linköping, Sweden, 2013.

3.2. Стручни трудови

1. E. Zaev, "Finite volume methods for flow simulations", DAAD Autumn Academy, Ohrid, R. Macedonia, 1999.
2. E. Zaev, A. Tuneski," SCADA System Analysis", Зборник на трудови на Машинскиот факултет – Скопје, Р. Македонија.
3. П. Поповски, Е. Заев и др. „Главен проект и тендерска документација за МХЕ Дебар и МХЕ Лукар", МФС, 2001 ("Design project and tender documentation for Debar HPP and Lukar HPP", World Bank funded project TFO-23447).
4. З. Костиќ, В. Стојковски, Е. Заев, и др. „Споредбени мерења на протокот со ултра-звучни мерачи на проток на цевководите од хидросистемот Лисиче", работено за ЈПВ Лисиче - Велес, 2008.
5. В. Стојковски, Е. Заев и др. „Идеен проект за намалување на бучава и вибрации во доводниот цевовод за вода и ладење во ХЕЦ Вруток", работено за АД ЕЛЕМ – Подружница ХЕЦ Маврово, 2011.
6. В. Стојковски, Е. Заев, и др. „Мерење на карактеристиките на вентилаторите од ладилник за печка", работено за ТИТАН Цементарница Усје - Скопје, 2011.
7. Л. Трајковски, Е. Заев и др. „Контролни испитувања на механичките карактеристики на полиетиленски цевки со ND 90mm, NP 10 bar", работено за Конти Хидропласт, 2012.

Краток осврт кон некои од трудовите

Приложените трудови на кандидатот м-р Емил Заев, главно, обработуваат проблематика од областа на автоматиката, супервизорното управување, управувањето со хидрауличните сервосистеми и реалновременските симулации.

Така, трудовите со реден број 2, 3, 6 и 7 се од областа на супервизорното управување и аквизиција на податоци, при што во нив се опишува развојот на еден систем за супервизорно управување со хидроцентрали. Тестирањето на овој систем со употреба на симулација е прикажано во трудот бр. 8.

Трудовите со реден број 9, 11 и 14 ја опфаќаат проблематиката на хардверско- софтверски симулации на реални системи со помош на напредна технологија каква што е hardware-in-the-loop. При симулациите како објект на управување е земен хидрауличниот потсистем на спроводниот апарат кај хидрауличните турбини, притоа хидрауличната централа е целосно заменета со софтверски модел, додека хидрауличниот потсистем може да биде реален или, пак, симулиран. Така, трудот со реден број 9 прикажува детално математичко моделирање и симулација на самиот хидрауличен потсистем, трудот број 14 дава приказ на математичкиот модел и целокупниот систем за реалновременска симулација и негова примена во тестирање на контролери. Трудот број 11 прикажува примена на истата технологија за реалновременска симулација при проектирање на симулатори кои можат да се користат за едукација на студенти.

Дел од резултатите, кои се презентирани во докторската дисертација на кандидатот, се објавени и на меѓународни конференции во трудот бр. 16 и 18. Трудот бр. 16 прикажува интересен начин на употреба на реалновременски симулации за создавање на тренинг-систем за оператори кои работат на хидроцентрали, со што тие би можеле да се тренираат надвор од работната околина без да го нарушуваат производниот процес на ел. енергија. Трудот бр. 18 презентира иновативен концепт на хидрауличен систем со независно управувани вентили на доводната и одводната гранка на цилиндарот, со што се постигнува поголема енергетска ефикасност на системите за активно пригушување на вибрациите.

Од анализата на наведените трудови може да се констатира дека кандидатот мошне успешно навлегол во научноистражувачката дејност, особено во проблематиката на автоматиката, супервизорното управување и управувањето со сервосистемите, како и во проблематиката на реалновременските симулации.

4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното, како и од личното познавање на кандидатот, може да се заклучи дека ас. д-р Емил Заев, во периодот од вработувањето на Машинскиот факултет во Скопје до денес, постигнува значајни резултати во научноистражувачката, наставно-педагошката и апликативната работа и успешно се развива во истакнат научен работник и квалитетен педагог.

Во изминатиот период кандидатот се стекна со исклучителни познавања од областа на автоматиката и системите за управување, што резултираше со објавените вредни научни и стручни трудови на меѓународно ниво. Престоите во неколку врвни научноистражувачки центри му овозможија да ги надгради своите познавања со врвните достигнувања во областа во која работи.

Имајќи го предвид претходното, како и остварените поени од наставно-образовната дејност (**96,128**), научноистражувачката дејност (**64,3**), стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес (**12,5**), т.е. остварените вкупно **172,928** поени, заклучуваме дека д-р Емил Заев ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од таа причина, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, кандидатот д-р Емил Заев, дипл. маш. инж., да биде избран во наставно- научното звање доцент во научната област автоматика на Машинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Лазе Трајковски, с.р.

2. Проф. д-р Атанаско Тунески, с.р.

3. Проф. д-р Александар Ношпал. с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Емил Мирчо Заев**

Институција: **Машински факултет - Скопје**

Научна област: **автоматика**

I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава на прв циклус на студии	
1	Вежби: Основи на механика на флуиди (9 часа), летен 2006/07	4,05
2	Вежби: Механика на флуиди (4 часа), летен 2006/07	1,8
3	Вежби: Гасификациски системи и заштита на ЖС (3 часа), летен 2006/07	1,35
4	Вежби: Хидраулика и хидраулични машини (3 часа), летен 2006/07	1,35
5	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (3 часа), летен 2006/07	1,35
6	Вежби: Основи на турбомашини (3 часа), летен 2006/07	1,35
7	Вежби: Гасоводни и нафтоводни системи (2 часа), зимски 2007/08	0,9
8	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2007/08	1,35
9	Вежби: Транспорт на флуиди (2 часа), зимски 2007/08	0,9
10	Вежби: Динамика на објекти и процеси (2 часа), зимски 2007/08	0,9
11	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2007/08	0,9
12	Вежби: Системи за хидрауличен и пневматски транспорт (2 часа), зимски 2007/08	0,9
13	Вежби: Основи на механика на флуиди (6 часа), летен 2007/08	2,7
14	Вежби: Хидрауличен и пневматски транспорт (2 часа), летен 2007/08	0,9
15	Вежби: Гасификациски системи и заштита на ЖС (2 часа), летен 2007/08	0,9
16	Вежби: Хидраулика и хидраулични машини (2 часа), летен 2007/08	0,9
17	Вежби: Проектирање на системи за ХПТ (2 часа), летен 2007/08	0,9
18	Вежби: Хидраулични волуменски машини (4 часа), летен 2007/08	1,8
19	Вежби: Механика на флуиди (3 часа), летен 2007/08	1,35
20	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2008/09	0,9
21	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2008/09	1,35
22	Вежби: Регулација и автоматизација на ХЕП (2 часа), зимски 2008/09	0,9
23	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), летен 2008/09	0,9
24	Вежби: Хидромашинска опрема (2 часа), летен 2008/09	0,9
25	Вежби: Хидраулични волуменски машини (2 часа), летен 2008/09	0,9

26	Вежби: Регулација на хидраулични машини (2 часа), летен 2008/2009	0,9
27	Вежби: Проектирање на системи за автоматизација (2 часа), летен 2008/2009	0,9
28	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (2 часа), летен 2008/2009	0,9
29	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2009/10	0,9
30	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2009/10	1,35
31	Вежби: Регулација и автоматизација на ХЕП (2 часа), зимски 2009/10	0,9
32	Вежби: Компоненти во автоматиката (2 часа), зимски 2009/10	0,9
33	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (2 часа), летен 2009/10	0,9
34	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), летен 2009/10	0,9
35	Вежби: Проектирање на системи за автоматизација (2 часа), летен 2009/10	0,9
36	Вежби: Проектирање на системи за хидрауличен и пневматски транспорт (2 часа), летен 2009/10	0,9
37	Вежби: Регулација на хидраулични машини (2 часа), летен 2009/10	0,9
38	Вежби: Автоматизација на машини и процеси (2 часа), летен 2009/10	0,9
39	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2010/11	1,35
40	Вежби: Регулација и автоматизација на ХЕП (2 часа), зимски 2010/11	0,9
41	Вежби: Компоненти во автоматиката (2 часа), зимски 2010/11	0,9
42	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2010/11	0,9
43	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), зимски 2010/11	0,9
44	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (2 часа), летен 2010/11	0,9
45	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), летен 2010/11	0,9
46	Вежби: Проектирање на системи за автоматизација (2 часа), летен 2010/11	0,9
47	Вежби: Проектирање на системи за хидрауличен и пневматски транспорт (2 часа), летен 2010/11	0,9
48	Вежби: Регулација на хидраулични машини (2 часа), летен 2010/11	0,9
49	Вежби: Автоматизација на машини и процеси (2 часа), летен 2010/11	0,9
50	Вежби: Хидромашинска опрема (2 часа), летен 2010/11	0,9
51	Вежби: Хидраулични волуменски машини (4 часа), летен 2010/11	1,8
52	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2011/12	1,35
53	Вежби: Регулација и автоматизација на ХЕП (2 часа), зимски 2011/12	0,9
54	Вежби: Компоненти во автоматиката (2 часа), зимски 2011/12	0,9
55	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2011/12	0,9
56	Вежби: Хидраулични машини и компоненти (2 часа), зимски 2011/12	0,9
57	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (2 часа), летен 2011/12	0,9
58	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), летен 2011/12	0,9
59	Вежби: Проектирање на системи за автоматизација (2 часа), летен 2011/12	0,9

60	Вежби: Регулација на хидраулични машини (2 часа), летен 2011/12	0,9
61	Вежби: Хидромашинска опрема (2 часа), летен 2011/12	0,9
62	Вежби: Хидраулични волуменски машини (2 часа), летен 2011/12	0,9
63	Вежби: Автоматизација на машини и процеси (2 часа), летен 2011/12	0,9
64	Вежби: Мониторинг и управување (3 часа), зимски 2012/13	1,35
65	Вежби: Регулација и автоматизација на ХЕП (2 часа), зимски 2012/13	0,9
66	Вежби: Компоненти во автоматиката (2 часа), зимски 2012/13	0,9
67	Вежби: Пропорционална техника (2 часа), зимски 2012/13	0,9
68	Вежби: Хидраулични машини и компоненти (2 часа), зимски 2012/13	0,9
69	Вежби: Хидраулични сервосистеми (2 часа), зимски 2012/13	0,9
70	Вежби: Компоненти на управување и автоматизација (2 часа), летен 2012/13	0,9
71	Вежби: Основи на автоматско управување (2 часа), летен 2012/13	0,9
72	Вежби: Проектирање на системи за автоматизација (2 часа), летен 2012/13	0,9
73	Вежби: Хидромашинска опрема (2 часа), летен 2012/13	0,9
74	Вежби: Хидраулични волуменски машини (2 часа), летен 2012/13	0,9
75	Одржување на теренска настава во 2012/2013 год.	0,9
76	Консултации со студенти 2006/2007 (220 студента)	0,44
77	Консултации со студенти 2007/2008 (330 студенти)	0,66
78	Консултации со студенти 2008/2009 (210 студенти)	0,42
79	Консултации со студенти 2009/2010 (248 студент)	0,496
80	Консултации со студенти 2010/2011 (181 студенти)	0,362
81	Консултации со студенти 2011/2012 (263 студенти)	0,526
82	Консултации со студенти 2012/2013 (212 студенти)	0,424
83	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (7 студенти) x 0,1	0,7
84	Регулација и автоматизација на ХЕП (интерна скрипта од предавања)	4
85	Пропорционална техника (интерна скрипта од предавања)	4
86	Energy Efficiency (интерна скрипта од предавања подготвени во рамките на Темпус-проект, 2008, www.derec.ukim.edu.mk)	4
	Вкупно	96,128

II.НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Учество во проекти	
1	A. Tuneski, E. Zaev, et al. "Development of Environmental and Resources Engineering Curricullum (DEREC)", EU TEMPUS cofinanced Project CD_JEP-19028-2004, 2005-2008.	5
2	П. Поповски, Е. Заев и др. „Повеќепараметарска оптимизација при проектирање и анализа на перформансите на хидрауличните турбини", билатерален научноистражувачки проект, финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија и Р. Словенија, 2007-2008.	5

3	A. Tuneski, E. Zaev, et al. "Monitoring and Improving the Rivers in the Vardar/Axios Watershed (MIRVAX)", NATO Partnership for Peace cofinanced project, SfP981877, 2006-2011.	5
4	A. Tuneski, E. Zaev, et al. "Development of Environmental and Resources Engineering Learning (DEREL)", EU TEMPUS cofinanced Project No. 51101-1-TEMPUS-1-IT-JPCR, 2010-2013.	5
5	А. Ношпал, В. Стојковски, Емил Заев и др. „Примена на CFD и CAX технологии за струјнотехнички процеси во енергетиката и екологијата", финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2006-2009, август 2009.	3
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир	
6	Emil Zaev, Gerhard Rath, and Hubert Kargl, "Energy Efficient Active Vibration Damping", Proc. of 13th Scandinavian International Conference on Fluid Power, SICFP2013, Linköping, Sweden, 2013.	2,4
7	Gerhard Rath and Emil Zaev, "Cylinder Pressures in a Position Controlled SystemWith Separate Meter-in and Meter-out", Proc. of 13th Scandinavian International Conference on Fluid Power, SICFP2013, Linköping, Sweden, 2013.	2,7
8	Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Hardware-In-The-Loop Simulator For Training Of Hydro Power Plants Operators", Proc. of ENERGY 2013, Zlatibor, Serbia, 2013.	1,8
9	Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Hydro Power Plant Governor Testing Using Hardware-In-The-Loop Simulation", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.	1,8
10	Darko Babunski, Atanasko Tuneski, Emil Zaev, "Simulation of Load Rejection on a Nonlinear Hydro Power Plant Model with Mixed Mode Nonlinear Controller", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.	2,4
11	Gerhard Rath, Emil Zaev, "Cable Driven Robot for Camera Motion with Six Degrees of Freedom", Proc. of the Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2012, Bar, Montenegro, 2012.	2,7
12	Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "HPP Simulator for Real-Time Simulation and SCADA Software Testing", Proc. of the Doctoral student conference DSC2011, Thessaloniki, Greece, 2011.	1,8
13	Emil Zaev, Gerhard Rath, Hubert Kargl, "Design of a Hydraulic Damper for Heavy Machinery", Proc. of the SysStruc 2011, Resita Romania, 2011.	2,4
14	Emil Zaev, Gerhard Rath, et al., "Non-Linear Modeling And HIL Simulation Of Hydraulic Cylinder For Hydro Turbine Governing System", Proc. of the ZEMAK International Symposium "Energetics 2010", Ohrid, R. Macedonia, 2010.	1,8
15	Д. Бабунски, Е. Заев, А. Тунески, "Симулација на Управување и Мониторинг на ХЕЦ", Зрорник од реферати од Интернационален симпозиум "Енергетика 2010" ZEMAK2010, Ohrid, R. Macedonia, 2010.	2,4
16	D. Babunski, E. Zaev, A. Tuneski "SCADA simulation for monitoring and control of HPP using Robust Law" Proceedings of the IX National Conference With International Participation ETAI 2009, Section A, pp 90, Ohrid, R. Macedonia, 2009.	2,4

17	E. Zaev, D. Babunski, et. al "Design of optimal SCADA program for automation of HPP" Proceedings of the 9-th international conference on Advanced materials and operations AMO 09 Kranevo, Bulgaria, 2009.	2,4
18	D. Babunski, A. Tuneski et. al "Design and Analysis of Hyroturbine-Governor Control System" Proceedings of the 9-th international conference on Advanced materials and operations AMO 09 Kranevo, Bulgaria, 2009.	2,4
19	D. Babunski, A. Tuneski, Emil Zaev, "Design an Analysis of Control Plant in the Case of Hydraulic Turbine-Governor System", Proceedings of the VIII National Conference With International Participation ETAI 2007, Section A, pp 73, Ohrid, R. Macedonia, 2007.	2,4
20	E. Zaev, D. Babunski et al., "Structure of a SCADA Application for Simulation of the Hydropower Plants", Proceedings of the VIII National Conference With International Participation ETAI 2007, Section A, pp 74, Ohrid, R. Macedonia, 2007.	2,4
21	Е. Заев, А. Туневски, А. Ношпал, " SCADA Компјутерска апликација за симулација на управување со хидроцентрала ", ЗЕМАК Меѓународно советување "Енергетика 2006", Зборник на референти - Книга 1, стр. 501, 2006.	1,6
22	E. Zaev, A. Tuneski, "SCADA System For Simulation, Acquisition And Monitoring Laboratory Pump Plant", IFAC Automatic Systems for Building the Infrastructure in Developing Countries Proceedings, Istanbul, Republic of Turkey, 2003.	2,7
23	E. Zaev, A. Tuneski," SCADA System Analysis", Зборник на трудови на Машинскиот факултет – Скопје, Р. Македонија.	1,8
24	E. Zaev, "Finite volume methods for flow simulations", DAAD Autumn Academy, Ohrid, R. Macedonia, 1999.	1
	Вкупно	64,3

III.СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	„Главен проект и тендерска документација за МХЕЦ Дебар и МХЕЦ Лукар", "World Bank funded project TFO-23447", 2001	2
2	„Споредбени мерења на протокот со ултра-звучни мерачи на проток на цевководите од хидросистемот Лисиче", 2008	1
3	„Идеен проект за намалување на бучава и вибрации во доводниот цевовод за вода и ладење во ХЕЦ Врутоk", 2011	1
4	„Мерење на карактеристиките на вентилаторите од ладилник за печка", 2011	1
5	„Контролни испитувања на механичките карактеристики на полиетиленски цевки со ND 90mm, NP 10 bar", 2012	1
6	Учество во промотивни активности на факултетот 2010,2013	1
7	Студиски престој во странство - до 3 месеци: "Dogus University" Istanbul, период: април 2001	0,5
8	Студиски престој во странство - до 3 месеци: "Tecnical University" Istanbul, период: јули 2003	0,5

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

РАЗВИВАЊЕ НА ТРОФАЗЕН МОДЕЛ ОД КОНЕЧНИ И БЕСКОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ДИНАМИЧКА АНАЛИЗА НА ПОЧВАТА,

ИЗРАБОТЕНА ОД **М-Р КЕМАЛ ЕДИП**, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ИЗИИС ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на ИЗИИС бр. 09-480/1 од 15.3.2013, одредени сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација *Развивање на трофазен модел од конечни и бесконечни елементи за динамичка анализа на почвата,* изработена од м-р Кемал Едип, дипл.град.инж., асистент од областа на земјотресното инженерство. По прегледот на поднесената дисертација, имаме чест на Научниот совет на ИЗИИС да му го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кемал Едип преставува продолжување на истражувањата кои со успех се реализираат во Одделот за геотехника и Лабораторијата за динамика на почви и фундаменти во ИЗИИС за развивање на сопствени модели за анализа на почвата. Основно јадро во оваа дисертација е развојот на трофазен модел за анализа на динамичкото однесување на порозен медиум составен од: цврста фаза (скелетна конструкција), вода (течност) и воздух (гас) во порите. Истражувањата извршени во дисертацијата се мултидисциплинарни и ги опфаќаат областите: геотехника, динамичко однесување на почвени средини, експериментална геомеханика, нумеричка анализа и компјутерско програмирање, развивање на нумерички модел за анализа на почва од конечни елементи, развивање на елемент за нумеричка симулација на гранични услови, извршување на дренирани и недренирани триаксијални тестови во лабораторијата за динамика на почви на ИЗИИС и развивање на нелинеарен нумерички модел на почва применлив за моделирање на триаксијалните експерименти базиран на методот на конечни елементи.

Нумеричкото моделирање на почвата е широко користена при анализата на геотехничките проблеми. Во последната деценија, оваа технологија успешно се развива и се применува во земјите во развој како што е и Македонија. Токму спроведените истражувања во докторската дисертација се насочени кон примената на нумеричкиот трофазен елемент за симулација на почвените медиуми во статички, динамички и особено во случај на земјотресни услови.

Досегашните искуства од примената на нумеричката анализа во реална мерка ги симулира сеизмичките забрзувања во почвата и силите во конструкцијата, а со тоа и оштетувањата на конструктивните елементи. Нумеричкото симулирање на почвата игра важна улога особено во проблемите од областа интеракција почва-конструкција каде што одговорот на конструкцијата зависи од присутноста на почвата во анализите. Однесувањето на горната конструкција во тек на земјотресна побуда, во голема мера е контролирано од сеизмичкиот одговор на почвениот медиум, кој, пак, од друга страна сам по себе претставува комплексен проблем кој честопати се занемарува при сеизмичките анализи на инженерските објекти.

Развиениот трофазен модел претставува одлична основа за нумеричка симулација на широк обем на проблеми од областа на геотехничкото инженерство.

Земајќи ги предвид теоријата на порозни медиуми и концептот на волуменски фракции, развиениот трофазен модел претставува алатка за вклучување на различни линеарни и нелинеарни материјални модели за симулација на почвената скелетна конструкција. Трофазниот модел дозволува симултано симулирање на порните притисоци од вода и воздух, како и напрегањата во скелетната конструкција, при што проблемите на деформација и течење на водата во порите се заемно решени. Знаејќи дека однесувањето на парцијално водозаситените почвени медиуми претежно зависи од присуството на капиларниот притисок во порните волумени, трофазниот модел

презентиран во овој докторски труд вклучува повеќе хидраулични конститутивни релации за симулирање на капиларниот притисок.

Освен теоретската издржаност на дисертацијата, кандидатот, во соработка со универзитет во Ахен од Германија, има програмирано нова верзија на конечен елемент кој се базира на постара верзија програмирана на универзитетот во Ахен, при што се додадени нови нелинеарни конститутивни модели во симулацијата на скелетната конструкција и течењето на водата во порите. Исто така, од страна на кандидатот е развиен нов бесконечен елемент кој претставува граничен елемент и успешно ги симулира граничните услови во почвата.

Покрај нумеричките истражувања, кандидатот во докторската дисертација реализира и поголем број на лабораториски елемент-тестови во Лабораторијата за динамика на почви и фундаменти при ИЗИИС. Преку овие тестови, кандидатот подетално ги проучува однесувањата на дренирани и недренирани почвени примероци изложени на статичко и динамичко оптоварување. Резултатите од експерименталните истражувања се користени за нумеричкото моделирање и исто така успешно се симулирани со нумеричкиот трофазен модел, што претставува директна верификација на ефикасноста на новоразвиениот модел.

Спроведените истражувања од страна на кандидатот се презентирани на високо техничко ниво во приложената докторска дисертација, која се состои од следниве поглавја:

1. Вовед
2. Теоретски основи
3. Безконечни елементи
4. Конститутивно моделирање на скелетна конструкција на почвата
5. Нумеричка имплементација на предложениот модел
6. Верификација на предложениот трофазен модел
7. Имплементација на трофазниот модел
8. Заклучок.

Во првото поглавје дадени се воведните забелешки, целите и методологијата на истражувањето.

Во втората глава накратко се презентирани почетоците на примената на мултифазното моделирање на почвата. Равенките на рамнотежа за маса и моментум, односот меѓу капиларен притисок и водозаситување, како и концептот на ефективно напрегање во почва се сублимирани и детално се објаснети. Покрај ова, кандидатот во оваа глава детално го образложува концептот на трофазно моделирање на почвата со заемно влијание на деформациите од скелетната конструкција и притисоците од вода и воздух во порите.

Во третата глава, кандидатот се осврнува на граничните услови, при што акцентот е ставен на развој на бесконечни елементи во рамките на трофазниот модел. Во оваа глава кандидатот се осврнува на фактот дека бесконечните елементи со мала интервенција во формулите може успешно да ги симулира и проблемите од еднофазниот континуум.

Во четвртата глава, кандидатот дава опис на линеарно еластичен и нелинеарен хипопластичен модел. При примената на нелинеарниот хипопластичен модел, потребните влезни параметри за анализа се детално опишани. Воедно, во Лабораторијата за динамика на почви се направени дополнителни триаксиални тестирања за одредување на влезните параметри на Тојура-песокот за успешна нумеричка симулација на експериментите.

Во петтата, глава кандидатот дава јасен приказ на нумеричка имплементација на трофазниот модел. Предложениот модел е програмиран со користење на FORTRAN и тој е компајлиран и поврзан со софтверскиот пакет ANSYS. Може да се каже дека кандидатот ги следи најновите трендови за изработка на аналитички модел, односно врши проширување на можностите на веќе постојни софтверски пакет. Со овој пристап кандидатот нема потреба дополнително да програмира основни функции, туку тој се концентрира кон имплементацијата само на сопствениот модел.

Во шестата глава, кандидатот се посветува на нумеричка верификација на предложениот трофазен модел, при што резултатите од трофазниот модел се споредуваат со добиените резултати од литературата.

Во седмата глава е направена имплементација на трофазниот модел, при што се анализирани неколку примери. Прво, споредени се резултатите од триаксијалните испитувања од ИЗИИС. Второ, даден е пример на интеракцијата почва-конструкција, при што детално е симулирано однесувањето на рамка. Последниот пример за верификација е брана којашто се симулира во квазистатички и динамички услови. Симулацијата на брана е базирана врз претходни истражувања од други автори, при што добиените резултати од квазистатичките анализи ја потврдуваат точноста на развиениот трофазен нумерички модел.

Во последната осма глава, сумирани се основните заклучоци од реализираните истражувачки активности, а посочени се и основни насоки за понатамошни истражувања, особено за отстранување на ограничувањата на предложениот трофазен модел. На крајот, во последната осма глава, даден е преглед на користената литература од оваа специфична област.

ПРИДОНЕС НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Областа која е опфатена со оваа докторска дисертација, нумеричко трофазно моделирање на почвата, е современа техника за реално симулирање на проблемите од геотехниката која бележи сè поинтензивен развој. Со ова истражување, оваа техника стана достапна и во Македонија преку развивањето на сопствен трофазен модел со конечни и бесконечни елементи за анализа, симулирање и верификација на овој модел.

Дисертацијата, меѓу другото, го опфаќа и процесот на лабораториски триаксијални тестирања на почвени примероци, што придонесува кон подигање на квалитетот на докторската дисертација. Со изработката на оваа докторска дисертација се постигнати неколку цели:

- развиен е нумерички модел за симулирање на бесконечниот домен во анализа на проблемот интеракција почва-конструкција;
- развиен е нумерички модел за симулирање на почвата како трофазен медиум составен од цврсти зрнца, вода и воздух;
- извршена е верификација на развиениот модел преку споредба со други нумерички модели од литературата;
- развиена е процедура за триаксијални тестирања на почвени примероци;
- спроведени се низа тестови на триаксијалниот апарат. Овие тестови се искористени за потврда на оправданоста од примената на нумеричкиот трофазен модел и за верификација на развиениот модел.

Со изработката на оваа докторска дисертација добиен е нов модел на почва кој е способен да го опфати однесувањето на почвата во услови на целосна и парцијална водозаситеност.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кемал Едип под наслов РАЗВИВАЊЕ НА ТРОФАЗЕН МОДЕЛ ОД КОНЕЧНИ И БЕСКОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ДИНАМИЧКА АНАЛИЗА НА ПОЧВАТА, претставува квалитетен научен труд кој со својата оригиналност и теоретска издржаност дава висок придонес кон развивањето и промоцијата на нумеричката симулација на почвата во сеизмички активни региони како техника за подобра заштита на конструкциите од дејството на земјотресите.

Комисијата со посебно задоволство ја рецензираше содржината на дисертацијата, со единствен став дека кандидатот м-р Кемал Едип обработил поширока област од земјотресното геотехничко инженерство, при што покажал високо ниво на знаење и владеење со експерименталните и нумеричките методи од горенаведената област. Затоа, со посебно задоволство му препорачуваме на Научниот совет на ИЗИИС во Скопје да ја прифати позитивната оцена од Рецензентската комисија за поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Кемал Едип и да определи комисија и термин за нејзина јавна одбрана.

Рецензентска комисија

1. Д-р Влатко Шешов, претседател,
   вонреден професор, ИЗИИС-Скопје, с.р.

2. Д-р Коста Талаганов, член,
редовен професор, ИЗИИС-Скопје, с.р.

3. Д-р Виолета Мирчевска , член,
редовен професор, ИЗИИС-Скопје, с.р.

4. Д-р Кристоф Бутенвег, член,
вонреден професор,RWTH-Aachen
универзитет, Германија, с.р.

5. Д-р Михаил ГАРЕВСКИ, член,
редовен професор, ИЗИИС-Скопје, с.р.

9	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: октомври 2008	0,5
10	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: декември - февруари 2009	0,5
11	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: јуни - август 2010	0,5
12	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: април 2010	0,5
13	Студиски престој во странство - до 3 месеци "Technical University Wien", период: октомври 2011	0,5
14	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: јануари 2012	0,5
15	Студиски престој во странство - до 3 месеци: University of Leoben, Austria, период: јуни- август 2012	0,5
16	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Развој на методи и техники за hardware-in-the-loop симулации на индустриски системи, билатерален проект со Австрија, 2010	1
	Вкупно	12,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	96,128
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	64,3
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	12,5
Вкупно	172,928

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Лазе Трајковски, с.р.

2. Проф. д-р Атанаско Тунески, с.р.

3. Проф. д-р Александар Ношпал. с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ, НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 27.5.2013 година, по повод распишаниот конкурс за прием на наставник формираше Комисија за изготвување на извештај за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународни односи, во состав: проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски и проф. д-р Сашо Георгиевски.

Комисијата ги прегледа поднесените конкурсни материјали и го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневниот весник „Дневник“, на 24.4.2013 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународни односи, се пријавија следниве кандидати (по азбучен редослед):

I

Податоци за кандидатите:

1. Јулија Брсакоска Базеркоска

1.1. Биографски податоци

Д-р Јулија Брсакоска Базеркоска е родена на 17.07.1979 година во Прилеп, Република Македонија. Завршила основно и средно образование (математичка гимназија) во Прилеп. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје во ноември 2001 година, со просечна оценка на положените испити – 9,29. Постдипломските студии ги завршила исто така на Правниот факултет во Скопје, во областа меѓународно право и меѓународни односи, со просечна оценка на положените испити – 10. Во 2004 година го одбранила својот магистерски труд под наслов „Начинот на донесување на одлуки

во Европската унија" и се стекнала со научен степен – магистер на правни науки, насока меѓународно право. Во 2009 година ги започнува своите докторски студии на Правниот факултет на Универзитетот во Келн, Германија. На 15.02.2013 година ја одбранила својата докторска дисертација под наслов "The Political and Legal Aspects of the European Community's/European Union's Membership in International Organisations" и се стекнува со академски степен - доктор по правни науки. Дипломата од Правниот факултет во Келн е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија со решение од 20.3.2013.

Активно го владее англискиот, италијанскиот, српскиот јазик и има напредни познавања од францускиот јазик.

1.2. Наставно-образовна дејност

Кандидатката Јулија Брсакоска Базеркоска работела демонстратор по меѓународни политички односи, меѓународно јавно право и право на ЕУ на Правниот факултет во Скопје. За демонстратор е избрана со одлука на Наставничкиот совет на Правниот факултет за учебната 2002/03, 2003/04, 2004/05, 2005/06 и 2006/07 година. Од октомври 2008 година кандидатката е избрана за асистент на научната област меѓународни односи на Правниот факултет во Скопје (држела вежби и учествувала во наставата на додипломските и постдипломските студии како и консултации со студенти по предметите меѓународни политички односи, меѓународно јавно право, теории за меѓународни односи, мултилатерална дипломатија, заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ и дипломатско и конзуларно работење).

1.3. Објавени книги, научни и стручни трудови

Кандидатката Јулија Брсакоска Базеркоска е автор на монографијата „Начинот на донесување на одлуки во Европската унија" во издание на МОСТ, Скопје, 2005.

Коавтор е со Francesca Romanin Jacur на делот *DNA experiences in the Western Balkans: The Republic of Macedonia,* во книгата уредувана од Massimiliano Montini 'Developing CDM Projects in the Western Balkans', објавена од Springer во 2010.

Кандидатката е автор на поголем број трудови објавени во домашни и странски списанија како: „Во пресрет на Уставот на Европската унија", месечник „Правник", Скопје, мај 2005 година; „Патот на Република Македонија кон Европската унија", Зборник „Македонија по Рамковниот договор", ФИООМ, Скопје, јануари 2006 година; „Легислативните постапки во Европската унија", Зборник во чест на професор Стрезо Стрезовски, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година; „Органи кои учествуваат во

легислативната постапка на Европската унија", Зборник на почесни доктори, доктори и магистри на Правниот факултет Јустинијан Први од 2001-2006 година, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година; „Европската политика кон соседите преку партнерството, безбедноста и владеењето на правото", Зборник во чест на професор Панта Марина, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година; „Правниот систем на Европската унија преку принципот на директен ефект", Руско-македонски зборник, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година; „Управување со климатските промени", Зборник во чест на професор Владимир Митков, Правен факултет, Скопје, 2010 година; „The Legal Personality of the EU", Iustinianus Primus, Law Review, no.2 – online journal, Правен факултет, Скопје, 2010 – достапно на http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=02; „The European Union and the United Nations: Theory and Practice", Iustinianus Primus, Law Review, no.3 – online journal, Правен факултет, Скопје, 2011- достапно на http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=03; „The European Union and the World Trade Organisation: Problems and Challenges", Croatian Yearbook of European Law and Politics, декември 2011.

Од увидот во овие трудови, Комисијата заклучи дека најголемиот дел се од областа на меѓународните односи, мултилатералната дипломатија и надворешната политика на ЕУ.

1.4. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Кандидатката Јулија Брсакоска Базеркоска остварила студиски престои на:

- Летната програма на Duke University School of law, Institute in Transnational law 2002 во Женева, Швајцарија – јули-август 2002; полагајќи ги испитите: меѓународно кривично право, еколошко право и компаративни уставни системи: САД и Германија;
- Летната школа за идните донесувачи на одлуки, организирана од Балканската мрежа за човекови права – Дубровник, Хрватска – 22 мај – 5 јуни 2005, каде што имала своја презентација на тема: "Human rights protection within the EU";
- Меѓународниот институт за политички и економски студии, организиран од Фондот за американски студии и Универзитетот Џорџтаун – Крит, Грција, јули-август 2005 (стипендист на американската влада);
- 17 Сесија на Академијата за европско право на Европскиот универзитет во Фиренца – јули 2006 година;
- 14 Трансатлантска летна академија организирана од Програмата за северноамерикански студии на Фридрих Вилхелмс - универзитетот во Бон, Германија – 18 јуни – 14 јули 2007 год. Во рамките на програмата остварува посети

на Европскиот парламент и Европската комисија, како и на Меѓународниот суд на правда, Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и седиштето на НАТО;

- Летната програма на тема: „Право на животна средина: меѓународни и европски перспективи" во Сиена, Италија, во организација на Siena University и University College London, 16-27 јули 2007;
- студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Келн, Германија во периодот – мај и јуни 2009/ мај и јуни 2010.

Исто така, учествувала на голем број семинари, конференции, програми за обука и други стручни усовршувања за кои има добиено дипломи, како:

- Conference on International law, Human rights and the Death penalty, 19 – 21 јули 2002, Женева, Швајцарија;
- Contemporary demographic processes and the future of the Balkan, јуни 2002, Охрид, Р.Македонија;
- Electoral College system / US Presidential elections 2004, 25 јуни 2004, NDI, Скопје, Р.Македонија;
- Предизвикот на локалните избори, 12 февруари 2005, NDI, Скопје, Р.Македонија;
- Македонија и процесот на евроинтеграција, Форум алумни, 19 октомври 2005, Скопје, Р.Македонија;
- The Kyoto Protocol and Beyond: a Legal Perspective, Siena University, 9-10 јуни 2006, Сиена, Италија, со презентација на тема „Is Macedonian environmental legislation in compliance with EU standards?";
- Работилницата за правните и технички прашања поврзани со CER-овите и трансакциите на карбон пазарот, 28.11.2007 год., со презентација на тема: „Назначен национален орган во Република Македонија.";
- Жан Моне Семинар на тема: „Advanced Issues of European Law – The First Year of the Treaty of Lisbon: Consolidation and Enlargement", организиран од Интеруниверзитетскиот центар во Дубровник и Катедрата за Европско право на Правниот факултет во Загреб, Хрватска, 10-16 април 2011;
- Докторски семинар во рамките на Правниот факултет на Универзитетот во Келн, Германија, 27 септември 2011, со презентација на тема „The European Union and the World Trade Organisation";
- Конференцијата на Универзитетот Queen Mary во Лондон, Велика Британија, со наслов: Taking Risks and Challenging Legal Thought на 22 мај 2012, со презентација на

тема „The EU Enlargement and Anti-corruption Standards: From Candidacy to Accession".

Во својство на експерт била ангажирана во едукативни програми и работилници, како и на голем број проекти:

- од јуни до јули 2011 - предавач на јавните трибини на тема "ЕУ фондовите - можност или предизвик за граѓанското општество", организизани во Радовиш, Делчево и Охрид. Јавните трибини беа дел од проектните активности во рамките на проектот "Зајакнување на цивилното општество преку градење на капацитетите-промоција на локалниот развој преку поголема искористеност на ЕУ Фондовите " имплементиран од Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје, а финансиран од Европската унија преку ЕИДХР 2009;
- 2006 година – 2009 година - правен консултант на заедничката канцеларија на Министерството за животна средина и територија на Република Италија и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија во Скопје. Дел е од Environmental legal team на Унивезитетот од Сиена кој работи на полето на имплементација на Протоколот од Кјото во Република Македонија;
- 2005 година – 2006 година - предавач на средношколците во неколку средни училишта во рамките на проектот „Прв пат гласам", спроведен од домашната невладина организација МОСТ;
- 2004 година – 2005 година – член на работната група за изработка на Изборниот кодекс на Р.Македонија, составена од пратеници, експерти од Министерството за правда, Министерството за финансии, ДИК, ОБСЕ, како и универзитетски професори во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи", спроведен од домашната невладина организација МОСТ;
- 2004 година – 2005 година – проект - асистент на проектот „Иницијатива за законодавни реформи" спроведен од домашната невладина организација МОСТ, каде што учествува во подготовката на четири тркалезни маси на кои пратениците од Собранието на Р.Македонија заедно со домашни експерти формулираат заеднички препораки за измени на изборното законодавство, во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи", спроведен од домашната невладина организација МОСТ;
- од декември 2003 до октомври 2004 - практикант е на Националниот демократски институт за надворешни работи во Собранието на Република Македонија. Работи во Кабинетот на претседателот на Собранието на Р.Македонија, подготвувајќи

бројни анализи и истражувања за потребите на кабинетот. Исто така е вклучена во подготовката на програмата за прославата на 60 години АСНОМ;

- од март 2003 до октомври 2003 - истражувач за потребите на Проектот за фискални реформи на USAID - Bearing Point LLC Macedonia. Презентирани се два труда на англиски јазик во рамките на проектот: „Decision making process in the EU" и „Property rights in the Republic of Macedonia".

Исто така, во својство на експерт била ангажирана и во неколку меѓународни проекти, како:

- Support to the European Union Integration Process (phase III, SMEI 3) – правен консултант на меѓународниот проект во Тирана, Република Албанија. Во рамките на проектот изготвува два извештаи кои се однесуваат на „Имплементација на санкциите наметнати од страна на Советот за безбедност на ООН во државите - кандидати за членство во ЕУ" и на „Последиците од не-применување на правото на ЕУ";
- меѓународен проект со оригинални истражувачки резултати - Проект за развој на курикулуми во рамките на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија – истражувач;
- учество во Leadership in practice (LEAP) – меѓуетнички младински проект со цел да ги развива лидерските капацитети на младите лидери, организиран од Институтот за стратешки истражувања и Американската амбасада во Република Македонија;
- Balkan Case Challenge– тренер и член на жирито во 2008, 2009 и 2010 година во рамките на Macedonian Case Challenge - Model European Council, натпревар за студенти организиран од Институтот за стратешки истражувања и едукација и Светскиот универзитетски сервис Австрија;
- Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот на Р. Македонија – мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Кандидатката Јулија Брсакоска Базеркоска е член на неколку здруженија, како:

- Алумни - здружението на поранешни практиканти во Собранието на Р.Македонија – Форум алумни;
- Алумни - здружението на Фондот за американски студии од Вашингтон;
- Алумни - здружението на посетители на Трансатлантската академија во Бон;
- член на Управниот одбор на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ.

Кандидатката е секретар на Колегиумот на магистерските студии по дипломатија и меѓународни односи, како и секретар на Советот на третиот циклус студии по политички науки.

2. Мухамед Али

2.1. Биографски податоци

Д-р Мухамед Али е роден на 18.9.1982 година. Своето високо образование го завршил во 2006 година на Кувајтскиот универзитет, на Факултетот за исламско право. Постдипломските студии во областа на дипломатијата и меѓународните односи ги завршил на Факултетот за јавна администрација и политички науки на ЈИЕ универзитетот во Тетово, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Влијанието на доктрината на стратешката длабочина врз турската надворешна политика кон Блискиот Исток". Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје од ноември 2009 год., прифатена е темата за докторска дисертација со наслов „Надворешната политика на Турција кон ЕУ, Блискиот Исток и Балканот во почетокот на 21от век низ призмата на турско-американските односи". Кандидатот успешно го одбранил својот докторски труд на 17.12.2012 година и се стекна со научен степен доктор на политички науки.

Активно говори англиски, арапски, албански, турски и српски јазик.

2.2. Наставно-образовна дејност

Кандидатот Мухамед Али е во редовен работен однос на Факултетот за исламски науки во Скопје од 10.11.2010 год, каде што е ангажиран на предметите исламско право, историја на исламското право и филозофија на исламското право. Исто така, кандидатот во текот на 2012 година е ангажиран како визитинг-предавач по предметот правни прописи на животната средина на Универзитетот МИТ, Скопје.

Кандидатот Мухамед Али е член на Издавачкиот одбор на меѓународното академско списание "Journal of Balkan Studies", Турција.

2.3. Објавени книги, научни и стручни трудови

Кандидатот Мухамед Али е автор на неколку поглавја во книги: *Turkish-Macedonian Relations in the Context of Foreign Policy – Vision of Ak Party* in Idriz, Mesut et.al. (ed.), 'Turkish, Albanian, Macedonian Relations: Past, Present and Future', ADAM-

ACTOR, Ankara, 2012; *Islamic Education in Macedonia- the Case of the Isa Beg Madresa and the Faculty of Islamic Sciences* in Ednan Aslan/Zsofia Windisch (eds.), 'The Training of Imams and Teachers for Islamic Education in Europe, PETER LANG, Oxford-Frankfurt-Berlin-Bern_Wien, 2012.

Исто така, кандидатот е автор на поголем број трудови објавени во домашни и странски списанија како: "Рефлексија на визијата на Давитоглу во Балканот" (објавен на турски јазик) во Journal of Balkan Studies, Bursa, Turkey, 2010, Vol.3, No.2; „Dersiam Ataulah Kurtis Efendi", Hilal, Скопје, 2010, Ho.118; "Meddah Madrasa under the rule of Ataullah Kurtis Efendi", Journal of Balkan Studies, Bursa, Turkey, 2011, Vol.3, No.1; "Турските образовни инвестиции на Балканот на почетокот на третиот милениум" (објавен на албански јазик), Journal of Social Sciences Vizione, Skopje, 2012, No.18; „Турската надворешна политика на почетокот на третиот милениум"(објавен на албански јазик), Journal of Social Sciences Vizione, Skopje, 2012, No.17.

Од увидот во овие трудови, Комисијата заклучи дека се од областа на исламското право и од областа на меѓународните односи, со акцент на Турција и Балканот.

2.4. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Кандидатот Мухамед Али има учествувано на повеќе семинари и конференции за кои има добиено дипломи, како:

- Конференција на тема „Turkish-Macedonian Relations in the Context of Foreign Policy Vision of AK Party", ADAM – Ankara Center for Thought and Research and International Balkan University, 27-29.5.2011, Скопје;
- Конференција на Институтот Alb-Shkenca и Универзитетот во Приштина, септември 2011, Приштина, Косово;
- Годишна конференција на Албанскиот институт по социологија: "Education in turbulent times: The Albanian case in European and global context", 21-22.11.2011, Тирана, Албанија, каде што кандидатот имал презентација на тема "Turkish Education Investments in the Balkans in the era of Globalization";
- Conference "Training of Imams and Teachers for Islamic Education in Southeast Europe", Vienna University and Faculty of Islamic Studies, октомври 2011, Приштина, Косово;

- Меѓународен конгрес „Балканот на Евлија Челебија“, во организација на МАНУ и Универзитетот Бахчешехир, 16-20.4.2012, Скопје, каде што кандидатот имал презентација на тема "Османлиските дела во Скопје според патописецот Евлија Челебија";
- Conference on Humanities "The Spiritual Quest in Humanities", 11-13.5.2012, Тирана, Албанија, каде што кандидатот имал презентација на тема "Religion factor in International relations: The case of US foreign policy after the Cold war";
- Конференција „Security and Euroatlantic perspectives of the Balkans (States and Perspectives)“, Универзитет Св.Климент Охридски, Факултет за безбедност, 25-26.5.2012, Охрид, каде што кандидатот имал презентација на тема "The impact of United States factor within EU integration process of Turkish state and the main challenges of Turkey-EU relations of the beginning of the 21st century";
- Годишна научна конференција „Global Security and Challenges of the 21st century“, МИТ Универзитет, 9 јуни 2012, Македонски Брод, каде што кандидатот имал презентација на тема "Terrorist Organisation PKK as determinant of Turkish-American relations";
- Конференција на Институтот за политички и меѓународни студии, 29-30.6.2012, Скопје, каде што кандидатот имал презентација на тема "Turkish diplomacy in the Western Balkans in one hundred years of the Balkan wars";
- International Relations in the Black sea: A Review of Turkish-Ukrainian Case, ADAM&Crimea State Pedagogical University, 16-20.9.2012, Украина;
- International Conference, "Islamic Religious Education in Secular Societies" , University of Vienna and the National Pedagogical Dragomanov University, 5-7.10.2012, Киев, Украина;
- „Kontributi и ulemave ne ngritjen e ceshtes kombetare", BIM, 17.11.2012, Скопје, каде што кандидатот имал презентација на тема: Roli I Ataullah Kurtish Efendiut ne reajtjen e identitetit fetar tek shqiptaret.

II

Заклучна оценка и предлог:

Комисијата заклучи дека Јулија Брсакоска Базеркоска и Мухамед Али заслужуваат пофалби за посветеноста со која и пристапуваат на научната област меѓународни односи, како и за досега постигнатите резултати. Во таа смисла, двата кандидата се вреден дел од младиот тим истражувачи на светската политика во Република Македонија.

Сепак, ставена пред избор, а земајќи ги предвид досегашните резултати на двата кандидати, Комисијата се определи за д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, која, покрај наведените квалификации и достигнувања во научната област, има редок талент за работа со студенти, од кои е редовно оценувана со највисока оценка. Со нејзиниот избор во предложеното звање, Правниот факултет во Скопје ќе добие еден умен, вреден, чесен и посветен на работата со студентите наставник, кој несебично ќе им го пренесува знаењето од областа на меѓународните односи на новите генерации студенти.

ПРЕДЛОГ

Чест и задоволство и е на Комисијата, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје, да му предложи, д-р Јулија Брсакоска Базеркоска да биде избрана во звањето д о ц е н т на областа меѓународни односи.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Денко Малески с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски с.р.

3. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Јулија Благоја Брсакоска Базеркоска
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
Научна област: меѓународни односи

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Настава на летни школи и работилници** - одржани три работилници за подготовка на студенти за учество на меѓународниот натпревар Balkan Case Challenge во Виена (2008-2010) во делот на симулација на работата на Европскиот совет (3 поени); - предавач на работилницата за правните и технички прашања поврзани со CER-овите и трансакциите на карбон пазарот, Скопје, 2007 год., со презентација на тема: „Назначен национален орган во Република Македонија" (1 поен); - предавач во неколку средни училишта во рамките на проектот „Прв пат гласам" спроведен од домашната невладина организација МОСТ (2005-2006 год.) (1 поен).	5
2.	**Одржување на вежби**	
2.1.	**Прв циклус студии:** **Меѓународни политички односи** 2008/09 3,5*15*0,03 = 1,57 2009/10 1,75*15*0,03= 0, 79 2010/11 1,75*15*0,03= 0, 79 2011/12 1,75*15*0,03= 0, 79 2012/13 1,75*15*0,03= 0, 79 **Меѓународно јавно право** 2008/09 2*15*0,03 = 0,9 2009/10 2*15*0,03 = 0,9 2010/11 2*15*0,03 = 0,9 2011/12 2*15*0,03 = 0,9	8,33
2.2.	**Втор циклус студии:** **Меѓународни политички односи** 2008/09 2,5*15*0,03 = 1,12 2009/10 2,5*15*0,03 = 1,12 2010/11 2,5*15*0,03 = 1,12 2011/12 2,5*15*0,03 = 1,12 2012/13 2,5*15*0,03 = 1,12 **Заедничка безбедносна и надворешна политика на ЕУ** 2008/09 1,75*15*0,03 = 0,79 2009/10 1,75*15*0,03 = 0,79 2010/11 1,75*15*0,03 = 0,79 **Теории за меѓународни односи** 2009/10 2,5*15*0,03 = 1,12 2010/11 2,5*15*0,03 = 1,12 2011/12 2,5*15*0,03 = 1,12 2012/13 2,5*15*0,03 = 1,12 **Мултилатерална дипломатија и ООН** 2009/10 2,5*15*0,03 = 1,12 2010/11 2,5*15*0,03 = 1,12 2011/12 2,5*15*0,03 = 1,12	21,41

	2012/13 2,5*15*0,03 = 1,12 **Надворешна политика на ЕУ и САД** 2009/10 2,5*15*0,03 = 1,12 2010/11 2,5*15*0,03 = 1,12 2011/12 2,5*15*0,03 = 1,12 2012/13 2,5*15*0,03 = 1,12	
3.	**Консултации со студенти** (1160 студенти *0,002)	2,32
	Вкупно	37,06

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект:**	
1.1.	Проектот „Иницијатива за законодавни реформи“, спроведен од домашната невладина организација МОСТ, каде што учествува во подготовката на четири тркалезни маси на кои пратениците од Собранието на Р.Македонија заедно со домашни експерти формулираат заеднички препораки за измени на изборното законодавство, во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи“, спроведен од домашната невладина организација МОСТ.	3
1.2.	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот на Р. Македонија – мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.	3
1.3.	Учество во Leadership in practice (LEAP) – меѓуетнички младински проект со цел да ги развива лидерските капацитети на младите лидери, организиран од Институтот за стратешки истражувања и Американската амбасада во Република Македонија.	3
2.	**Учесник во меѓународен научен проект:**	
2.1.	Support to the European Union Integration Process (phase III, SMEI 3) – меѓународниот проект во Тирана, Република Албанија, подржан од Делегацијата на ЕУ.	5
2.2.	Меѓународен проект со оригинални истражувачки резултати - Проект за развој на курикулуми во рамките на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија – истражувач.	5
2.4.	Учесник во меѓународниот научен проект „Balkan Case Challenge (2008 - 2010)“, организиран од Светскиот универзитетски сервис – Австрија.	5
3.	**Монографија:** „Начинот на донесување на одлуки во Европската унија“ во издание на МОСТ, Скопје, 2005.	8
4.	**Дел од монографија објавена во странство - коавтор:** Brsakoska Bazerkoska J, Romanin Jacur F., (2010) *DNA experiences in the Western Balkans: The Republic of Macedonia*, in Montini M. ed. 'Developing CDM Projects in the Western Balkans', Springer.	5,4
5.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** „The European Union and the World Trade Organisation: Problems and Challenges“, Croatian Yearbook of European Law and Politics, декември 2011. (списание со импакт фактор – мерлив на http://lawlib.wlu.edu/lj/index.aspx).	6+0,02 = 6,02
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
6.1.	„The Legal Personality of the EU“, Iustinianus Primus, Law Review, no.2 – online journal, Правен факултет, Скопје, 2010 – достапно на http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=02.	4

6.2.	„The European Union and the United Nations: Theory and Practice", Iustinianus Primus, Law Review, no.3 – online journal, Правен факултет, Скопје, 2011- достапно на http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=03.	4
7.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција**	
7.1.	„Легислативните постапки во Европската унија", Зборник во чест на професор Стрезо Стрезовски, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година.	2
7.2.	„Органи кои учествуваат во легислативната постапка на Европската унија", Зборник на почесни доктори, доктори и магистри на Правниот факултет Јустинијан Први од 2001 до 2006 година, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година.	2
7.3.	„Европската политика кон соседите преку партнерството, безбедноста и владеењето на правото", Зборник во чест на професор Панта Марина, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година .	2
7.4.	„Правниот систем на Европската унија преку принципот на директен ефект", Руско-македонски зборник, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година.	2
7.5.	„Управување со климатските промени", Зборник во чест на професор Владимир Митков, Правен факултет, Скопје, 2010 година.	2
8.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	
8.1.	„Во пресрет на Уставот на Европската унија", месечник „Правник", Скопје, мај 2005 година.	2
8.2.	„Патот на Република Македонија кон Европската унија", Зборник „Македонија по Рамковниот договор", ФИООМ, Скопје, јануари 2006 година.	2
9.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
9.1.	„Is Macedonian environmental legislation in compliance with EU standards?" презентација на научниот собир - The Kyoto Protocol and Beyond: a Legal Perspective, организиран од Универзитетот во Сиена, Италија 2006 година.	3
9.2.	„The EU Enlargement and Anti-corruption Standards: From Candidacy to Accession" презентиран на конференцијата Taking Risks and Challenging Legal Thought на Универзитетот Queen Mary во Лондон, Велика Британија, 2012 година.	3
10.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
10.1.	"Human rights protection within the EU" презентиран во рамките на летната школа за идните донесувачи на одлуки организирана од Балканската мрежа за човекови права – Дубровник, Хрватска 2005 година.	2
10.2.	Докторски семинар во рамките на Правниот факултет на Универзитетот во Келн, Германија, 27 септември 2011, со презентација на тема „The European Union and the World Trade Organisation".	2
	Вкупно	75,42

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Експертска активност: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** - Евалуација на имплементацијата на Протоколот од Кјото во македонското законодавство, како и усогласеноста со европските стандарди во рамките на работата на Environmental legal team на Универзитетот од Сиена (2006-2009 год.). (1 поен) - Евалуација на македонското изборно законодавство и неговата	2

	усогласеност со барањата од Венецијанската комисија спроведено во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи“ спроведен од домашната невладина организација МОСТ. (1 поен)	
2.	**Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот**	0,5
3.	**Член на национална жири - комисија** - член на жири - комисијата на македонскиот case study натпревар за студенти по право (2008-2010), Balkan Case Challenge, во делот за симулација на работата на Европскиот совет.	1
4.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** - предавач на три јавни трибини на тема “ЕУ фондовите - можност или предизвик за граѓанското општество" организизани во Радовиш, Делчево и Охрид. Јавните трибини беа дел од проектните активности во рамките на проектот “Зајакнување на цивилното општество преку градење на капацитетите-промоција на локалниот развој преку поголема искористеност на ЕУ фондовите ” имплементиран од Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје, а финансиран од Европската унија преку ЕИДХР 2009.	1,5
Дејности од поширок интерес		
5	**Студиски престој во странство – до три месеци** Едномесечен студиски престој на Правниот факултет во Женева, во рамките на Duke - Geneva Institute in Transnational law 2002 година; двонеделен студиски престој во рамките на Летната школа за идните донесувачи на одлуки организирана од Балканската мрежа за човекови права – Дубровник, Хрватска, 2005 година; едномесечен престој во рамките на Меѓународниот институт за политички и економски студии организиран од Фондот за американски студии и Универзитетот Џорџтаун – Крит, Грција јули-август 2005 година (стипендист на американската влада); двонеделен студиски престој на Европскиот универзитет во Фиренца – јули 2006 година; едномесечен студиски престој на Фридрих Вилхелмс - универзитетот во Бон, Германија, 2007 година; двонеделен студиски престој на Универзитетот во Сиена, во рамките на програмата „Право на животна средина: меѓународни и европски перспективи“, во организација на Siena University и University College London, 2007 година; двомесечен студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Келн, Германија, 2009 година; двомесечен студиски престој на Правниот факултет при Универзитетот во Келн, Германија, 2010 година. (8*0,5=4)	4
	Вкупно	9

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	37,06
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	75,42
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	9
Вкупно	121,48

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Денко Малески с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски с.р.

3. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Мухамед Али
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје
Научна област: меѓународни односи

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на вежби**	
	Исламско право 2010/11 4*15*0,03 = 1,8 2011/12 4*15*0,03= 1,8 2012/13 4*15*0,03= 1,8 **Историја на исламско право** 2010/11 4*15*0,03 = 1,8 2011/12 4*15*0,03= 1,8 2012/13 4*15*0,03= 1,8 **Филозофија на исламско право** 2011/12 3*15*0,03= 1,35 2012/13 3*15*0,03= 1,35	13,53
2.	**Консултации со студенти** (375 студенти *0,002)	0,75
	Вкупно	14,28

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Дел од монографија објавена во странство** - *Turkish-Macedonian Relations in the Context of Foreign Policy – Vision of Ak Party* in Idriz, Mesut et.al. (ed.), 'Turkish, Albanian, Macedonian Relations: Past, Present and Future', ADAM-ACTOR, Ankara, 2012; (6 поени) - *Islamic Education in Macedonia- the Case of the Isa Beg Madresa and the Faculty of Islamic Sciences* in Ednan Aslan/Zsofia Windisch (eds.), 'The Training of Imams and Teachers for Islamic Education in Europe, PETER LANG, Oxford-Frankfurt-Berlin-Bern_Wien, 2012. (6 поени)	12
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
2.1.	"Рефлексија на визијата на Давитоглу во Балканот" (објавен на турски јазик) во Journal of Balkan Studies, Bursa, Turkey, 2010, Vol.3, No.2.	3
2.2.	„Meddah Madrasa under the rule of Ataullah Kurtis Efendi", Journal of Balkan Studies, Bursa, Turkey, 2011, Vol.3, No.1.	3
2.3.	"Турските образовни инвестиции на Балканот на почетокот на третиот милениум" (објавен на албански јазик), Journal of Social Sciences Vizione, Skopje, 2012, No.18.	3
2.4.	„Турската надворешна политика на почетокот на третиот милениум"(објавен на албански јазик), Journal of Social Sciences Vizione, Skopje, 2012, No.17.	3
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	
3.1.	Dersiam Ataulah Kurtis Efendi", Hilal, Скопје, 2010, No.118	2

4.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
4.1.	Меѓународен конгрес „Балканот на Евлија Челебија", во организација на МАНУ и Универзитетот Бахчешехир, 16-20.4.2012, Скопје, презентација на тема "Османлиските дела во Скопје според патописецот Евлија Челебија".	3
4.2.	Конференција „Security and Euroatlantic perspectives of the Balkans (States and Perspectives)", Универзитет „Св.Климент Охридски", Факултет за безбедност, 25-26.5.2012, Охрид, презентација на тема "The impact of United States factor within EU integration process of Turkish state and the main challenges of Turkey-EU relations of the beginning of the 21st century".	3
5.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
5.1.	Годишна конференција на Албанскиот институт по социологија: "Education in turbulent times: The Albanian case in European and global context", 21-22.11.2011, Тирана, Албанија, презентација на тема "Turkish Education Investments in the Balkans in the era of Globalization".	2
5.2.	Conference on Humanities "The Spiritual Quest in Humanities", 11-13.5.2012, Тирана, Албанија, презентација на тема "Religion factor in International relations: The case of US foreign policy after the Cold war".	2
6.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
6.1.	Годишна научна конференција „Global Security and Challenges of the 21st century", МИТ Универзитет, 9 јуни 2012, Македонски Брод, презентација на тема "Terrorist Organisation PKK as determinant of Turkish-American relations".	2
6.2.	Конференција на Институтот за политички и меѓународни студии, 29-30.6.2012, Скопје, презентација на тема "Turkish diplomacy in the Western Balkans in one hundred years of the Balkan wars".	2
7.	**Секциско предавање на научен/стручен собир**	
7.1.	„Kontributi i ulemave ne ngritjen e ceshtes kombetare", BIM, 17.11.2012, Скопје, презентација на тема: Roli I Ataullah Kurtish Efendiut ne reajtjen e identitetit fetar tek shqiptaret.	1
	Вкупно	41

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** - предавач по предметот правни прописи на животната средина на Универзитетот МИТ, Скопје.	0,5
Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** - член на Издавачкиот одбор на меѓународното академско списание "Journal of Balkan Studies", Турција.	0,5
	Вкупно	1

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	14,28
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	41

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	1
Вкупно	56,28

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Денко Малески с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски с.р.

3. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРЕТСКИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 27.5.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област теоретски политички науки во состав: проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, доц. д-р Зоран Илиевски и доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд. На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ од 8 мај 2013 година и во дневниот весник „Коха“ од 8 мај 2013 година се пријавија кандидатите: д-р Ирена Рајчиновска Пандева, д-р Благица Хаџи-Јовановска и д-р Здравко Савески.

По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I

Кандидатка: д-р Ирена Рајчиновска Пандева

Кон пријавата, кандидатката достави: одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на политички науки, биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив, сертификати од конференции, летни школи и семинари.

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева е родена во Битола на 24.9.1975 година. Високо образование завршила на политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 1999 година, и се стекнала со звањето дипломиран политиколог. Дипломирала со просек 9,92 и добила награда како најдобар студент на генерацијата. Истата година се запишала на постдипломски студии по меѓународно право и меѓународна политика, насока: меѓународна политика. На 12. 7.2006 година магистрирала на тема „Улогата на меѓународната заедница во кипарскиот конфликт“ и се стекнала со звањето магистер по меѓународна политика. За време на редовните и постдипломските студии добивала стипендија од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Докторирала на 25.3.2013 година на тема „Турција-националниот идентитет и евроинтеграцијата“ и се стекнала со звањето доктор по политички науки.

Почнувајќи од учебната 1997/1998 година па сè до февруари 2007 година, д-р Ирена Рајчиновска Пандева е ангажирана како демонстратор на повеќе

предмети на политичките и студиите по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први“. На предметот политологија и вовед во политичките науки е ангажирана од 2000 година. Како демонстратор, кандидатката активно учествувала во изведувањето и подготовката на наставата и вежбите по наведените предмети.

Од февруари 2007 година до денес, д-р Ирена Рајчиновска Пандева е ангажирана како асистент на предметот политологија на политичките студии и предметот вовед во политичките науки на новинарските студии. Покрај тоа, во изминатиот период кандидатката беше ангажирана на други предмети на додипломските и магистерските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, и тоа: теорија за мир и конфликти, заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ, човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент. Во текот на нејзиниот ангажман како асистентка, кандидатката покажала посветеност во спроведувањето на вежбите на првиот циклус студии, а особена иницијативност покажала при подготовката на новите предмети за вториот циклус студии на политичките науки, за кој ги изготвила наставните програми и пакет материјалите за предметите: заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ и човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент на англиски јазик. Од учебната 2011/2012 година, кандидатката е ангажирана како асистент на предметот жените и политиката на родови студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во рамките на интерните студентски евалуации на политичките студии и студиите по новинарство на Правниот факултет, кандидатката континуирано бележи високи просечни оценки.

Покрај ангажманот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кандидатката била ангажирана на предметот вовед во политичките науки и при Факултетот за јавна администрација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола во периодот 2003/2004 година и одржала настава на следните школи и работилници: предавач на семинарот „ЕУ – Нашата иднина“, организатор – Macedonian Committee to the European Youth Parliament и AIESEC-Локален комитет Скопје, Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 17-19 декември 2004 и предавач на работилницата „Перспективи за иднината“ во рамките на проектот: Мир преку границите на МЦПАРК, Охрид, јуни 2003 година.

Од 1999 до 2008 година кандидатката ја извршувала функцијата координатор за меѓународна соработка на Правниот факултет "Јустинијан Први".

Во периодот 2000-2001 година била практикант во Фондацијата за стратешки истражувања "Киро Глигоров".

Во периодот 2000-2004 година била програмски менаџер на Меѓународниот центар за превентивни активности и разрешување на конфликти од Скопје. Д-р Ирена Рајчиновска Пандева е еден од основачите на Институтот за европска интеграција каде што од 2004 година до 2007 година била програмски соработник. Кандидатката е член на Македонско-американската алумни асоцијација, еден од основачите на МЕНСА Македонија, каде што ја извршувала функцијата член на Управниот одбор и координатор за меѓународна соработка и член на хуманитарната организација „Лазарус“, Скопје.

Во 2002 година била секретар на групата за институционална поддршка на сите проектни активности и нивно спроведување во рамките на проектот „Евроинтеграцијата на правниот, политичкиот и општествениот систем на РМ“ при Правниот факултет "Јустинијан Први".

Во периодот од 2001 до 2002 година била секретар на Комисијата за меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Во периодот од 2001 до 2003 година била секретар на студиите по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Од 2003 до 2006 година ја извршувала функцијата секретар на Институтот за политички и правно-политички науки на Правниот факултет.

Во 2006 година, кандидатката била секретар на уредувачки одбор на Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки (2001-2006), Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје.

Во 2005 година била секретар на Комисијата за нострификација на постдипломски студии од областа на политичките науки при Правниот факултет, Комисијата за воведување на КТС при Правниот факултет и Комисијата за нострификација на додипломски студии од областа на политичките науки при Правниот факултет. Д-р Ирена Рајчиновска Пандева е контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Правниот факултет при Универзитетот во Анкара, Турција, контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Институтот за социологија при Факултетот за општествени науки, Универзитет во Тромсо, Норвешка и контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Норвешкиот институт за урбани и регионални истражувања во Осло, Норвешка. Кандидатката била и асистент на директорот на проектот "Летна новинарска школа за студенти по новинарство и млади новинари“, во организација на Правниот факултет и Press Now од Холандија, во периодот од 2001 до 2003 година. Во 2011 година кандидатката била претседател на Комисијата за попис и утврдување на парични и други форми на финансиски побарувања и обврски на Правниот факултет.

Кандидатката била член на организационен или програмски одбор на следниве научни/стручни собири: Дијалог за промоција на заеднички вредности, проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP-Американскиот институт за мир, Скопје, Охрид, Струга, Струмица, 2001- 2003 година, Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на МЦПАРК, претседателот на РМ и Фондацијата "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2003 година и II национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на Институтот за евроинтеграција, претседателот на РМ и Фондацијата "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2004 година.

Кандидатката остварила повеќе студиски престои во странство, и тоа како учесник во FLAU, International Summer course on EU integration, Faculty of Law, Ankara University, Ankara and Manavgat, Republic of Turkey (8-14 август, 2007) и Jean Monnet Summer School in European integration, Center for European studies, University of Limerick, Limerick, Ireland 9-29 June 2005, како project exchange во Dipartimento di Studi sullo Stato, University of Firenze, Italy, декември 2001 и како visiting scholar, на the U.S Political System, Southern Illinois University, Illinois, USA, Summer 1999.

Во делот на експертски активности (евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија), кандидатката учествувала во проектот: Одговори и ревизија на одговори на Прашалникот за подготовка на Мислењето на Европската комисија по повод апликацијата за членство во ЕУ поднесена од Република Македонија, Ernst & Young - Скопје и Институт за европска интеграција – Скопје за Секторот за евроинтеграција при Владата на РМ како консултант во работната група за политички критериуми, во периодот од ноември 2004 до февруари 2005.

Во текот на долгогодишниот ангажман на Правниот факултет „Јустинијан Први", кандидатката учествувала во бројни промотивни активности на Факултетот, и тоа: промоција на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје на Саем за образование 2007 и 2008 година; изработка на промотивна брошура за Правниот факултет „Јустинијан Први" на англиски јазик, 2007 година; изработка на промотивна брошура за студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први", двојазично (македонски и англиски јазик), 2002 година; протокол на настани од областа на меѓународната соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први", 1999-2008 година; предводник на делегација од студенти од политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први" на Model of UN, TEIMUN, Hague, Netherlands, 1998; претставник на Правниот факултет „Јустинијан Први" на конференција на Ротердамската мрежа на Правни факултети, Универзитет Рене Декарт (Париз V), Париз, Франција, 9-13 април 2008 година; претставување на новите наставни планови на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" за академската 2013/2014 по средните училишта низ Република Македонија.

Кандидатката била учесник во следниве национални научни проекти:

1. Дијалог за промоција на заеднички вредности, проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP (Американскиот институт за мир), 2001-2003 година;

2. Катедра „Жан Моне": Интеграција во ЕУ (Правото на ЕУ – теорија и пракса), Правен факултет „Јустинијан Први", октомври 2007/2010 година;

3. Евроинтеграцијата на правниот, политичкиот и општествениот систем на РМ, мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први";

4. Национален форум за забрзана интеграција со ЕУ, проект на МЦПАРК , Институтот за евроинтеграција и Фондацијата „Конрад Аденауер"-Скопје, под покровителство на претседателот на Република Македонија, 2003-2004 година.

Кандидатката била учесник во следниве меѓународни научни проекти:

1. Link Diversity, Европски регионален проект, Совет на Европа, Пакт за стабилност, 2001- 2003 година;

2. European Union institutions and economics: development of common curricula in European studies, (Development of common curricula and teaching material in Law and Economics courses at the Universities of Skopje, Tiranë and Shkodrë, retraining of junior staff and upgraded facilities) TEMPUS PROJECT NO. S-JEP-13038-98;

3. EU Institutions, Law, History and Human Rights, (Development of Curricula in Albania, Bosnia and Hercegovina and Macedonia) TEMPUS PROJECT NO. S-JEP-14061-99;

4. Истражување на можностите за соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа и НВО-секторот во Македонија и регионот, во рамките на проектот NGO Bargaining Power at the Municipal Level in South East Europe, Pilot project Norvegian IBR and ICPCR, 2001 година;

5. Continuing Education in European Affairs: Establishment of a European Integration Training Centre (E.I.T.C.), TEMPUS PROJECT NO. JEP-17013-2002.

Кандидатката е автор и коавтор на повеќе публикации:

1. Russian policy in the Middle East before and after the Arab Spring, in The Arab Uprisings and the Struggle of Soft Power in the Middle East, edited by Murat Aktas, Nobel, Ankara, 2012 - дел од монографија.

2. Европската унија и разрешувањето на конфликти- случај Кипар, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Димитар Поп Георгиев, том 40, Скопје, 2006 година;

3. Консоцијалниот неуспех на Кипар, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, том 42, Скопје, 2006 година;

4. (По)следното решение за кипарскиот конфликт, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први", том 43, посветен на проф. д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007 година;

5. Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство, ЕВРОДИЈАЛОГ – Ревија за европски прашања, број 4, Студентски збор, Скопје, април 2003 година, страници: 169-193, достапно на http://www.ceeol.com;

6. Што поцврста унија на народите на Европа-некои размислувања за европската интеграција, ЕВРОДИЈАЛОГ – Ревија за европски прашања, број 6, Студентски збор, Скопје, јануари 2004 година, страници: 51-77, достапно на http://www.ceeol.com;

7. Иднината на новинарското образование, коавтор, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" по повод 35-годишнината од интердисциплинарните студии по новинарство, број 44-46, Скопје, 2010;

8. Future of Journalism education: challenges and prospects, co-author, Media Dialogues V, No. 13-14, Podgorica, November 2012 достапно на http://medijskidijalozi.files.wordpress.com/2013/02/md-broj-13-14.pdf;

9. Глобалните интегративни трендови и државата, Зборник на трудови од меѓународната конференција: Македонско-француски денови на правото -200 години од Code Civil, Просветно дело АД Скопје, 2005 година;

10. Le Tendances integratives globales et l'etat, Recueil de textes de la conference internationale Journees Franco-Macedoniennes du Droit – 200 Ans du Code Civil, Prosvetno delo A.D. Skopje, 2005;

11. The Situation of Higher Education in Macedonia) in Report from the conference on the Role of Universities in regional stabilization and democratization – Meeting Place Oslo, Universitetet I Oslo, Norges Forskningrad, Senter for internasjonalt universitetssamarbeid, November 2000;

12. Улогата на меѓународната заедница во кипарскиот конфликт, Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки (2001-2006), Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2006 година;

13. Владеење на правото, човековите права и демократските институции-Основа за слободата како темелна вредност на европскиот идентитет, Зборник на

Правниот факултет "Јустинијан Први" на тема: Законската рамка на судската реформа во Република Македонија, Скопје, 2006 година;

14. Граѓанинот и неговиот статус од аспект на европската интеграција, Зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први" посветен на актуелните прашања за државата и правото во Руската Федерација и Република Македонија, том 2, 2007 година;

15. Анализа на предлог решенијата на меѓународната заедница за кипарскиот конфликт, Зборник во чест на проф. Панта Марина, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2007 година;

16. Антиколонијалната борба, независноста и британската политика на Кипар (1931-1960 година), Зборник во чест на проф. Стефан Георгиевски, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје 2009 година;

17. Грчкото национално-ослободително движење, со посебен осврт на грчкиот национаизам (1797-1922 година). Зборник во чест на проф. Тодор Цунов, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2009 година;

18. Турција и полноправното членство во ЕУ– согледување на аргументите за и против, Зборник во чест на Томислав Чокревски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година;

19. Кипар (раната историја, Отоманската управа, британската управа до 1931 година), Зборник во чест на Владимир Митков, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година;

20. Предизвикувајќи го кемализмот – политиката на реформи во Турција, Зборник во чест на Георги Ганзовски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година;

21. ООН – процесот на преговори и одржувањето на мир на Кипар (1964-2003), Зборник во чест на Никола Матовски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2011 година;

22. Преговорите за решавање на кипарскиот конфликт, Зборник во чест на Ѓорги Марјановиќ, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2011 година;

23. Британската надворешна политика и кипарскиот конфликт, Зборник во чест на Бранко Зеленков, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2012 година.

Кандидатката е коавтор на публикацијата насловена „Дијалог за промоција на заеднички вредности –извештаи од работните групи" (Dialogue for Promotion of Common values – Reports from the working groups), Скопје, септември 2003 година (двојазична-македонски и англиски јазик), во рамки на проект спроведен од МЦПАРК и е дел од тимот на преведувачи на „Филозофија на правото – избор на текстови", привремено учебно помагало, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", во мај 2007 година.

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева учествувала на следниве семинари, обуки и тркалезни маси:

1. "Тренинг на тренери -семинар за европски прашања", во рамките на проектот Темпус ЈЕП_17013-2002 Континуирана едукација во европски прашања: основање на Тренинг-центарот за европска интеграција, 24-30 април 2004 година, Скопје;

2. "Тренинг за тренери- семинар за преговори со ЕУ", во рамките на проектот Темпус ЈЕП_17013-2002 Континуирана едукација во европски прашања:

основање на Тренинг-центарот за европска интеграција, 30 март-4 април 2005 година, Скопје;

3. Серија семинари за човекови права во организација на Македонскиот хелсиншки комитет, Скопје и Охрид, 1995-1996 година;

4. Тркалезна маса- известување од избори", во организација на Institute for War and Peace Reporting, Скопје, август 2002 година;

5. Summer Institute on English Language, VAC Studies, England, 1990 година;

6. Тренинг за проектен менаџмент, Македонски центар за меѓународна соработка, 1996 година.

Кандидатката учествувала на повеќе научни/стручни собири преку одржување на секциски предавања, и тоа:

1. Towards the National Agenda on peace Building and Conflict Resolution, Национална конференција на Нансен дијалог центарот во рамките на иницијативата Global Partnership for the Prevention of Armed Conflicts Скопје, 3-4 јули 2004 година;

2. Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на МЦПАРК, претседателот на РМ и Фондацијата "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2003 година;

3. II национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на Институтот за евроинтеграција-Скопје, претседателот на РМ и Фондацијата "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2004 година;

4. Дијалог за промоција на заеднички вредности, проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP-Американскиот институт за мир, 2001-2003 година.

Кандидатката учествувала на повеќе научни/стручни собири со меѓународно учество преку одржување на пленарни предавања:

1. The Role of the Universities in the Processes of democratization and regional stabilization – Meeting Place Oslo, Universitetet I Oslo, Norges Forskningrad, Senter for internasjonalt universitetssamarbeid, 6-7.11.2000;

2. Minority Rights in the Former Yugoslav Republics, Конференција организирана од Форумот за демократска алтернатива на БиХ, Сараево и Центарот за регионализам, Нови Сад, под покровителство на USAID, Котор, Црна Гора, јуни 2000;

3. The Arab Spring: Reasons and Effect, I International Congress, Bilkent University, Ankara, 8-11 март 2012;

4. The fourth meeting of EOC of the Link Diversity Project, Council of Europe, Strasbourg, октомври 2001.

Кандидатката учествувала на следниве научни/стручни собири со меѓународно учество преку одржување на секциски предавања:

1. Regional Balkan Conference on Conflict Prevention and Peace Building-The Role of the Civil Society in the Prevention of Armed Conflict, Facilitator for the working group on EU Integration, within the initiative Global Partnership for the Prevention of Armed Conflict, organized by Nansen Dialogue Center network, Igalo, Montenegro, 3-6 November 2004;

2. Key Crossroads in the evolution of the political science, Conference on the 35th Anniversary of the Faculty of Political Sciences, University of Belgrade, Serbia and Montenegro, November 2003;

3. Regional Crisis and Republic of Macedonia, Conference organized by the Foundation for Strategic Research "Kiro Gligorov", April 20-22, 2001.

Кандидатката има одлично познавање на англискиот јазик, активно се служи со јазиците од јужно-словенската група, пасивно се служи со италијанскиот јазик и поседува солидно познавање на информационите технологии.

2. Кандидатка: д-р Благица Хаџи Јовановска

Кандидатката кон пријавата достави: диплома за стекнат степен на образование-доктор на фолклористика, кратка биографија, список на објавени трудови и три примероци од нив, сертификати и благодарници.

Д-р Благица Хаџи Јовановска е родена на 24.3.1954 година во Штип. Високо образование завршила на Филолошкиот факултет во Скопје и се стекнала со звањето професор по историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Кандидатката во доставената биографија укажува дека има завршено магистерски студии, односно дека се стекнала со степен магистер на филолошки науки. Кандидатката ја одбранила докторската дисертација со наслов: „Религиозните мотиви во македонската народна поезија" на 2.7.2012 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје и се стекнала со звањето доктор на фолклористика.

Д-р Благица Хаџи Јовановска има 35-годишно работно искуство како професор по македонски јазик и литература (од 15.9.1997 година до денес). Во прилог на пријавата, кандидатката има доставено повеќе сертификати за завршени обуки од областа на лингвистиката, дипломи за завршени обуки и учество во проекти, благодарници и друго. Во прилог на пријавата, кандидатката има доставено три монографии – поетски книги („Спој", во издание на Радио Охрид 1991 година, „Кон Светлината", во издание на Радио Охрид, 1995 година и „Животот е најголема тајна", Скопје, 1999 година) и рецензии на нејзини дела. Кандидатката има доставено листа на освоени награди од учество во натпревари и наградни конкурси. Кандидатката има познавање од англискиот, грчкиот, хрватскиот, српскиот, рускиот и бугарскиот јазик.

3. **Кандидат: д-р Здравко Савески**

Кандидат кон пријавата достави диплома за стекнат степен на образование-доктор на политички науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и три примероци од нив.

Д-р Здравко Савески е роден на 11 декември 1976 година. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1999 година. Магистрирал во 2004 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје на тема „Левичарските политички теории и заснованоста на левицата како редов поим", со што се стекнал со звањето магистер на политички науки. Докторирал во 2009 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје на тема „Теоријата и практиката на

демократијата и одредувањето на нејзината суштина", со што се стекнал со звањето доктор на политички науки.

Од 2003 до 2009 година работел како асистент на ФОН-универзитетот во Скопје. Од 2009 година работи како доцент на ФОН-универзитетот во Скопје. Кандидатот има држено настава на следниве предмети: историја на политички и правни теории, современи политички теории, политичка филозофија, политички систем, избори и изборни системи, политички маркетинг и мас-медиуми и политичка историја на Македонија.

Д-р Здравко Савески течно ги зборува англискиот и српскиот јазик, добро го познава шпанскиот јазик и има пасивно познавање од хрватскиот, бугарскиот, словенечкиот и рускиот јазик.

Во периодот од 2010 до 2012 година бил член на Универзитетскиот сенат на ФОН-универзитетот во Скопје.

Кандидатот е автор на две книги:

1. Демократија: модели и дилеми, Готен, Скопје, 2011 година (*трудот е доставен во оригинал).*
2. Отаде едноумието: повторно откривање на левицата, Култура, Скопје, 2006 година (*трудот е доставен во оригинал).*

Во листата на трудови кои ги доставил кандидатот во прилог на пријавата стои дека е уредник или коавтор на два труда:

1. Штрајк: искуства и состојби, Движење за социјална правда –Ленка, Скопје, 2011 година (уредник) (*трудот не доставен).*
2. Обезвреднување на трудот: анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата, Движење за социјална правда –Ленка, Скопје, 2010 година (коавтор). (*трудот не доставен).*

Во листата на трудови кои ги доставил кандидатот во прилог на пријавата стои дека е автор на пет статии:

1. Radical Right in Macedonia, International Policy Analysis, Friedrich Ebert Stiftung, December 2012, (коавтор) (*трудот е доставен).*
2. Критичка анализа на концептуализацијата на политичката култура на Г. Алмонд и С. Верба, Годишник за 2007 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, ИСППИ, Скопје, 2008 година (*трудот не е доставен).*
3. Нерационалноста на македонските избирачи и потребата од нејзино надминување, Парламентарни избори 2006 и македонските аспирации за членство во ЕУ и НАТО, Европски универзитет, Скопје, 2006 година (*трудот не е доставен).*
4. The Process of the reduction of workers' rights in Macedonia in the period 1993-2003, South East Europe Review for Labour and Social Affairs, Hans Bockler Stiftung, 2/2005 (*трудот не е доставен).*

Кандидатот е автор на поговор во монографија:

1. Медиумите и контролата на мислата во демократските општества, поговор кон Ноам Чомски, Нужни илузии, Култура, Скопје, 2004 година (*трудот не е доставен).*

II

Заклучна оцена и предлог

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се пријавија тројца кандидати, д-р Ирена Рајчиновска Пандева, д-р Благица Хаџи Јовановска и д-р Здравко Савески.

Комисијата за оцена на кандидатите во состав: проф. д-р. Љубомир Данаилов Фрчкоски, доц. д-р Зоран Илиевски и доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува рецензентскиот извештај со следнава заклучна оцена и предлог:

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, со внимание ги проучи документите што кандидатите ги доставија со пријавата за избор за наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, и оцени дека само еден од кандидатите ја има целосната документација и ги исполнува условите предвидени со конкурсот.

Најпрво, со оглед на фактот дека кандидатката д-р Благица Хаџи Јовановска е доктор на фолклористика, а конкурсот се однесува на избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки, Комисијата заклучи дека кандидатката не го исполнува ниту првиот законски услов, имено да има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, и следствено одлучи натамошно да не ја разгледува и оценува пријавата од оваа кандидатка.

За кандидатот д-р Здравко Савески, Комисијата врз основа на доставената документација констатира дека има соодветно образование, меѓутоа приложената документација сепак не е целосна во смисла на доставување податоци за сите активности што се бодираат согласно со важечкиот Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (наставно-образовна дејност, научно истражувачка дејност и стручно-апликативна дејност), вклучително и во однос на експлицитно наведената обврска во конкурсот кандидатите да достават по еден примерок од објавени научни и стручни трудови. За низа од наведените трудови во списокот на кандидатот, како што е и погоре констатирано, не се доставени примероци. Оттука, Комисијата го бодираше и оценуваше кандидатот само врз основа на доставената документација.

Комисијата се определи за кандидатката д-р Ирена Рајчиновска Пандева поради следниве причини:

Кандидатката д-р Ирена Рајчиновска Пандева има доставено целосна и уредна документација врз основа на која Комисијата заклучи дека ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање доцент на научната област теоретски политички науки предвидени со законските акти, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-

стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и конкурсот.

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева има стекнато соодветен академски степен, доктор на политички науки.

Во однос на наставно-образовната дејност, кандидатката најпрво како демонстратор, а потоа и како асистент, се профилирала во одличен предавач што се потврдува и со солидните резултати од студентските евалуации на нејзината работа. Кандидатката веќе подолг период е вклучена во спроведувањето и развојот на неколку клучни предметни програми од областа на политичките науки како на додипломските студии, така и на магистерски програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Дополнително, Комисијата сака да го истакне својот позитивен став и почит кон долгогодишниот ангажман, високиот професионализам и посветеноста на кандидатката во наставата на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, каде што е ангажирана во наставниот процес од 1997 година односно уште од студентските денови како најдобар студент на генерација.

Во однос на научно истражувачката дејност, кандидатката се одликува со импресивен опус. Кандидатката магистрирала и докторирала на современи, актуелни и оригинални теми од областа на политичките науки, има објавено голем број на научни и стручни трудови, учествувала на многубројни меѓународни и национални академски конференции и стручни собири, и била дел од повеќе меѓународни и национални истражувачки проекти.

Кандидатката има одлични резултати и во делот на стручно-апликативната дејност каде што се согледува нејзин сериозен ангажман, како во рамките на Факултетот, така и во општеството, а особено со посветеноста на дообразување и стекнување искуство на странски универзитети и истражувачки институции. Треба да се потенцира дека кандидатката како млад научен кадар одлично владее и со неколку странски јазици, што е евидентно и од големиот број на меѓународни конференции и проекти во кои земала учество.

Конечно, по сите основи на бодирање согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кандидатката е далеку повисоко рангирана од другиот пријавен кандидат со соодветно образование, како што е доставено во прилог на овој Извештај.

Поаѓајќи од сето она што е изнесено, Рецензентската комисија со големо задоволство, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

П Р Е Д Л О Г

Кандидатката д-р Ирена Рајчиновска Пандева да биде избрана за наставник во наставно - научното звање доцент на научната област теоретски политички науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски с.р.

_____

Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.

Скопје, 7.6.2013 година

_____

Доц. д-р Каролина Ристова- Астеруд с.р.

_____

О Б Р А З Е Ц
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Ирена Рајчиновска-Пандева

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје

Научна област: теоретски политички науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Настава во школи и работилници**	
1.1	Предавач на семинар „ЕУ – Нашата иднина", организатор – Macedonian Committee to the European Youth Parliament и AIESEC Локален комитет Скопје, Економски факултет, Скопје, 17-19 декември 2004;	1
1.2	Предавач на работилница „Перспективи за иднината" во рамки на проектот Мир преку границите на МЦПАРК, Охрид, јуни 2003 година;	1
2	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	
2.1	**Од прв циклус студии:** **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, ПОЛИТИЧКИ СТУДИИ И СТУДИИ ПО НОВИНАРСТВО** **Политологија** учебна 2007/2008 2,5*15*0,03 = 1,125 учебна 2008/2009 2,5*15*0,03 = 1,125 учебна 2009/2010 2,5*15*0,03 = 1,125 учебна 2010/2011 2,5*15*0,03 = 1,125 учебна 2011/2012 2,5*15*0,03 = 1,125 учебна 2012/2013 2,5*15*0,03 = 1,125 **Вовед во политички науки** учебна 2007/2008 1,5*15*0,03 = 0,675 учебна 2008/2009 1,5*15*0,03 = 0,675 учебна 2009/2010 1,5*15*0,03 = 0,675 учебна 2010/2011 1,5*15*0,03 = 0,675 учебна 2011/2012 1,5*15*0,03 = 0,675 учебна 2012/2013 1,5*15*0,03 = 0,675 **Теорија за мир и конфликти** учебна 2007/2008 1*15*0,03 = 0,45 учебна 2008/2009 1*15*0,03 = 0,45 учебна 2009/2010 1*15*0,03 = 0,45 **ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, ИНСТИТУТ ЗА РОДОВИ СТУДИИ** **Жените и политиката** учебна 2011/2012 2*15*0,03 = 0,9 учебна 2012/2013 2*15*0,03 = 0,9	13.95
2.2	**Од втор циклус студии** **насока: Европски институции и политики, TEMPUS-програма Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ** учебна 2009/2010 30*0,03 = 0,9	4.35

	учебна 2010/2011 30*0,03 = 0,9 учебна 2011/2012 30*0,03 = 0,9 учебна 2012/2013 30*0,03 = 0,9 **насока: Заедничка мастер програма за југоисточни европски студии** **Човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент** учебна 2012/2013 25*0,03 = 0,75	
3	**Консултации со студенти** **Прв циклус:** **Политички студии** учебна 2007/2008 173*1*0,002 = 0,346 учебна 2008/2009 85*1*0,002 = 0,17 учебна 2009/2010 155*1*0,002 = 0,31 учебна 2010/2011 148*1*0,002 = 0,296 учебна 2011/2012 103*1*0,002 = 0,206 учебна 2012/2013 84*1*0,002 = 0,168 **Студии по новинарство** учебна 2007/2008 89*1*0,002 = 0,178 учебна 2008/2009 65*1*0,002 = 0,13 учебна 2009/2010 87*1*0,002 = 0,174 учебна 2010/2011 84*1*0,002 = 0,168 учебна 2011/2012 66*1*0,002 = 0,132 учебна 2012/2013 45*1*0,002 = 0,09 **Родови студии** учебна 2011/2012 47*1*0,002 = 0,094 учебна 2012/2013 51*1*0,002 = 0,102 **Втор циклус (мастер)** **Заедничка надворешна и безбедноста политика на ЕУ** учебна 2009/2010 3*1*0,002 =0.006 учебна 2010/2011 3*1*0,002 =0.006 учебна 2011/2012 3*1*0,002 =0.006 учебна 2012/2013 2*1*0,002 =0,004 **Човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент** учебна 2012/2013 3*1*0,002 =0.006	**2,592**
3	**Подготовка на нов предмет**	**2**
3.1	Заедничка надворешна и безбедноста политика на ЕУ	1
3.2	Човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент	1
4	**Пакет материјали за одреден предмет**	**2**
4.1	Заедничка надворешна и безбедноста политика на ЕУ	1
4.2	Човекови права: заштита на малцинства и конфликтен менаџмент	1
	Вкупно	**26,892**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учесник во национален научен проект**	**12**

1.1	*Дијалог за промоција на заеднички вредности,* проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP (Американскиот институт за мир), 2001-2003 година.	3
1.2	*Катедра „Жан Моне": Интеграција во ЕУ (Правото на ЕУ – теорија и пракса),* Правен факултет „Јустинијан Први", октомври 2007/2010 година.	3
1.3	*Евроинтеграцијата на правниот, политичкиот и општествениот систем на РМ,* мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први".	3
1.4	*Национален форум за забрзана интеграција со ЕУ,* проект на МЦПАРК, Институтот за евроинтеграција, и Фондацијата „Конрад Аденауер"-Скопје под покровителство на претседателот на Република Македонија 2003-2004 година.	3
2.	**Учесник во меѓународен научен проект**	**25**
2.1	*Link Diversity*, Европски регионален проект, Совет на Европа, Пакт за стабилност, 2001- 2003.	5
2.2	*European Union institutions and economics: development of common curricula in European studies*, (Development of common curricula and teaching material in Law and Economics courses at the Universities of Skopje, Tiranë and Shkodrë, retraining of junior staff and upgraded facilities) TEMPUS PROJECT NO. S-JEP-13038-98.	5
2.3	*EU Institutions, Law, History and Human Rights*, (Development of Curricula in Albania, Bosnia and Hercegovina and Macedonia) TEMPUS PROJECT NO. S-JEP-14061-99.	5
2.4	*Истражување на можностите за соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа и НВО секторот во Македонија и регионот,* во рамки на проектот NGO Bargaining Power at the Municipal Level in South East Europe, Pilot project Norvegian IBR and ICPCR, 2001.	5
2.5	*Continuing Education in European Affairs: Establishment of a European Integration Training Centre (E.I.T.C.),* TEMPUS PROJECT NO. JEP-17013-2002.	5
3.	**Дел од монографија објавена во странство**	**6**
3.1	*Russian policy in the Middle East before and after the Arab Spring*, ***in*** The Arab Uprisings and the Struggle of Soft Power in the Middle East, edited by Murat Aktas, Nobel, Ankara, 2012.	6
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	**20**
4.1	*Европската унија и разрешувањето на конфликти- случај Кипар*, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Димитар Поп Георгиев, том 40, Скопје, 2006 година.	4
4.2	*Консоцијалниот неуспех на Кипар*, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, том 42, Скопје, 2006 година.	4
4.3	*(По)следното решение за кипарскиот конфликт,* Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први", том 43, посветен на проф. д-р. Борислав Благоев, Скопје, 2007 година.	4
4.4	*Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство,* ЕВРОДИЈАЛОГ – Ревија за европски прашања, број 4, Студентски збор, Скопје, април 2003 година, страници: 169-193, достапно на http://www.ceeol.com	4
4.5	*Што поцврста унија на народите на Европа-некои размислувања за европската интеграција,* ЕВРОДИЈАЛОГ – Ревија за европски прашања, број 6, Студентски збор, Скопје, јануари 2004 година, страници: 51-77, достапно на http://www.ceeol.com	4
5.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во реферетно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**10.8**
5.1	*Иднината на новинарското образование,* коавтор, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" по повод 35-годишнината од интердисциплинарните студии по новинарство, број 44-46, Скопје,	5.4

	2010.	
5.2	*Future of Journalism education: challenges and prospects,* co-author, Media Dialogues V, No. 13-14, Podgorica, November 2012 достапно на http://medijskidijalozi.files.wordpress.com/2013/02/md-broj-13-14.pdf.	5.4
6.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**4**
6.1	*Глобалните интегративни трендови и државата,* Зборник на трудови од меѓународната конференција: Македонско-француски денови на правото -200 години од Code Civil, Просветно дело АД-Скопје, 2005 година.	2
6.2	*Le Tendances integratives globales et l'etat,* Recueil de textes de la conference internationale Journees Franco-Macedoniennes du Droit – 200 Ans du Code Civil, Prosvetno delo AD-Skopje, 2005.	2
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**3**
7.1	*The Situation of Higher Education in Macedonia)* in Report from the conference on the Role of Universities in regional stabilization and democratization – Meeting Place Oslo, Universitetet I Oslo, Norges Forskningrad, Senter for internasjonalt universitetssamarbeid, November 2000.	3
8.	**Трудови објавен во зборник на трудови на в.о. институција**	**24**
8.1	*Улогата на меѓународната заедница во кипарскиот конфликт,* Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки (2001-2006), Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2006 година.	2
8.2	*Владеење на правото, човековите права и демократските институции-Основа за слободата како темелна вредност на европскиот идентитет,* Зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први" на тема: Законската рамка на судската реформа во Република Македонија, Скопје, 2006 година.	2
8.3	*Граѓанинот и неговиот статус од аспект на европската интеграција,* Зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први" посветен на актуелните прашања за државата и правото во Руската Федерација и Република Македонија, том 2, 2007 година.	2
8.4	*Анализа на предлог решенијата на меѓународната заедница за кипарскиот конфликт,* Зборник во чест на проф. Панта Марина, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2007 година.	2
8.5	*Антиколонијалната борба, независноста и британската политика на Кипар (1931-1960 година),* Зборник во чест на проф. Стефан Георгиевски, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје 2009 година.	2
8.6	*Грчкото национално-ослободително движење, со посебен осврт на грчкиот национаизам (1797-1922 година*). Зборник во чест на проф. Тодор Цунов, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2009 година.	2
8.7	*Турција и полноправното членство во ЕУ– согледување на аргументите за и против*, Зборник во чест на Томислав Чокревски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година.	2
8.8	*Кипар (раната историја, Отоманската управа, британската управа до 1931 година*), Зборник во чест на Владимир Митков, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година.	2
8.9	*Предизвикувајќи го кемализмот – политиката на реформи во Турција*, Зборник во чест на Георги Ганзовски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2010 година.	2
8.10	*ООН – процесот на преговори и одржувањето на мир на Кипар (1964-2003)*, Зборник во чест на Никола Матовски, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2011 година.	2
8.11	*Преговорите за решавање на кипарскиот конфликт*, Зборник во чест на Ѓорги Марјановиќ, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2011 година.	2

8.12	*Британската надворешна политика и кипарскиот конфликт*, Зборник во чест на Бранко Зеленков, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2012 година.	2
9.	**Секциски предавања на научен/стручен собир**	**4**
9.1	*Towards the National Agenda on peace Building and Conflict Resolution,* Национална конференција на Нансен дијалог центарот во рамки на иницијативата Global Partnership for the Prevention of Armed Conflicts Скопје, 3-4 јули 2004 година.	1
9.2	*Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ*, во организација на МЦПАРК, Претседателот на РМ и фондација "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2003 година.	1
9.3	*II Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ*, во организација на Институт за евроинтеграција-Скопје, Претседателот на РМ и фондација "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2004 година.	1
9.4	*Дијалог за промоција на заеднички вредности,* проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP-Американскиот институт за мир, 2001-2003 година.	1
10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**12**
10.1	*The Role of the Universities in the Processes of democratization and regional stabilization – Meeting Place Oslo*, Universitetet I Oslo, Norges Forskningrad, Senter for internasjonalt universitetssamarbeid, 6-7.11.2000.	3
10.2	*Minority Rights in the Former Yugoslav Republics,* Конференција организирана од Форумот за Демократска Алтернатива на БиХ, Сараево и Центарот за регионализам, Нови Сад, под покровителство на USAID, Котор, Црна Гора, јуни 2000.	3
10.3	*The Arab Spring: Reasons and Effect*, I International Congress, Bilkent University, Ankara, 8-11 март 2012.	3
10.4	The fourth meeting of EOC of the *Link Diversity Project,* Council of Europe, Strasbourg, октомври 2001.	3
11.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**6**
11.1	*Regional Balkan Conference on Conflict Prevention and Peace Building- The Role of the Civil Society in the Prevention of Armed Conflict,* Facilitator for the working group on EU Integration, within the initiative Global Partnership for the Prevention of Armed Conflict, organized by Nansen Dialogue Center network, Igalo, Montenegro, 3-6 November 2004.	2
11.2	*Key Crossroads in the evolution of the political science,* Conference on the 35th Anniversary of the Faculty of Political Sciences, University of Belgrade, Serbia and Montenegro, November 2003.	2
11.3	*Regional Crisis and Republic of Macedonia,* Conference organized by the Foundation for Strategic Research "Kiro Gligorov", April 20-22, 2001.	2
	Вкупно	**126.8**

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**	**1**
1.1	Одговори и ревизија на одговори на Прашалникот за подготовка на Мислењето на Европската комисија по повод апликацијата за членство во ЕУ поднесена од Република Македонија, Ernst & Young - Скопје и Институт за европска интеграција – Скопје за Секторот за евроинтеграција при Владата на РМ, Консултант во работната група за политички критериуми, ноември 2004 - февруари 2005.	1

2.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	**12.5**
2.1	Промоција на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје на Саем за образование 2007 и 2008 година.	1
2.2	Изработка на промотивна брошура за Правниот факултет „Јустинијан Први" на англиски јазик, 2007 година.	0.5
2.3	Изработка на промотивна брошура за студиите по новинарство Правниот факултет „Јустинијан Први", двојазично (македонски и англиски јазик) 2002 година.	0.5
2.4	Протокол на настани од областа на меѓународната соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први", 1999-2008 година.	4.5
2.5	Предводник на делегација од студенти од политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први" на Model of UN, TEIMUN, Hague, Netherlands, 1998 година.	0.5
2.6	Претставник на Правниот факултет „Јустинијан Први" на конференција на Ротердамската мрежа на Правни факултети, Универзитет Рене Декарт (Париз V), Париз, Франција, 9-13 април 2008 година.	0.5
2.7	Координатор за меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први" 1999-2008.	4.5
2.8	Претставување на новите наставни планови на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" за академската 2013/2014 по средните училишта низ РМ.	0.5
3	**Превод**	**1**
3.1	Дел од книга: Филозофија на правото – избор на текстови, привремено учебно помагало, Правен факултет „Јустинијан Први", мај 2007 година.	1
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
1.	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**	**1**
1.1	Дијалог за промоција на заеднички вредности (Dialogue for promotion of common values), двојазична публикација во рамки на проект на МЦПАРК, со финансиска поддршка на USIP, 2003.	1
2.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	**1.5**
2.1	Дијалог за промоција на заеднички вредности, Проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP-Американскиот институт за мир, Скопје, Охрид, Струга, Струмица, 2001- 2003 година.	0.5
2.2	Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на МЦПАРК, Претседателот на РМ и фондација "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2003 година.	0.5
2.3	II Национален форум за забрзана интеграција во ЕУ, во организација на Институт за евроинтеграција-Скопје, Претседателот на РМ и фондација "Конрад Аденауер", Скопје, февруари 2004 година.	0.5
3.	**Студиски престој во странство**	**2**
3.1	Participant, FLAU, International Summer course on EU integration, Faculty of Law, Ankara University, Ankara and Manavgat, Republic of Turkey (8-14 август, 2007).	0.5
3.2	Participant, Jean Monnet Summer School in European integration, Center for European studies, University of Limerick, Limerick, Ireland 9-29 June 2005.	0.5
3.3	Project exchange, Dipartimento di Studi sullo Stato, University of Firenze, Italy, декември 2001.	0.5
3.4	Visiting Scholar, The U.S Political System, Southern Illinois University, Illinois, USA, Summer 1999.	0.5
4.	**Изготвување и пријавување на научен / образовен национален проект**	**1**
4.1	Катедра „Жан Моне": Интеграција во ЕУ (Правото на ЕУ – теорија и пракса), 2006/2007 година.	0.5
4.2	Дијалог за промоција на заеднички вредности, Проект на МЦПАРК, финансиски поддржан од USIP-Американскиот институт за мир, 2001 година.	0.5

5.	**Член на факултетска комисија**	**6.5**
5.1	Секретар на Комисијата за меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2001-2002 година	0.5
5.2	Секретар на Институтот за правни и политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2003-2006 година.	0.5
5.3	Секретар на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2001-2003 година.	0,5
5.4	Секретар на Комисијата за нострификација на постдипломски студии од областа на политичките науки при Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2005 година.	0.5
5.5	Секретар на Комисијата за КТС при Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2005 година.	0,5
5.6	Секретар на Комисијата за нострификација на додипломски студии од областа на политичките науки при Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2005 година.	0.5
5.7	Секретар на групата за институционална поддршка на сите проектни активности и нивно спроведување, во рамки на проектот „Евроинтеграцијата на правниот, политичкиот и општествениот систем на РМ“, 2002 година.	0.5
5.8	Контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Правниот факултет од Анкара, Турција.	0.5
5.9	Претседател на Комисијата за попис и утврдување на парични и други форми на финансиски побарувања и обврски, 2011 година.	0.5
5.10	Секретар на уредувачки одбор на Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки (2001-2006), Правен факултет “Јустинијан Први”, Скопје, 2006 година.	0.5
5.11	Контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Институтот за социологија при Факултетот за општествени науки, Универзитет во Тромсо, Норвешка.	0.5
5.12	Контакт-лице за соработка меѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и NIBR, Осло, Норвешка.	0.5
5.13	Асистент на директорот на проектот „Летна новинарска школа за студенти по новинарство и млади новинари“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Press Now, Холандија.	0.5
	Вкупно	**26.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**26.892**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**126.8**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**26.5**
Вкупно	**180,192**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.

Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.

Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд с.р.

О Б Р А З Е Ц
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Здравко Савески

Институција: ФОН-универзитетот, Скопје

Научна област: теоретски политички науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава:**	**Нема податоци**
1.1	Историја на политичките и правните теории	Нема податоци
1.2	Современи политички теории	Нема податоци
1.3	Политичка филозофија	Нема податоци
1.4	Политички систем	Нема податоци
1.5	Избори и изборни системи	Нема податоци
1.6	Политички маркетинг и мас-медиуми	Нема податоци
1.7	Политичка историја на Македонија	Нема податоци
	Вкупно	**0**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Монографија**	**16**
1.1	*Демократија: модели и дилеми,* Готен, Скопје, 2011 година	8
1.2	*Отаде едноумието: повторно откривање на левицата,* Култура, Скопје, 2006 година.	8
2.	**Стручна монографија објавена во странство**	**10.8**
2.1	*Radical Right in Macedonia,* International Policy Analysis, Friedrich Ebert Stiftung, December 2012 (коавтор).	10.8
	Вкупно	**26.8**

СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**2**
1.	Член на Универзитетски сенат, 2010-2012 година	2
	Вкупно	**2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	0
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	26.8
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	2
Вкупно	28.8

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.

Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.

Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје

Кандидат	Тема	Комисија
1) М-р Халим Хида	**Педагошките проблеми во современото семејство во формирањето на вредносните ориентации кај младите**	1.Проф. д-р Марија Костова 2.Проф. д-р Лена Дамовска 3.Проф. д-р Анета Баракоска

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА (МЕТОДИКА НА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО МОТОРНИ НАРУШУВАЊА), ДЕФЕКТОЛОГИЈА И КЛИНИЧКА ДЕФЕКТОЛОГИЈА (ОКУПАЦИОНА ТЕРАПИЈА, КРЕАТИВНА ТЕРАПИЈА) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 39. редовна седница одржана на 31.V 2013 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) по научните области (дисциплини): методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија, клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија).

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ и проф. д-р Горан Аџински, ценејќи ја укажаната доверба и по увидот во доставениот материјал, има особена чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) по научните области: методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија и клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија), објавен во весникот *Дневник* на 8.V 2013, се пријави еден кандидат, д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, асистент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Основни биографски податоци

Оливера Рашиќ-Цаневска е родена на 10.1.1984 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Петар Здравковски Пенко"- Чаир, Скопје, додека пак средното образование го завршила во Државното средно медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов", насока: медицински сестри, во учебната година 2001/02 година. Во 2002 година се запишала на Филозофскиот факултет, на Институтот за дефектологија и за време на студиите во периодот 16.1.-16.4.2005 престојувала на студентска размена во Германија и Холандија на тема „Рана интервенција и специјална едукација и рехабилитација". Студиите ги завршува со одбрана на дипломскиот труд „Сексуална злоупотреба на лица со ментална ретардација" во декември 2006 година, со просечен успех 9,25.

Во учебната 2006/07 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за дефектологија, на насоката моторни нарушувања, кои ги завршила во јуни 2009 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Полов развој, воспитание и сексуална злоупотреба на лицата со инвалидност во Р. Македонија", со просечен успех 10,00.

Во септември 2009 година, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет ја пријавила својата докторска теза со наслов „Проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности и потребата од окупациона терапија кај лицата со мултиплекс склероза" и на 8.3.2013 година со одбрана на докторската дисертација се стекнува со звањето доктор на дефектолошки науки.

Работно искуство

Во периодот од јануари 2007 до април 2012 година е ангажирана на Институтот за дефектологија како демонстратор по предметите: физиологија со функционална анатомија; методика на работа со лица со телесна инвалидност 1 и 2; методика на работа со ученици со лесна ментална ретардација 1 и 2.

Од декември 2010 до декември 2011 работи како дефектолог-олигофренолог во посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец" од Скопје.

Во мај 2012 година е избрана за помлад асистент на Институтот за дефектологија, во научните области: методика, дефектологија и ран третман и предучилишно воспитание.

Сите активности поврзани со наставната дејност д-р Оливера Рашиќ-Цаневска ги извршува точно, компетентно, внесувајќи нови идеи и овозможувајќи осовременување на планирањето, организацијата и реализацијата на вежбите. Градејќи ја својата афирмација на професионален план непосредно преку практичното искуство во работата со деца со посебни образовни потреби, наставната работа со студенти, објавувањето на научно-стручни трудови, учеството на семинари, симпозиуми и обуки, кандидатката развива и покажува извонредна способност за комуникација и соработка со професори, студенти и други стручни соработници, како од дефектолошката практика така и од останатите сродни дисциплини.

Наставно-образовна дејност

Уште од ангажирањето како демонстратор, кандидатката д-р Оливера Рашиќ-Цаневска успешно ги реализира вежбите од прв циклус на студии. Од вработувањето и изборот во звањето помлад асистент, во 2012 година, д-р Рашиќ-Цаневска е ангажирана во реализација на повеќе предмети, вклучувајќи и повеќе институти при Филозофскиот факултет: специјална едукација и рехабилитација, рана интервенција на деца со телесна инвалидност, методика на ученици со лесна интелектуална попреченост, методика на лица со оштетен вид, перипатологија, рана интервенција и едукација на деца со оштетен вид, процена на психомоторен развој, методика на телесно инвалидни лица, брајово писмо, реедукација на психомоторика, специјална педагогија, окупациона

терапија. Учеството во реализација на поголем број предмети, придонесува д-р Оливера Рашиќ-Цаневска секојдневно да е во комуникација со голем број на студенти од додипломските студии, таа соработува и врши консултации со околу 659 студенти годишно.

Во рамките на својот ангажман, кандидатката учествува во подготовка и изработка на пакет дидактички материјали за реализација вежби, на новововедениот предмет креативна терапија. Д-р Рашиќ-Цаневска се сретнува и како коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник и практикум за реализација на лабораториски вежби:

- Наташа Чичевска Јованова, **Оливера Рашиќ-Цаневска**. Рана интервенција на деца родени со ризик-фактор, 2013;
- Владимир Е. Трајковски, **Оливера Рашиќ**. Практикум по физиологија со функционална анатомија, 2008.

Д-р Рашиќ-Цаневска во текот на 2012 година е вклучена и како член на комисии за оцена или одбрана на дипломски работи.

Во согласност со член 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 1173 од 01 август 2011 година), кандидатката д-р Оливера Рашиќ-Цаневска од наставно-образовната дејност остварила 29,12 бодови и со тоа го надминала минималниот број на бодови (20) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето доцент.

Научноистражувачка дејност

Академскиот развој и афирмација, кандидатката го збогатила и го потпомогнала преку учество во два национални и три меѓународни проекти. Во периодот 2009-2010 година, д-р Рашиќ-Цаневска, преку Институтот за дефектологија како провајдер, учествува во реализација на проектот „Модернизација во образованието - работа со ученици со посебни образовни потреби", во организација на Министерството за образование и наука. Од 2010 година, како стручно лице е вклучена во проектот „Советувалиште и едукативен центар за деца, родители и наставници во Македонија", организиран со посредство на НВО „Резја" од Скопје, Фондацијата „Together" од Р. Словенија и Министерството за надворешни работи на Р. Словенија. Кандидатката д-р Рашиќ-Цаневска е реализатор и на проектот „ Советувалиште и едукативен центар за деца, родители и наставници во Куманово", во соработка со НВО „Садакаја" од с. Липково во текот на 2011 и 2012 година, а учествува и во проектот „Правата на децата", во организација на „Словенска филантропија" во текот на 2012 година.

Д-р Оливера Рашиќ-Цаневска има објавено два труда со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со

меѓународен уредувачки одбор и два труда со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор:

- **Rashikj**, V Trajkovski. Sexual abuse of persons with intellectual disability. Journal of Special education and rehabilitation; 2006 (3-4);(7):p.57-67.
- **Rashikj**, V Trajkovski. Sex education of persons with disabilities. Journal of Special education and rehabilitation; 2009 (1-2);(10):p.7-24.
- Natasha Chichevska Jovanova, **Olivera Rashikj**, Maria Trifunovska Improving quality of life through the MOVE program, Tematski zbornik radova Prve međunarodne konferencije "Specijalna edukacija i rehabilitacija – nauka i/ili praksa" Sombor, 22-24.10.2010. godine.
- **Olivera Rashikj**, Jasmina Lukanovska, Meri Stojkova. Violent behavior and aggression in pupils in special primary schools. Book of papers "Improving the quality of life of children and youth", Conference in Tuzla, Bosnia and Herzegovina (11-12.06.2011); 471-480.

Својата научноистражувачка дејност д-р Рашиќ-Цаневска ја надополнува и со учество преку секциско предавање на повеќе научно-стручни собири со меѓународно учество. Преку предавањата се презентирани резултати од следниве истражувачки пробеми: Приказ на случај според MOVE-програмата, Полов развој, абнормално полово однесување и сексуално воспитание кај лицата со инвалидност, Presentation of the relationship between the ecological workshops "Recycling" and the way of thinking in pupils from the special primary school "Dr. Zlatan Sremec" Skopje, Унапредување на инклузивниот процес преку техниките на арт-терапија.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 1173 од 01 август 2011 година), кандидатката д-р Оливера Рашиќ-Цаневска од научноистражувачката дејност остварила 39,6 бодови и со тоа го надминала минималниот број на бодови (20) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето доцент.

Стручно-апликативна дејност

Во рамките на дејностите од поширок интерес, д-р Оливера Рашиќ-Цаневска е заменик-уредник на научно-стручното списание „Дефектолошка теорија практика", а се сретнува и како уредник на зборникот на трудови од научно-стручниот собир „Рана интервенција и развојни нарушувања" (19-21.5.2011, Охрид).

Од 2008 година д-р Оливера Рашиќ-Цаневска учествува и како член на организационен или програмски одбор на повеќе научни/стручни собири, во 2012/13 била член и при факултетски комисии: пописна комисија, комисија за

организација на „Ден на високото образование“. Кандидатката, исто така, учествува и при комисии и тела на други државни органи: претседател на Комисијата за стручно усовршување и организација на стручно/научни собири при Сојузот на дефектолози на Р. Македонија, член на Комисија за аплицирање на научнистражувачки проекти при Сојузот на дефектолози на Р. Македонија, член на Управен одбор при Македонското научно здружение за аутизам. Во 2013 година, д-р Рашиќ-Цаневска ја реализира и задачата на ЕКТС-координатор при Институтот за дефектологија.

Во 2011 година, кандидатката учествувала и во изработка на национални програми за деветгодишното основно образование за ученици со пречки во психичкиот развој и ученици со комбинирани пречки, по предметот физичко образование за четврто одделение, во организација на МОН- Биро за развој на образованието.

Како дел од стручното усовршување, во 2005 година, кандидатката била на студиски престој во странство до три месеци.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 1173 од 01 август 2011 година), кандидатката д-р Оливера Рашиќ-Цаневска од стручно-апликативната дејност остварила 20,05 бодови и со тоа го надминала минималниот број на бодови (5) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето доцент.

ПРЕДЛОГ

Од наведените активности во извештајот, земајќи ги предвид ангажманот, достигнувањата, академските и научни квалитети на кандидатката д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, членовите на Рецензентската комисија високо ја оценуваат нејзината наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Нема сомнение дека кандидатката покажува извонреден професионален и педагошки капацитет, со потврдени квалитети и компетенции во областите со кои се занимава. Нејзиниот избор во повисоко академско звање ќе придонесе во имплементација на нови идеи, зајакнување, натамошен развој и унапредување на потенцијалите на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 1173 од 01 август 2011 година), Комисијата утврди дека д-р Оливера Рашиќ-Цаневска остварила вкупно 88,77 бодови, со што го задоволува минималниот потребен број на бодови за да биде избрана во звањето доцент.

Врз основа на наведеното, со особена чест, членовите на Рецензентската комисија му предлагаат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, да ја избере д-р Оливера Рашиќ-Цаневска во звањето доцент по научните области: методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија и клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија).

Рецензенти

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.
Проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ, с.р.
Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Оливера, Драган Рашиќ-Цаневска**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Филозофски факултет/Институт за дефектологија**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **Методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија и клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија)**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Одржување на вежби**	
	Специјална едукација и рехабилитација (3), зимски семестар 2012/2013	1,35
	Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (3), зимски семестар 2012/2013	1, 35
Третиот, истражувачки дел од овој труд е посветен на методологијата, методите на истражување и резултатите од истражувањето. Во овој дел е претставено самостојното квалитативно истражување спроведено од страна на кандидатката, која се служела со примена на длабински полуструктурирани интервјуа со мајки на деца од различни возрасти. За овој труд биле применети вкупно 27 интервјуа, кои вклучувале пет групи на мајки, според возраста на децата: мајки со деца на возраст до 6 години, мајки со деца на возраст од 7 до 12 години, мајки на деца од адолесцентска возраст, мајки на потомци од 18 до 26 години и мајки на потомци од 27 години и повеќе. Примерокот кој се користел бил примерок на снежна топка, кој соодветствува со квалитативниот пристап и целите на истражувањето. Во овој дел се презентирани и резултатите и толкувањата од истражувањето, изразени преку личните искази на интервјуираните мајки, а кои се однесуваат на повеќе аспекти на мајчинството и мајчинските улоги, вклучувајќи ги: општествениот контекст и доживувањата на мајките пред породувањето и по подородувањето, начинот на породување и учеството на мајката во самиот процес во зависност од степенот на користење на медицинските технологии и времетраењето за вкалапување во мајчинската улога. Во овој дел посебно се обработуваат промените кои настануваат со преминот кон мајчинство, преку промените во самодовербата на мајките, разликите во мајчинството според возраста на децата, како и социјалните и лични промени кои произлегле од практикувањето на мајчинската улога. Со ова кандидатката ја прикажува евидентноста на доминацијата на социјалниот аспект на мајчинството над биолошката репродукција од која најчесто, но не и нужно, се создава мајчинската улога. Дел од добиените резултати од ова истражување се однесуваат и на стереотипите, идеологиите и митовите кои постојат во врска со мајчинската улога, вклучувајќи ги тука митовите поврзани за перцепциите кои постојат во врска со тоа што е добра, а што лоша мајка, како и тоа на кој начин мајките гледаат на оние кои не стануваат мајки. Во овој дел се изнесуваат и резултатите од истражувањето кои ги објаснуваат ставовите и личните доживувања за постоењето, односно непостоењето на мајчинскиот инстинкт, давајќи на тој начин едно социолошко видување на тема која главно се перципира како дел од природните науки. Во врска со ова, кандидатката аргументирано ги претставува нејзините тези за митот за мајчинскиот инстинкт, кој во секојдневниот живот се зема здраво за готово и се прифаќа како природна биолошка даденост. Покрај мајчинските улоги, во истражувачкиот дел се обработува и практикувањето на улогата на баба, како своевидно модифицирано продолжение на мајчинската улога.

Истражувачкиот дел од овој труд завршува со анализа и толкувања на резултатите од истражувањето кои се однесуваат на родовите улоги и поделеноста на обврските околу децата во домаќинството од страна на мајките и татковците, давајќи приказ за поделбата на работните обврски од родов аспект, но и увид за промените кои се јавуваат со современото татковство.

Четвртиот дел се однесува на заклучокот од истражувањето и дава едно резиме на добиените резултати и заклучоците кои произлегуваат од нив. Овој дел ги вклучува очекувањата од овој труд и идеите за понатамошни истражувања произлезени од оваа тема.

Во прилозите, на крајот од овој труд, се прикажани користената литература, како и структурата и карактеристиките на примерокот, табеларно претставени преку добиените фреквенции и проценти според категориите од примерокот, како што се: групите на мајки според возраста на децата, возраста на мајките, нивното образование, занимање, работен статус, брачен статус, број на деца и возрастите на кои се добиени децата, полот на децата, социо-економскиот статус на домаќинството од кои доаѓа мајката, како и местото на живеење, односно општината од која доаѓаат.

Идеите во овој труд се развивани последователно, преку деловите, главите и поглавјата на трудот, истовремено покажувајќи ја испреплетеноста и меѓусебната поврзаност на обработените теми. Покрај доминантно социолошкиот пристап со кој се служи авторката на трудот, забележливо е и користење на интердисциплинарниот пристап во обработката на темите, со што на предметот на истражување таа му приоѓа на еден посеопфатен начин, вклучувајќи ги студиите на родот, психоаналитичката, феминистичката теорија и антропологијата.

Овој труд дава една поголема видливост во поглед на специфичностите, комплексноста и менувањата на мајчинските улоги, но и за начините на кои општествените аспекти и контекст влијаат врз нив и ги менуваат. На тој начин кандидатката постигнува еден вид демистификација на идеологиите кои владеат за мајчинството и родителските улоги, со посебен акцент на родовите улоги во еден поширок контекст, не само во сферата на приватното, туку многу повеќе и на политичкото.

Во поглед на целите од овој труд кои кандидатката ги поставува, несомнено е нивното исполнување, надополнето со очекувањата, преку оваа видливост и демистификација на споменатите феномени да се поттикнат нови истражувања, што ќе придонесе за понатамошно развивање на социолошка научна мисла. Авторката посебно укажува од недостатокот на трудови за трансформациите на татковата улога низ генерациите. Со други зборови, таа укажува дека се јавува потреба за истражување на промените и карактеристиките на татковството и татковската улога. Истражувањата за родителските улоги имаат голем придонес не само за социологијата на семејството и социологијата на родот, туку претставуваат голем општествен придонес за креирање на правилни родови и демографски политики и стратегии, неопходни за секое демократско општество.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Викторија Боровска под наслов **„Општествениот контекст и промените во улогите на мајчинството"** претставува самостоен научен труд кој концепциски и емпириски е сосема солидно поставен. Трудот се одликува со добро поставена теоретска рамка на истражувањето, коректен методолошки пристап и прецизно прикажување и обработување на податоците. За потребите на ова истражување е избрана и соодветна методологија, односно квалитативно истражување бидејќи само така може длабински да се навлезе во суштината, карактеристиките и својствата на

мајчинството и мајчинската улога. Овој пристап и овозможил на кандидатката да го разбере целокупниот контекст во кој се наоѓа мајката, нејзината лична приказна и да ги опфати надворешните влијанија како и внатрешните доживувања за настаните поврзани со мајчинското искуство. Во елаборацијата на резултатите од истражувањето, тие добро се обмислуваат и се компарираат со резултати од други истражувања во светот. На тој начин доаѓа до израз способноста на кандидатката теоретски да мисли, бидејќи суверено владее со материјата.

Трудот ги исполнува сите услови и академски стандарди предвидени за трудови од овој ранг. Дури можеме посебно да ја истакнеме оригиналноста на пристапот, свежината на заклучоците и општото ниво на реализација, та на тој начин го препорачуваме ова истражување како вонсериски резултат и како особено вредно во оваа област. Оваа дисертација успева да ги обедини теоретскиот, истражувачкиот и апликативниот приод во мошне сложената област за истражување - социологија на семејството.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторската дисертација, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје **да ја прифати позитивната оцена, да го усвои овој извештај за докторската дисертација на м-р Виктorија Боровска под наслов „Општествениот контекст и промените на улогите на мајчинството”** и да ја закаже нејзината јавна усна одбрана.

Скопје,6.6.2013

Членови на Комисијата

1.Проф. д-р Нелко Стојаноски, с.р.
2.Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.
3.Проф. д-р Аница Драговиќ, с.р.
4.Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
5.Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 30.05.2013 година со одлука бр. 02-744/1, во врска со конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Журнал“ од 21. 07. 2012 година, не избра за членови на рецензентската комисија за избор на насловен вонреден професор од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство.

На конкурсот се пријави Стево Божиновски, редовен професор на одделот за математички и компјутерски науки на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД, доктор на информатички науки. По разгледувањето на приложените документи, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Основни биографски податоци

Стево Божиновски е роден на 24 мај 1949 година во Битола, каде што го започнал основното образование. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. За време на средношколскиот период покажал интерес кон математиката и учествувал на повеќе републички и државни натпревари, при што освоил повеќе видови награди. Студирал на Елекротехничкиот факултет во Загреб, каде што магистрирал и докторирал со одбрана на докторската теза „Влијанието на преклопувањето на карактеристиките на ликовите во адаптивните процеси на препознавање на облици“. Во 1974 година се вработил во Математичкиот институт со нумерички цетар, а во 1976 се вработил како асистент на Катедрата за кибернетика на Електротехничкиот факултет во Скопје. За време на работата на Електротехничкиот факултет бил избран, а потоа и резибран, за редовен професор. Во учебната 2001/2002 година бил визитинг професор на одделот за математички и компјутерски науки на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД. Од 2002 година па се досега е вработен на овој Универзитет, сега како редовен професор по компјутерски науки.

Научното изградување го започнал уште како студент. За време на студиите изработил електронски уреди (аналогни и дигитални) за симулација на невронски системи. Како практикант систем инженер работел во фирмата IBM во Германија во текот на летните и зимски месеци во периодот 1970-1973 година. Потоа бил на студиски престој во Германија во 1979, 1999 и 2000 година. Образованието во компанијата IBM и во Германскиот институт за информатички технологии (GMD) било врз база на привремено вработување. Како стипендист на Фулбрајтовата фондација престојувал во САД два пати, во периодот 1980-81 и 1995-96, и како стипендист на фондацијата JICA од Јапонија престојувал во Јапонија во 1984. Во 1993 добил доплома за образование во областа на вештачката интелигенција од

Универзитетот во Брно, Чешка, и диплома во областа на роботиката од Академијата на науки во Кремс, Австрија. Кандидатот бил раководител на повеќе научно-истражувачки проекти, како национални така и меѓународни. Првиот проект го добил во 1984 година од Заедницата за научни дејности на Македонија. Водел проект финансиран од програмата Copernicus на Европската унија, а за време на престојот во САД добил значајна финансиска поддршка преку два гранта од NSF, националниот фонд за наука на САД.

Наставна дејност

Образовната дејност на Божиновски се одвива во рамките на компјутерските науки. Уште во време на изработката на својата матурска работа го одржал своето прво предавање под наслов „Апстрактни автомати" пред универзитетски наставници на семинарот по кибернетика во 1968 година, организиран од професор Ѓорги Чупона. Подоцна, на Електротехничкиот факултет, во рамките на Катедрата за кибернетика работел на развој на наставен план од областа на компјутерските науки и ги вовел предметите микропроцесори и микрокомпјутери, основи на софтверот, апликативен софтвер, системски софтвер и биокибернетика. Бил еден од основачите на Заводот за компјутерска техника и информатика при ЕТФ. Основоположник е на областите вештачка интелигенција и роботика во Македонија при што ги формирал првите предмети и ги напишал првите научни трудови од оваа област во нашата земја. Во постдипломската настава формирал предмет медицинска информатика на Медицинскиот факултет како и постдипломски студии од областа на роботиката и флексибилните производни системи на ЕТФ.

Специјално внимание и посветил на работта со студентите и го иницирал првиот универзитетски натпревар по информатика во Македонија, на кој учествувале студентите од ЕТФ и ПМФ од Скопје и од Техничкиот факултет од Битола. Во 2000 година екипата студенти која ја водел се искачила на прво место на интернет натпреварот по информатика на Здружението за компјутерска машинерија (ACM) и на тоа место била два месеци, за што е добиена Благодарница од ректорот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј", цитираме: „ ... за поттик на научно истражувачката работа кај студентите од областа на информатичките науки".

Тековно, на Универзитетот во САД држи настава од предметите вештачка интелигенција и роботика, како и од предметите биоинформатика и неуроинформатика, кои таму ги формирал. Бил вклучен и во постдипломската настава на Универзитетот во Масачусетс во Амхерст.

Научна дејност

Поширок научен интерес на Божиновски се компјутерските науки во целост, а неговиот потесен научен интерес е посебно насочен во областите вештачка интелигенција, биоинформатика и роботика. И во компјутерските науки во целост, како и во посебните области од неговиот интерес, Божиновски има постигнато значајни научни и стручни резултати, публицирани во преку 200 научни и стручни трудови, и презентирани на повеќе меѓународни и домашни научни конференции. Подолу ќе ги наведеме само трудовите изработени во текот на последнава

деценија,односно по 2000 година, а за неколку од трудовите ќе дадеме и краток приказ.

Како свои најзначајни научни достигања Божиновски ги истакнува:

1) Решавањето на проблемот на подоцнежно учење во 1981, со што за прв пат е воведен концептот чувство и емоција во учечките механизми на невронските мрежи. Проблемот е поставен во рамките на Групата за адаптивни мрежи на Универзитетот во Масачусетс во Амхерст, САД, во рамките на која Божиновски го решил овој проблем.

2) Управувањето на робот со помош на сигнали од мозокот, во 1988 година. Проблемот е поставен од страна на Божиновски во време кога не се размислувало за инженерско решение, туку се дискутирало за концепти како психокинеза и телекинеза. Второ инженерско решение на управување на робот со EEG сигнали е дадено дури 11 години подоцна, во 1999 во САД. Реализацијата на првото управување е направена на ЕТФ во Скопје, во Лабораторијата за интелигентни машини, биоинформатички системи и системски софтвер.

3) Поставувањето на фундаменталната равенка на психологијата во 2002 и 2003, во која за прв пат е даден компактен математички модел на врските меѓу мотивацијата, емоцијата и однесувањето на личноста.

За развојот на научната работа од областа на компјутерските науки во Македонија Божиновски придонел и со објавувањето на првата статија од компјутерските науки во врвно научно списание (од серијата IEEE Transactions во 1985 година), со што покажал дека и нашите научни резултати може да се објават во врвни научни списанија.

Го проследуваме списокот на одбрани трудови на кои кандидатот е автор или коавтор, објавени по 2000 година во повеќе научни списанија и во зборници од научни конференции.

[1] Bozinovski S.: *Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgements.* In A. Paiva (Ed.) Affective Interactions, LNAI 1814, Springer Verlag, 2000.

[2] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Decision support for pregnancy EMG.* Proc Workshop on Application of Advanced Information Technologies to Medicine, p. 57-63, Varna, 2000.

[3] Bozinovski S., B. Miller, di Primio F.: *Biomimetic Autonomous Factories.* GMD Report 115, German National Center for Information Technologies (GMD), Sankt Augustin, 200.0

[4] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Architecture of mind considering integration of genetic, neural and hormonal system.* In Time for AI and Society: Proc. Conf. of the AISB '00 Sumposium on How to Design an Functional Mind, Birmingham, UK, p. 139-140, 2000.

[5] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Manufacturing science and protein biosynthesis.* In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. on Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 59-64, Orlando, FL, 2001.

[6] Velevska V., Bozinovski S.: *Protein biosynthesis process modeling: Signals between molecular agents.* In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 104-108, Orlando, FL, 2001.

[7] Bozinovska N., Jovancevski G., Bozinovski S.: *Biological cell and its systems software.* Proc. Conf. Informatics and Information Technology. p. 206-213, Bitola, 2001.

[8] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgement.* Journal of Cybernetics and Systems 32:637-669, 2001.

[9] Bozinovski S. Jovancevski G., Ackovska N.: *Distributed interactive robotics classroom.* Optoelectronics Information-Power Technologies 2(4): 5-9, 2002.

[10] Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N.: *Simulation of module-based digital networks using object oriented programming.* In. J. Power, J. Waldron (eds.) Recent Advances in Java Technology. Computer Science Press, Trinity College, Dublin, p. 11-19, 2002.

[11] Bozinovski S.: *Operating systems, Petri nets, and history science.* In N. Callaos, W. Lesso (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Vol XXI, 84-88, Orlando, 2002.

[12] Martinovska C., Bozinovski S.: *Emotional agents for collaborative decision making and reasoning in autonomous robots.* In R. Akerkar (ed.) Proc. Int. Conf on Applied Artificial Intelligence, p. 142-147, Pune, India, 2003.

[13] Bozinovski S.: *Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin.* In M. Butz, O. Sigaud, P. Gerard (eds.) Anticipatory behavior in Adaptive Learning Systems, p. 133-150, Springer Verlag, 2003.

[14] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Anticipatory brain potentials: An electrophysiological insight into the anticipatory behavior of adaptive learning systems.* In M. Butz, O. Sigaud, S. Swarup (eds.) Proc. Workshop Anticipatory Behavior in Adaptive Learning Systems p. 1-10, Los Angeles, 2004.

[15] Bozinovski A., Bozinovski S.: *N-queens pattern generation: An insight into space complexity of a backtracking algorithm.* In A. Ahrens, M. Aleksy, R. Gitzel, T. Kessler, C. Lange, Z. Maamar, Q. Mahmoud, H-D. Meltzer, C. Ramamoorthy, R. Seker, A. van der Merwe, T. Vergin, J. Waldron, S. Yan (eds.) Proc ACM Symp. Information and Communication Technologies p. 281-286, Las Vegas, 2004.

[16] Martinovska C., Bozinovski S.: *Emotionally intelligent interactive agents for delivering information about user affective profiles.* Proc Int. Conf. on Intelligent system design applications, p. 783-788, Budapest, Hungary, 2004.

[17] Martinovska C., Bozinovski S.: *Modeling dialogues with emotional interactive agents.* In I. Seruca, J. Cordeiro, C. Hammoudi (eds.) Proc. Conf. on Enterprise Information Systems, section on Human Computer Interaction, p. 246-349, Porto, Portugal, 2004.

[18] Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: *Real-time Systems – Biologically inspired future.* Journal of Computers 3(3): 56-63, 2008.

[19] Ackovska N., Bozinovski S.: *Next generation operating systems; A biologically inspired future.* Proc IEEE Systems Conference, p. 153-159, Montreal, Canada, 2008

[20] Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: *File system organization in minimal biological systems.* Proc 6th International Conference on Informatics and Information Technology, p.44-47, Bitola, 2008.

[21] Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: *Evolving an emotion-based neural control architecture.* Proc IEEE SoutheastConf., p. 404-408, Huntsville, AL, 2008.

[22] Bozinovski S., Bozinovska L.: *The evolution of a cognitive architecture for emotional learning from a modulon-structured genome.* Journal of Mind and Behavior 21(1-2): 195-216, 2008.

[23] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology.* In M. Ulieru, P. Palensky, R. Doursat (eds.) Information Technology Revolutions, Lecture Notes of the ISCT, p. 171-185, 2009.

[24] Ackovska N., Bozinovski S.: *Information/Material processing synergy: Flexible manufacturing and operating system metaphor for biological cell.* In D. Davcev, J. Gomez (eds.) ICT Innovations, Springer Verlag, p. 85-94, 2009.

[25] Ackovska N., Bozinovski S.: *Biped robots: From inverted pendulum to programming 12 DOF dancing postures.* Proc. 7th International Conference on Informatics and Information Technology, p.3-6,Bitola, 2010.

[26] Bozinovski S.: *Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia.* Mathematica Macedonica 8: 79-94, 2010.

[27] Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Artificial chromosomes as genetic disks: A system software metaphor for genetic engineering.* Proc IEEE SoutheastCon, p. 324-327, Charlotte, NC, 2010.

[28] Bozinovski S., Bozinovska L.: *Human body parts making: Educational challenges for engineered psychology, biorobotics, and biofabrication.* Proc. IEEE SoutheastCon, p. 307-308, Nashville, TN, 2011.

[29] Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Genetic engineering in a computer science curriculum.* In G. Nalik (ed.) Applied Biological Engineering, Intech Publishers, p. 589-606, 2011.

[30]Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: *Genetic engineering and bioengineering: Cell software and cell (re)programming.* Proc IEEE SoutheastCon, p. 1-5, Orlando, FL, 2012.

[31] Bozinovski S.: *An EEG based human-robot interaction: Implications for developmental robotics.* IEEE CIS AMD Newsletter 9(1)11-12, 2012.

[32] Bozinovski S.: *Controlling robots using EEG signals – since* 1988. In S. Markovski and M. Gusev (ed.) ICT Innovations 2012, Springer Verlag, 2012 (accepted for publication)

Во продожение даваме краток приказ на неколку од трудовите на Божиновски.

[1] Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgments.

Трудот опишува метод за тренирање на голман робот во подготовка за фудбалски натпревар за роботи (Robocup). Авторот го пишува трудот како член на групата за конструирање на однесување на германскиот центар за информациони технологии (GMD). Во трудот се предлага да се формира посебна лига за роботски фудбал, лига на тренирани роботи, покрај лигите за програмирани роботи. Трудот опишува тренинг на робот, во случајот голман робот, управуван од кросбар адаптивна невронска мрежа во која емоциите се дефинираат како оценки на тековната ситуација.

[8] Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgment.

Трудот ја изложува теоријата на последично водени системи која се развива од 1981 и за која првиот автор има напишано монографија во 1995. Се опишува

емоцијата како механизам на проценување на вредноста на ситуацијата во која се наоѓа агентот. Истакнато е дека во 1981 е предложена првата невронска мрежа која вклучува емоции во механизмот на учење, наречена кросбар адаптивна матрица (Crossbar Adaptive Array). Тоа е невронска мрежа која во иста мемориска структура ги пресметува емоциите за новата ситуација во време t која е резултат на претходно однесување на агентот во време t-1. Оваа невронска мрежа го решила проблемот на подоцнежно учење кај невронските мрежи, токму со воведување на концепт на евалуирање, како на новата ситуација така и на претходното однесување.

[9] Distributed interactive robotics classroom.

Во овој труд е опишан час на лабораториска вежба која се изведува на далечина, во кој наставникот е во лабораторија во САД, а наставата се одвива на ПМФ во Скопје, каде што се наоѓаат студентите. Студентите управуваат подвижна камера (монтирана на робот) и ја движат по ходник и по лабораторија во зграда во САД. На посебно место во лабораторијата има огледало до кое студентите ја доведуваат камерата и ја гледаат монтирана на мобилен робот. Наставата е преку текст пораки. Секој студент од класот има можност ја изработи вежбата.

[10] Simulation of module-based digital networks using object oriented programming.

Трудот укажува дека структурата на објектно ориентираното програмирање е многу погодна за репрезентирање на модуларни дигитални електронички склопови. Се предлага методологија со која Java програмата може да се користи за симулација на дигитални склопови. Конкретен пример е даден за склоп составен од CMOS модули (чипови) од типот 4011 и 4049.

[11] Operating systems, Petri nets, and history science.

Трудот предлата математичка дефиниција на историјата како проблематика на интерполација за дадени точки (историски факти). Во трудот исто така се предлага апаратот на Петри мрежите да се користи во опис на историските настани. Дадени се примери на Петри мрежи кои опишуваат настани од пред нултата година. Во дискусијата се истакнува дека во историјата државите и народите треба да се нарекуваат со имињата кои се користеле за нив во соодветната епоха. На пример, пред нултата година, покрај Македонија, Атина, Спарта, имало и други држави и градови, но го немало терминот Грција.

[13] Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin.

Во овој труд авторот се осврнува на четири клучни концепти во психологијата: мотивацијата, емоцијата, однесувањето и личноста, и предлага компактен математички модел за разбирање на нивната релација. Математичкиот модел користи апарат на векторска анализа и е напишан во форма $☺ = p \int_S^G \heartsuit^{\rightarrow} dB^{\rightarrow}$, каде што ☺ е емоционална добивка, $\heartsuit^{\rightarrow}$ е (векторско) мотивационо поле и $dB^{\rightarrow}$ е елемент на однесување (акција), $B^{\rightarrow}$ е однесување насочено кон цел, а p е параметар на индивидуалност. Скаларниот производ $\heartsuit^{\rightarrow} dB^{\rightarrow}$ е елементарна емоција (елементарна среќа). Интегралот е по траекторијата на однесување од некоја појдовна точка S до некоја целна точка G. Овој математички резултат сугерира дека среќата треба да се заработи со соодветно однесување во соодветно мотивационо поле, и дека среќата зависи и од параметрите на личноста. Оваа равенка во трудот се нарекува фундаментална равенка на психологијата.

[14] Anticipatory brain potentials: An electrophysiological insight into the anticipatory behavior of adaptive learning systems.

Трудот предлага истражување на процесот на очекувачкото однесување кај учечките агенти преку експериментална парадигма, која авторите ја предложиле во 1988 година. Парадигмата се состои во проширување на класичната CNV парадигма (do S1-S2-RT until EEG ERP = CNV) со воведување повратна врска. По појавата на CNV потенцијалот на очекување, се исклучува стимулусот S2, што доведува до намалување на очекувањето и потенцијалот предизвикан со настан (ERP) ја губи CNV формата. Потоа компјутерот пак го воведува стимулусот S2, што повторно доведува до појава на очекување во мозокот, и интерактивната игра продолжува. Трудот ја опишува првата реализација на адаптивен интерактивен интерфејс во истражувањата на интерфејсот меѓу мозокот и компјутерот.

[23] Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology

Трудот дава осврт на развојот на вештачката интелигенција и воочува три периоди во развојот во однос на тоа што е репрезент на вештачка интелигенција. Според согледувањата на овој труд, прв период е кога модел за вештачка интелигенција е компјутерски програм, втор е кога тоа е агент (на пример робот), а третиот започнува со сфаќањето дека модел за вештачка интелигенција е личност, што вклучува и емоции. Трудот укажува дека името вештачка интелигенција е веќе застарено и дека треба да се користи концепот конструирана психологија. Се укажува и на тоа дека за натамошен развој на психологијата е нужно да се воведат единици мерки, како во физиката.

[26] Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia.

Во трудот се истакнува улогата на проф. Ѓорги Чупона во развојот на компјутерските науки во Македонија. Се согледува дека првото предавање од областа на теоријата на автомати, кое е одржано во 1968 година во Скопје на семинар за кибернетика организиран од д-р Чупона, е всушност настан со кој започнува развојот на компјутерскиуте науки во Македонија. Во трудот е даден осврт на концептот апстрактен автомат со разни примени во областа на копјутерските науки.

[27] Artificial chromosomes as genetic disks: A system software metaphor for genetic engineering.

Трудот укажува дека биоинформатиката треба да вклучи правец кон генетско инженерство. Генетското инженерство е, всушност, синтетичка компонента на биоинформатиката, и треба да се додаде кон аналитичката компонента, анализата на генетските секвенци. Трудот ги разгледува вештачките хромозоми како преносливи дискови, а геномската библиотека во која човечки гени се чуваат во бактерии е согледана како систем од дискови.

[29] Genetic engineering in a computer science curriculum.

Се предлага обучување на студентите од копјутерски науки во областа на генетското инженертво и ДНК (ре)програмирањето и се дава опис за одржана лабораториска вежба за студенти по компјутерски науки во која студентите ја издвојуваат својата сопствена ДНК.

[32] Controlling robots using EEG signals – since 1988.

Во трудот се дава осврт кон првата реализација на управување на робот директно преку EEG сигнали. Резултатот е постигнат во Македонија, во тогашната

Лабораторија за интелигентни машини, биоинформатички системи, и системски софтвер на Електротехничкиот факултет. Се опишува методологијата на сигнал-процесирање со која е постигнато да се врши препознавање на промената во алфа спектарот на EEG. Демонстрацијата на реализацијата е робот кој со своја интерна интелигенција следи црна линија на подот, а субјектот со помош на промена на EEG сигналот го запира и потоа пак пушта роботот да ја следи нацртаната траекторија. Трудот укажува дека вториот резултат на управување на робот со помош на EEG сигнали е постигнат во САД, 11 години подоцна, во 1999. Со отварање на потполно нов правец во компјутерските науки и роботиката во 1988, отворен е пат на примената во управување со инвалидска количка и со уреди на домаќинството за хендикепирани лица.

Стручна дејност

Божиновски своите стручни реализации ги започнал во 1974 година, како вработен на Математичкиот институт со нумерички центар при УКИМ. Го водел тимот кој за потребите на Институтот за физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје изработил статистичка обработка на физички и физиолошки карактеристики на населението во Македонија. По вработувањето на Електро-техничкиот факултет започнал со изработка и испорака на електронички уреди за надворешни нарачатели. За една од реализациите, програмиран електронички реакциометар, усвоен му е патент од Југословенскиот завод за патенти во 1989 година. Почнувајки со работа во дискретна технологија, преминал на реализација на PROM-базирани, а потоа и на EPROM-базирани уреди. Своите производи двапати ги излагал на саем во Скопје, во 1978 и 1980 гоидина, за што добил златна плакета од Сојузот на пронаоѓачи на Македонија. Тимовите кој ги водел во 1983 година го реализирале првиот робот, а во 1986 првиот индустриски робот во Македонија.

Во поглед на програмските реализации и информационите системи, Божиновски е раководител на тимот кој реализирал интегрален информационен систем за ЕТФ во 1989 година, систем кој интегрира студентска служба, библиотека, сметководство и плати на вработените. Вториот поголем проект кој со својот тим го изработил е Информациониот системот за амбулантите на Медицинскиот факултет, кој е прикажан на Саемот за медицина во Скопје во 1993 година. Ова е прва реализација во Македонија со помош на ORACLE системот за бази на податоци.

Дел од стручната активност Божиновски ја реализира во организирање на првите симпозиуми од областа на компјутерските науки, симпозиумите по биокибернетика во 1978, 1980 и 1984. Во 1985 е гостин-уредник на списанието Автоматика, посветено на биолошки и небиолошки суштества, во кој се публикувани одбрани трудови од симпозиумот од 1984.

Д-р Божиновски е прв член на здружението IEEE од областа на компјутерски науки во Македонија (од 1981 година), а во 1979 го иницирал формирањето на првото здружение од областа на компјутерските науки - Друштвото за биокибернетика на Македонија.

Како дел од својата стручна и научна дејност, Божиновски бил ангажиран во 2009 од Европската унија како експерт на програмата FP7.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Стево Божиновски е значаен научен работник од нашата држава во областа на компјутерските науки којшто својата научна и наставна кариера во последнава деценија ја изведува на Државниот универзитет на Јужна Каролина во САД. Во текот на својата работа во Македонија дал голем придонес за развојот на компјутерските науки кај нас. Неговата севкупна активност трае од средината на 70-тите години на минатиот век, кога веќе почнува светскиот бум во информатиката и кога почнуваат да се развиваат многу различни области во компјутерските науки, меѓу кои се вештачката интелигенција, роботиката и биоинформатиката. Неговата посветеност е да работи на решавање на познати долготрајно нерешени проблеми, како, на пример, проблемот на подоцнежно учење на невронските мрежи, проблемот на компактен математички модел на мотивацијата, емоцијата, и однесувањето, како и на отварање нови правци во науката, како на пример управување на физички објекти со помош на EEG-сигнали.

Наставната работа на Божиновски се карактеризира со постојано воведување иновативност во наставниот процес, со дефинирање нови наставни планови и содржини за додипломските и последипломските студии, како и со примена на методите на далечинското учење. Заради постигнување на подобри резултати кај студентите, тој организирал и студентски натпревари по информатика.

Стручната дејност на Божиновски допринела во развојот на компјутерските науки и инженерството, преку изработка на софтверски системи за надворешни нарачатели уште од време на неговата работа во Математичкиот институт. Неговите електронички реализации за надворешни нарачатели биле покажани на саеми а усвоен му е и патент. Организирал симпозиуми од областа на комјутерските науки и го иницирал формирањето на Друштвото за биокибернетика на Македонија. Дел од неговата стручна активност е работата како експерт на европската унија од областа на компјутерските науки.

Врз основа на сето искажано, **Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ да го избере д-р Стево Божиновски за наслoвен вонреден професор при Факултетот.**

Рецензентска комисија

д-р Смиле Марковски, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р.

д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р.

д-р Ванчо Кусакатов, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Стево Божиновски
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: информатика и компјутерско инженерство

ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ НАУКИ ВО СВЕТОТ И ВО МАКЕДОНИЈА

Овој дел е воведен за да се истакнат некои маркери во почетоците на развојот на компјутерските науки во Македонија

Ред. број	Назив на активноста:	Значај
.	Божиновски С. Апстрактни автомати, Математички Институт со Нумерички Центар, Скопје, 1968. Семинар за кибернетика, организиран од проф. Чупона во 1968	Прв труд од областа на компјутерските науки во Македонија
	Bozinovski S. Uvod u psihokibernetiku. Revija za Psihologiju 5:115-128, Zagreb, 1975	Прв труд од областа на компјутерските науки објавен во списание
	Зборник на трудови од Симпозумот Биомедицинска кибернетика, Скопје, 1978	Прв симпозиум од областа на компјутерските науки организиран од Македонија
	Божиновски С. Каталог на електроничките и програмските реализации на Институтот за електроника, Меѓународен саем за современа медицина, Скопје, 1980.	Прво јавно презентирање на реализации од областа на компјутерски науки во Македонија
	Bozinovski S. A self-learning system using secondary reinforcement in R. Trappl (Ed..) Cybernetics and Systems Research, North Holland, p.397-402, 1982	Прв светски научен придонес од компјутерските науки во Македонија. Решавање на проблемот на учење со подоцнежен поттик
	Bozinovski S. A representation theorem for linear pattern classifier training. IEEE Transactions on Systems, Man, and Cybernetics 15(1): 159-161, 1985	Прв труд од компјутерски науки во Македонија објавен во списание од највисок ранг
	Bozinovski S., Sestakov M., Bozinovska L. Using EEG alpha rhythm to control a mobile robot. In G. Harris, C. Walker (eds.) Proc IEEE Annual Conf of Engineering in Medicine and Biology Society, p. 1515-1516, New Orleans, 1988	Прво во светот управување на физички објект со помош на енергија регистрирана од човечки мозок

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Подготовка на нов предмет	
	Електротехнички факултет: апликативен софтвер, системски софтвер, микропроцесори и миникомпјутери, основи на софтверот, биокибернетика, вештачка интелигенција, роботика	7
	Математички факултет: Оперативни системи.	1
	Медицински факултет: медицинска информатика, Биомедицинска кибернетика	2
	Технички факултет-Битола: компјутерски системи	1
	Стоматолошки факултет: Медицинска информатика	1
	Универзитет „Американ колеџ": C# programming	1
	Универзитетски постдипломски студии по вештачка интелигенција, роботика, и флексибилни производни системи (2) и компјутерски науки и генетско системско инженерство (2),	4
	South Carolina State University: Introduction to computer systems, Introduction to computability, languages, and automata Artificial Intelligence, Introduction to robotics, Biocomputing and bioinformatics, Neuroinformatics and brain-computer interface	6
	Одржување на предавања* (3x15x0,04)=1,8; 3x15x0,05= 2,25 ред (ОСВИ+СС+ВИ+РО+БК)(ЕТФ)+ОС(МатФ)+ОС(ТФБито) постдиплом (БК+БИ)(МедФ)+ (БК+БИ)(СтоматолФ) ½(7x1,8)=6,3 4x2,25=9	15,3
	Одржување на вежби*(МедФ на ЕТФ) 30x0,03	0,9
	Консултации со студенти (ЕТФ+МедФ+други) 100x0,002	0,2
	Настава во школи и работилници	
	Математичка школа Охрид	1,5
	Подготовка на студенти за натпревар по информатика на ACM	1,5
	Ментор на дипломска работа (20 дипломски)	4,00
	Член во комисија за одбрана на дипломска работа (10 дипломски)	1
	Член на комисија за оценка или одбрана на докторати (4 докторски дисертации)	2,0
	Член на комисија за оценка или одбрана на магистратури (8 магистерски работи)	2,4
	Автор на позитивно рецензиран универзитетски учебник	
	Божиновски С. Оперативни системи и системски софтвер: Монопроцесни оперативни системи. Гоцмар, 1994.	8
	Божиновски С. Вештачката Интелигенција, Гоцмар, 1994	8
	Божиновски С. Оперативни системи и системски софтвер: Мултипроцесни оперативни системи, Гоцмар, 1988	8
	Божиновски С. Роботика и интелигентни производни системи. Гоцмар, 1998.	8
	Интерна скрипта од предавања	
	Божиновски С. Биокибернетика, нерецензиран учебник,1999	4
	Божиновски С. Медицинска информатика, 2000	4
	Вкупно	**91,8**

НАУЧНОИСТРАЖВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
	Ментор на докторска дисертација (4)	12
	Ментор на магистерски работи (8)	8
	Раководител на национални научни проекти	
	Адаптивни индустриски роботи, Заедница за научни дејности на Македонија, 1984-1988	6
	Адаптивни интелигентни индустриски роботи, Министерство за наука на Македонија, 1988-1992	6
	Национален координатор на меѓународен научен проект	
	EMG Net, EU Copernicus, 1996-2000	6
	Учесник во меѓународен научен проект	
	Master's program, Genetics and Systems Science, EU Tempus, 1997-1999	5
	Раководител на меѓународен научен проект	
	Neuroscience and brain-computer interface, PI, USA NSF	9
	Учесник во странски научни проекти	
	Master's program, Biorobotics and Biofabrication, Co-PI, USA NSF, 2009-2011	7
	Electrophysiological evidence of the expectation process in human brain, Co-PI, USA NIH, 2004-2005	7
	Монографии објавени во странство	
	Bozinovski S. Consequence Driven Systems Gocmar Press USA, Athol, Massachusetts, 1995 (цитирана во Scholarpedia, од врвен научен работник во областа).	12
	Bozinovski S., Schoell P. Emotions and Hormones in Learning: A Biology Inspired Control Architecture for a Trainable Goalkeeper Robot GMD Report 73, German National Center for Information Technologies, Bonn, 1999.	10
	Bozinovski S. Mueller B., diPrimio F. Biomimetic Autonomous Factories: Autonomous Manufacturing Systems and Systems Software. GMD Report 115, German National Center for Information Technologies, Bonn, 2000.	7
	Поглавје од монографија објавена во странство	
	Bozinovski S.: *Artificial emotion and emotion learning: Emotions as value judgements.* In A. Paiva (Ed.) Affective Interactions, LNAI 1814, Springer Verlag, 2000.	6
	Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N.: Simulation of module-based digital networks using object oriented programming. Chapter 2 in J. Power, J. Waldron (eds.) Recent Advances in Java Technology. Computer Science Press, Trinity College, Dublin, p. 11-19, 2002.	4
	Bozinovski S.: Anticipation driven artificial personality: Building on Lewin and Loehlin. In M. Butz, O. Sigaud, P. Gerard (eds.) Anticipatory Behavior in Adaptive Learning Systems, p. 133-150, Springer Verlag, 2003.	6
	Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: *Genetic engineering in a computer science curriculum.* In G. Nalik (ed.) Applied Biological Engineering, Intech Publishers, p. 589-606, 2011.	4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор	
	Bozinovski S., Bozinovska L.: *Self learning agents: A connectionist theory of emotion based on crossbar value judgement.* Journal of Cybernetics and Systems 32:637-669, 2001.	5

	Bozinovski S. Jovancevski G., Ackovska N.: *Distributed interactive robotics classroom.* Optoelectronics Information-Power Technologies 2(4): 5-9, 2002.	1
	Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: Real-time Systems – Biologically Inspired Future. Journal of Computers 3(3): 56-63, 2008.	1
	Bozinovski S., Bozinovska L.: The evolution of a cognitive architecture for emotional learning from a modulon-structured genome. Journal of Mind and Behavior 21(1-2): 195-216, 2008.	2
	Bozinovski S.: An EEG based human-robot interaction: Implications for developmental robotics. IEEE CIS AMD Newsletter 9(1)11-12, 2012.	4
	Bozinovski S.: Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia. Mathematica Macedonica 8: 79-94, 2010.	4
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир	
	Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N. Emotion learning: An approach toward self-supervised learning systems. Proc In. Conf on Cognitive and Neural Systems, #29. Boston, 2001.	1
	Bozinovska N., Jovancevski G., Bozinovski S.: *Biological cell and its systems software.* Proc. Conf. Informatics and Information Technology. p. 206-213, Bitola, 2001.	1
	Bozinovski S., Jovancevski G., Bozinovska N. Minimal Cognition Systems: Current Metaphors. Proc Int. Conf on Cognitive and Neural Systems, #31. Boston, 2002.	1
	N. Ackovska, S. Bozinovski, G. Jovancevski. Production system of the biological cell. Proc. Conf. Informatics and Information Technology. Bitola, 2003.	1
	Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G. Cell Operating System and its Compilation Processes. In V. Kusakatov, K. Zdravkova, M. Jovanov (eds.) Proc. Conf. Informatics and Information Technology. p. 119-128, Bitola, 2007.	1
	Ackovska N., Bozinovski S., Jovancevski G.: *File system organization in minimal biological systems.* Proc 6th International Conference on Informatics and Information Technology, p.44-47, Bitola, 2008.	1
	Ackovska N., Bozinovski S.: *Biped robots: From inverted pendulum to programming 12 DOF dancing postures.* Proc. 7th International Conference on Informatics and Information Technology, p.3-6,Bitola, 2010.	1
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
	Bozinovski S., Bozinovska L.: *Decision support for pregnancy EMG.* Proc Workshop on Application of Advanced Information Technologies to Medicine, p. 57-63, Varna, 2000.	1,5
	Bozinovski S., Bozinovska L.: *Architecture of mind considering integration of genetic, neural and hormonal system.* In Time for AI and Society: Proc. Conf. of the AISB '00 Symposium on How to Design an Functional Mind, Birmingham, UK, p. 139-140, 2000.	1,5
	Ackovska N., Bozinovski S. Distance learning robotics. In Proc. Workshop on Computer Science Education, p. 143-145, Nis, 2001.	1,5
	Bozinovski S., Bozinovska L.: *Manufacturing science and protein biosynthesis.* In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. on Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 59-64, Orlando, FL, 2001	1,5
	Velevska V., Bozinovski S.: Protein biosynthesis process modeling: Signals between molecular agents. In N. Callaos, W. Badawy, S. Bozinovski (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Volume XV: Industrial Systems, pp. 104-108, Orlando, FL, 2001.	1,5
	Bozinovski S.: Operating systems, Petri nets, and history science. In N. Callaos, W. Lesso (eds.) Proc. Conf. Systemics, Cybernetics, and Informatics. Vol XXI, 84-88, Orlando, 2002.	3
	Martinovska C., Bozinovski S.: Emotional agents for collaborative decision making and reasoning in autonomous robots. In R. Akerkar (ed.) Proc. Int. Conf on Applied Artificial Intelligence, p. 142-147, Pune, India, 2003.	1,5

	Bozinovski S., Bozinovska L.: Anticipatory brain potentials: An electrophysiological insight into the anticipatory behavior of adaptive learning systems. In M. Butz, O. Sigaud, S. Swarup (eds.) Proc. Workshop Anticipatory Behavior in Adaptive Learning Systems p. 1-10, Los Angeles, 2004.	1,5
	Bozinovski A., Bozinovski S.: N-queens pattern generation: An insight into space complexity of a backtracking algorithm. In A. Ahrens, M. Aleksy, R. Gitzel, T. Kessler, C. Lange, Z. Maamar, Q. Mahmoud, H-D. Meltzer, C. Ramamoorthy, R. Seker, A. van der Merwe, T. Vergin, J. Waldron, S. Yan (eds.) Proc ACM Symp. Information and Communication Technologies p. 281-286, Las Vegas, 2004.	1,5
	Martinovska C., Bozinovski S.: Emotionally intelligent interactive agents for delivering information about user affective profiles. Proc Int. Conf. on Intelligent system design applications, p. 783-788, Budapest, Hungary, 2004.	1,5
	Martinovska C., Bozinovski S.: Modeling dialogues with emotional interactive agents. In I. Seruca, J. Cordeiro, C. Hammoudi (eds.) Proc. Conf. on Enterprise Information Systems, setion on Human Computer Interaction, p. 246-349, Porto, Portugal, 2004.	1,5
	Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L. Cytogenesis of a neural cell – Phenomics of emotion based neural control. Proc Multiconference on Systemics, Cybernetics and Informatics, p. 203-206, Orlando, 2007.	1
	Ackovska N., Bozinovski S.: Next generation operating systems; A biologically inspired future. Proc IEEE Systems Conference, p. 153-159, Montreal, Canada, 2008.	1,5
	Ackovska N. Bozinovski S. Jovancevski G. A New Frontier for Real-Time Systems - Lessons From Molecular Biology Proc IEEE SoutheastConf., p. 224-228, Richmond, VA, 2007.	1
	Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: Evolving an emotion-based neural control architecture. Proc IEEE SoutheastConf., p. 404-408, Huntsville, AL, 2008.	1
	Bozinovski S., Bozinovska L.: Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology. In M. Ulieru, P. Palensky, R. Doursat (eds.) Information Technology Revolutions, Lecture Notes of the ISCT, p. 171-185, 2009.	1,5
	Ackovska N., Bozinovski S.: Information/Material processing synergy: Flexible manufacturing and operating system metaphor for biological cell. In D. Davcev, J. Gomez (eds.) ICT Innovations, Springer Verlag, p. 85-94, 2009.	1,5
	Ackovska N., Bozinovska L., Bozinovski S.: Artificial chromosomes as genetic disks: A system software metaphor for genetic engineering. Proc IEEE SoutheastCon, p. 324-327, Charlotte, NC, 2010.	1,5
	Bozinovski S., Bozinovska L.: Human body parts making: Educational challenges for engineered psychology, biorobotics, and biofabrication. Proc. IEEE SoutheastCon, p. 307-308, Nashville, TN, 2011.	1,5
	Ackovska N., Bozinovski S., Bozinovska L.: Genetic engineering and bioengineering: Cell software and cell (re)programming. Proc IEEE SoutheastCon, p. 1-5, Orlando, FL, 2012.	1,5
	Bozinovski S.: Controlling robots using EEG signals – since 1988. In S. Markovski and M. Gusev (eds.) ICT Innovations 2012, Springer Verlag, 2012 (accepted for publication).	3
	Пленарни предавања на научен-стручен собир со меѓународно учество	
	Bozinovski S. Bionics of the Production Lines: Genetics, Metabolics, and Flexible Manufacturing. Invited Session Organizer keynote. World Multiconference on Systemics, Cybernetics, and Informatics, Orlando, 2001.	3
	Bozinovski S. Beyond Artificial Intelligence toward Engineered Psychology. Information Technology Revolutions, Венеција, 2008.	3
	Bozinovski S.: *Professor Cupona and the first lecture on abstract automata in Macedonia.* Собир посветен на делото на професор Чупона, Охрид, 2010.	3
	Bozinovski S.: *Controlling robots using EEG signals – since* 1988. ICT Innovations 2012, Охрид 2012.	3
	Секциски предавања на научен/ стручен собир со меѓународно учество	
	Bozinovski S. Consequence Driven Systems: A Theory. Interactivist Summer Institute, Clemson University, Clemson, SC, 2005.	2
	Bozinovski S. A pioneering work in robotics: Controlling robots using EEG signals from the human head. Representing Macedonian science on International Awareness	2

	Month, Orangeburg, SC, 2007.	
	Секциски предавања на научен/ стручен собир	
	Bozinovski S. Beyond artificial intelligence: Introducing emotions in artificial neural networks, in 1981. Invited talk, South Carolina State University, 2009	1
	Bozinovski S.: *Controlling robots using EEG signals since* 1988. Секција ИЕЕЕ Македонија, Скопје, 2012.	1
	Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет	
	Bozinovski S. Electroexpectogram (EXG): Building an electrophysiology tool for cognitive neuroscience. Medical University of South Carolina, Charleston, 2004.	3
	Bozinovski S. Behavior phenomics in emotional personalities. University of Massachusetts at Amherst, 2007.	3
	Апстракти објавени во зборник на конференција	
	Bozinovski S. Delayed reward motivated learning. A computational model. Proc. GA/SC Neuroscience Consortium meeting, Columbia, 2008.	1
	Bozinovska L., Hardy I., Lucas S. Bozinovski S., Kindy M. Expectancy process: Electrophysiological and cognitive aspects. Frontiers of Neuroscience research Day. Folly Beach, SC 2008.	0,5
	McGriff S., Thomas M., Darlington D., Bozinovska L., Bozinovski S., Kindy M. Electrophysiological investigation of saccadic eye movements while reading. Frontiers of Neuroscience research Day. Folly Beach, SC 2008.	0,5
	Вкупно	**198**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
.	***Ликовно и графичко о бликување на монографски публикации и авторски книги***	
.	Божиновски С. Оперативни системи и системски софтер, Гоцмар, 1994	3
.	Божиновски С. Вештачката интелигенција, Гоцмар, 1994	1
	BozinovskiS. Consequence Driven Systems, Gocmar Press USA, 1995	3
.	Божиновски С. Роботика и интелигентни прпоизводни соистеми, Гоцмар, 1998	1
.	Божиновски С. Биокибернетика, Гоцмар, 1999	3
	Вкупно	**11**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
.	***Координатор во подготовка на нова студиска програма***	
.	Универзитетски постдипломски студии по Роботика, вештачка интелигенција и флексибилни производни системи, 1996	1
.	Универзитетски потдипломски студии од областа на Компјутерски науки и генетското системско инженерство, 1998	1

	Патент прифатен од државен завод	
	Програматор за електронички реакциометар, Југословенски завод за патенти, 1978	4
	Главни проекти	
	Интегрален информациски систем (студентска, сметководство, плати, библиотека) на Електротехничкиот факултет базиран на компјутерска мрежа, 1989	4
	Интегрален информациски систем на амбулантите на медицинскиот факултет базиран на централизиран систем и база на податоци Oracle, Медицински факултет-Скопје, 1993	4
	Изработка на нови софтверски пакети	
	Препознавање на облици со невроиска мрежа, IBM 1130, 1974	2
	Играње шаховска завршница со компјутер, IBM 1130, 1974	2
	Процесирање на сигнали, IBM Series/1, 1982	2
	Мултитаскинг управување, IBM Series/1, 1982	2
	Управување со роботи, IBM PC, 1986	2
	Воведување нова лабораториска/клиничка метода во областа на медицинските науки	
	Електроекспектограм (EXG), 1988	8
	Раководител на лабораторија	
	Интелигентни машини, биоинформатички системи, и системски софтвер, ЕТФ Скопје, 1996-2001	1
	Artificial Intelligence, Robotics, and Biocybernetics, SCSU, 2001-	1
	Член во комисија за стандарди	
	Југословенски завод, стандардизација на биомедицинска опрема	6
Дејности од поширок интерес		
9.	***Уредник на меѓународно научно списание***	
10.	Гостин уредник на Автоматика, специјален број за биолошки и небиолошки суштества, 1985	3
	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание	
11.	Journal of Computer Science and Systems Biology	1
	Уредник на зборник на трудови на научен собир	
	Industrial Systems, World Multiconference on Systemics, Cybernetics and Informatics, Orlando, 2001	1
	Биомедицинска кибернетика, Скопје, 1980, 1984	2
	Претседател на организационен одбор на научен собир	
	Биомедицинска кибернетика, Скопје, 1980, 1984	2
	Член на програски одбор на меѓународен научен собир	
	Advances in Java Technology, Edinburgh, 2002	1
	Multiconference on Systemics, Cybernetics, and informatics 2001-04	1
	Државна награда за научни достигнувања	
	Награда 13 ноември за научно достигнување, 1994	5
	Награда за научни достигнувања од струкова организација	
	Награда од македонското здружение на пронаоѓачи, 1982	3
	Признание од Ректорот на УКИМ, за резултатите на студентите постигнати на меѓународен натпревар по информатика на веб страната на ACM	3
	Студиски престои во странство	
	IBM Deutschland, Bayreuth, 1970-1973 (werkstudent)	2

	Institut fur Nachrichtentechnik, Tech. Univ. Munchen, 1979	0,5
	COINS department, University of Massachusetts, Amherst, 1980-81	2
	Kanazawa Institute of Technology, Tsukuba University, Japan, 1984	0,5
	CS department, University of Massachusetts at Amherst, 1995-96	2
	German National Institute for Information Technologies, 1999, 2000	1
	Krems Academy of Sciences, Krems, Austrial, 1993	0,5
	University of Brno, Brno, Chech Republic, 1993	0,5
	Math. and Comp.Science dept, South Carolina State Univ 2001-03.	2
	Членство во тело на организација која организира научна дејност	
	Тело на FP7 програмата, 2009	2
	Раководител на постдипломски студии	
	Универзитетски постдипломски студии по роботика, вештачка интелигенција и флексибилни производни системи	2
	Универзитетски постдипломски студии по компјутерски науки и генетско системско инженерство	2
	Вкупно	**79,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	91,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	198,0
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	11,0
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	79,0
Вкупно	379,8

Членови на Комисијата

Д-р Смиле Марковски, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје, с.р.

Д-р Марјан Гушев, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје, с.р.

Д-р Ванчо Кусакатов, ред. проф. на ФИНКИ во Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ВЛИЈАНИЕТО НА НАДВОРЕШНАТА ТРГОВИЈА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИСКРА СТАНЧЕВА ГИГОВ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Искра Станчева Гигов со наслов **„Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст на Република Македонија“**, Советот на Економскиот институт во Скопје, на својата 92-ра седница одржана на 25.4.2013, донесе одлука бр. 02-972/1 од 8.5.2013 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Силвана Мојсовска
2. д-р Антонија Јосифовска
3. д-р Марија Ацковска
4. д-р Дејан Пендев
5. д-р Верица Јанеска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Советот на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општи согледувања

Докторската дисертација **„Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст на Република Македонија“** од м-р Искра Станчева Гигов обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на надворешната трговија. Појдовна основа на истражувањето е дека надворешнотрговската размена битно влијае врз економскиот раст на Република Македонија, при што посебно внимание е посветено на трговската отвореност,

детерминантите на увозот и извозот, меѓународното економско опкружување, како и најзначајните фактори на раст во земјата. Во насока на идентификување на позитивната или негативната корелација помеѓу надворешната трговија и економскиот раст, детално се разработени карактеристиките на двете наведени категории во трудот, а последователно е пристапено кон регресиона панел-анализа, врз основа на избрани варијабли во кои се издвојуваат трговската отвореност и структурата на увозот и извозот. Кандидатката заклучува дека согласно со добиените корелациони коефициенти, трговското салдо во Република Македонија има спротивно движење од движењето на стапката на раст на БДП, но економетрискиот модел ја потврдува увозната зависност на економијата и поголемото значење на увозот од извозот за економскиот раст. Тоа зборува во прилог на хипотетското стојалиште за битното влијание на надворешно-трговската размена врз економскиот раст, а воедно отвора дополнителни прашања околу влијанието на надворешнотрговската политика врз конкурентноста на националната економија и макроекономските перформанси на земјата. Во таа насока, кандидатката го заокружува трудот со препораки за подобрување на состојбата и обезбедување на поголем позитивен придонес на надворешната трговија за економскиот раст на Република Македонија.

II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **„Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст на Република Македонија“**, поднесена од м-р Искра Станчева Гигов, содржи вкупно 318 страници. Дисертацијата се состои од вовед, седум поглавја, заклучок, прилози и користена литература. Во списокот на користената литература се наведени голем број на релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции.

Во ***воведот,*** кандидатката го образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, како и главната хипотеза на трудот. Во воведниот дел е поместена и користената методологија на истражувањето на која се темелат сознанијата од трудот.

Првата глава, ***Економското значење на надворешната трговија за националните економии,*** ги обработува теоретските аспекти кои го објаснуваат значењето на надворешната трговија за една национална економија.

Кандидатката дава релевантен приказ на досегашните теоретски истражувања и практичните согледувања кои укажуваат дека на денешното ниво на развој на производствените сили ниту една земја не може да води автархична економска политика, со која ќе се настојува домашната потрошувачка да се задоволи исклучиво со домашно производство. Напротив, многубројни се причините и потребите заради кои една земја воспоставува економски односи, односно ја поврзува националната економија со економиите на други земји. Во оваа глава е потенцирано дека ова особено се однесува на малите и средните национални економии кои, за да можат да остварат економски развој, мора да се вклучат во меѓународната соработка и конкуренција. Во тој контекст, направен е краток осврт на условите кои ја детерминираат улогата и значењето на надворешната трговија, а потоа се изложени придобивките кои се остваруваат со надворешнотрговската размена.

Втората глава, ***Поврзаност помеѓу надворешната трговија и економскиот раст***, се осврнува на теориските консидерации за поврзаноста помеѓу надворешната трговија и економскиот раст, како од аспект на теоријата за економски раст, така и од аспект на теоријата за надворешна трговија. Понатаму, во овој дел од трудот се третирани одделни статистички модели кои ја покажуваат врската помеѓу надворешната трговија и економскиот раст, односно се разгледува широката емпириска литература и поголемиот дел од досега направените регресиони анализи за влијанието на надворешнотрговската размена врз економскиот раст и резултатите кои се добиени од нив. На крајот од оваа глава е поместена регресионата анализа направена за одредена група на земји (84 земји) и во одреден период (1972-2011), а со цел на конкретен пример да се оцени влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст. Со направената панел-регресиона анализа се констатира дека отвореноста на економијата е една од клучните детерминанти за нејзиниот економски раст, заедно со човечкиот капитал, стапката на странски директни инвестиции и јавната потрошувачка. Според кандидатката м-р Станчева Гигов, ова го имплицира заклучокот дека земјите кои успешно учествуваат во меѓународната трговија се отворени за странски директни инвестиции и привлекуваат странски работници, постигнуваат повисок економски раст од земјите кои не успеваат да се интегрираат во глобалната економија.

Во третата глава, ***Влијанието на трговската либерализација и трговскиот протекционизам врз економскиот раст,*** се идентификувани ефектите на либералните и протекционистичките

надворешнотрговски политики врз економскиот раст поодделно, во обид да се даде одговор на прашањето што е подобро за постигнување на економски раст во современиот меѓународен трговски систем - спроведување на политика на трговска либерализација или политика на трговски протекционизам? Во рамките на овој дел воедно е посветено внимание и на местото и улогата на развиените земји и земјите во развој во рамки на современиот меѓународен трговски систем, а со цел да се идентификуваат основните предуслови кои земјите во развој треба да ги исполнат за да можат да остварат солидно ниво на економски раст. Како сумарно сознание од оваа глава, кандидатката повторно го нагласува значењето на трговската отвореност на земјите за развојот на нивните економии, меѓутоа истото го става во корелација со определени предуслови кои првенствено се однесуваат на нивото на развој на земјата и меѓународното економско опкружување што се потврдува и со фактот дека постојат и примери на земји кои се развиле со помош на трговскиот протекционизам.

Во четвртата глава, ***Карактеристики на надворешната трговија на Република Македонија,*** претставени се основните карактеристики на постојната надворешнотрговска политика во Република Македонија, а поконкретно се елаборирани правната и институционалната рамка на надворешната трговија, принципите на надворешнотрговската политика, како и влијанието кое меѓународните организации го имаат врз нејзиното креирање. Во овој дел е поместена и опсежна анализа на надворешно-трговската размена на Република Македонија, како во однос на обемот, така и во однос на структурата на извозот и увозот со што е понудена јасна слика за трендовите и детерминатите во оваа сфера во Република Македонија.

Во петтата глава од трудот, ***Анализа на трговскиот биланс на Република Македонија,*** е направена анализа на трговскиот биланс на Република Македонија. Во таа насока, предмет на подетална елаборација е трендот на трговскиот дефицит, неговите детерминанти, неговото влијание врз билансот на плаќање и начинот на неговото финансирање. На тој начин, заедно со податоците и сознанијата од четвртата глава, обезбедена е солидна основа за натамошното економетриско истражување насочено кон обезбедување на одговор на прашањето за корелацијата помеѓу надворешната трговија и економскиот раст на Република Македонија.

Целта на шестата глава, ***Поврзаност на надворешната трговија и економскиот раст во Република Македонија,*** е да се согледа релацијата и степенот на каузалитет помеѓу овие две категории во Република Македонија.

Моделот кој се користи во ова истражување поаѓа од стандардната производствена функција која произлегува од проширениот модел на Солоу и придонесите на Ромер (1990) за развој на новата теорија на раст и најчесто цитираните независни варијабли, за да се детерминираат променливите кои ќе се земат предвид при анализата на влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст во Република Македонија. Анализата на изворите на економски раст тргнува од Коб-Дагласовата производна функција со референтни варијабли од кои најзначајни се трговската отвореност на земјата, странските директни инвестиции и инфраструктурата на земјата. Кандидатката м-р Станчева Гигов истакнува дека согласно направената корелациона анализа и добиените корелациони коефициенти трговското салдо во Република Македонија има спротивно движење од движењето на стапката на раст на БДП, односно со порастот на оваа категорија доаѓа до намалување на стапката на раст на БДП. Сепак, таа нагласува дека економетрискиот модел истовремено ја потврдува увозната зависност на економијата и поголемото значење на увозот од извозот за економскиот раст, што практично донекаде го амортизира првото сознание зашто увозно зависните гранки се значаен дел од македонската економија и придонесуваат кон раст на нејзиниот БДП. Оттаму, заклучокот е дека постои значајна корелација помеѓу двете категории, а интерпретирањето на резултатите зависи и од квалитативна анализа која помага во дефинирање на правилни заклучоци.

Во седмата глава, ***Можности за поттикнување на економскиот раст преку надворешната трговија***, се потенцира важноста на формулирањето на насоките на надворешнотрговската политика во функција на економскиот раст, врз основа на длабинска анализа и познавање на карактеристиките на македонската економија. Како втор, подеднакво важен момент, е посочена меѓузависноста и поврзаноста на надворешнотрговската со другите економски политики, што секако ја условува потребата од тесна координираност помеѓу нивните креатори. Покрај тоа, во овој дел од трудот се согледуваат можностите за поттикнување на економскиот раст преку зголемувањето на ефектите од регионалните трговски интеграции на Република Македонија, како и преку подигнувањето на конкурентноста на стопанството во Република Македонија. Во врска со подобрувањето на конкурентноста, се разгледуваат неколку релевантни области на дејствување, како што се: подигнувањето на извозната ориентираност со примена на поагресивни промотивно-пропагандни програми за извозно ориентираните сектори,

подигнувањето на технолошката основа на индустриското производство, подобрувањето на постојната и развивање на нова инфраструктура и зајакнувањето на квалитетот на извозот преку имплементација на меѓународните стандарди.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањата во докторската дисертација, со акцент на мерките што е потребно да се преземат за подобрување на ефектите од надворешнотрговската политика на Република Македонија.

III. Оцена и предлог

Докторската дисертација под наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА НАДВОРЕШНАТА ТРГОВИЈА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** поднесена од м-р Искра Станчева, се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти. Трудот содржи длабински осврт кон надворешната трговија и економскиот раст на Република Македонија, во функција на идентификување на нивната заемна корелација. Притоа, кандидатката се осврнува и на прашања поврзани со конкурентноста на македонската економија, со цел да се илустрира значењето на надворешнотрговската политика во споменатата сфера, а оттаму и за економскиот раст на Република Македонија. Трудот нуди аргументација за поставените тези и нивна поткрепа со релевантни податоци, а воедно е понудена релевантна дискусија за актуелни прашања поврзани со потребата за ревидирање на определени сегменти од надворешнотрговската и другите економски политики на Република Македонија, со цел да се подигне нивната ефективност и да се поттикне економскиот раст. Ваквиот пристап е надополнет со солидна теориска основа и соодветна методолошка рамка на истражувањето.

Посебно значајна димензија на трудот му дава економетриското истражување, поточно употребата на регресиона панел-анализа за утврдување на корелацијата помеѓу надворешната трговија и економскиот раст во Република Македонија. Според кандидатката, резултатите од истражувањето упатуваат на потребата од унапредување на состојбите во надворешнотрговската размена со цел обезбедување подобри ефекти во поглед на економскиот раст на земјата. Во таа насока, м-р Искра Станчева Гигов нуди и свое видување и препораки за

подобрување на идентификуваните проблеми, а истовремено поставува нови прашања и отвора теми за дискусија и натамошни истражувања од оваа сфера, што воедно произлегува од комплексноста на темата, но и од длабинската анализа на обработените аспекти. Оттаму, трудот покрај академска, може да најде и практична примена во функција на ревидирање на македонската надворешнотрговска политика, согласно со потребата за обезбедување позитивна корелација помеѓу надворешната трговија и економскиот раст.

Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Искра Станчева Гигов изработила компактен и сериозен труд кој во целост одговара на академските стандарди. Општа е оцената дека кандидатката успешно се справила со поставениот предизвик и успеала да понуди аргументирани ставови, мислења и заклучоци во однос на поставената хипотеза на истражувањето. Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **„Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст на Република Македонија“;**
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Станчева Гигов;
3. да утврди термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

7.6.2013 година,
Скопје

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1._____ с.р.
/Д-р Силвана Мојсовска/

2._____с.р.
/Д-р Антонија Јосифовска/

3. _____с.р.
/Д-р Марија Ацковска /

4._____с.р.
/Д-р Дејан Пендев /

5. _____с.р.
/ Д-р Верица Јанеска /

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК (ДОЦЕНТ) ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ, ОБЛАСТ: УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на својата 93. седница одржана на 30.5.2013 година, донесе одлука (бр. 02-1122/1 од 3.6.2013 година) за формирање на Рецензентска комисија за избор на едно лице во научно звање, во научното поле организациски науки и управување, област:управување со човечки ресурси, во состав: д-р Васил Поповски, редовен професор, д-р Верица Јанеска, редовен професор и д-р Билјана Ангелова, редовен професор.

На конкурсот објавен во дневните весници „Вечер" и „Коха" од 8.5.2013 година, за избор во звањето научен соработник од областа управување со човечки ресурси, со валидна пријава и квалификации, согласно со општите услови предвидени со закон, како и посебните услови содржани во Законот за научноистражувачка дејност, се пријави кандидатката д-р Ирина Мајовски, асистент - истражувач во Економскиот институт во Скопје.

Врз основа на внимателното разгледување на пријавата и приложената документација на кандидатката д-р Ирина Мајовски, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Биографски податоци за кандидатот

Кандидатката ***д-р Ирина Владимир Мајовски*** е родена во Скопје, на 2.2.1977 година. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1995/1996 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, отсек: англиски јазик и книжевност и американска книжевност, како втор главен предмет и на истиот Факултет дипломирала во февруари 2000 година. Своето образование го продолжила на постдипломски студии, на насоката менаџмент, при Универзитетот "Sheffield" во Солун, Грција, во 2000 година. Магистрирала во мај 2002 година, по успешно положување на предвидените испити и изработка на магистерскиот труд од областа на менаџментот на човечки ресурси на тема: „Мотивација на вработени при организациски промени", под менторство на проф. д-р Leslie Szamozi.

Во јануари 2008 година, кандидатката д-р Ирина Мајовски пријавила докторска дисертација во областа на управување на човечки ресурси на тема: *Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија* на Економскиот институт во Скопје. По успешната јавна одбрана на докторската дисертација, со одлука на Комисијата за оцена и одбрана (09-1841/2) на 27.10.2010 година се стекнала со научен степен - доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Ирина Мајовски својата професионална кариера ја започнала во јуни 1999 година во француската организација Pharmaciens Sans Frontieres C.I., каде што била ангажирана на проект на ECHO (European

Commmission – Humanitarian Aid and Civil Protection) за поддршка на примарното и секундарното здравство во Република Македонија. Во август 2002 година таа ја продолжила својата професионална кариера во данската организација Danish Refugee Council, каде што работела на имплементација на повеќе проекти, финансирани од организации како UNHCR, EAR, KfW, Danida, насочени пред сé кон економската и социјална ревитализација на населението во постконфликтните региони во Македонија, генерирање на приходи, како и градење на капацитети на граѓански општества во Република Македонија.

Кандидатката д-р Ирина Мајовски професионалната кариера во високото образование ја започнала во февруари 2005 година со вработување на Факултетот за општествени науки во Скопје, подоцна Европски универзитет - Скопје, како лектор по деловен англиски јазик на факултетите за економски науки, правни и политички науки и информатички технологии. Од септември 2006 година до септември 2011 година е вработена на Факултетот за бизнис економија во Скопје, како виш лектор по деловен англиски јазик и предавач во областа на менаџментот на човечки ресурси. Во тој период, кандидатката активно учествувала во наставата и наставните активности, развојот и промотивните активности на Факултетот за бизнис економија, градење на соработка со други образовни институции, како и во креирање на наставна програма и воведување на нов предмет - интегриран бизнис пристап во соработка со Универзитетот од Ајдахо.

На 5 септември 2011 година (со одлука број 02-1204/2), кандидатката д-р Ирина Мајовски е избрана во звањето асистент - истражувач во научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси на Економскиот институт во Скопје, каде што работи и денес. Притоа, таа е активно вклучена во реализацијата на научноистражувачката програма и спроведувањето на активностите на вториот и третиот циклус студии во Институтот.

Д-р Ирина Мајовски активно ги познава англискиот и францускиот јазик, а има познавања и од грчкиот јазик. Во последната деценија таа постојано ги надоградува и проширува своите сознанија, вештини и компетенции преку посетување и учество на конференции и обуки, како и континуирано следење на научната и стручната литература од областа на менаџментот на човечките ресурси.

II. Научноистражувачка активност

Кандидатката д-р Ирина Мајовски во својата научноистражувачка активност е ориентирана кон проучување на проблематиката на менаџментот на човечките ресурси и нејзината поврзаност со деловните резултати на организациите. Досега таа има објавено научни трудови и статии во научни и стручни списанија, во земјата и во странство. Воедно, учествувала во изработка на научноистражувачки проекти во Економскиот институт, но и надвор од него.

Објавени трудови и научноистражувачка активност:

А) Објавени научни трудови

- "Methodology in creating an effective performance management system", *Архиви на јавно здравје*, 2013 (рецензиран труд во печат);

- "Shadow economy with overview of Macedonia" (co-author: d-r Snezana Mojsoska), Зборник на трудови од меѓународна научна конференција: *Rule of law, police and crime suppression*, Белград, 2013;
- "Human resource management during recession in transition economies: challenges and prospects", *Economic Development*, Year 14, No.2-3/2012, Skopje, 2013;
- "Користењето на човечките ресурси и економијата базирана на знаење во Република Македонија" (коавтор: д-р Верица Јанеска), Зборник на трудови од научна конференција: *Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи*, Скопје, 2012;
- "Developed Human Resource Practices in Macedonian Companies" (co-author: d-r Biljana Angelova), *Economic Development*, Year 12, No. 3/2010, Institute of Economics - Skopje;
- "Евалуација на 'најдобри практики' (best practice) на менаџмент на човечки ресурси во фирмите со приватен капитал во Р. Македонија", Зборник на трудови од научна конференција: *Практики на менаџмент на човечки ресурси во претпријатијата воРепублика Македонија*, ЈИЕ универзитет, Тетово, 2009;
- "Strategic HRM and organizational performance: A review of 'best fit'-'best practice' debate", *CEA Journal of Economics*, Vol.3 Iss.2, 2008;
- "Motivating Language – ML as a tool in superior-subordinate relations during organizational change: a case study in Macedonia", *CEA Journal of Economics*, Vol.2 Iss.2, pp.5-17, 2007;
- "Социјалната сигурност и развојот", Зборник на трудови од меѓународна научна конференција: *Современите предизвици во теоријата и праксата на социјалната работа и социјалната политика*, Скопје, 2007;
- "Benchmarking the Use of Motivating Language During Organizational Change in South-Eastern Europe", in D. Kantarelis (ed), *Global Business & Economics Review – Anthology*, 2004, pp. 504-514.

Б) Учество на проекти

- *Формирање на претприемачка лабораторија на Економски институт – Скопје*, Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје, 2012-2013;
- *Научната дијаспора од Република Македонија*, Економски институт – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011-2012;
- Меѓународен проект: "*Multi-ethnic Labor Force Integration in Transition Economies: A Case Study of Macedonia*", State Department's Title VIII Research Program, University of Delaware, U.S. Department of State's Bureau of Intelligence and Research, 2008.

В) Учество во конференции

- Национална конференција на тема: *Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи*, Економски институт-Скопје, 2012;
- Национална конференција на тема: *„Практики на менаџмент на човечки ресурси во претпријатијата во Република Македонија"*, ЈИЕ - Универзитет, Тетово, 2009 година;
- Меѓународна конференција за бизнис и економија *"Business and Economics Society International Conference"*, Република Грција, 2004 година.

Приказ и оцена на поважните трудови поднесени за рецензија

1. Користењето на човечките ресурси и економијата базирана на знаење во Република Македонија (коавтор: д-р Верица Јанеска), Зборник на трудови од научна конференција: Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи, Скопје, 2012.

Научниот труд се анализираат квантитативните и квалитативните промени на расположливите човечки ресурси и нивната економска активност, како и користењето на ангажираната работна сила во функција на економијата базирана на знаење во Република Македонија. Притоа, детално се анализираат работоспособното население, работната сила и неактивниот дел од расположливите човечки ресурси, како и користењето на интелектуалните потенцијали на вработените во последната деценија.

Во трудот се констатира дека иако во 2010 година 10% од работоспособното население и 14% од работната сила имаат високо образование, сепак трендот на зголемување на образовното ниво на човечките ресурси во земјата е проследен со намалување на вработувањето на високообразованите кадри и пораст на невработените и неактивното работоспособно население со високо образование. Така, во 2010 година околу 45000 лица со високо образование се невработени или неактивни, што претставува околу 31% од работоспособното население со универзитетско образование.

Од аспект на искористување на интелектуалниот потенцијал на вработените во организациите, се заклучува дека состојбата е исто така неповолна. Тоа е првенствено поради отсуство на посветеност кон знаењето, постоење на високо централизирани ригидни хиерархиски системи и непостоење на механизми преку кои високообразованите кадри ќе го применат своето знаење на работното место.

2. Developed HRM practices in Macedonian companies (co-author: d-r Biljana Angelova), Economic Development, Year 12, No. 3/2010, Institute of Economics – Skopje.

Кандидатката д-р Ирина Мајовски, при истражувањето во овој труд, вниманието го задржува на стратешката улога на менаџментот на човечки ресурси во постигнување на конкурентска предност на компаниите. Притоа, се дава осврт на системите на МЧР, како и внатрешните меѓусебни влијанија на практиките во самиот систем и нивните ефекти врз целокупното работење на компаниите. Ефикасен и стратешки значаен систем на менаџментот на човечки ресурси подразбира склоп на меѓусебно поврзани и усогласени практики на МЧР насочени кон постигнување на организациски цели.

Резултатите од анализата на влијанието на практиките на менаџментот на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија укажува на мошне големо значење на оние практики кои се идентификувани како најразвиени во компаниите, а се однесуваат на ригорозната селекција во процесот на регрутација на кадри, обуката и развојот на вработените и надоместоците базирани на перформанси на вработените. Сепак, кандидатката констатира дека иако индивидуално овие практики влијаат на перформансите на компаниите, сепак како систем тие имаат релативно мало влијание. Во тој контекст, се сугерира дека ваквиот систем на менаџмент на човечки ресурси кој е присутен во компаниите во

Македонија е недоволно развиен. Кандидатката заклучува дека споредено со современите системи на МЧР во западните развиени земји, ваквиот систем не е доволно развиен за да има стратешки придонес во компаниите, односно компаниите не можат да ги искористат целокупните бенефиции од потенцијалот на менаџментот на човечки ресурси.

3. Евалуација на практики ('best practice') на менаџментот на човечки ресурси во фирмите со приватен капитал во РМ, Зборник на трудови од научна конференција: Практики на менаџмент на човечки ресурси во претпријатијата воРепублика Македонија, ЈИЕ Универзитет, Тетово, 2009.

Во овој научен труд кандидатката врши сеопфатна анализа на постојните практики на менаџментот на човечки ресурси во компаниите со приватен капитал во Република Македонија. Предмет на анализа е степенот на развој и имплементирање на современите практики на менаџментот на човечки ресурси во големите и средните компании во Македонија кои имаат формални политики и практики на менаџментот на човечки ресурси.

Врз основа на добиените резултати од истражувањето, кандидатката доаѓа до повеќе релевантни заклучоци, при што оценува дека компаниите со приватен капитал кои покажуваат успешни организациски и пазарни перформанси имаат соодветно развиени практики на менаџментот на човечки ресурси кои, пред сé, се однесуваат на селекцијата при регрутирање, обука и развој на вработени, систем на надоместоци според перформанси, како и кариерен развој. Притоа, се констатира дека не постојат значителни разлики во степенот на развој на овие практики на МЧР кај компаниите со странски, домашен и мешовит капитал.

Како главен недостаток на политиките на менаџментот на човечките ресурси во компаниите во Република Македонија се посочуваат високата централизираност во процесот на одлучување и недоволното учество на нискиот менаџмент во одлуките и имплементацијата на практиките на менаџментот на човечки ресурси. Кандидатката укажува на потребата за поголема активна вклученост на нискиот менаџмент во креирањето и особено имплементирањето на практиките на МЧР, потенцирајќи дека нискиот менаџмент претставува главен двигател за нивна успешна реализација.

4. Strategic HRM and organizational performance: A review of 'best fit' – 'best practice' debate, CEA Journal of Economics, Vol.3 Iss.2, 2008.

Кандидатката д-р Ирина Мајовски во овој научен труд ги сублимира светските сознанија од стратешкиот менаџмент на човечки ресурси и ги потенцира актуелните дебати во оваа област. Централен аспект во оваа статија претставува актуелната светска дебата за влијанието на индивидуалните практики на менаџментот на човечки ресурси наспрема системот на меѓусебно усогласени и кохерентни практики на менаџментот на човечки ресурси.

Сублимирајќи ги досегашните сознанија, кандидатката заклучува дека резултатите од испитувањата, спроведени претежно во развиените западни земји, укажуваат на позначајно позитивно влијание на индивидуалните практики врз организациските перформанси наспрема системите на практики на менаџментот на човечки ресурси. Таа констатира дека непостоењето на јасна концептуална рамка која би ги дефинирала односите и поврзаноста на практиките во склоп на

системот на менаџментот на човечки ресурси е основниот фактор кој влијае на методологијата и последователно на резултатите од истражувањата на системите на менаџментот на човечки ресурси. Притоа, кандидатката заклучува дека комплексноста на односите и меѓусебното влијание на практиките во самиот систем на менаџментот на човечки ресурси ја усложнува анализата на системите што доведува до нецелосни резултати за нивните ефекти, споредено со резултатите од анализата на ефектите на индивидуалните практики.

5. Motivating language – ML as a tool in superior-subordinate relations during organizational change: A case study in Macedonia, CEA Journal of Economics, Vol.2 Iss.2, pp.5-17, 2007.

Во овој научен труд, кандидатката врши анализа на влијанието на комуникацијата во односот помеѓу претпоставениот и вработените при организациски промени, како и на важноста на нискиот менаџмент во спроведување и прифаќање на организациските промени. Притоа, во анализата на односот помеѓу претпоставениот и вработените опфатени се три типа на комуникација, според теоријата за јазикот на комуникација, кои вклучуваат насочување на вработените, со што се намалува неизвесноста и се зголемува информираноста на вработените, јасно идентификување на важноста и индивидуалниот придонесот од работата на вработените за постигнување на организациските цели, како и зголемување на довербата и сигурноста кај вработените.

Резултатите од студијата на случај, спроведена во компанија во Република Македонија во фаза на спроведување на организациски промени, покажуваат индивидуална способност за употреба на мотивационата комуникација кај претпоставените, но и позитивна поврзаност со задоволството и перформансите на вработените при примена на истата. Кандидатката констатира дека комуникацискиот однос на претпоставените со вработените претежно е фокусиран на насочување односно на делегирање на задачи. Од друга страна, како главен недостаток се посочува недоволното информирање на вработените за структурата, вредностите и целите на организацијата, како и индивидуалниот придонес во постигнување на целите на организацијата.

Стратешката вербална комуникација на претпоставениот е значајна мотивациона техника која нуди позитивни мерливи ефекти врз перформансите на вработените и нивното работно задоволство. Оттука, кандидатката укажува на потребата од стратешка примена на овој вид комуникација на претпоставените со вработените, посебно при организациски промени.

III. Заклучок и предлог на Комисијата

Врз основа на претходно изнесените информации за научната активност на кандидатката д-р Ирина Мајовски, Комисијата констатира дека таа во континуитет активно работи на истражувања од областа на управувањето со човечки ресурси, која соодветствува на областа за која е распишан конкурс за избор на еден научен соработник (доцент).

Согласно со приложените трудови, како и оценатa на некои од нив, може да се констатира дека главниот интерес во научноистражувачката активност на

кандидатката д-р Ирина Мајовски е во областа на управувањето со човечки ресурси, организациското однесување и организациското управување. Притоа, во нејзините проучувања централно место заземаат современите политики и практики на менаџментот на човечки ресурси, анализата на меѓусебните односи на практиките во системот на менаџмент на човечки ресурси, како и нивното влијание врз организациските перформанси. Нејзината научноистражувачка активност вклучува активно учество во изработка на проекти, објавување на резултатите од истражувањата во стручни списанија, научни собири и конференции.

Д-р Ирина Мајовски солидно ја владее научноистражувачката методологија, а своите сознанија, вештини и компетенции континуирано ги надоградува преку посетување на обуки, семинари и работилници. За одбележување е и нејзината активност во наставно-образовниот процес од втор и трет циклус на студии, при Економскиот институт во Скопје, каде што со својата посветена работа придонесува за благовремена реализација на образовните активности во рамките на студиските програми по меѓународен менаџмент, претприемаштво, агробизнис (постдипломски студии) и организациски науки (докторски студии).

Врз основа на изнесеното во извештајот, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката д-р Ирина Мајовски во целост ги исполнува критериумите за избор во звањето научен соработник (доцент) од областа управување со човечки ресурси, согласно со општите услови предвидени со закон, како и посебните услови содржани во Законот за научноистражувачка дејност. Оттаму, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере д-р Ирина Мајовски во звањето научен соработник (доцент) во научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси.

Скопје, 7.6. 2013 година

Рецензентска комисија

1. **Д-р Васил Поповски**
   Редовен професор

   _____ с.р.

2. **Д-р Верица Јанеска**
   Редовен професор

   _____ с.р.

3. **Д-р Билјана Ангелова**
   Редовен професор

   _____ с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО – СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ирина Владимир Мајовски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Економски институт, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: организациски науки и управување (управување со човечки ресурси)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од втор циклус студии**	**1,5**
	Организациско однесување (Економски институт/насока: Меѓународен менаџмент 3+2/4+1, зимски семестар 2011/12) 0,05 (поени за часови неделно) x 2+1 (часа неделно) x15 (недели)	1,5
2	**Одржување на настава од прв циклус студии**	**67,2**
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен	2,4
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен	2,4
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен	2,4
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	3,6
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно)	2,4

	x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2006/2007), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2006/2007), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за општествени науки-ФОН, зимски семестар, академска 2005/2006), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за општествени науки-ФОН, летен семестар, академска 2005/2006), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за општествени науки-ФОН, летен семестар, академска 2004/2005), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	2,4
3.	**Одржување на вежби**	**48**
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-изборен	3,6

	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x6+6 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	28,8
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, зимски семестар, академска 2006/2007), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2010/2011), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2009/2010), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2008/2009), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2007/2008), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, летен семестар, академска 2006/2007), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 1 (Факултет за општествени науки-ФОН, зимски семестар, академска 2005/2006), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен Деловен англиски јазик 2 (Факултет за општествени науки-ФОН, летен семестар, академска 2005/2006), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	15,6

	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за општествени науки-ФОН, летен семестар, академска 2004/2005), 0,04 (поени за часови неделно) x4+2 (часа неделно) x15 (недели)-задолжителен	
4.	**Консултации со студенти**	**5,904**
	Менаџмент на човечки ресурси, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен/изборен, 28 студенти	0,056
	Меѓународен менаџмент, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен/изборен, 45 студенти	0,09
	Меѓународен маркетинг, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен/изборен, 21 студент	0,042
	Стратегиски менаџмент, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен, 36 студенти	0,072
	Претприемнички менаџмент, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен, 30 студенти	0,06
	Финансирање на мали и средни претпријатија, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен, 30 студенти	0,06
	Претприемништво и мали бизниси, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), задолжителен, 30 студенти	0,06
	Глобално претприемништво, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 25 студенти	0,05
	Креативност, иновативност и претприемаштво, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 39 студенти	0,078
	Организациско однесување, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 14 студенти	0,028
	Водство, Економски институт, 2012/2013 (зимски и летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 9 студенти	0,018
	Меѓународно бизнис опкружување, Економски институт, 2012/2013 (летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 6 студенти	0,012
	Инвестиции и трансфер на технологија, Економски институт, 2012/2013 (летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 5 студенти	0,01
	Методологија на научноистражувачка работа, Економски институт, 2012/2013 (летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 5 студенти	0,01
	Економика на претпријатија, Економски институт, 2012/2013 (летен семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 5 студенти	0,022
	Електронски бизнис, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 11 студенти	0,03
	Финансиска анализа и известување, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 15 студенти	0,006
	Квалитет и стандардизација, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 3 студенти	0,006
	Маркетинг, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 3 студенти	0,004
	Претприемништво и трансфер на технологии, Економски институт, 2012/2013 (зимски семестар, 4+1/ 3+2), изборен, 2 студенти	0,724
	Вкупно за сите предмети во учебната 2012/13:	
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2010/2011), до 120 студенти	0,24
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2010/2011), до 250 студенти	0,5
		0,5

	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2010/2011), до 250 студенти	0,46
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2010/2011), до 230 студенти	0,46
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2010/2011), до 230 студенти	2,16
	Вкупно за сите предмети во учебната 2010/11:	
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2009/2010), до 10 студенти	0,02
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2009/2010), до 120 студенти	0,24
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2009/2010), до 120 студенти	0,24
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2009/2010), до 250 студенти	0,5
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2009/2010), до 250 студенти	0,5
	Вкупно за сите предмети во учебната 2009/10:	1,5
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2008/2009), 30 студенти	0.06
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2008/2009), 10 студенти	0,02
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2008/2009), 10 студенти	0,02
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2008/2009), до 120 студенти	0,24
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Регионален и локален бизнис развој, академска 2008/2009), до 120 студенти	0,24
	Вкупно за сите предмети во учебната 2008/09:	0,58
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), 30 студенти	0,06
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), 30 студенти	0,06
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), 10 студенти	0,02
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), 10 студенти	0,02
	Вкупно за сите предмети во учебната 2007/08:	0,16
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за бизнис економија, насоки:	

	Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2006/2007), до 30 студенти	0,06
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2006/2007), до 30 студенти	0,06
	Вкупно за сите предмети во учебната 2006/07:	0,12
	Деловен англиски јазик 1 (Факултет за општествени науки-ФОН, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2005/2006), до 150 студенти	0,3
	Деловен англиски јазик 2 (Факултет за општествени науки - ФОН, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент/Информатика, академска 2005/2006), до 180 студенти	0,36
	Вкупно за сите предмети во учебната 2005/06:	0,66
5.	**Подготовка на нов предмет**	
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), (предавања)	1
	Интегриран бизнис пристап 1 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), (вежби)	0,5
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), (предавања)	1
	Интегриран бизнис пристап 2 (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2007/2008), (вежби)	0,5
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2008/2009) (предавања)	1
	Менаџмент на човечки ресурси (Факултет за бизнис економија, насоки: Финансиски менаџмент/Маркетинг менаџмент, академска 2008/2009) (вежби)	0,5
	ВКУПНО ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**127,1**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународен научен проект**	**5**
	"Multi-ethnic Labor Force Integration in Transition Economies: A Case Study of Macedonia", State Department's Title VIII Research Program, University of Delaware, U.S. Department of State's Bureau of Intelligence and Research, 2008.	5
2.	**Учесник во национален научен проект**	**6**
	Формирање на претприемачка лабораторија на Економскиот институт во Скопје, УКИМ, 2012-2013.	3
	Научната дијаспора од Република Македонија, УКИМ, Економски институт – Скопје, УКИМ, 2011-2012.	3
3.	**Монографија**	**4,8**
	Научната дијаспора од Република Македонија (група автори, во фаза на објавување), Економски институт, Скопје 2011-2012 (кога се 4 или повеќе автори, секој добива по 60% од бодовите:8x0,6=4,8).	4,8
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно-научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**17,4**
	Ирина Мајовски, Methodology in creating an effective	3

	performance management system, Архиви на јавно здравје, 2013 (прифатен труд, во фаза на печатење).	
	Ирина Мајовски, Human resource management during recession in transition economies: challenges and prospects, Economic development, Year 14 No 2-3/2012 , Економски институт Скопје, 2013.	3
	Ирина Мајовски, Биљана Ангелова: Developed Human Resource Management Practices in Macedonian Companies, Economic development, Year 12 No 3/2010, Skopje 2011, pg 21-33, 3 (поени)x 90% (за два автора).	2,7
	Мајовски Ирина, Strategic HRM and Organizational Performance: A review of 'best fit'-'best practice' debate, CEA Journal of Economics, Vol.3 Iss.2, pp. 13-21, 2008 (списание индексирано во EBSCO и EconLit).	3
	Мајовски Ирина, Motivating Language – ML as a Tool in Superior-Subordinate Relations during Organizational Change: A Case Study in Macedonia, CEA Journal of Economics, Vol.2 Iss.2, pp.5-17, 2007 (списание индексирано во EBSCO и EconLit).	3
	Мајовски И., Пејковски, J.," Social Security and Development", in Reframing Social Policy: actors, dimensions and reforms, Friedrich Ebert Stiftung & Institute of Social Work and Social Policy, pp.103-116, 2007 3 (поени)x 90% (за два автора).	2.7
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен/стручен собир**	**3,8**
	Верица Јанеска, Ирина Мајовски, Користењето на човечките ресурси и економијата базирана на знаење во Република Македонија, Зборник на трудови од научна конференција на тема: Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење-состојби и перспективи, 30. 05 2012 Скопје, (кога се 2 автори, секој добива по 90% од бодовите:2x0,9=1,8).	1,8
	Ирина Мајовски, Евалуација на најдобри практики на менаџмент на човечки ресурси во приватните компании во Р.Македонија, Зборник на трудови научна конференција на тема: Практики на менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2009.	2
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**5,4**
	Mojsoska, S. & Majovski, I. "Shadow economy with overview of Macedonia", Conference Proceedings of the International Conference: Archibald Reiss Days – "Rule of law, police and crime suppression", March 2013 (paper accepted for publication) (кога се 2 автори, секој добива по 90% од бодовите:3x0,9=2,7).	2,7
	Szamozi, L. & Piperkova, I. "Benchmarking the Use of Motivating Language During Organizational Change in South-Eastern Europe", in D. Kantarelis (ed), Global Business & Economics Review – Anthology, 2004, pp. 504-514 (кога се 2 автори, секој добива по 90% од бодовите:3x0,9=2,7).	2,7
7.	**Учество на научен стручен собир со реферат**	**3**
	Предизвиците на науката во економијата базирана на знаење – состојби и перспективи, Економски институт, 2012.	1
	Практики на менаџментот на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2009.	1
	Business and Economics Society International Conference, Island of Rhodes, Greece, 2004.	1
	ВКУПНО ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**45,4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Превод**	**3**
	Превод на Монографија на Економски институт – Скопје, 2012	3
2.	**Лекторирање на трудови на странски јазик**	**1**
	Лектура на англиски јазик на Зборник на трудови од научна конференција: "Предизвиците на науката во економија базирана на знаење: состојби и перспективи", Економски институт-Скопје, 2012.	1
3.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	**1,5**
	Промоција и промотивни материјали (постер) на Економскиот институт на Светскиот ден на науката, 10 ноември 2012	0,5
	Промотивни материјали и ажурирање на веб-страницата на Економскиот институт	0,5
	Промоција и изготвување на промотивни материјали за Факултетот за бизнис и економија во Скопје	0,5
	Дејности од поширок интерес	
4.	**Член на факултетска (институтска) комисија**	**2**
	Член на Комисија за јавни набавки (Одлука бр. 02-24/1, Одлука бр. 02-2687/1, Одлука бр. 02-2633/1, Одлука бр. 02-1374/1) (4x0,5)	2
	ВКУПНО ЗА СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**7,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	ПОЕНИ
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**127,1**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**45,4**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**7,5**
ВКУПНО	**180**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Д-р Васил Поповски,**
редовен професор, Претседател

_____ с.р.

2. **Д-р Васил Поповски,**
редовен професор, член

_____ с.р.

3. **Д-р Верица Јанеска,**
редовен професор, член

_____ с.р.

4. **Д-р Билјана Ангелова,**
редовен професор, член

_____ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „СПОРТСКА МЕДИЦИНА ЗА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ“ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Одборот за издавачка дејност на Факултетот, а во согласност со член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот и со членовите 15 – 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, на XVI редовна седница, одржана на 11.4.2013 година, донесе Одлука за одредување на рецензентска комисија за ракописот на учебникот под наслов „Спортска медицина за физиотерапевти“, од група автори од Катедрата за физиологија, Катедрата за интерна медицина, Катедрата за трауматологија и Катедрата за ортопедија, во состав:

1. проф. д-р Мирче Симеонов
2. доц. д-р Слободан Николиќ.

Врз основа на оваа Одлука, рецензентите го поднесуваат следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за учебникот со наслов „Спортска медицина за физиотерапевти“ за студентите на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет, насока за дипломиран физиотерапевт, Скопје, го поседува следново:

1. Наслов на учебникот: „Спортска медицина за физиотерапевти“.
2. Име на главниот уредник: проф. д-р Бети Дејанова.
3. Имиња на авторите (по азбучен ред): проф. д-р Антевска Васка, проф. д-р Давчева Јелка, проф. д-р Дејанова Бети, проф. д-р Ѓорчев Ангелко, проф. д-р Кафтанциев Игор, проф. д-р Малеска Весела, проф. д-р Миленковиќ Татјана, проф. д-р Петровска Сунчица, проф. д-р Поповска Анастасика, проф. д-р Тодорвска Лидија, проф. д-р Чаловска Викторија
4. Назив на предметната програма за која се однесува: додипломска настава на тригодишните стручни студии, насока: дипломиран физиотерапевт на Медицинскиот факултет во Скопје.
5. Предметна програма: Спортска медицина.
6. Семестар: зимскиот семестар во трета година (V семестар) на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет во Скопје.
7. Фонд на часови и ЕКСТ-кредити: 60 часа (30 теоретски и 30 практични часови) и 2,5 кредити.

8. Ист или сличен учебник: досега нема издаден учебник од оваа област за оваа наставна програма.
9. Општи податоци за учебникот: содржи 125 стр., А-4 формат, со фонт 12 и единечен проред, со 45 слики и 15 табели прикажани во 7 поглавја: 1. Вовед во спортската медицина; 2. Регуларна евалуација на спортисти и прескрипција на физичка активност кај здрави; 3. Специјални групи на спортисти; 4. Третман на медицински проблеми во спортот: кардиоваскуларни, респираторни, гастроинтестинални и ендокрини нарушувања во спортската медицина; 5. Спортски повреди и нивно лекување; 6. Зглобни нарушувања и нивно лекување; 7. Литература.
10. Категоризација: учебник
11. Опис и мислење за содржината:

    Учебникот „Спортска медицина за физиотерапевти" од група автори од катедрите за физиологија, интерна медицина, трауматологија и ортопедија, претставува важна област во додипломската едукација на физиотерапевти. Ова дело претставува детален приказ за мултидисциплинарниот приод во спортската медицина. Потоа ја објаснува регуларната евалуација на спортистите, пред сè кардиоваскуларна и респираторна, како и прескрипција за физичка активност кај здрави лица. Притоа, дава опис на специјалните групи на спортисти, вклучувајќи ги влијанијата на одредени фактори: пол, возраст итн. Се укажува на важните третмани на медицинските проблеми во спортот, како што се: кардиоваскуларни, респираторни, гастроинтестинални и ендокрини нарушувања. Особена важност се посветува на спортските повреди (нивна биомеханика, превенција и лекување), како и на зглобните нарушувања и нивното лекување; 7. На крајот уредно е цитирана литературата со 38 цитати. Текстот во ова дело е едноставен и разбирлив. Тој е збогатен со бројни слики и шеми, кои го прават појасен и подостапен за студентот како и за други категории на читатели.

ЗАКЛУЧОК

Според сето горенаведено, овој ракопис има значаен придонес во областа на спортската медицина за физиотерапевти и воопшто. Претставува вреден учебник кој исцрпно и сеопфатно го обработува делот од спортската медицина, а кој се однесува за физиотерапевти, чија задача е сè поактуелна. Искрено го препорачуваме за физиотерапевтите, но и за сите оние што ќе бидат заинтересирани за спортска медицина, како што се: лекари, специјализанти, лекари на специјализација по спортска медицина, но исто така и студенти по медицина кои покажуваат посебен интерес во оваа област.

Затоа, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја продолжи постапката за печатење на овој ракопис како учебник со наслов „Спортска медицина за

физиотерапевти“, по предметот спортска медицина за насоката дипломиран физиотерапевт, на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

3.6.2013

Рецензенти

Проф. д-р Мирче Симеонов, специјалист по трауматологија, с.р.

Доц. д-р Слободан Николиќ, специјалист по интерна медицина, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ **,, ПРОЦЕНА НА ГОВОРОТ КАЈ ЛИЦА СО ПРЕЛИНГВАЛНО ОШТЕТУВАЊЕ НА СЛУХОТ СО КОХЛЕАРЕН ИМПЛАНТ”** ОД М-Р ВЕСНА ЛАЗАРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна XVI седница одржана на 11. 04. 2013 година, а по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, за оцена на докторскиот труд на м-р Весна Лазаровска, под наслов: ,,Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант”, определи Рецензентска комисија во состав:

1. академик проф. д-р Илија Филипче
2. проф. д-р Владимир Ќаев
3. доц. д-р Горица Левенска.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **,, Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант”** е изнесена на 142 страници и ги содржи сите поглавја на една научно-истражувачка студија. Во воведниот дел, докторската студија вклучува повеќе аспекти и сознанија за вербалната комуникација за чиј развој главен предуслов е слухот. Воведот се состои од три посебни поглавја кои во себе ги содржат специфичностите за развојот на вербалната комуникација.

Во првото поглавје **„Слух и говор”** е направен осврт за поврзаноста помеѓу слухот и говорот, рецептивниот и експресивниот говор, говорниот развиток како и говорната интеракција.

Во второто поглавје од воведот детално е опишан историскиот развиток на кохлеарната имплантација, почнувајќи од 1700 година кога Luigi Galvani забележил дека металите цинк и бакар во вода се способни да предизвикаат контракции на мускулите кај жаба.

Потоа се опишани неколку обиди за електрична стимулација на аудитивниот нерв кај лицата со оштетен слух. Првата кохлеарна имплантација кај човек е направена 1957 година, со која е направен револуционерен чекор на стимулација на аудитивниот нерв, кога со сигнален генератор од 1000 Hz, пациентот искажал лимитиран број на зборови. Усовршувањето на клиничкиот пристап на електричниот стимулс на аудитивниот нерв и усовршувањето на компјутерскиот систем овозможиле во 1997 година да се направи првиот кохлеарен имплант за продажба. Хирургијата на кохлеарни импланти започнува од осумдесеттите години и од тогаш брзо се развиваат оперативните техники.

Во Република Македонија првата кохлеарна имплантација е извршена на Универзитетската клиника за уво, нос и грло во Скопје во 2006 година од академик Илија Филипче со неговиот стручен тим.

Во третото поглавје од воведот се објаснети етапите на рехабилитацискиот процес на лицата со кохлеарен имплант. Понатаму, акцентот е ставен на процесот

на активирање на кохлеарниот имплант по кое следува задолжителен интензивен рехабилитациски третман. Рехабилитацискиот третман е неопходен затоа што имплантираната особа без таа постапка не ќе може да ја научи новонастанатата состојба (слушањето) и да научи да го користи говорот во процесот на вербалната комуникација со околината. Моделот се заснива на хиерархиски способности на слушање, започнувајќи со детекција, дискриминација, идентификација и разбирање на дадената аудитивна информација. Секоја етапа е објаснета поединечно.

Долгогодишното работно искуство (18 години) во полето на рехабилитација на лица со оштетен слух се предизвик на кандидатот за истражување во таа област. Од тоа долгогодишно искуство произлегува и **мотивот** на кандидатот за изработка на докторската дисертација под наслов **„Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант"**, која треба да докаже дали кохлеарните импланти овозможуваат подобра слушна и говорна перцепција од индивидуалните слушни амплификатори и колкав е бенефитот од имплантите.

Поставените **цели** се прикажани во пет точки:

1. да се утврди динамиката на развој на говорот кај лицата со прелингвално оштетување на слухот со користење на задушен слушен амплификатор;
2. да се утврди динамиката на развој на говорот кај истите лица со вграден кохлеарен имплант;
3. да се направи компаративна анализа на динамиката на развој на говорот со задушен слушен амплификатор и лицата со вграден кохлеарен имплант;
4. да се одреди динамиката на развој на говорната перцепција во временски период од 6, 12 и 24 месеци;
5. да се одреди бенефитот од употребата на задушните слушни амплификатори и бенефитот од вградените кохлеарни импланти.

Материјал и методи

Оваа докторска дисертација е со ретроспективно–проспективена анализа. Во студијата се вклучени 31 испитаник со прелингвално сензонеурално оштетување на слухот. На почетокот на рехабилитацискиот третман сите испитаници користеле слушни амплификатори, со одреден бенефит, но се покажал како недоволен за развој на добра вербалната комуникација. Кај тие испитаници, подоцна е извршена кохлеарна имплантација и е спроведено целосно истражување.

Истражувањето е реализирано во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје и во Универзитетската клиника за уво, нос и грло во Скопје. Ова истражување е проследувано во период од 6, 12 и 24 месеци. Испитаниците се вклучени врз основа на инклузиони и ексклузиони фактори.

При тестирањето е користена програмата за оцена на слушната перцепција и говорниот развој EARS изработена од австриската фирма MED-EL. Оваа програма претставува збир од тестови за оцена на основни звуци, зборови и реченици од (closed -set i open -set).

Секој тест е посебно прикажан со објаснување на неговата примена:

1. Тест за развоја на слушната перцепција (PCП)

2. Тест за идентификација на бројот на слоговите во едносложни, двосложни и повеќе сложни зборови од затворен тип (ИЕДТЗ)
3. Тест за препознавање на едносложни зборови од затворен тип (ПЕЗ)
4. Тест за препознавање на едносложни зборови од отворен тип (ПЕЗ)
5. Тест за идентификација на реченици од затворен тип (ИР)
6. Тест за препознавање на едноставни прашања.
7. Наведените тестови се применуваат во сите три временски периоди на испитување (6, 12 и 24 месеци).

За статистичка обработка на податоците се користени повеќе статистички методи
(стандардна дедијација, (McNemar тест и Cohran Q-тест); Spearman Rank Order Correlations

Резултати и дискусија

Добиените резултати со статистичката обработка и анализа на податоците за 31 испитаник со прелингвално сензонеурално оштетување на слухот со вграден кохлеарен имплант се прикажани табеларно и графички. За сите посебно е даден исцрпен коментар, а потоа добиените резултати се дискутирани и споредени со резултатите од повеќе автори.

Графичкиот приказ јасно ја отсликува просечната билатерална слушна состојба без користење на слушен амплификатор, со користење на слушен амплификатор и со вграден кохлеарен имплант.

Бенефитот од аплицираните слушни амплификатори (бинаурално) е минимален (слика1 и слика 2). Недостатокот на слушните амплификатори е во тоа што со негово користење е потенцирана звучната дразба само во ниското фреквентно подрачје, односно не постои звучна дразба во високото фреквентно подрачје. Тоа не е доволно за формирање акустичка слика на сите гласови, а со тоа и неможност за развивање на вербална комуникација исклучиво на функцијата слушање.

На една од табелите е прикажана слушната состојба на истите испитаници кај кои е извршена кохлеарна имплантација (слика 3 и слика 4). Јасно се гледа дека слушниот праг е енормно подигнат низ целото говорно фреквентно подрачје. Тоа укажува дека лицата ќе можат да развиваат акустичка слика за сите гласови од говорното подрачје.

Во студијата многу јасно е докажано дека возраста на кандидатите има исклучителна важност за кохлеарна имплантација
Се укажува дека колку возраста при имплантирањето е помала, толку резултатите се подобри, односно раната аудитивна стимулација овозможува побрз говорен развој.

Во дискусијата авторот презентира голем број на стручни и научни студии кои ја истакнуваат вредноста на кохлеарната имплантација на користењето на слушните амплификатори.

Добиените резултатите во научната студија во голем дел се поклопуваат со резултатите од истражувања изведувани во познати отолошки центри.

Заклучок

Согласно со резултатите од оваа студија и анализата на тестовите за развој на аудитивната и вербалната перцепција, авторот ги презентира сопствените заклучоци.

Тоа се:

* Рехабилитацискиот говорен третман пред кохлеарната имплантација е со значително послаб исход на аудитивната перцепција и развиток на говорот.
* Кај лицата со најтешко слушно оштетување акустичка слика пред кохлеарна имплантација не постои или е значително мала.
* Слушните амплификатори овозможуваат звучна дразба во ниско фрекфентно подрачје (недоволно за формирање на акустичка слика).
* Кохлеарниот имплант кај лица со прелингвално слушно оштетување овозможува значајно покачување на слушниот праг при што рехабилитацискиот говорен третман неизоставно доведува до развивање на акустичка слика на сите гласови.
* Со кохлеарниот имплант слушната дразба се пренесува низ целото говорно фреквентно подрачје што овозможува развој на говорот, односно воспоставување на вербална комуникација.
* Аудитивната и вербална перцепција кај лицата со вграден кохлеарен имплант е статистички значајно подобра во однос на резултатите добиени кај истите лица кога користеле слушни амплификатори.
* Аудитивната и вербална перцепција кај лицата со прелингвално слушно оштетување со вграден кохлеарен имлант се подобрува во тек на време и е пропорционална со должината на постоперативната ребилитација, односно колку подолго се користи кохлеарниот имплант, говорните резултати се значајно подобри.
* Аудитивната и вербална перцепција кај лицата кај кои кохлеарниот имплант е вграден порано (во ова истражување пред 5годишна возраст) е значајно подобра од лицата кај кои имплантот е вграден по 5 години и 3 месеци и 11годишна возраст. Можностите за орална комуникација се сигнификантно поголеми доколку возраста кога се имплантира вештачка кохлеа, е помала.

Кај лицата со помала возраст, развојот на говорот се одвива спонтано, физиолошки со чиста артикулација, богат вокабулар со правилни граматички изрази. Резултатите од оваа студија покажаа дека кохлеарниот имплант е ефикасен и кај повозрасните деца, но тогаш развојот на говорот е побавен, постои неправилна артикулација, сиромашен вокабулар и неправилна граматика. Овие лица, иако слушаат, нивната вербална комуникација ја надополнуваат со читање на говорот од уста.

* Од сите индивидуални слушни помагала, кохлеарниот имплант има значително најдобар и најголем бенефит. Тој овозможува:
  - слушање и разбирање на звуците од околната средина;
  - слушање и разбирање на говорот без читање од уста;
  - подобрување на артикулацијата на сопствениот говор;
  - слушање во бучна средина;
  - употреба на фиксни и мобилни телефони;
  - можност за слушање на музика.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов **„Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант"** претставува прв обид на истражување и оригинално сеопфатно анализирање во полето на рехабилитацијата на лица со оштетен слух со вграден кохлеарен имплант. Докторандот прави спој меѓу своето долгогодишно клиничко искуство во рехабилитација на лица со најтежок степен на слушно оштетување и научно-истражувачката мисла во овој домен. Добиените резултати и заклучокот сугерираат дека оваа студија има научен и апликативен карактер и ќе служи како параметар во одлуките за правилен избор на подобни кандидати за кохлеарна имплантација.

Улогата на логопедот во развојот на вербалната комуникација кај лицата со кохлеарен имплант е од исклучителна одговорност и важност. Со постигнување на слушно–говорно јазично ниво, логопедот е тој што одлучува дали треба да се подигне слушниот праг на кохлеарниот имплант кој понатаму бара негово репрограмирање. Логопедот понатаму ја предвидува и програмата за рехабилоитацискиот третман на лицата со кохлеарен имплант.

Комисијата му предлага на Наставно -научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати оваа докторска дисертација и да продолжи со процедурата за нејзина одбрана.

Рецензентска комисија

1. **академик проф. д-р Илија Филипче** **с.р.**
2. **проф. д-р. Владимир Ќаев** **с.р.**
3. **доц. д-р. Горица Левенска** **с.р.**

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ПО НАСТАВНАТА ДИСЦИПЛИНА АКТЕРСКА ИГРА СО ПОЗНАВАЊЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на соработник во звањето асистент по наставната дисциплина актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје, објавен на 29.4.2013 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, како единствен кандидат се пријави м-р Хисмет Рамадани.

Наставно - научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 23.5. 2013 година, донесе одлука бр.0202-345/2-3, со која формира Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звањето асистент за наставната дисциплина актерска игра со познавање на албански јазик и за членови ги избра:

1. **ред. проф. м-р Рефет Абази**
2. **ред. проф. м-р Елјеса Касо**
3. **ред. проф. Данчо Чеврески.**

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Хисмет Рамадани е роден на 1.6.1979 во Скопје. Основно училиште и општо гимназиско образование завршил во Скопје.

Од 1999 до 2003 година е редовен студент на УКИМ - Факултет за драмски уметности во Скопје, на катедрата за драмски актери во класата на проф. м-р Рефет Абази.

Дипломирал во 2003 година на УКИМ - Факултет за драмски уметности во Скопје, со средна оценка 8,33.

Во 2013 година завршува втор степен на театарски (сценско-изведувачки) студии, модул: драмски актери на УКИМ - Факултет за драмски уметности, со средна оценка 9,20.

Од 2003 до 2006 година е вработен со договор за дело во Албанскиот театар во Скопје учествувајќи во повеќе од 20 претстави, меѓу кои повеќето први или втори улоги, како и учество во неколку играни филмови и серии.

Учествува и на многу театрски фестивали во Македонија и надвор од државата. Има освоено бројни фестивалски награди. Во богатиот творечки опус на м-р Хисмет Рамадани издвојуваме:

Театарски претстави:

1. „Дервишот и смртта“, - режија: Владимир Милчин, улога: Бегалецот;
2. „Кафеана на раскрсниц“, - режија: Илир Бокши , улога - Сокол;
3. „Шареноокиот“ - режија: Димитар Еленов, улога: Бурим;
4. „Фани доаѓа сам” - режија: Адонис Филипи, улога: Билетар;
5. „Соседи” - режија: Срѓан Јанакиевич, улога: Најџел;
6. „Лавиринт на сеќавањето“, режија: Куштрим Бектеши, повеќе улоги;
7. „Човек од перница“ - режија: Софија Ристевска, улога: детективот Ериел;

8. „Полковникот птица“ - режија: Нехат Мехмети, улога: Докторот;
9. „Аквариум“ - режија: Куштрим Бектеши, улога: Еди;
10. „Ре - Пинокио“ - режија: Тања Милетич Оручевич, улога: Зрикавец;
11. „Убавицата и мрето“ - режија: Дритро Касапи, улога: Дете;
12. „Гаќи“ - режија: Кастриот Чипи, улога: Гази;
13. „Хенри V“ - режија: Зоја Бузалкова, улога: Раскажувачот;
14. „Балкан Експрес“ - режија: Владимир Милчин, улога: волкот;

и други детски претстави.

Играни филмови и серии:

1. „Како убив светец“ - режија: Теона Митевска, улога: командант;
2. „Приказна за љубовта и свршувањето“ - режисер: Александар Русјаков, улога: Фадил;
3. „Балкан - кан“ - режисер: Дарко Митревски, улога: Исмет;
4. „Време на Кометата“ - режисер: Фатмир Кочи, улога: Шачир Али.

Од 2006 година е вработен на УКИМ - Факултет за драмски уметности како асистент на Катедрата за драмски актери со познавање на албански јазик во класата на проф. м-р Рефет Абази.

Кандидатот м-р Хисмет Рамадани во сите свои досегашни улоги остава силен впечаток на сериозен и зрел автор, а неговите креации на театарската сцена и во филмските остварувања се доволен показател дека станува збор за автентичен актерски уметник кој во целост ѝ се посветил на професијата. Неговото учество на работилниците во Детскиот театарски центар, посветени на театарското образование, како и досегашното искуство во педагошката работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје се доволна поткрепа за Рецензентската комисија да го донесе следниов:

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на досега покажаните актерски резултати, неговата посветеност кон актерската уметност, како и постојаното развивање и надградување на своите теориски и практични познавања на педагогијата на актерството, Рецензентската комисија му предлага на Наставно - научниот и уметнички совет, кандидатот м-р Хисмет Рамадани да биде избран за соработник по предметот актерска игра со познавање на албански јазик, во звањето асистент.

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Рефет Абази, с.р.

Ред. проф. м-р Елјеса Касо, с.р.

Ред. проф. Данчо Чеврески, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Хисмет Аџриз Рамадани
(име, татково име и презиме)

Институција: УКИМ - Факултет за драмски уметности
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: актерска игра

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Актерска игра 5 (зимски семестар 2006) часа 4 *15 * 0,04	2,40
2	Актерска игра 6 (зимски семестар 2006) часа 4 *15 * 0,04	2,40
3	Актерска игра 7 (зимски семестар 2007) часа 4 *15 * 0,04	2,40
4	Актерска игра 8 (летен семестар 2007) часа 4 *15 * 0,04	2,40
5	Актерска игра 1 (зимски семестар 2008) часа 4 *15 * 0,04	2,40
6	Актерска игра 2 (летен семестар 2008) часа 4 *15 * 0,04	2,40
7	Актерска игра 3 (зимски семестар 2009) часа 4 *15 * 0,04	2,40
8	Актерска игра 4 (летен семестар 2009) часа 4 *15 * 0,04	2,40
9	Актерска игра 5 (зимски семестар 2010) часа 4 *15 * 0,04	2,40
10	Актерска игра 6 (летен семестар 2010) часа 4 *15 * 0,04	2,40
11	Актерска игра 7 (зимски семестар 2011) часа 4 *15 * 0,04	2,40
12	Актерска игра 8 (летен семестар 2011) часа 4 *15 * 0,04	2,40
13	Актерска игра 1 (зимски семестар 2012) часа 4 *15 * 0,04	2,40
14	Актерска игра 2 (летен семестар 2012) часа 4 *15 * 0,04	2,40
15	Актерска игра 3 (зимски семестар 2013) часа 4 *15 * 0,04	2,40
16	Актерска игра 4	

	(летен семестар 2013) часа 4 *15 * 0,04	2,40
17	Актерска игра 5 (лет. сем. вежби 2006) часа 4 *15 * 0,03	1,80
18	Актерска игра 6 (зим. сем. вежби 2006) часа 4 *15 * 0,03	1,80
19	Актерска игра 7 (лет. сем. вежби 2007) часа 6 *15 * 0,03	2,70
20	Актерска игра 8 (зим. сем. вежби 2007) часа 6 *15 * 0,03	2,70
21	Актерска игра 1 (лет. сем. вежби 2008) часа 4 *15 * 0,03	1,80
22	Актерска игра 2 (зим. сем. вежби 2008) часа 4 *15 * 0,03	1,80
23	Актерска игра 3 (лет. сем. вежби 2009) часа 4 *15 * 0,03	1,80
24	Актерска игра 4 (зим. сем. вежби 2009) часа 4 *15 * 0,03	1,80
25	Актерска игра 5 (лет. сем. вежби 2010) часа 4 *15 * 0,03	1,80
26	Актерска игра 6 (зим. сем. вежби 2010) часа 4 *15 * 0,03	1,80
27	Актерска игра 7 (лет. сем. вежби 2011) часа 6 *15 * 0,03	2,70
28	Актерска игра 8 (зим. сем. вежби 2011) часа 6 *15 * 0,03	2,70
29	Актерска игра 1 (лет. сем. вежби 2012) часа 4 *15 * 0,03	1,80
30	Актерска игра 2 (зим. сем. вежби 2012) часа 4 *15 * 0,03	1,80
31	Актерска игра 3 (лет. сем. вежби 2013) часа 4 *15 * 0,03	1,80
32	Актерска игра 4 (зим. сем. вежби 2013) часа 4 *15 * 0,03	1,80
	Вкупно	**70,80**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста- театарски претстави, филм и телевизија.	Поени
1.	„Дервишот и смртта“, - режија: Владимир Милчин, Бегалецот - споредна улога	2
2.	„Кафеана на раскрсница“, - режија: Илир Бокши, Сокол - споредна улога	2
3.	„Шареноокиот“ - режија: Димитар Еленов, улога - Бурим; - главна улога	4
4.	„Фани доаѓа сам” - режија: Адонис Филипи, Билетар - споредна улога	2

5.	„Соседи" - режија: Срѓан Јанакиевич, Најџел - споредна улога	2
6.	„Лавиринт на сеќавањето", режија: Куштрим Бектеши, Раскажувачот - споредна улога	2
7.	„Лавиринт на сеќавањето", режија: Куштрим Бектеши, Духот - споредна улога	2
8.	„Лавиринт на сеќавањето", режија: Куштрим Бектеши, повеќе улоги, Полицаецот - споредна улога	2
9.	„Лавиринт на сеќавањето", режија: Куштрим Бектеши, Непознатиот - споредна улога	2
10.	„Човек од перница" - режија: Софија Ристевска, Детективот Ериел - главна улога	4
11.	„Полковникот птица" - режија: Нехат Мехмети, Докторот - споредна улога	2
12.	„Аквариум" - режија: Куштрим Бектеши, Еди - главна улога	4
13.	„Ре - Пинокио" - режија: Тања Милетич Оручевич, Зрикавец - главна улога	4
14.	„Убавицата и морето" - режија: Дритро Касапи, Дете - споредна улога	2
15	„Гаќи" - режија: Кастриот Чипи, Гази - споредна улога	2
16.	„Хенри V" - режија: Зоја Бузалкова, Раскажувачот - главна улога	4
17.	„Балкан Експрес" - режија: Владимир Милчин, Волкот - главна улога	4
18.	„Како убив светец" - режија: Теона Митевска, командант - споредна улога	2
19.	„Приказна за љубовта и свршувањето" - режисер: Александар Русјаков, Фадил - споредна улога	2
20.	„Балкан - кан" - режисер: Дарко Митревски, Исмет - споредна улога	2
21.	„Време на Кометата" - режисер: Фатмир Кочи, Шачир Али - споредна улога	2
	Вкупно	**54,00**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Член на меѓународно и домашно жири	Поени
1.	Член на жири во меѓународниот театарски фестивал „Скупи фестивал" - 2011 година	1
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на стручна комисија за Годишната програма на Министерството за култура на Република Македонија за 2009; област - драмска дејсност	1
2.	Учесник во работилница „Точка на гледање", Скопје 2003 година. Организатор - Детскиот театарски центар - Скопје и Француско-германската канцеларија за млади.	1

3.	Уметнички координатор на проектите „Улични приказни“ и „Театарот во образованието“, 2003-04 година - Детскиот театрски центар.	1
Учество на претстави и филмови на национални и интернационални манифестации		
1.	Националниот театарски фестивалот „Војдан Чернодрински“ - „Дервишот и смртта“, режија: Владимир Милчин, 2003 година.	1
2.	Националниот театарски фестивалот „Војдан Чернодрински“ - „Соседи” - режија: Срѓан Јанакиевиќ, 2005 година.	1
3.	Националниот театарски фестивалот „Војдан Чернодрински“ - „Фани доаѓа сам” - режија: Адонис Филипи, 2006 година.	1
4.	Националниот театарски фестивалот „Војдан Чернодрински“ - „Човек од перница“ - режија: Софија Ристевска, 2007 година.	1
5.	Меѓународен фестивал „Охридско лето“ - „Аквариум“ во режија: на Куштрим Бектеши, награда за најдобра претстава во 2006 година.	2
6.	„Меѓународен театарски фестивал на актерот“ во Фиер Р.Албанија - „Дервишот и смртта“, режија: Владимир Милчин - награда за најдобра претстава во 2004 година.	2
7.	„Меѓународен театарски фестивал на актерот“ во Фиер Р.Албанија - „Соседи”, режија: Срѓан Јанакиевич - 2005 година.	2
8.	„Меѓународен театарски фестивал на актерот“ во Фиер Р.Албанија - „Човек од перница“, режија: Софија Ристевска - 2006 година.	2
9.	Меѓународниот фестивал на театарот „Аполонија“ во Елбасан Р.Албанија, „Фани доаѓа сам” - режија: Адонис Филипи.	2
10.	Меѓународен фестивал на театарот во Гнилање „Јануарски оган“, Р.Косово, „Аквариум“ во режија на Куштрим Бектеши, награда за најдобра претстава во 2007 година.	2
11.	Меѓународниот фестивал на театарот во Зеница, Босна и Херцеговина, „Ре - Пинокио“ - режија: Тања Милетич Оручевич.	2
12.	Интернационален театарски фестивал на театарот во Истамбул - Р.Турција - „Дервишот и смртта“, режија: Владимир Милчин, 2004 година.	2
	Вкупно	**20,00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	70,80
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	54,00
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20,00
Вкупно	**144,80**

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Рефет Абази, с.р.

Ред. проф. м-р Елјеса Касо, с.р.

Ред. проф. Данчо Чеврески, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЗДАВАЊЕТО НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (СО ОСВРТ НА ОДНОСИТЕ СО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)“, ОД М-Р ЕНВЕР АБДУЛАХИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со одлука донесена на седницата одржана на 27.5.2013 год., формираше Комисија за оцена и одбрана на темата за докторска дисертација ***Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија)*** од кандидатот ***м-р Енвер Абдулахи,*** во состав: проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Љубомир Фрчкоски, проф. д-р Тони Дескоски, доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд и доц. д-р Елена Михајлова.

По разгледувањето на доставениот материјал, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Комисијата го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I

Докторската дисертација на кандидатот ***м-р Енвер Абдулахи*** под наслов ***Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија)*** дава исцрпна анализа на надворешната политика на Европската унија, со осврт на односите на ЕУ со Република Македонија во контекст на нејзината политика на проширување. Главниот предмет на овој истражувачки труд е успешната политика што ЕУ ја води со сите свои инструменти и механизми за промовирање на целите на својата политика кон Република Македонија. Кандидатот го разработува развојот на надворешната политика на ЕУ и во рамките на надворешните односи на Унијата се фокусира на односите на ЕУ со Република Македонија. Исто така, трудот нуди анализа и на успешноста на надворешната политика на ЕУ.

Со опишување и анализирање на одделни теоретски и методолошки пристапи во постојната литература, во кои се анализира надворешната политика на ЕУ и за да се надминат овие едностранн анализи, овој трудосе фокусира на резултатите на надворешната политика на Европската унија, со посебен осврт на нејзините проектирани политики или пак на сите активности во врска со Република Македонија, а имајќи ја предвид и еволуцијата на креирањето на надворешната политика, од една страна, и случувањата во глобалната светска политика, од друга.

Докторскиот труд ***Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија)*** содржи 250 страници компјутерски отчукан текст и се состои од вовед, седум дела и заклучок.

Во *првата глава* со наслов „Генезата на Европската унија“, кандидатот дава краток хронолошки приказ на европската политика по Втората светска војна и во текот на Студената војна, за да се опфатат политичките случувања по падот на Берлинскиот ѕид и појавувањето на вековниот стремеж за европско

обединување, како и процесот на европското интегрирање и динамиката на интегрирање во глобален контекст, кои беа теоретските предвидувања за идниот светски поредок и улогата на Европа во таквиот контекст.

Втората глава со насолв „Епистемологија на надворешната политика на ЕУ" содржи хронологија на теоретските пристапи кон изучувањето, а пред сè, на обидите за теоретско опишување и анализирање на надворешната политика на ЕУ во меѓународните односи (традиционалните перспективи) и другите алтернативни пристапи за анализирање на овој вид на дејствување во сферата на надворешните политики. На таков начин кандидатот го разработува концептот на „нормативна моќ" или трансформирање преку апсорбирање, како цел на надворешната политика на ЕУ кон Република Македонија.

Во *третата глава* насловена како „Европската политичка соработка", целта е да се анализира економската моќ, односно дали таа била конзистентна со европската политичка моќ на светската сцена или пак била пораз на сопствен терен. Еден таков пример е немоќта на европската дипломатија да ја спречи насилната дезинтеграција на поранешната СФРЈ. За да се опфати развојот на капацитетот на надворешната политика на ЕУ, кандидатот ги опишува и оценува чекорите на ЕУ на светската сцена почнувајќи од (првите) иницијативи за европската политичка соработка, како форум за координирање на надворешните политики на државите-членки со неформални и необврзувачки норми, а со цел да го илустрираме проектирањето на интеграциските тенденции на Европската унија како економска моќ што требаше со текот на времето да се развива во актер со релативна моќ во светската политика. Истражувањето продолжува со прикажување и опишување на почетните фази од европската политичка соработка. Кандидатот има за цел да направи споредба со заедничката надворешна и безбедносна политика -ЗНБП, да конкретизира кои се главните механизми со кои се хармонизираат трите столба на Европската унија и кои се другите интеринституционални односи и постапки при донесување одлуки како дел од финализираната и координираната меѓувладина заедничка позиција. На таков начин кандидатот прави анализа и вреднување на два сосема различни процеси: интеграцијата (на европско ниво) и дезинтеграцијата (на просторите на поранешната СФРЈ) и ја вреднува успешноста на ЕПС.

Во рамките на *четвртата глава* со наслов „Од ЕПС до ЗНБП", хронолошки е прикажана потребата за промени во бројните договори и спогодби со кои е создаден вториот столб наа ЕУ - ЗНБП, односно институционализирање на разните надлежности помеѓу бројните европски институции за што поуспешна и поефективна надворешна политика. Суштинското анализирање на методот на Унијата, што се однесува до целите и начините на функционирање, комбиниран со методот на меѓувладина соработка во областа на надворешната политика, преку анализирање на Договорот за Европската унија (Договорот од Мастрихт), па сè до Договорот од Лисабон од 2009 год.

Во *петтата глава* која носи наслов „Безбедносниот аспект на ЗНБП", кандидатот истражува и анализира во колкав степен принципот на кохерентност влијае на начинот на кој што ЕУ управува со своите надворешни активности, или со други зборови, во колкав степен разните механизми за градење на надворешната политика на ЕУ се логично поврзани или заемно обврзувачки кон надворешните активности, а пред сè на нејзината периферија (кон Балканот).

Во *шестата глава* – „Апсорбирање преку трансформирање", со цел да се согледа принципот на доследност, кандидатот се фокусира на надворешната политика на ЕУ кон Западен Балкан, со посебен осврт кон Република Македонија, како проблем што вклучува повеќе од три прототипа на надлежности за

донесување одлуки (ЕК-доминантна, доминантно-мешана и доминантно-меѓувладина).

Во завршната, *седма глава* од трудот - „ЕУ и нејзиниот однос кон Република Македонија", кандидатот дава одговор на тоа колку успеала надворешната европска политика преку ЗБНП да создаде и да изгради нов момент за да ја докаже нејзината кохерентна надворешна политика кон Република Македонија, притоа користејќи ги сите инструменти (заеднички позиции и заеднички акции и финално преку заедничка стратегија).

Во делот за заклучоци и понатамошни истражувања во овој домен на ЕУ, кандидатот ги сумира достигнувањата преку оценка на надворешната политика на ЕУ кон Република Македонија, за да придонесе кон теоретските дилеми за улогата на ЕУ на меѓународната сцена.

III

По разгледувањето на текстот на докторската дисертација под наслов ***Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија)*** од кандидатот ***м-р Енвер Абдулахи,*** Комисијата констатира дека се работи за солидно подготвена докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за изготвување на научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да ја прифати како успешна докторската дисертација на кандидатот ***м-р Енвер Абдулахи*** и темата за докторска дисертација под наслов ***Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија)*** и да овозможи нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

1. Д-р Денко Малески, редовен професор с.р.

2. Д-р Љубомир Фрчкоски, редовен професор с.р.

3. Д-р Тони Дескоски, вонреден професор с.р.

4. Д-р Каролина Ристова-Астеруд, доцент с.р.

5. Д-р Елена Михајлова, доцент с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДРАГАН БОГДАНОВСКИ-ЖИВОТ И ДЕЛО (1929-1998)" ОД М-Р МАРЈАН ИВАНОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оценување на докторскиот труд „Драган Богдановски - живот и дело (1929 - 1998)" именувана со одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје од 29 мај 2013 година, во состав: проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Зоран Тодоровски, проф. д-р Марјан Димитријевски и проф. д-р Виолета Ачкоска, по разгледувањето на предадениот труд од кандидатот м-р Марјан Иваноски, има чест на Научниот совет на Институтот за национална историја да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Македонската историографија досега не посветила доволно внимание на ликот и делото на Драган Богдановски, но и на македонската политичка емиграција во целина. Политичката емигарација и личностите поврзани со неа досега беа табу-тема и беа недостапни за истражување, а со тоа и на јавноста. Тоа беше и главниот мотив и причина докторандот м-р Марјан Иваноски да се зафати со проучување на оваа современа, комплексна, сложена, обемна но и недоволно истражена тема.

Драган Богдановски со својата повеќедецениска политичка активност несомнено оставил траен белег како меѓу бројната македонска емиграција во светот, така и во Република Македонија. Неговата активност која била поттикната од идеалот за независна и обединета македонска држава не останала незабележана од тогашната југословенска тајна полиција, односно македонската служба за безбедност, кои уште во 50-тите години на XX век, започнале да го создаваат неговото обемно досие. Токму тоа досие и пристапноста кон него, а кое се состои од повеќе од 10.000 страници, беше главниот мотив, но и изворен материјал, м-р Марјан Иваноски да пристапи кон изработка на докторска дисертација која ќе биде

озаглавена како "Драган Богдановски - живот и дело (1929-1998)." Покрај личното досие на Драган Богдановски кое претставува основа за расветлување на неговиот лик и дело, докторандот користел и други материјали како весници и списанија кои биле издавани од македонската емиграција, но и весници кои излегувале во Република Македонија, потоа разни интервјуа со неговите современици, дел од нивната архива, но и од сознанија добиени и од објавената постојна литература.

Докторскиот труд на кандидатот м-р Марјан Иваноски изнесува 260 страници и е поткрепен со 652 фусноти како појаснување на основниот текст, поделен е на предговор, вовед, седум глави со повеќе поглавја, заклучок, кратенки и користени извори и литература.

Во предговорот, докторандот дава еден пресек на досега објавените трудови тесно поврзани со оваа проблематика, но и на богатата архивска граѓа, со заклучок дека оваа тема е недоволно истражена. Тој јасно потенцира дека и покрај обемноста и комплексноста на темата што ја обработува, направил голем напор да ги истражи најважните аспекти од животот на Драган Богдановски, но и притоа констатира дека не навлегува во детали кои не влијаат на целината на трудот.

Во воведот е даден преглед на иселувањето на Македонците во XX век. Тука се обработени главните причини на иселувањето, од кои краеви на етно-географска Македонија најмногу се иселувале и каде се населувале, како и дејствувањето и влијанието на туѓите пропаганди меѓу македонската емиграција. Притоа, м-р Иваноски ќе констатира дека причините за иселувањето се различни во зависност од политичко-општествените околности и услови кои биле присутни во периодот кога се случиле. Па така, по завршувањето на Втората светска војна, започнала да се создава македонската политичка емиграција, но за разлика од претходниот период со искристализирани национални цели и стремежи.

Првата глава е насловена како „Почетоците на политичката активност". Во оваа глава, кандидатот м-р Иваноски ни го претставува Драган Богдановски во младите години, потеклото и школувањето, причините за негово емигрирање, престојот во грчкиот логор за емигранти „Лаврион" како негова прва дестинација и времето поминато во Бразил. Главата ја завршува со враќањето на Драган

Богдановски во Европа и формирањето на неговата прва емигрантска организација „Македонски национален фронт".

„Активноста меѓу македонската емиграција во периодот 1958-1972 година" е насловот на втората глава, во којашто кандидатот обработува еден значаен период од политичкото дејствување на Драган Богдановски, односно период на стекнување големо искуство во водењето на политички организации и редактирањето на весници. Имено, тогаш Драган Богдановски ја формирал организацијата "Македонски национален комитет", како и македонското културно друштво "Јане Сандански", како пандан на веќе формираното ванчомихајловистичко друштво "Тодор Александров" во Брисел, а подоцна се приклучил и во новоформираниот "Ослободителен комитет на Македонија". Од весниците што ги редактирал и ги финансирал, особено за издвојување е весникот "Македонска нација", кој набргу станал печатен орган на "Ослободителен комитет на Македонија".

Во третата глава насловена како „Активноста меѓу македонската емиграција од 1972 година до неговото апсење", кандидатот прави осврт на најплодотворната активност на Драган Богдановски во емиграцијата. Обработени се причините за промената на името на организацијата прво во "Движење за обединување на Македонија", а потоа во "Движење за ослободување и обединување на Македонија", внатрешните промени и несогласувања, како и меѓународните активности на организацијата, ширењето на организационата мрежа, односот со другите емигрантски организации, но и односот на Сојузот на комунистите на Македонија кон организацијата. Кандидатот заклучува дека активностите на Драган Богдановски кој ги извршувал во овој период биле од пресудно значење југословенската Служба за државна безбедност да преземе акции за негово тајно пренесување во СФРЈ.

"Лишување од слобода (1977-1987)" е насловот на четвртата глава, во која м-р Иваноски детално го објаснува киднапирањето на Драган Богдановски од страна на југословенската Служба за државна безбедност, неговото осумнаесетмесечно држење во изолација на тајно место, судскиот процес, реакциите на пресудата и престојот во КПД "Идризово". Овој период од животот на Драган Богдановски бил

пресуден за неговите натамошни политички погледи од причини што и покрај лишувањето од слобода и притисоците од Службата за државна безбедност, тој не потклекнал и не ги променил своите ставови и размисли за целосното решавање на македонското национално прашање, ќе констатира кандидатот.

Ослободувањето на Драган Богдановски од затворот, како и неговиот кус престој во Скопје и повторното емигрирање во Шведска, кандидатот ги обработува во петтата глава насловена како „Повторно на слобода".

Во шестата глава, насловена "Вклучување во политичките процеси на Република Македонија", Иваноски ни ја опишува последната фаза од политичката активност на Драган Богдановски. Во оваа глава се обработени почетоците на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и улогата на Драган Богдановски во неа, но и несогласувањата. Судирот со тогашниот политички врв на ВМРО-ДПМНЕ резултирал со негово повлекување од партијата и формирање на нов политички субјект - "Македонски национален фронт". Токму од тој судир произлегле низа притисоци и непријатности кои ги доживувал во Република Македонија, кои биле главна причина Драган Богдановски трајно да ја напушти татковината.

"Последни години" е насловот на седмата глава, во која кандидатот ни го претставува Богдановски како публицист, кој иако бил во поодминати години, неуморно пишувал анализи и критики за општествено-политичката состојба во Р. Македонија. Во таква состојба на сè уште активна работа, ненадејно починува на 1 јуни 1998 година.

Во заклучокот, вообичаено е даден пресек на севкупните активности на Драган Богдановски, со силно потенцирање на неговите мотиви за неговото национално дејство, кое државните структури на времето го гледале како негативна појава и рушење на тогашното државно уредување.

Докторандот м-р Марјан Иваноски, како и секој научен работник, при обработката на помалку истражени историски теми и во случајов тема од нашето современие, со мала историска дистанца ги користи вообичаените правила и методи на хронолошко изразување на настаните. Стилот на изразување е мошне лесен и разбирлив, методолошки добро компониран со користење на сите научно

истражувачки методи започнувајќи од хронологијата, изнесувањето на фактите, нивната компарација, коментирајќи одредени сознанија и искази и, на крајот, сериозна анализа на одделни настани и документи. Во пишувањето на трудот, докторандот ја имал можноста за проверка на фактите преку направените контакти и разговори со директните или индиректните актери во настаните.

Заради сето горенаведено, слободни сме да го искажеме мислењето дека ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за национална историја да ја започне постапката за организирање на јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Ивановски под наслов: "Драган Богдановски - живот и дело (1929 - 1998)".

Скопје, 7 јуни 2013 година.

Комисија,

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски с.р.
Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.
Проф. д-р Зоран Тодоровски с.р.
Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.
Проф. д-р Виолета Ачковска с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.02-1230/7 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 31 мај 2013 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден **наслoвен доцент** во наставно-научната област физика, а во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот "Дневник" од 9 мај 2013 година.

На објавениот конкурс се пријави кандидатката: д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, асистент по физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци

Д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска е родена во Скопје, на 8 јуни 1976 година. Основно училиште и природно-математичка гимназија завршила во Крива Паланка со континуиран одличен успех. При тоа редовно учествувала на регионалните и републичките натпревари по математика и физика, на кои покажува солидни резултати.

Во 1994 година се запишала на студии по физика на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката наставна физика, кои ги завршила на 15 ноември 1999 година.

Во учебната 2000/2001 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката физика на кондензирана материја, отсек: *физика на полуспроводници и течни кристали*. По успешната одбрана на магистерскиот труд во октомври 2007 г. со наслов *C–V карактеристики на свежи и деградирани тенки филмови од* Ta_2O_5, работен под менторство на проф. д-р Ненад Новковски, се здобила со звањето *магистер на физички науки*.

Темата за изработка на докторска дисертација, со наслов *Особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност*, под менторство на проф. д-р Ненад Новковски ја пријавила на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во декември 2008 година, а ја одбранила на 18 март 2013 година, со што се здобила со научниот степен *доктор на физички науки*.

Од октомври 2002 до јануари 2003 година е ангажирана како демонстратор по предметите од наставно-научната област физика на Електротехничкиот факултет во Скопје. Во јануари 2003 година е избрана во звањето *помлад асистент по физика*, а реизбрана во истото звање на 17 февруари 2006 година. На 27 февруари 2008 г., м-р Лихнида Стојановска-Георгиевска е избрана, а во ноември 2011 повторно е избрана во звањето *асистент* по предметите од наставно-научната област физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Активно го користи англискиот, а има и основни познавања од германскиот јазик.

2. Наставно-образовна дејност

Наставната ангажираност на **д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска** се состои во изведување на аудиториски и лабораториски вежби по предметите физика 1, физика 2, електрооптика и инженерска механика за студентите од Факултетот за електротехника и информациски технологии, како и по предметите: физика за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и практикум по инженерска физика за студентите од Машинскиот факултет во Скопје. Исто така, таа активно учествува во организирањето и изведбата на подготвителната настава по физика за новозапишаните студенти на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Дел од наставно-образовните активности на **д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска** е нејзиното учество, како коавтор, во изработката на учебните помагала и практикуми за лабораториски вежби по предметите на кои е ангажирана. Исто така, таа е коавтор и на збирка задачи по физика за студентите од Факултетот за електрника и информациски технологии со наслов „Збирка на одбрани решени задачи по физика 1“, од авторите В. Георгиева, Х. Спасевска, М. Гиновска, Л. Баснарков, Л. С-Георгиевска и Т. Ивановска.

Во изминатиот период била член на комисија за одбрана на повеќе дипломски работи.

3. Научно истражувачка дејност

Како помлад истражувач, **д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска** има објавено 23 научни и стручни трудови, во кои се јавува како нивни автор или коавтор и тоа: 17 научни труда (од кои 2 објавени во меѓународно списание со фактор на влијание и поглавје во научна книга од меѓународен издавач, потоа трудови презентирани на 4 меѓународни научни собири и 6 домашни конференции со меѓународно учество, објавени на англиски јазик и во референтни научно/стручни списанија или зборници на трудови, меѓу кои и 4 меѓународни работилници), како и 6 стручни труда, презентирани на домашни конференции.

Трудовите со ред. бр. [1]–[2] се рецензирани при изборот во звањето помлад асистент, во рефератот објавен во Билтенот на УКИМ бр. 890, додека трудовите со редни броеви [3]–[9] и [10]–[18], се рецензирани при изборот и реизборот во звањето асистент, во рефератите објавени во Билтенот на УКИМ бр. 934 и 1017, соодветно.

Во продолжение е дадена кратка содржина на трудовите објавени по претходниот избор.

[23] L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "*C-V* analysis at variable frequency of MOS structures with different gates, containing Hf doped Ta_2O_5", Physica Macedonica, vol. 61, p. 13-20 (2012).

Во трудот е анализирано влијанието на меѓуповршинскиот слој кој неизбежно се јавува кај MOS-структурите кои содржат диелектричен слој со висока пермитивност. Користени се две техники на екстракција на релевантните параметри, капацитетно-напонски мерења и мерење на напонската зависност на кондуктансата. Направена е споредба на добиените вредности за напонот на рамни зони и оксидниот полнеж, со двете техники. Особено внимателно се анализирани MOS структурите кои содржат порта од метал со висока излезна работа, кои покажуваат дополнителни ефекти.

[22] L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, "Computer-added *C-V* measurement and analysis of metal/high-k/Si structure", Advances in intelligent and soft computing 150, ICT Innovations 2011, Springer 301-310 (2012).

Брзиот напредок на микроелектрониката во насока на наноелектронски уреди, неминовно ги воведува диелектричните материјали со висока пермитивност, како едно од можните решенија за примени како изолаторски слоеви во модерните уреди. Оттаму, истражувањето и карактеризирањето на овие материјали е актуелен предизвик на научниците. Овде се дадени примери на примена на современите софтверски решенија како VEE Pro и OriginPro 8.1 за дигитално контролирано спроведување на мерењата и анализа на податоците, како и нивна интерпретација.

[21] L. S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Charge trapping at low injection currents in (TiN, Mo, Pt)/Ta2O5:Hf/SiO2/Si structures", Proceedings of 28th International MIEL conference 2012, IEEE, 13-16 May, Nish, Serbia, 331-334 (2012).

Во овој труд е анализирано влијанието на горната електрода врз однесувањето на MOS-структурите кои содржат диелектричен слој од Ta_2O_5 допингуван со Hf, т.е. диелектрик со висока пермитивност. Се покажува дека металите со висока излезна работа, кои се преферирани за примена како порти кај ваквите уреди, предизвикуваат креирање на дополнителни стапици за полнеж кои влијаат врз еволуцијата на напонот во работни услови, т.е. при напонски стрес.

[20] L.S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Capacitance-voltage characterization of Ta2O5-HfO2 mixed stacks", Proceedings of X ETAI Conference, E4-4, ETAI 16-20 September, Ohrid, Macedonia (2011).

Фреквентната зависност на основните електрични параметри на MOS-структури кои содржат мешани пластови од Ta_2O_5-HfO_2, како два најперспективни изолаторски материјала во современата микроелектроника, е истражена преку следење на промените на капацитетот и кондуктансата при различни фреквенции. Од овие мерења, извлечени се заклучоци за вредностите на напонот на рамни зони, густината на меѓуповршинските стапици и концентрацијата на примесите во силициумовата подлога, како едни од главните параметри кои ги карактеризираат MOS-структурите.

[19] M. Mihajlova, T. Ivanovska, L. Stojanovska-Georgievska, M. Ginovska, H. Spasevska, "Deposition Principles of Dye Sensitized Solar Cells", Abstract book of Workshop Low-cost solar cells 2011: Opportunities and challenges for green energy, p-p. 33, 15-18 May, 2011, Skopje, Macedonia (2011).

Развојот на соларните технологии, особено во насока на изнаоѓање поевтини материјали и постапки за добивање, доведува до појава на третата генерација на соларни ќелии кои содржат фотосензитивна анода и електролит. Овде накратко се дадени основите на депозиционите техники за добивање на вакви соларни ќелии.

Во текот на своето работно искуство, д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска била или е тековно вклучена во работата на 5 домашни научно истражувачки проекти и 6 меѓународни проекти.

4. Стручно-апликативна дејност

Д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска активно членува во следниве здруженија:

– Друштво на физичарите на Република Македонија, каде што во периодот 2009-2011 и 2013-тековно, е член на Комисијата за спроведување на регионалните и републичките натпревари по физика, а во периодот 2011-2013 ја извршува функцијата благајник на Друштвото;

– исто така, член е на Здружението на инженерите по физика на Република Македонија и на

– македонскиот огранок на ИЕЕЕ.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложеното за севкупната досегашна активност на кандидатката, личното познавање и непосредната соработка со неа, Комисијата заклучи дека д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска одговорно и успешно ги извршувала сите обврски од наставно-образовната дејност и постигнала забележителни резултати во научно истражувачката и стручно-апликативната дејност, а тоа го потврдуваат реферираните трудови објавени во меѓународни списанија и во зборници на трудови од научни и стручни собири.

Од приложениот анекс кон извештајот со поени за активностите во наставно-образовната, научно истражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката, се забележува дека кандидатката освоила значително поголем број на поени во трите области од минималните потребни за избор во звањето за кое конкурира, со што ги исполнува условите утврдени со Законот за високотообразование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање има чест и задоволство да му предложи на Наставно –научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии да ја избере кандидатката ас. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска во звањето насловен доцент по предметите од наставно-научната област физика.

Скопје, јуни 2013

Рецензентска комисија,

1. Д-р Вера Георгиева, претседател, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје

2. Д-р Маргарита Гиновска, член, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје

3. Д-р Христина Спасевска, член, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Лихнида Стојмен Стојановска-Георгиевска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: физика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување вежби (аудиториски и лабораториски)**	**127,8**
	физика 2 (2002/2003, летен семестар)	5,4
	физика 1 (2003/2004, зимски семестар)	5,4
	физика 2 (2003/2004, летен семестар)	5,4
	физика 1 (2004/2005, зимски семестар)	3,6
	отсуство (2004/2005, летен семестар)	0
	физика 1 (2005/2006, зимски семестар)	6,3
	електрооптика (2005/2006, зимски семестар)	1,35
	физика 2 (2005/2006, летен семестар)	5,4
	физика 1 (2006/2007, зимски семестар)	9
	електрооптика (2006/2007, зимски семестар)	1,35
	физика 2 (2006/2007, летен семестар)	5,4
	физика 1 (2007/2008, зимски семестар)	6,3
	електрооптика (2007/2008, зимски семестар)	1,8
	физика 2 (2007/2008, летен семестар)	5,85
	физика 1 (2008/2009, зимски семестар)	8,55
	електрооптика (2008/2009, зимски семестар)	1,8
	физика 2 (2008/2009, летен семестар)	8,1
	отсуство (2009/2010, зимски семестар)	0
	отсуство (2009/2010, летен семестар)	0
	физика 1 (2010/2011, зимски семестар)	5,4
	електрооптика (2010/2011, зимски семестар)	1,8
	физика 2 (2010/2011, летен семестар)	5,85
	физика 1 (2011/2012, зимски семестар)	5,4
	електрооптика (2011/2012, зимски семестар)	1,35
	инженерска механика (2011/2012, зимски семестар)	0,9
	физика 1 ТМФ (2011/2012, зимски семестар)	2,25
	физика 2 (2011/2012, летен семестар)	5,85
	физика 2 ТМФ (2011/2012, летен семестар)	2,25
	физика 1 (2012/2013, зимски семестар)	1,8
	електрооптика (2012/2013, зимски семестар)	1,8

	инженерска механика (2012/2013, зимски семестар)	0,9
	физика ТМФ (2012/2013, зимски семестар)	5,4
	физика 2 (2012/2013, летен семестар)	5,4
	физика МФ (2012/2013, летен семестар)	0,45
2	**Консултации со студенти**	**10,186**
3	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	**1,1**
	Член на комисија за одбрана на 11 дипломски работи	1,1
4	**Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум**	**3**
	Збирка на одбрани решени задачи по физика 1, Факултет за електротехника и информациски технологии, УКИМ (2013)	3
5	**Пакет материјали по одреден предмет**	**5**
	Пакет материјали по предметите физика 1 и физика 2 за ФЕИТ, физика за листа на УКИМ, ЕО, физика за ТМФ	5
6	**Настава во школи и работилници**	**4**
	Подготвителна настава по физика-2010, 2011 и 2012	3
	Учество во летна школа (Summer School on Physics of Advanced Materials 2003, Greece)	1
	Вкупно	**151,086**

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1	**Одбранета докторска теза „Особености на капацитетните карактеристики на диелектрици со висока пермитивност".**	**8**
2	**Одбранета магистерска работа „C–V карактеристики на свежи и деградирани тенки филмови од Ta_2O_5".**	**4**
3	**Учесник во национален научен проект**	**15**
	Добивање, карактеризација и параметарски испитувања на наноструктурни сончеви ќелии, 0165 НИП 08-3619/23, финансиран од ФЕИТ, 2011-2012	3
	Натпреварите по физика – промоција на науката, знаењето и државата, Проект бр. 02-2357/202/7 финансиран од АД ЕЛЕМ, 2012	3
	Особености на зафаќањето на полнежи и генерирање стапици за полнеж во диелектрици со висока пермитивност, МОН, 2010-2012	3
	Протокол за контрола на квалитет на техничко-технолошкиот процес во мамографските системи, бр. 14-2905/1 финансиран од приватна здравствена институција и МОН, 2009	3
	Развој на протокол за тестирање и испитување на високонапонски масла, кои се користат кај медицинските рендген-апарати, бр. 14-2601/1, финансиран од приватна здравствена институција и МОН, 2007	3
4	**Учесник во меѓународен научен проект**	**30**
	The role of the Central European Initiative to enhance cooperation of Western Balkan Countries on green energy production, CEI CA Ref. No. 1202.059-13, 2013	5
	BUILD UP Skills MK, FP7- IEE/12/425, 2012-2014	5

	II Workshop Low-cost solar cells, 2011: Opportunities and challenges for green energy, CEI-CA, Ref. No.1202.081-10, 2011	5
	Training and education in nuclear physics and applications, IAEA – Regional Technical Cooperation Project RER/0/028, 2009-2011	5
	Establishing Centre for Implementation of low-cost technologies for solar cells in Macedonia (CHEAP-CELL), CEI-KEP, Ref. No. 1206.024-08, 2008-2009	5
	Workshop New frontiers of low-cost photovoltaic solar cells, CEI-CA, Ref. No. 1202.104-07, 2008	5
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	**25,2**
	[23] L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "C-V analysis at variable frequency of MOS structures with different gates, containing Hf doped Ta2O5", Physica Macedonica, vol. 61, p. 13-20 (2012)	3,2
	[16] L. S. Georgievska, N. Novkovski and E. Atanassova, "Study on frequency dependence of C-V characteristics of unstressed mixed HfO2-Ta2O5 stacks", Physica Macedonica, vol. 59, p. 23-30 (2011)	3,2
	[15] V. Georgieva and L. Stojanovska-Georgievska, "Some advantages of heterojunction solar cells versus schottky barrier solar cells based on Cu2O", Physica Macedonica, vol. 58, p. 133-138 (2008)	3,6
	[14] L. Stojanovska-Georgievska, E. Atanassova and N. Novkovski, "Alteration of C-V characteristics of metal-Ta2O5-Si capacitors by constant voltage stress", Physica Macedonica, vol. 58, p. 107-112 (2008)	3,2
	[11] L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov, M. Ginovska, H. Spasevska, "Disadvantages and improvement technics of LCD addressing", Macedonian Physics Teacher 47, p. 6-10 (2007/2008)	2,4
	[10] L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov, T. Manevska, J. Pazardzievska, M. Ginovska, H. Spasevska, "Approximated model for reading written compact disc", Macedonian Physics Teacher 47, p. 1-5 (2007/2008)	2,4
	[6] V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov "Some experiences of implementation of ECTS in eductional process in physics at ETF in Skopje", Bulletin des Physiciens de la République Macédoine, vol. 46, p.p. 58-67 (2004-2006)	2,4
	[5] V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov "Analysis of the grades in physics 1 at Faculty of electrical engineering in Skopje, compared to high-school grades in physics and mathematics", Bulletin des Physiciens de la République Macédoine, vol. 46, p.p. 49-57 (2004-2006)	2,4
	[4] V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov "Analysis of student structure and ranking on qulification exam in physics on the Faculty of electrical engineering in Skopje", Bulletin des Physiciens de la République Macédoine, vol. 46, p.p. 36-48 (2004-2006)	2,4

6	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**11,05**
	[22] L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, "Computer-added C-V measurement and analysis of metal/high-k/Si structure", Advances in intelligent and soft computing 150, ICT Innovations 2011, Springer 301-310 (2012)	5,4
	[18] L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski and E. Atanassova, "Charge trapping effect at Pt/high-k dielectric (Ta_2O_5) interface", Physica B 406, 3348-3353 (2011)	5,65
7	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**2,8**
	[8] L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, H. Spasevska, M. Ginovska, "Supramolecules: materials of the future", Proceedings of 8th National conference of ETAI, E1-5, Ohrid, Macedonia (2007)	1,2
	[7] V. Georgieva, A. Tanusevski, L.S.Georgievska "Preparation and characterization of electrochemicaly deposited ZnO thin film", Proceedings of 6th General conference of Physical society of RMacedonia, Ohrid, Macedonia (2006)	1,6
8	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**14,4**
	[21] L. S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Charge trapping at low injection currents in (TiN, Mo, Pt)/Ta_2O_5:Hf/SiO_2/Si structures", Proceedings of 28th International MIEL conference 2012, IEEE, 13-16 May, Nish, Serbia, 331-334 (2012)	2,4
	[20] L.S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Capacitance-voltage characterization of Ta_2O_5-HfO_2 mixed stacks", Proceedings of X ETAI Conference, E4-4, ETAI 16-20 September, Ohrid, Macedonia (2011)	2,4
	[13] L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, C. Ancora, V. Georgieva, M. Ginovska, G. Ruani, H. Spasevska, "Equvalent circuit analysis of TiO_2/$CuInS_2$ solar cells", Proceedings of XX Congress of Chemists and Tech. of Macedonia, ECH–01-E, 17- 20 Sep. (2008)	1,8
	[3] L. Stojanovska-Georgievska, I. Janevska, T. Goryczka, "Structure solution and refinement from X-ray diffraction data", Proceedings of Summer school of Physics od advanced materials, Thessaloniki, Greece, p. p. 147-158 (2005)	2,4
	[2] L. S. Stojanovska-Georgievska, "Dielecrtical spectroscopy of soft materials", Proceedings of Summer school of Physics od advanced materials, Thessaloniki, Greece, p. p. 14-18, (2005)	3
	[1] H. Spasevska, M. Ginovska and L. Stojanovska-Georgievska, "Dielectric relaxation of segmented non-conjugated polymer containing 1,3,4-oxadiazole rings", Proceedings of Balkan Physical Union-5, p.p. 679-682 (2003)	2,4

9	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**2**
	L. S. Georgievska, "APPLICATION OF HIGH-K DIELECTRICS IN NANOTECHNOLOGIES", Workshop Skills development for young researchers and educational personal in nano and microelectronics curricula, SNF-SCOPES, may 2012, Skopje	2
10	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**14**
	L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "C-V analysis at variable frequency of MOS structures with different gates, containing Hf doped Ta2O5", 9th Conference of SPRM, 2012, Ohrid, Macedonia, 20-23 sep (2012)	1
	L. S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Charge trapping at low injection currents in (TiN, Mo, Pt)/Ta2O5:Hf/SiO2/Si structures", 28th International MIEL conference 2012, IEEE, 13-16 May, Nish, Serbia, 331-334 (2012)	1
	L. Stojanovska-Georgievska, N. Novkovski, "Computer-added C-V measurement and analysis of metal/high-k/Si structure", ICT Innovations 2011, Skopje (2012)	1
	L.S. Georgievska, N. Novkovski, E. Atanassova, "Capacitance-voltage characterization of Ta2O5-HfO2 mixed stacks", X ETAI Conference, ETAI 16-20 September, Ohrid, Macedonia (2011)	1
	M. Mihajlova, T. Ivanovska, L. Stojanovska-Georgievska, M. Ginovska, H. Spasevska, "Deposition Principles of Dye Sensitized Solar Cells", Workshop Low-cost solar cells 2011: Opportunities and challenges for green energy, 15-18 May, 2011, Skopje, Macedonia (2011)	0,5
	T. Ivanovska, L. Stojanovska-Georgievska, G. Ruani, M. Ginovska and H. Spasevska, "Investigation of Optical Parameters of TiO2 Thin Films for Low-Cost Solar Cells", Workshop Low cost solar cells 2011: Opportunities and chalenges for green energy, (2011)	0,5
	L. S. Georgievska, N. Novkovski and E. Atanassova, "Frequency dependence of C-V characteristics of unstressed HfO2-Ta2O5 stacks", 8th Conference of SPRM, 23-25 sep 2010, Skopje, Macedonia (2010)	1
	L. Stojanovska-Georgievska, E. Atanassova and N. Novkovski, "Alteration of C-V characteristics of metal-Ta2O5-Si capacitors by constant voltage stress", 7th Conference of SPRM, Ohrid, Macedonia (2008)	1
	L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, C. Ancora, V. Georgieva, M. Ginovska, G. Ruani, H. Spasevska, "Equvalent circuit analysis of TiO2/CuInS2 solar cells", XX Congress of Chemists and Tech. of Macedonia, 17- 20 Sep.(2008)	0,5
	L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, C. Ancora, V. Georgieva, M. Ginovska, G. Ruani, H. Spasevska, "Impedance model for different thin films used in TiO2/CuInS2 solar cells" , Workshop New frontiers for Photovoltaic solar cells, 2008, Skopje, Macedonia (2008)	0,5
	L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov, M. Ginovska, H. Spasevska, "Disadvantages and improvement technics of LCD addressing", 7th Conference of SPRM, Ohrid, Macedonia (2008)	1
	L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, H. Spasevska, M. Ginovska, "Supramolecules: materials of the future", 8th National conference of ETAI, Ohrid, Macedonia (2007)	0,5

	V. Georgieva, A. Tanusevski, L.S.Georgievska, "Preparation and characterization of electrochemicaly deposited ZnO thin film", 6th General conference of Physical society of RMacedonia, Ohrid, Macedonia (2006)	0,5
	V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov, "Some experiences of implementation of ECTS in eductional process in physics at ETF in Skopje", 6th General conference of Physical society of RMacedonia, Ohrid, Macedonia (2006)	1
	V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov "Analysis of the grades in physics 1 at Faculty of electrical engineering in Skopje, compared to high-school grades in physics and mathematics", 5th General conference of Physical society of RMacedonia, Ohrid, Macedonia (2004)	1
	V. Georgieva, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, L. Basnarkov "Analysis of student structure and ranking on qulification exam in physics on the Faculty of electrical engineering in Skopje", 5th General conference of Physical society of RMacedonia, Ohrid, Macedonia (2004)	0,5
	H. Spasevska, M. Ginovska and L. Stojanovska-Georgievska "Dielectric relaxation of segmented non-conjugated polymer containing 1,3,4-oxadiazole rings", Conference of Balkan Physical Union-5, Vrnjacka banja, Serbia and Montenegro (2003)	0,5
	L. S. Stojanovska-Georgievska, "Dielecrtical spectroscopy of soft materials", Summer school of Physics od advanced materials, Thessaloniki, Greece (2003)	1
11	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	**3**
	[19] M. Mihajlova, T. Ivanovska, L. Stojanovska-Georgievska, M. Ginovska, H. Spasevska, "Deposition Principles of Dye Sensitized Solar Cells", Abstract book of Workshop Low-cost solar cells 2011: Opportunities and challenges for green energy, p-p. 33, 15-18 May, 2011, Skopje, Macedonia (2011)	1
	[17] T. Ivanovska, L. Stojanovska-Georgievska, G. Ruani, M. Ginovska and H. Spasevska, "Investigation of Optical Parameters of TiO2 Thin Films for Low-Cost Solar Cells", Abstract book of Workshop Low-cost solar cells 2011: Opportunities and challenges for green energy, p-p. 28-29, 15-18 May, 2011, Skopje, Macedonia (2011)	1
	[12] L. Basnarkov, L. Stojanovska-Georgievska, C. Ancora, V. Georgieva, M. Ginovska, G. Ruani, H. Spasevska, "Impedance model for different thin films used in TiO2/CuInS2 solar cells" , Proceedings of workshop New frontiers for Photovoltaic solar cells, 2008, A14, Skopje, Macedonia (2008)	1
	Вкупно	**129,45**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

1	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	**12**
	Комисија за натпревари по физика за основните и средните училишта во Р. Македонија, во организација на ДФРМ (2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013)	6
	Државен натпревар на младите техничари и природници од Република Македонија (2006, 2008, 2011, 2012,2013)	5

	Државен натпревар на младите истражувачи од Република Македонија, 2013	1
2	**Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот**	**5,5**
	Отворен ден на ФЕИТ (2004-2013)	5
	Презентација на ИМФ за можностите за изработка на матурска тема, 2012	0,5
3	**Превод**	**6**
	Превод на книгата „Одржлива енегрија-избор меѓу опциите“, од авторите Џеферсон В. Тестер, Елизабет М. Дрејк, Мајкл В. Голеј, Мајкл Џ. Дрискол и Вилијам А. Петерс, Дата Понс, ISBN 987-608-222-034-5 (2012)	3
	Превод на дел од книгата „Механика на флуиди“, од авторот Френк М. Вајт, Арс Ламина, ISBN 978-608-4535-08-9 (2009)	1
	Превод на дел од книгата „Физика за заштита од радијација“, од авторот Џејмс Е. Мартин, Просветно дело, ISBN 978-9989-0-0726-2 (2009)	1
	Превод на дел од книгата „Микроелектронски кола“, од авторите Адел С. Седра, Кенетх Ц. Смитх, Арс Ламина, ISBN 978-608-4535-47-8 (2009)	1

Дејности од поширок интерес

4	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	**1**
	Книга Школа „Млади физичари“ - Физиката и природните катастрофи, ISBN 978-9989-2417-9-6, 2011	0,5
	Книга Школа „Млади физичари“ - Експериментот во физиката, ISBN 978-608-4711-00-1, 2012	0,5
5	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	**1**
	Член на организационен одбор на Школа „Млади физичари“, 2011 и 2012	1
6	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**3**
	Член на ОО на Workshop New frontiers of low-cost photovoltaic solar cells, 2008, 29–31 May, Skopje	1
	Член на ОО на Workshop Low cost solar cells-Opportunities and challenges for green energy, 2011, 15–18 May, Skopje	1
	Член на ОО на Конференција на ДФРМ, 2012	1
7	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	**2**
	Електрично карактеризирање на структури Pt-Ta2O5/SiO2/Si-научно истражувачки проекти на млади истражувачи при МОН, 2011 - носител	1
	Моделирање и оптимизација на тенки филмови за фотоволтаични уреди, научно истражувачки проекти при МОН, 2009 - соработник	0,5
	Истражување на потребите на пазарот на трудот во Република Македонија за различни профили на физичари, Влада на РМ, 2009 - соработник	0,5

8	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**	**5**
	Technology and knowledge transfer for green energy production, CEI-KEP, 2012 - соработник	1
	The role of the Central European Initiative to enhance cooperation of Western Balkan Countries on green energy production, CEI-CA, 2011 - соработник	1
	MACSOLAR: Development and promotion of solar energy in Macedonia, CEI-KEP, 2009 - соработник	1
	MAK-SOLE: Strengthening research and development capacities of Macedonia on solar cells, CEI Special Fund for Climate and Environment Protection, 2008 – соработник	1
	Construction of novel Liquid crystal Systems doped by nanoparticles and their electrical and optical characterization, TUBITAK 2008 – соработник	1
9	**Член на факултетска комисија**	**2,5**
	Центар за нови студенти	0,5
	Комисија за попис на ФЕИТ (2006, 2010 и 2011)	1,5
	Комисија за прием на лабораториска опрема, 2011	0,5
10	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**	**4**
	Подготовка на Национален извештај за капацитетите на градежниот сектор во областа на ЕЕ и ОИЕ, 2013	2
	Подготовка на Национален патоказ за развој на капацитетите на градежниот сектор во областа на ЕЕ и ОИЕ, 2013	2
	Вкупно	**42**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**151,086**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**129,45**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**42**
Вкупно	**322,536**

Скопје, јуни 2013

Рецензентска комисија:

1. Д-р Вера Георгиева, претседател, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје
2. Д-р Маргарита Гиновска, член, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје
3. Д-р Христина Спасевска, член, с.р.
   редовен професор на ФЕИТ, Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација „Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001-2011)“ од м-р Катерина Вељановска, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Наставно научниот совет на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје на седница одржана 26.04.2013 година донесе одлука за формирање комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација под наслов "Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001 – 2011)", од кандидатот м-р Катерина Вељановска, во состав: проф д-р Гордана Силјановска – Давкова, проф.д-р Томе Груевски, доц. Д-р Зоран Илиевски, доц. д-р Ненад Марковиќ и доц. д-р Владимир Божиновски. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето

Според Макс Вебер, легитимноста претставува верување на учесниците во еден политички систем, ,,основата на секој авторитативен систем и соодветно на тоа на каков вид волја да се покорат, е верување врз основа на кое на лицата кои покажуваат авторитет им се дава престиж“. Од друга страна, пак, нормативното толкување на легитимноста го зазема стандардот на прифатливост или оправдување на политичката моќ или на авторитетот, и можеби, и на обврската. Легитимноста објаснува зошто употребата на политичка моќ од страна на одредено тело – држава или влада – е допустлива и зошто постои *pro tanto* морална обврска да се покориме на нивните наредби.

Во рамките на политичкиот систем, репрезентативната влада е онаа која во најголем дел учествува во процесот на креирање јавни политики.

Но, во сегашните процеси на креирање јавни политики, оваа легитимизација на претставувањето изгледа дека не е доволна.

Традиционалното учество преку гласање на избори го загуби својот замав поради недостатокот на доверба во очите на јавноста кога се гласа на народни избори. Токму поради ова, јавноста стана поактивна во процесите на креирање јавни политики.

Процесите на креирање јавни политики со учество на јавноста вклучуваат различни нивоа на граѓанско учество во креирањето политики од страна на легитимно избраните претставници. Според Арчон Фунг, процесот на креирање политики помина низ „тектонски движења во политичката и социјалната организација“, давајќи простор за пораст на граѓанското учество.

Во денешниот постпарламентарен начин на управување, каде што луѓето мора да бидат информирани и да знаат како да ги стават своите проблеми на политичката агенда, процесот на креирање политики со учество на јавноста, а оттаму јавното мислење почнува да се движи со поголема одговорност, со што на идиректен начин ги рефлектира потребите на луѓето повеќе отколку што го прави тоа репрезентативната влада.

Како илустрација, Европската унија константно е критикувана затоа што има демократски дефицит, а како причина за тоа се наведува индиректното претставување во институциите во ЕУ, со исклучок на Европскиот парламент.

Врз основа на согледувањето на фактот дека демократските општества се придвижиле кон процесот на креирање политики под влијание на јавното мислење, логично е да се заклучи дека овој процес на креирање политики со учество на јавноста може само да ја зголеми легитимноста на репрезентативната влада.

Англискиот филозоф и економист Џереми Бентам (1748 – 1832) ги увидол најголемите тешкотии на законодавецот како "смирување на јавното мислење, коригирање кога се греши, и во давање на опција што ќе биде најповолна за да произведе покорност за време на тековниот мандат". Во исто време, Бентам и некои други мислители верувале дека јавното мислење е корисна проверка на авторитетот на владетелите. Бентам побарал сите официјални акти да бидат јавно објавени, со цел просветеното јавно мислење да може да суди за нив.

Во раните години на модерната демократија, некои научници ја потврдија моќта на јавното мислење, но предупредија дека тоа може да биде опасна сила. Токвил е загрижен дека владеењето на масите ќе прерасне во "тиранија на мнозинството". Во таа насока би се запрашале: дали јавното мислење секогаш се смета за констуктивна или корисна сила во една демократија?

Потребно е да ја земеме предвид и опасноста од популизам, односно опасностите од целосно подведување на владата под јавното мислење.

Популизмот се гради на основа на замисленото единство на народот против политичките и културните елити, но исто така и против групи кои наводно се заштитени од овие елити. Основниот принцип на популизмот е секогаш ист: „Ние против нив” – класна борба на "обичните луѓе" наспроти "владејачкото уредување" и/или привилегираната елита. Станува збор за зајакнување на физичките и менталните бариери, секогаш со користење на постојните стереотипи, стравови и општествени ситуации со цел да се постигне максимум на ефективност за сопствената агенда.

Сето тоа води кон опасност од непочитување на законодавните правила и до тотално безредие во едно општество, наспроти она што се декларира како демократија.

Треба секогаш да имаме во увид дека улогата на јавното мислење се разликува од прашање до прашање, исто како што јавното мислење различно се изразува од една демократија до друга. Можеби, најбезбедната генерализација којашто може да се направи е дека јавното мислење не влијае на деталите на повеќето владини политики, но сепак поставува граници во кои креаторите на политиките треба да се придвижат. Јавните службеници ќе се обидат да ја задоволат широко распространетата побарувачка – или барем да ја земат предвид во нивните размислувања – тие обично ќе се обидат да избегнат одлуки за кои веруваат дека ќе бидат широко непопуларни.

Ова треба да се земе предвид со цел тежнеење кон поставување на рамнотежа во општеството помеѓу легитимноста на креаторите на јавните политики со јавното мислење кое потекнува од тие политики.

Институционализираниот начин на креирање политики во репрезентативните влади не е заменет; но под влијание на јавното мислење, може да се извлече голема корист од зголеменото количество на информации и од поголемата јавна присутност, кои за возврат ги легитимизираат јавните политики кои се креирани.

Владата ја креира јавната политика во поголем дел, но тоа е далеку од монополизација. Збирот на политики и најдобрите начини да се остварат тие е посветеност на целокупната државна администрација, но сето тоа зависи и од прифатеноста од страна на јавноста и прокламираното јавно мислење во согласност со конкретните политики.

Во таа насока, кога гледаме на декада посветена на истражување на односите помеѓу јавното мислење и политиката, се увидува потребата колективните одлуки на владините институции да бидат строго поврзани со јавното мислење.

Јавните политики обично имаат за цел решавање или, во најмала рака, смалување на јавните проблеми. Тие главно се состојат од владини одлуки и акции како што се донесување закони, издавање прописи, распределба на средствата и превземање на воени акции.

Механизмот на јавното мислење е нужен реквизит на политичкиот плурализам и на демократското општество. Јавното мислење треба да служи како повратен тек и како коректив на владините акции. Јавното мислење е помошно средство за артикулација на волјата на широките маси во собранискиот систем на репрезентација на човековата волја преку пратеници. Процесот на јавно мислење е консензус на јавноста за актуелните прашања што се предмет на јавни расправи на различни партии и политички групации. Се разбира дека тој консензус е постигнат во рамките на вредносните граници кои се определени со идеологијата на општеството.

Јавното мислење започнува со формирање на мислење за одредено јавно прашање, а поединецот обично е изложен на јавното прашање преку

практичарите на односите со јавност на институцијата која што креира јавни политики или преку масовните медиуми.

Политичката комуникација (однос медиуми – политички институции – јавност) помеѓу власта (владата) и граѓаните денес главно е институционализирана и (се одвива) во медиумите. Оваа комуникација може да биде загрозена од два аспекта: преку функционирање на медиумскиот систем и преку агресивната пропаганда на државата или одредени центри на политичка моќ, која се инфилтрира преку искреираниот ПР систем.

Медиумското влијание на процесот и содржината на политиките варира во согласност со видот на проблематиката, фазите на процесот, временската рамка и политичкиот и медиумски систем. Во одредени околности, медиумите можат да претставуваат суштински играч. Сето тоа е во зависност од она што го покриваат, колку често и како е тоа врамено. Вестите и истражувачкото новинарство се особено битни. Свесни за ова, јавните претставници (public officials) и оние што се обидуваат да влијаат на нив, се трудат да ја внесат нивната перспектива во вестите или, пак, барем да одговорат на приказните и описите на печатот.

Во праксата, медиумите повеќе или помалку се инволвирани во процесот на креирање политики во секоја фаза: формирање на проблемот, поставување на агендата (дневниот ред), формулирање на политиката, легитимност и прифаќање (усвојување); имплементација и евалуација.

Развојот на политичката комуникација е детерминиран паралелно од општествените промени кои се своевидно израз на динамичноста на општествениот процес. Истото се однесува и на практичарите на односите со јавност. Развојот на односите со јавноста е детерминиран паралелно со општествените промени и политичката култура. Токму поради тоа, моделот на односи со јавноста кој се применува од страна на институциите кои креираат јавни политики, потребно е да биде унифициран и подложен на континуирана мерливост и евалуација на односите со јавноста, планирање и стратегија во нивната применливост.

Влијанието на масовните медиуми и на односите со јавноста е од суштинско значење во процесот на формирање на транспарентно информираната јавност.

Мултиетничкото општество, изразено како реалност на Р. Македонија, е неминовен фактор кога се анализира влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавни политики. Целта на Р. Македонија е развивање на функционална демократија во едно мултиетничко општество. Таа е насочена кон почитување на мултикултурните разлики во доменот на остварување на јавната комуникација, посебно во доменот на политичката комуникација: медиуми – политички институции – јавност. Сето ова подразбира потенцирање на фактот дека културните разлики на различните етникуми е потребно да се почитуваат со цел - постоење на транспарентност во полето на креирање политики, како резултат на почитување на јавното мислење.

Истражувањето на влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики, претставува поттикнувачка водилка за натамошно

позитивно моделирање на овој сооднос во рамките на мултиетничката демократија во Р. Македонија, од аспект на анализа на институцијата Влада, како креатор на јавни политики, односно владините политики во рамките на меѓуетничките односи и јавното мислење во согласност со нив (или коешто потекнува од нив).

Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на истражувањето е проучување на влијанието на јавното мислење врз креирањето јавни политики, во рамките на едно општество (општеството на Република Македонија).

Примарна цел на истражувањето е увид во влијанието на јавното мислење врз креирањето јавни политики со цел да се утврди важноста на учеството на јавноста во процесот на спроведување на политиките во една држава, а во таа насока и креирање политика на државата којашто се пласира во меѓународните односи.

Втора цел на истражувањето е увидување на влијанието на медиумите (масовните комуникации) и моделот на политички односи со јавноста врз оформувањето на јавното мислење, во насока на овозможување (не)транспарентно информирана јавност.

Основната хипотеза е: "Имајќи ја предвид потребата од почитување на јавното мислење во процесот на креирање јавни политики, а при тоа медиумите и практичарите на односи со јавноста со своето дејствување да овозможат услови за транспарентно информирање на јавноста, во тој случај ќе се создадат соодветни услови за јавното мислење да биде приоритетно врз креирањето на јавните политики, а во таа насока ќе се постави и реална основа за поголема легитимност на креираните политики во една држава, од страна на инволвираната или засегнатата јавност".

Посебната хипотеза е: "Колку постои поголема свесност за подобро разбирање на спецификите на едно општество, во поглед на мултиетничките различности во општествените процеси, толку постои поголема реална можност да се креираат јавни политики во контекст на мултиетничноста, во согласност со јавното мислење на (не) политички засегнатата јавност кое што нè упатува на почитување на различностите".

Методолошката рамка

За реализација на основната и другите цели на истражувањето и проверка на основната и посебната хипотеза се применија соодветни основни и посебни научноистражувачки методи.

Од квалитативните методи се користеше компаративниот метод, критичката анализа и логичко-спекулативниот метод, а кои се засноваа на користење и опсервација на секундарни извори релевантни за целите на истражувањето.

Исто така, во анализата се користеше метод на **интервју (нестандардизирано интервјуирање)** со 22 владини експерти, пратеници, професори, практичари на односи со јавност, аналитичари и новинари – сите актуелни партиципатори во политичката комуникација во Р. Македонија.

Во однос на квантитативните индикатори за успешноста на процесот на спроведување на случаите на анализа, се користат елаборирани стратегии и документи со квантитативни податоци во врска со проблематиката на анализа, подготвени од страна на релевантни центри за истражување на јавното мислење и јавните политики.

Структура на дисертацијата

Докторскиот труд "Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001 – 2011)" се состои од од вовед, четири дела и заклучок.

Во **воведниот дел** се разработува актуелноста на предметот на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес и е даден релевантен преглед на актуелни придонеси на слични теми на истражување, пред сè, во меѓународни рамки.

Во **првиот дел** насловен како: „Јавност и процесот на креирање на јавното мислење", презентирана е генезата и еволуцијата на создавањето на поимот јавност, а од таму и начините на групирање на јавноста (подвоеност од група, толпа, маса, публика), како и видовите на јавност, посебно од аспект на социјалните и комуникациски димензии со кои јавноста располага. Оттаму, јавноста прокламира соодветно јавно мислење. Преку генезата на поимот јавно мислење, како и анализа на изворите и причините за појава на јавното мислење, односно индивидуалните особини, како и влијанието на општествените институции, се врши увид во формирањето на став кој понатаму се смета за релевантен сегмент на поединецот во рамките на јавноста.

Понатаму, во теоретскиот дел, елаборирани се теории за формирање на јавното мислење (теории на промена на ставот; теорија на инокулација: модел на изложеност – прифаќање; теорија на спиралата на молкот). Преку суштинско познавање на овие теории се овозможува запознавање не само со процесот на формирање, но и со процесот на промена на интензитетот и дирекцијата на движење на јавното мислење. Во суштина, јавното мислење се формира со поставување на област на интерес, за одреден домен/проблематика, во одреден временски период. Начинот на кој ќе се интерпертира јавното мислење може да биде формално и неформално, во зависност од тоа колку тоа е активно, прикриено, воочливо и препознатливо. Во услови на постоење на елементи на мултиетничност и мултикултурализам, јавното мислење, неговото испитување и мерливост се

значителен показател за остварувањето на демократското право на поединецот.

Вториот дел насловен како „Јавна политика и процес на креирање на јавни политики" укажува на потребата од суштинско познавање на генезата и еволуцијата на јавната политика, понатаму теоретскиот модел (рамка) на формирање на циклусот на јавни политики (утврдување на агенда; формирање на политиката и донесување одлуки; имплементација на политиката; евалуација и престанок на политиката). Познавањето на циклусот на формирање на јавни полтики овозможува создавање на перцепција за дејствувањето на државата и политичките актери за јавната состојба и дејствија. Оттука, целта на јавната политика е преку своите начела, да го промени однесувањето на начин кој води до подобри општествени резултати. Понатаму, елаборирањето на политичките модели (теорија на групи; теорија на елити; теорија на јавен избор; системска теорија) ќе овозможи креирање на свесност за меѓусебната интеракција која настанува помеѓу актерите во едно општество со цел поголемо влијание врз креирањето на јавните политики.

Третиот дел, насловен како „Влијание на јавното мислење врз креирањето на јавните политики", претставува своевиден линк на формираното јавно мислење и потребата од креирање на јавните политики. При елаборирањето на влијанието кое јавното мислење е потребно да го интерпретира врз јавните политики, се укажува на суштинското дејствување на медиумите и практичарите на односи со јавноста. Следствено, се укажува на потребата од креирање на транспарентно информирана јавност која понатаму ќе се користи како релевантен индикатор во креирањето на јавните политики. Процесите на креирање на јавни политики со учество на јавноста вклучуваат различни нивоа на граѓанско учество од страна на легитимно избраните претставници. Поради тоа, од суштинско значење е познавање на механизми за остварување на ова влијание, приспособени на можностите и потребите на општеството и притоа водејќи сметка за неговата постојана динамичност. Овој дел завршува со укажување на потребата од влијание на јавното мислење врз креирањето на јавните политики, констатирајќи дека јавноста мора да биде информирана и да знае како да ги постави своите проблеми на политичката агенда. Но, од друга страна, истовремено се укажува на внимателност од тежнеење кон популизам, односно опасностите од целосно подведување на власта под јавното мислење.

Четвртиот дел од докторскиот труд насловен „Како јавното мислење влијае врз креирањето на јавните политики: Студија на случај: Владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (временска рамка 2001 – 2011)" ја содржи супстанцијата на истражувањето, при што се изложени наодите од контекстуалната анализа на материјалите и од анализата на релевантноста на одделните чинители во поставената хипотетската рамка. Кандидатката прави квантитативен преглед и

компаративна анализа на поединечните резултати од приложени стратегии, извештаи, релевантни документи, законодавна рамка и спроведени истражувања од страна на истражувачки центри на јавно мислење, сето тоа од аспект на оцена на влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики во Република Македонија. Како линија на движење на истражувањето, кандидатката прикажува анализа со посебен осврт на Охридскиот рамковен договор од 2001 година и Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 2004 година. Со цел да ја поткрепи својата хипотетска рамка, а од аспект на анализа на реалната состојба на својот предмет на истражување, кандидатката спроведува квалитативно истражување од каде што добива релевантни податоци користени за понатамошна констатација и мерливост на влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики во Република Македонија. Посебен осврт е направен на поединечните збирни резултати за целокупното остварување на влијанието, каде што има можност да се постигне заклучок за степенот на успешност на реализација на поставениот сооднос. Понатаму, покрај дадената оцена за успешноста од начинот на остварување на влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики во услови на мултиетничка демократија, кандидатката изложува препораки и насоки за идни согледувања на Република Македонија, во овој домен.

Во последниот дел, односно заклучокот на докторската дисертација, презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето и релевантноста на анализираните фактори. Кандидатката критички се осврнува на досегашната практика на работењето и функционирањето на влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики, во тој контекст особено критикувајќи го техницизмот и формалистичкиот пристап, наспроти потребата од суштествено инкорпорирање на механизмите на ова влијание во правниот поредок на Република Македонија. Во заклучокот се потенцирани слабостите на едно општество во однос на непостоење свесност за потребите од вклученост на поширокатa јавност во процесот на креирање јавни политики, и понатаму испитување и мерливост на овој сооднос со цел долгорочен бенефит. Исто така, заклучните согледувања укажуваат на потребата од пронаоѓање на засебно решение за Република Македонија, во однос на специфичноста на својата општествена структура.

Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001 – 2011), од кандидатката м-р Катерина Вељановска, обработува многу значајна тема за Република Македонија, но и за земјите од регионот и севкупно за потребите на меѓународната заедница. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатката за систематско аналитичко користење на стручна литература.

Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатката пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатката изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатката дава сопствен придонес за натамошното развивање на пристапот на влијание на јавното мислење врз креирање на јавните политики во секое општество, со посебен осврт на општеството на Република Македонија. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност .

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да ѝ возможи на кандидатката м-р Катерина Вељановска да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

К О М И С И Ј А:

1. **Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова** с.р.
2. **Проф. д-р Томе Груевски** с.р.
3. **Доц. д-р Зоран Илиевски** с.р.
4. **Доц. Д-р Ненад Марковиќ** с.р.
5. **Доц. д-р Владимир Божиновски** с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ПОКАЗАТЕЛИ КОИ ЈА ПРЕДВИДУВААТ ПРОГРЕСИЈАТА И ИСХОДОТ КАЈ БОЛНИ СО ТЕШКА СЕПСА И СЕПТИЧЕН ШОК" ОД АС. Д-Р М-Р КРСТО ГРОЗДАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факулет во Скопје, на својата XVII редовна седница одржана на 23.5.2013 година, а на предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, определи Комисија за оцена на докторската дисертација "Показатели кои ја предвидуваат прогресијата и исходот кај болни со тешка сепса и септичен шок" од ас. д-р Крсто Гроздановски, во состав:

1. проф д-р Љубомир Ивановски
2. проф д-р Ирена Кондова-Топузовска
3. проф д-р Елена Трајковска-Докиќ.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесената дисератција, го дава следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов "Показатели кои ја предвидуваат прогресијата и исходот кај болни со тешка сепса и септичен шок" е самостоен оригинален труд на ас. д-р м-р Крсто Гроздановски во кој се обработува актуелна тема од областа на инфектологијата. Трудот содржи 96 страници, 45 табели, 87 графикони и ги содржи сите елементи на научноистражувачка студија, и тоа вовед, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во воведот кандидатот ја спишува актуелноста на проблемот, инциденцијата и морбидитетот на тешката сепса и септичниот шок кои се во пораст, како и високиот морталитет што ја поставува сепсата при врвот на причините за смрт на одделите за интензивна нега. Во воведниот дел се опишани ризик-фактори за сепса, етиологијата, стапката на смртност и патофизиологијата каде што клучна улога има неконтролираната системска инфламација индуцирана од етиолошкиот агенс. Воведот концизно го опишува влијанието на септичниот одговор врз нарушувањето на функцијата на органите и органските системи, како и пристапот во лекување на пациентите со тешка сепса и септичен шок. Авторот го изложува современиот тераписки пристап на целно ориентираната терапија која се состои од следниве елементи: стабилизација на перфузијата, оксигенацијата и антимикробната терапија. Воведниот дел го анализира можното и недоволно истражено влијание на степенот на нарушената функција на органите, висината на биолошките маркери на инфламацијата во циркулацијата, коморбидностите и другите карактеристики на пациентите врз исходот и прогресијата на тешката сепса и септичниот шок. Оттаму и мотивот за истражувањето кое авторот го наоѓа во потребата за дефинирање на лесно достапни варијабли кои ќе овозможат рана предикција на прогресијата и исходот на тешката сепса и септичниот шок, а со тоа и навремено спроведување на соодветни тераписки процедури.

Целите се јасно поставени при што студијата има задача да ги одреди демографските, клиничките, биохемиските и микробиолошките параметри кои го предвидуваат исходот на болните со тешка сепса и септичен шок во првите 48 часа по поставување на дијагнозата како, и да ги дефинира показателите кои ја предвидуваат прогресијата на тешката сепса во септичен шок во првите 48 часа по дијагнозата.

Применетата методологија во изработка на дисертацијата ги задоволува принципите на научноистражувачка работа. Изборот на анализираните пациенти прецизно е дефиниран, поделбата на испитаниците по групи одговара на поставените цели, протоколот на студијата, следењето, користените дефиниции и иследуваните параметри во поднесениот текст детално и логично се претставени. Методологијата на статистичката анализа е коректно поставена со примена на мултиваријантна логистичка регресивна анализа која е соодветен избор за анализа на резултатите од студијата и одговор на поставените цели.

Во почетниот дел на резултатите презентиран е дијаграм на анализираните пациенти, на кој прегледно е прикажан бројот на пациентите, нивната поделба по групи и морталитетот на анализираните пациенти. Во студијата биле вклучени вкупно 253 пациенти, од кои 169 (66,8%) биле пациенти со тешка сепса и 84 (33,2%) со септичен шок. Од сите анализирани болни, 142 (56,1%) завршиле со смртен исход. Смртноста кај пациентите со тешка сепса била 46,2% (n=78), а кај оние со септичен шок, морталитетот бил 76,2% (n=64). Средната возраст на анализираните болни била 56,6 (СД 17,46) години со доминантна застапеност на мажите и тоа 161 (63,6%) болен, додека најчеста локализација на инфекцијата била долниот респираторен тракт кај 163 (64,4%) пациенти. Сто осумдесет и два (72%) од пациентите имале една или повеќе коморбидности од кои најчеста била хроничната срцева слабост n=89 (35,2%). Најголем број на пациенти, 113 (44,7%) имале нарушена функција на три и повеќе органи, а најчест тип на органи со нарушена функција биле респираторната слабост (58,9%), дисеминираната интраваскуларна коагулација (47,8%) и акутната бубрежна инсуфициенција (46,2%). Средната вредност на Simplified Acute Physiology Score II (SAPS II) индексот била 42,7 (СД 23,7). Пациентите со тешка сепса имале среден SAPS II од 35,6 (СД 20,3) и 57,1 (СД 23,6) болните со септичен шок. Испитаниците со тешка сепса кои починале имале средна вредност на (SAPS II) од 41,9 (СД 22,4) , а кај починатите пациенти со септичен шок средната вредност на SAPS II била 62,1 (СД 21,9). SAPS II и другите анализирани индекси (MPM и SOFA) покажале значајна разлика во однос на преживувањето и прогресијата на тешката сепса во септичен шок при сите мерења. Осумдесет и осум пациенти (34,8%) имале позитивни хемокултури од кои 53 (31,4%) биле изолирани од пациентите со тешка сепса, а 35 (41,7%) од пациентите со септичен шок. Доминантно биле изолирани Грам-позитивни микроорганизми (n=64), од кои најчест изолат бил Staphylococcus aureus (n=38). Униваријантната анализа покажала дека изолацијата на позитивните хемокултури значајно е почеста кај пациентите со смртен исход (p=0,022). Варијаблите кои покажале значајна разлика во униваријантната анализа (p<0,05) биле вклучени во логистичка регресивна анализа со исходот и прогресијата (септичниот шок) како зависна варијабла со цел за дефинирање на предикторите на исходот и прогресијата. Мултиваријантната анализа при приемот ги издвоила хроничната срцева слабост (OR, 2,25; 95% CI, 1,19-4,22, p=0,012), хроничната респираторна слабост (OR, 4,02; 95% CI, 1,24-13,0, p=0,020) и нарушената функција на три и повеќе органи (OR, 6,48; 95% CI, 3,03-13,83, p<0,001) како независни показатели кои го предвидуваат исходот кај болните со тешка сепса и септичен шок. На 24 часа

по приемот како независни предиктори на исходот се издвоиле и тахикардијата (OR, 1,02; 95% CI, 1,004-1,036, p=0,013), енцефалопатијата (OR, 2,66; 95% CI, 1,12-6,29, p=0,026), хипоксемијата (OR, 2,89; 95% CI, 1,36-6,14, p=0,006) и хипоалбуминемијата (OR, 0,89; 95% CI, 0,84-0,95, p=0,001). Концентрацијата на Ц-реактивниот протеин се издвоил како значаен предиктор на исходот при мерењето на 48 часа по приемот (OR, 1,0; 95% CI, 1,002-1,008, p=0,003). Логистичката регресивна анализа ја истакнала хроничната респираторна слабост (OR, 3,57; 95% CI, 1,35-9,43, p=0,010), тахикардијата (OR, 1,01; 95% CI, 1,003-1,033, p=0,019), акутната бубрежна инсуфициенција (OR, 0,26; 95% CI, 0,10-0,68, p=0,007) и нарушената функција на три и повеќе органи (OR, 29,26; 95% CI, 10,69-80,06, p<0,001) како предиктори на прогресијата на тешката сепса во септичен шок.

Во дискусијата авторот систематично ги коментира добиените резултати од студијата. Во исто време, резултатите се споредувани со современите публикувани сознанија од истата област и притоа се коментираат најдените сличности и разлики. Во дискусијата, сопствените резултатите се јасно образложени, а различностите и сличностите со актуелните медицински сознанија соодветно се објаснети.

Заклучоците содржат констатации кои се во согласност со поставените цели на истражувањето и произлегуваат од добиените резултати.

Приложената литература се состои од 211 референци кои се коректно цитирани, а изборот на трудови е соодветен и опфаќа базични и актуелни публикации објавени во релевантни списанија.

З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација "Показатели кои ја предвидуваат прогресијата и исходот кај болни со тешка сепса и септичен шок", изработена од ас. д-р Крсто Гроздановски, претставува актуелен, и оригинален труд, самостојно изработен на Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје. Трудот во целост ги обработува поставените задачи, ги содржи сите елементи и принципи на научноистражувачка работа и претставува придонес за медицинската практика. Целите се јасно дефинирани, материјалот и методите прецизно се изложени, резултатите се коректно статистички обработени и прикажани, дискусијата е соодветна, а заклучоците се објективни.

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на анализата и оценатa, Комисијата е на мислење дека се исполнети условите за позитивна рецензија на докторската дисертација и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја усвои оваа рецензија и да донесе одлука за јавна одбрана на трудот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Ивановски, с.р.
Проф. д-р Ирена Кондова-Топузовска, с.р.
Проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, одржана на 30. 5. 2013 година, во врска со конкурсот објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Журнал" на 14. 5. 2013 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања на наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство.

По прегледот на доставените конкурсни материјали, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и "Журнал" од 14.5.2013 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство се пријави само кандидатот Слободан Калајџиски, доктор на технички науки, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Биографски податоци

Д-р Слободан Калајџиски е роден на 2 ноември 1976 година во Охрид, каде што завршил основно и средно образование. Во учебната 1995/1996 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика, каде што дипломирал на 27. 4. 2000 година со дипломската работа со наслов „Дигитална библиотека – концепт и имплементација". Студиите ги завршил со просечна оценка 9,79.

Во 2000 година се запишал на постдипломски студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на Катедрата за компјутерска техника и информатика, под менторство на проф. д-р Данчо Давчев. Во рамките на овие студии постигнал средна оценка од испитите 10,00, а студиите ги завршил со успешна одбрана на магистерскиот труд, на 29. 12. 2004 година, со наслов „Креирање на web-базирана околина со зголемена реалност за презентација и анализа на народни ора и игри".

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје одржана на 27. 6. 2007 година ја пријавил својата докторска дисертација, и таа е прифатена за подобна за изработка (Одлука бр.02-2038/19). Докторската дисертација со наслов „Алгоритми за пребарување, класификација и предвидување на протеински структури", под менторство на проф. д-р Данчо Давчев, ја одбранил на 19. 9. 2008 година, со што се стекнал со титулата доктор на технички науки.

По завршувањето на студиите на Електротехничкиот факултет, од септември 2000 година се вработил во „Неоком“ АД-Скопје како проект-менаџер, систем-инженер и програмер, а паралелно на Електротехничкиот факултет во Скопје одржувал лабораториски вежби, како демонстратор, по предметите структури и бази на податоци и дистрибуирани компјутерски системи. За помлад асистент на Електротехничкиот факултет во Скопје, на Катедрата за компјутерска техника и информатика, е избран во февруари 2003 година, додека, пак, како асистент на истиот Факултет е избран во јуни 2005 година. За доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии е избран во ноември 2009 година. Од септември 2011 година ја продолжува својата наставно-научна дејност како доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Наставно-педагошка дејност

Како помлад асистент, д-р Слободан Калајџиски ги одржувал аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: програмски јазици, структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, структури и бази на податоци, компјутерска техника и информациони системи.
Во периодот од јуни 2005 година до ноември 2008 година, како асистент, освен со претходно наведените предмети, бил ангажиран и со организирањето и одржувањето на аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: објектно ориентирани системи, бази на податоци, бази на податоци 1, бази на податоци 2 и објектно ориентирана анализа и дизајн.
Од ноември 2008 година до сега, како доцент, бил ангажирал во изведувањето на предавањата по предметите од додипломските студии: алгоритми и структури на податоци, објектно ориентирани системи, бази на податоци, информациони системи, објектно ориентирана анализа и дизајн и бази на податоци 2, на предметите од последипломските студии: анализа и дизајн на ИС, ИС базирани на знаење, моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци, биоинформатика, евалуациски техники за системите за пребарување на неструктурирани податоци, алгоритми во биоинформатиката, структурна биоинформатика и протеомика, како и на предметите од докторските студии: откривање на знаење во податоците и биоинформатика.

Координатор е на студиските програми: интелегентни информациони системи, содржинско базирано пребарување и биоинформатика од вториот циклус на студии при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Активно бил вклучен во работата на Центарот за далечинско учење при Електротехничкиот факултет во Скопје, при што има одржано повеќе семинари. Прв автор е на учебното помагало „UML Tutorial in 7 days“, што го користат студентите по предметите: објектно-ориентирани системи и објектно-ориентирана анализа и дизајн, кој е користен и цитиран и од странски универзитети и корисници.

Бил учесник на двете школи “Analysis of Environmental Data with Machine Learning Methods” и “The Bioinformatics Roadshow”, организирани во Институтот “Јожеф Штефан” во Љубљана, Словенија, од која втората била во коорганизација со EMBL-European Bioinformatics Institute.

Во текот на својот асистентски и доцентски стаж, сите свои наставни обврски ги извршува исклучително одговорно, целосно, навремено и на соодветно стручно и педагошко ниво. Односот кон студентите и колегите му е коректен, односно тој е на нивото што го бара неговото работно место.

Објавени научни и стручни трудови

Во рамките на својата научна и стручна работа д-р Слободан Калајџиски има објавено преку 40 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија. Активно бил вклучен во работата на 8 (осум) TEMPUS-проекти, од кои 6 (шест) биле раководени од проф. д-р Данчо Давчев, а по еден од проф. д-р Коста Митрески и проф. д-р Владимир Трајковиќ, како и во 2 (два) билатерални француско-македонски проекта финансирани од IntegraFM-програмата.
Доц. д-р Слободан Калајџиски бил раководител на 2 (два) и учесник на 3 (три) национални проекти финансирани од високообразовните институции - Факултет за електротехника и информациски технологии и Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство.

Д-р Слободан Калајџиски ги има објавено следниве научноистражувачки трудови на странски и на домашни конференции и списанија:

1. S.Kalajdziski, V.Trajkovic, D.Davcev "**Intelligent Recommendation in Digital Library**", *Proc. of IASTED International Conference on Intelligent Systems and Control*, Clearwater, Florida, Nov. 19-22, 2001, pp.408-412.
2. S.Kalajdziski, V.Trajkovic, D.Davcev "**Object – Oriented Modeling of Spatio – Temporal Dance Data**", *Proc. of IASTED International Conference on Computers and Advanced Technology in Education*, Cancun, Mexico, May. 20-22, 2002.
3. S.Kalajdziski, V.Trajkovic, S.Celakoski, D.Davcev **"(Multi) 3D virtual dancer animation"**, *Proc. of IASTED International Conference on Modeling and Simulation*, Marina Del Ray, California, May. 13-15, 2002, pp.20-25.
4. D.Davcev, V.Trajkovic, S.Kalajdziski, S.Celakovski **"Immersive Telepresence of Dance Spatio-temporal Data"**, *Proc. of ACM ITP International Conference on Immersive Telepresence*, Juan Del Pins, France, December. 1-6, 2002, pp. 24-27.
5. D. Davcev, V. Trajkovic, S. Kalajdziski, S. Celakovski "**Augmented Reality Environment for Dance Learning**", *in Proc. of IEEE ITRE (International Conference on Information Technology: Research and Education)*, Newark, New Jersey, USA, August 10-13, 2003.
6. G. Kalajdziski, K. Markovski, S. Kalajdziski, D. Davcev **„Turisticki vodic niz grad Ohrid baziran na GIS"**, *VI-ta Nacionalna konferencija ETAI*, 17-21 Sept. 2003, Ohrid.
7. D. Davcev, S. Kalajdziski **"Augmented Relaity System Interface for Dance Analysis and Presentation Based on MPEG-7"**, *Proc. of IASTED VIIP (Visualization, Imaging and Image Processing)*, Marbella, Spain, Sept. 6-8, 2004.
8. D. Davcev, V. Trajkovic, S. Kalajdziski **"Interactive Education and Mobile Learning Through Wirelss Communication Networks"**, *CD-ROM Proceedings of HCI International 2005*, Las Vegas, Nevada, 22-27 July 2005.
9. S. Celakovski, M. Preda, S. Kalajdziski, D. Davcev, F. Preteux: **"MPEG-4 3D Graphics: from specifications to the screen"**, *CD-ROM proceedings of WSEAS International Conference on Communications*, Greece, July 2005.
10. M. Arsic, D. Ilievski, A. Kulakov, V. Trajkovic, S. Kalajdziski, and D. Davcev, **"Mobile and Pocket PC Web-Access to the Library IS as a Part of the Advanced Education"**, *Computers and Advanced Technology in Education CATE 2005*, Oranjestad, Aruba, August 2005.

11. I. Kitanovski, S. Kalajdziski, D. Davcev, "**Sigurnosni Aspekti na Bezzicnata Mreza na Elektrotehnickiot Fakultet**", *VII-ma Nacionalna Konferencija ETAI*, Ohrid, 21-24 Sept. 2005.
12. J. Bujaroska, A. Dimitrievski, S. Kalajdziski, D. Davcev, "**Data Transfer Among Wireless Mobile Devices Using Infrared Communication**", *VII-ma Nacionalna Konferencija ETAI*, Ohrid, 21-24 Sept. 2005.
13. D. Davcev, S. Kalajdziski, V. Trajkovik, "**From Web-based distance learning to m-learning**", *UICEE 5th Global Congress on Engineering Education*, New York, USA, July **2006.**
14. S.Celakovski, M.Preda, S.Kalajdziski, D.Davcev, F.Preteux, "**Rendering strategies for displaying MPEG-4 3D graphics objects**", *WSEAS Transactions on Communications*, Vol. 7(4), July 2006.
15. S. Celakovski, S. Kalajdziski, D. Davcev, "**Visualization of MPEG-4 3D Contents**", *6th International IASTED Conference on Visualization, Imaginig, and Image Processing VIIP 2006*, Palma De Malorca, Spain, August 2006.
16. B. Mustafa, D. Davcev, V. Trajkovik, S. Kalajdziski, "**3D Object Matching Using Spherical Mapping**", *32nd Annual IEEE Conference on Industrial Electronics, IECON*, Paris, France, November 2006, pp: 3450-3454.
17. B. Mustafa, D. Davcev, V. Trajkovik, S. Kalajdziski, "**Spherical Mapping: A Powerful Tool for 3D Object Matching**", *4th International Conference: Sciences of Electronic, Technologies of Information and Telecommunications*, Tunisia, March 2007.
18. D. Davcev, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, "**Multimedia Environment for Mobile Learning**", *The Second IEEE International Conference on Systems and Networks Communications*, Cap Esterel, France, August 2007 (best paper award).
19. G. Mirceva, S. Kalajdziski , K. Trivodaliev, D. Davcev, "**Protein Retrieval by Matching 3D Structures**", *8th National Conference ETAI 2007*, Ohrid, Macedonia, September 2007.
20. V. Dzikovska, M. Oreskovik, S. Kalajdziski, D. Davcev, "**Protein Secundary Structure Prediction Method Based on Neural Networks**", *8th National Conference ETAI 2007*, Ohrid, Macedonia, September 2007.
21. B. Mustafa, S. Kalajdziski, "**Spherical Mapping Based Descriptors for 3D Object Matching**", *The International Conference on "Computer as a Tool", EUROCON 2007*, September 2007, pp: 361 - 368.
22. S. Kalajdziski, G. Mirceva, K. Trivodaliev, D. Davcev, "**Protein Classification by Matching 3D Structures**", *IEEE Conf. on Frontiers in the Convergence of Bioscience and Information Technologies 2007, FBIT 2007*, Jeju Island, Korea, October 2007.
23. V. Dzikovska, M. Oreskovic, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, D. Davcev, "**Protein Secondary Structure Prediction Method based on Neural Networks**", *The 2nd IEEE International Conference on Bioinformatics and Biomedical Engineering, iCBBE2008*, Shanghai, China, May 2008, CD proceedings.
24. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, A. Kulakov, D. Davcev, G. Mirceva, "**Efficient protein classification by using 3D structure content representation**", in proceedings of *IASTED International Conference on Artificial Intelligence and Soft Computing 2008, ASC 2008*, Palma de Mallorca, Spain, September 1-3, 2008, pp. 151-156.
25. B. Pepik, S. Kalajdziski, D. Davcev, "**Protein Classification Using Decision Trees with Bottom-up Classification Approach**", *in Proceedings of 13th International Conference on Biomedical Engineering (ICMBE)*, Springer Link, Singapore, pp. 174-178, 3-6 December 2008
26. G. Mirceva, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, D. Davcev - "**Comparative Analysis of three efficient approaches for retrieving protein 3D structures**", in CD Proceeding of IEEE *4-th Cairo International Biomedical Engineering Conference 2008, CIBEC 2008*, Cairo, Egypt, 18-20 December 2008.
27. I. Cingovska, G. Mirceva, S. Kalajdziski, D. Davcev - "**Comparative analysis of wavelet based protein descriptors**", in Proceedings of 9th National Conference ETAI 2009, Ohrid, Macedonia, 2009.

28. K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski, D. Davcev - "**Protein Function Prediction Based on Neighborhood Profiles**", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 125-134, 28-30 September 2009.
29. G. Mirceva, Z. Dimov, S. Kalajdziski, D. Davcev - "**Protein Classification Based on 3D Structures and Fractal Features**", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 115-124, 28-30 September 2009.
30. S. Kalajdziski, B. Pepik, I. Ivanoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, D. Davcev - "**Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features**", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 135-144, 28-30 September 2009.
31. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev – "**A System for Protein Classification Based on Protein 3D Structure**", in Proceedings of 5th International Conference: Sciences of Electronic, Technologies of Information and Telecommunications SETIT09, Tunisia, 22-26 March 22-26 2009.
32. M. Janeski, S. Kalajdziski - "**Forecasting stock market prices**", in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.
33. M. Angelova, S. Kalajdziski, Lj. Kocarev - "**Computational Methods for Gene Finding in Prokaryotes**", in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.
34. I. Ivnoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski - "**Hierarchical Protein Classification based on Gene Ontology and Decision Trees**", in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.
35. A. Bogojeska, M. Angelova, S. Kalajdziski, Lj. Kocarev - "**Accessing the Performance of Assembly Tools on Simulated Sequencing Data and Their Sensitivity to GC Content**", in Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Springer, Ohrid, Macedonia, pp. 325-332, 12-15 September 2010.
36. E. Zdravevski, A. Kulakov, S. Kalajdziski, D. Davcev - "**Probabilistic Predictions of Ensemble of Classifiers Combined with Dynamically Weighted Majority Vote**", in Proceedings of the IASTED International Conference Artificial Intelligence and Applications (AIA 2011), Innsbruck, Austria, 14-16 February 2011.
37. M. Janeski, S. Kalajdziski – "**Neural Network Model for Forecasting Balkan Stock Exchanges**", in Proceedings of 7th Advanced Intelligent Computing, ICIC 2011, Zhengzhou, China, August 2011.
38. I. Cingovska, A. Bogojevska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski – "**Protein Function Prediction by clustering of Protein-Protein Interaction Network**", in Proceedings of the 3-rd ICT Innovations Conference, Springer LNCS, Skopje, Macedonia, 14-16 September 2011.
39. N. Pavlovik, I. Ivanoska, S. Kalajdziski – "**Comparison of Protein Descriptors Used in Hierarchical Multi-label Classification Based on Gene Ontology**", in Proceedings of the 3-rd ICT Innovations Conference, Springer LNCS, Skopje, Macedonia, 14-16 September 2011.
40. V. Trajkovik, D. Davcev, S. Kalajdziski, T. Malinovski, E. Palmisaro, E. Caporali, J. Valdisari - "**Videoconferencing – based educational system: a case study**", E-Challenges e-2011, IIMC International Information Management Corporation, Florence, Italy, 26-28 October 2011.
41. K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski – "**Protein Function Prediction by Spectral Clustering of Protein Interaction Network**", in Proceedings of International Conference on Bio-Science and Bio-Technology BSBT'11, Jeju Island, Korea, 8-10 December 2011.
42. I. Ivanoska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski - "**Protein function prediction using semantic similarity metrics and random walk algorithm**", in *the 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012)*, Bitola, Macedonia.
43. C. Atanasovska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, "**Determination of protein functional groups using the Bond Energy Algorithm**", in *the 4th ICT Innovations Conference 2012*, Ohrid, Macedonia.
44. S. Ivanovska, I. Ivanoska, S. Kalajdziski, "**Algorithms for Effective Team Building**", in *the 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013)*, Bitola, Macedonia.

Д-р Слободан Калајциски учествувал на следниве научноистражувачки проекти:

1. TEMPUS CME-03063-97, "**Distributed Multimedia Educational System**", 1997/98.
2. TEMPUS UM JEP Project 13371, "**Distance Education System**", 1998/99.
3. TEMPUS UM JEP Project 14078, "**Virtual Laboratory as a part of Virtual University**" 1999/2000.
4. PHARE Project "**Establishment of an Open and Distance Learning Centre in Skopje**", Contract No. CON/99/PHA/0040, 1999/2000.
5. TEMPUS UM JEP Project 16155, "**Virtual Digital Library as a part of Virtual University**", 2002/2004.
6. TEMPUS UM JEP Project 17045, "**Wireless Campus for Strengthening of Student Services**", 2003/2005.
7. Integrafm French-Macedonian program "**3D Content Generation and Presentation in MPEG-4**", 2004-2006.
8. Integrafm French-Macedonian program "**Content based indexing and retrieval of 3D objects**", 2006-2008.
9. TEMPUS JEP 41038: **ECOSYSTEM INFORMATICS - Development of Postgraduate Curriculum**, 2006-2009.
10. TEMPUS IT JPGR 144650: **Videoconferencing Educational Services**, 2008-2011.
11. FINKI internal project: **Предобработка и постобработка кај ансамбли од класификатори**, 2011-2012.
12. FINKI internal project: **Методи за податочно фузирање кај проблеми од Биоинформатиката**, 2011-2012.
13. FINKI internal project: **Адаптибилно мултимедиско учење во мобилен облак околина**, 2012-2013.

Д-р Слободан Калајџиски раководел со следниве научноистражувачки проекти:

1. FEIT internal project: **Интегриран систем за структурно пребарување, класификација и прикажување на протеински информации**, 2011-2012.
2. FINKI internal project: **Determining Functional Groups in Protein-Protein Interaction Networks**, 2011-2013.

Трудовите што д-р Слободан Калајџиски ги има објавено, главно, се резултат на одредена тимска работа. Забележливо е дека дел од нив произлегуваат од решавањето на проблеми кои бараат мултидисциплинарен пристап.

Трудовите под редните броеви од 1 до 23 се елаборирани во рефератот за избор на асистент во наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во Билтенот со број 944 од јуни 2008 година. А додека, пак, трудовите под редните броеви од 24 до 25 се елаборирани во рефератот за избор на доцент во наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, објавен во Билтенот со број 952 од ноември 2008 година.

Како што се гледа од трудовите 19-31, 33-35, 38-39 и 41-43, кандидатот последните свои научни истражувања ги насочува во областа на биоинформатиката. Своите познавања од областа на базите на податоци, мултимедијата и податочното рударење, ги применува во областа на пребарување, класификација и предвидување на протеинските структури и алгоритмите за автоматско одредување на протеинските функции.

Во новообјавените трудови 26 и 27 се дадени компаративни анализи на различните техники за извлекување дескриптори врз основа на терцијалната протеинска структура. Во трудот 26, се прави спредба помеѓу трите пристапи за извлекување протеински дескриптори: примената на Spherical Trace-трансформацијата врз 3Д-протеинските структури, модификација на гау-базираниот пристап врз 'рбетот на протеинската молекула, како и wavelet-трансформацијата применета врз матрицата на растојанија од C-alpha атомите, а додека, пак, во трудот 27 се врши препорака на најдобрата wavelet-трансформација применета врз матрицата на растојанија добиена помеѓу C-alpha-атомите кај 'рбетот од протеинската молекула. Сите анализи се спроведени врз репрезентативно множество протеини анотирани со SCOP базата на анотации.

Со трудот 28, а потоа и со трудовите 38, 41, 42 и 43 навлегува во новата подобласт од биоинформатиката, а тоа е анализата на протеинските интеракциски мрежи. Во трудот 28 најпрвин се извлекува профилот на соседство за некој протеин со користење на random walks with restarts, а потоа се применува чи-квадратниот метод преку кој се придружуваат k-функции на непознатиот протеин. Методот е применет врз податоци од физичките протеински интеракции и врз податоците од протеинските комплекси, при што од добиените резултати се заклучува дека алгоритамот е подобар за користење во протеински комплекси. Во трудот 42 се проширува овој пристап со воведување на семантичка сличност при анализата на функциите на протеините кои влегуваат во составот на протеинската интеракциска мрежа. Разгледани се неколку метрики за семантичка сличност и дадени се препораки што треба да се користат при евалуацијата на резултатите. Во трудовите 38, 41 и 43 се применува кластерирање на протеинската интеракциска мрежа за одредување на функционалните групи на протеините. Анализите кои се спроведуваат и анализираат ја разгледуваат интеракцискатa мрежа како нетежински и тежински граф. Различни техники се искористени за доделување тежини на врските помеѓу два протеина. Во трудовите 38 и 41 се применуваат edge-betweenness алгоритамот за кластерирање, како и алгоритамот за спектрално кластерирање, а додека пак во трудот 43 искористен е Bond Energy-алгоритамот за добивање на кластерите. Од добиените резултати може да се заклучи дека тежинските графови продуцираат подобри функционални групи на протеините во една интеракциска мрежа.

Во трудот со број 29 се обработува класификацијата на протеините со фрактално филтрирање на првичното податочно множество. Во првата фаза се применува фракталниот дескриптор за филтрирање на податоците, потоа се применува класификација, за на крај да се примени 3Д-Фуриева трансформација врз преостанатото множество со цел да се обезбеди инваријантноста на ротацијата. Класификацијата се базира врз методот од k најблиски соседи, при што се покажува дека класификацискатa точност од 86% се добива кога не се користи фракталниот филтер, а додека, пак, точност од 92% се добива кога тој се применува.

Во трудовите со редните броеви 30, 31, 34 и 39 акцент се става на пресметковните алгоритми за автоматско одредување на протеинските функции. Генералниот модел кој се користи во позадина се базира на извлекување на дескриптори за протеините, потоа придружување на соодветните анотации кон податочното множество и формирање на соодветните множества за тренирање и тестирање на класификаторот што ќе се користи. Во трудовите 30 и 31, анотацискатa шема која се користи е SCOP-

базата на податоци. Во трудот 30 се предлага шема одозгора-надолу која во секоја итерација врши корекција на грешните класификации од претходниот чекор, а додека, пак, во трудот 31 се става акцент на можните трансформации на податочното множество со цел да се заштеди во ресурсите потребни во процесот на класификација. Овде се користи ART-невронската мрежа за редуцирање на бројот на атрибути во податочните множества, а притоа да има незначително намалување на прецизноста во предвидувањето на функциите. Трудовите 34 и 39 во заднина ја користат Gene Ontology-анотациската шема која се разликува од SCOP по тоа што е графовски ориентирана. Во трудот 34 се прикажува модифицирана верзија на класификаторскиот алгоритам C4.5 за да може да се справи со графовидната анотација, а додека, пак, во трудот 39 се применува хиерархиска повеќе лабелна класификација, при што се прави споредба на резултатите за два различни дескриптора употребени за опишување на протеинската структура.

Во трудовите 33 и 35 се обработува проблематиката на реконструкција на генските секвенци од претходно добиени резултати од техниките за секвенционирање. Направена е евалуација на четири различни алгоритми за составување на генските секвенци врз симулирани податоци. Перформансите на алгоритмите се споредуваат според добиените резултати, како и потребните ресурси во нивното извршување. Од интерес се GC-секвенците, при што за повеќето алгоритми се потврдува зависноста на перформансите од GC-секвенците, а додека, пак, само кај CLC-алгоритамот се покажува независност кај перформансите.

Во трудовите под редните броеви 32, 36, 37 и 44, кандидатот ги применува познавањата од областа на податочното рударење во различни области, како што се берзата и менацирањето на човечките ресурси. Во трудовите 32 и 37 се разработува проблематика за предвидување на цените на акциите од различни компании што котираат на берза со користење на невронски мрежи. Се прави анализа на тоа кои модели се адекватни за различните компании од балканските берзи и се бараат начините да се извлечат можните зависности. Во трудовите експериментално се одредува оптималната големина на лизгачкиот прозорец, како и оптималниот број скриени неврони во невронската мрежа. Во трудот 36 прикажан е нов метод за динамичко пресметување на тежините што можат да се користат во процесот на агрегација на класификациите преку тежинското мнозинско гласање. Предложениот метод може да се искористи за сите проблеми на бинарна класификација што продуцираат веројатносни класификации. Во трудот 44 прикажана е примената на алгоритмите од податочното рударење во управувањето со човечките ресурси. Со примена на кластерирачките техники K-means и fuzzy C-means, како и стеблата на одлука за класификација, врз податочен сет за вработени и нивните истории на работни позиции и вештини, се добиваат модели кои значително можат да ја потпомогнат работата на експертите од областа на управување со човечките ресурси. Од добиените резултати се прави препорака на техниките кои можат да се искористат во процесот на ефективно градење на тимови.

Со трудот 40, кандидатот се навраќа на претходните истражувања кои ги вршел во областа учење на далечина. Во трудот се потенцираат предностите на користењето на видеоконференциските методи и техники во процесот на учење. Се даваат основните системски побарувања, методологијата и архитектурата на IP-базираниот видеоконференциски едукациски систем. Потоа се обезбедува пример-прототип систем изграден врз оваа архитектура кој ги поврзува QoS-управувањето со QoE.

Евалуацијата на овој прототип покажува дека видеоконференциската платформа ги задоволува потребите за добар "квалитет на учењето" - Quality of Learning (QoL).

Заклучок и предлог

Од анализата на наставно-педагошката дејност на д-р Слободан Калајџиски може да се констатира неговиот континуиран придонес во развојот на наставно-образовниот процес во областа на информатиката и компјутерското инженерство. Според трудовите што се објавени на познати меѓународни и домашни конференции, произлегува дека тој активно се занимава со истражувања од повеќе области како што се мултимедиски и информациони системи, далечинско учење, податочно рударење и биоинформатика. Неговите научно-истражувачки резултати покажуваат дека кандидатот поседува инвентивност и истражувачки дух, што му овозможуваат континуирано да се развива како одличен научен истражувач.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е на мислење дека кандидатот ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето за кое конкурира. Поради тоа, таа со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, **д-р Слободан Калајџиски да биде избран во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство.**

Рецензентска комисија

Академик д-р Љупчо Коцарев, с.р.
редовен професор на ФИНКИ

Д-р Данчо Давчев, с.р.
редовен професор на ФИНКИ

Д-р Ана Мадевска Богданова, с.р.
вонреден професор на ФИНКИ

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Слободан Ангелко Калајџиски
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: информатика и компјутерско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставни активности	Број
Одржување на настава	60,3
Прв циклус на студии:	
учебна 2008/2009 година (вкупно 10 часа неделно предавања и 2 часа вежби).....10 x 15 x 0,04 + 4 x 15 x 0,03 = 7,8	
(предавања)	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци 2 (2),	
објектно ориентирана анализа и дизајн (2),	
информациони системи (4)	
(вежби)	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци (2)	
учебна 2009/2010 година (вкупно 12 часа неделно).....12 x 15 x 0,04 = 7,2	
(предавања)	
алгоритми и структури на податоци (2),	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци 2 (2),	
објектно ориентирана анализа и дизајн (2),	
информациони системи (4)	
учебна 2010/2011 година (вкупно 14 часа неделно) .....14 x 15 x 0,04 = 8,4	
(предавања)	
алгоритми и структури на податоци (4),	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци 2 (2),	
објектно ориентирана анализа и дизајн (2),	
информациони системи (4)	
учебна 2011/2012 година (вкупно 12 часа неделно) .....12 x 15 x 0,04 = 7,2	
(предавања)	
алгоритми и структури на податоци (2),	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци (2),	
бази на податоци 2 (2),	
објектно ориентирана анализа и дизајн (2),	
информациони системи (2)	
учебна 2012/2013 година (вкупно 12 часа неделно) .....12 x 15 x 0,04 = 7,2	
(предавања)	
алгоритми и структури на податоци (2),	
објектно ориентирани системи (2),	
бази на податоци (2),	
бази на податоци 2 (2),	
објектно ориентирана анализа и дизајн (2),	
информациони системи (2)	
Втор циклус на студии:	
учебна 2008/2009 година (вкупно 6 часа неделно) .....6 x 15 x 0,05 = 4,5	
(предавања)	
ИС базирани на знаење (3),	
моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци (3)	
учебна 2009/2010 година (вкупно 6 часа неделно) .....6 x 15 x 0,05 = 4,5	
(предавања)	
ИС базирани на знаење (3),	
моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци (3)	
учебна 2010/2011 година (вкупно 6 часа неделно) .....6 x 15 x 0,05 = 4,5	
(предавања)	
алгоритми во биоинформатиката (3),	
структурна биоинформатика (3)	
учебна 2011/2012 година (вкупно 9 часа неделно) .....9 x 15 x 0,05 = 6,75	
(предавања)	
анализа и дизајн на ИС (3),	

ИС базирани на знаење (3), моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци (3) учебна 2012/2013 година (вкупно 3 часа неделно) .....3 x 15 x 0,05 = 2,25 (предавања) ИС базирани на знаење (3)	
Настава во школи и работилници Учесник на The Bioinformatics Roadshow, EMBL-EBI in collaboration with Jozef Stefan Institute, Ljubljana, Slovenija.....1 Учесник на Analysis of Environmental Data with Machine Learning Methods, Jozef Stefan Institute, Ljubljana, Slovenija...1	2
Подготовка на нов предмет Втор циклус на студии: Интелигентни информациони системи.....2 (анализа и дизајн на ИС, ИС базирани на знаење) Содржински базирано пребарување.....2 (моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци, евалуациски техники за системите за пребарување на неструктурирани податоци) Биоинформатика.....3 (алгоритми во биоинформатиката, структурна биоинформатика, протеомика)	7
Консултации со студенти Прв циклус на студии: учебна 2008/2009 година (вкупно 571 студенти x 0,002 = 1,142) учебна 2009/2010 година (вкупно 509 студенти x 0,002 = 1,018) учебна 2010/2011 година (вкупно 572 студенти x 0,002 = 1,144) учебна 2011/2012 година (вкупно 623 студенти x 0,002 = 1,246) учебна 2012/2013 година (вкупно 629 студенти x 0,002 = 1,258) Втор циклус на студии: учебна 2008/2009 година (вкупно 9 студенти x 0,002 = 0,018) учебна 2009/2010 година (вкупно 27 студенти x 0,002 = 0,054) учебна 2010/2011 година (вкупно 28 студенти x 0,002 = 0,056) учебна 2011/2012 година (вкупно 40 студенти x 0,002 = 0,08) учебна 2012/2013 година (вкупно 23 студенти x 0,002 = 0,046) Трет циклус на студии: учебна 2011/2012 година (вкупно 7 студенти x 0,002 = 0,014)	6,1
Ментор на дипломска работа 27 x 0,2 = 5,4	5,4
Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 3 x 0,5 = 1,5	1,5
Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 14 x 0,3 = 4,2	4,2
Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 68 x 0,1 = 6,8	6,8
Интерна скрипта од предавања В. Трајковиќ, А. Мадевска Богданова, С. Калајџиски, А. Мишев, И. Трајковски, "Алгоритми и структури на податоци", ФИНКИ, Скопје.....4	4
Пакет материјали по одреден предмет: Прв циклус: алгоритми и структури на податоци, објектно ориентирани системи, бази на податоци, бази на податоци 2, објектно ориентирана анализа и дизајн, информациони системи.....6 Втор циклус: анализа и дизајн на ИС, ИС базирани на знаење, моделирање и репрезентација на неструктурирани податоци, алгоритми во биоинформатиката.....4	10
ВКУПНО:	107,3

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ментор на магистерска работа Мирослав Јанески, Ивана Чинговска, Климентина Трифуноска, Цветанка Атанасовска, Мирослав Коцевски, Драган Аврамовски, Сашка Ивановска 7 x 1 = 7	7

Раководител на национален научен проект Интегриран систем за структурно пребарување, класификација и прикажување на протеински информации, финансиран од ФЕИТ, 2011-2012.....6 Determining Functional Groups in Protein-Protein Interaction Networks, финансиран од ФИНКИ, 2011-2013.....6	12
Учесник во национален научен проект Пред-обработка и пост-обработка кај ансамбли од класификатори, финансиран од ФИНКИ, 2011-2012.....3 Методи за податочно фузирање кај проблеми од Биоинформатиката, финансиран од ФИНКИ, 2011-2012.....3 Адаптибилно мултимедиско учење во мобилен облак околина, финансиран од ФИНКИ, 2012-2013.....3	9
Учесник во меѓународен научен проект TEMPUS JEP 41038: ECOSYSTEM INFORMATICS - Development of Postgraduate Curriculum, 2006-2009.....5 TEMPUS IT JPGR 144650: Videoconferencing Educational Services, 2008-2011.....5	10
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор B. Pepik, S. Kalajdziski, D. Davcev - "Protein Classification Using Decision Trees With Bottom-up Classification Approach", in Proceedings of 13th International Conference on Biomedical Engineering (ICMBE), Springer Link, Singapore, pp. 174-178, 3-6 December 2008.....6 x 0,8 = 4,8 G. Mirceva, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, D. Davcev - "Comparative Analysis of three efficient approaches for retrieving protein 3D structures", in CD Proceeding of IEEE 4-th Cairo International Biomedical Engineering Conference 2008, CIBEC 2008, Cairo, Egypt, 18-20 December 2008.....6 x 0,6 = 3,6 K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski, D. Davcev - "Protein Function Prediction Based on Neighborhood Profiles", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 125-134, 28-30 September 2009.....6 x 0,6 = 3,6 G. Mirceva, Z. Dimov, S. Kalajdziski, D. Davcev - "Protein Classification Based on 3D Structures and Fractal Features", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 115-124, 28-30 September 2009.....6 x 0,6 = 3,6 S. Kalajdziski, B. Pepik, I. Ivanoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, D. Davcev - "Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features", in Proceedings of 1st Internetional Conference ICT Innovations 2009, Springer Verlaang, pp. 135-144, 28-30 September 2009.....6 x 0,6 = 3,6 K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev – "A System for Protein Classification Based on Protein 3D Structure", in Proceedings of 5th International Conference: Sciences of Electronic, Technologies of Information and Telecommunications SETIT09, Tunisia, 22-26 March 22-26 2009.....6 x 0,8 = 4,8 A. Bogojeska, M. Angelova, S. Kalajdziski, Lj. Kocarev - "Accessing the Performance of Assembly Tools on Simulated Sequencing Data and Their Sensitivity to GC Content", in Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Springer, Ohrid, Macedonia, pp. 325-332, 12-15 September 2010.....6 x 0,6 = 3,6 E. Zdravevski, A. Kulakov, S. Kalajdziski, D. Davcev - "Probabilistic Predictions of Ensemble of Classifiers Combined with Dynamically Weighted Majority Vote", in Proceedings of the IASTED International Conference Artificial Intelligence and Applications (AIA 2011), Innsbruck, Austria, 14-16 February 2011.....6 x 0,6 = 3,6 M. Janeski, S. Kalajdziski – "Neural Network Model for Forecasting Balkan Stock Exchanges", in Proceedings of 7th Advanced Intelligent Computing, ICIC 2011, Zhengzhou, China, August 2011.....6 x 0,9 = 5,4 I. Cingovska, A. Bogojevska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski – "Protein Function Prediction by clustering of Protein-Protein Interaction Network", in Proceedings of the 3-rd ICT Innovations Conference, Springer LNCS, Skopje, Macedonia, 14-16 September 2011.....6 x 0,6 = 3,6 V. Trajkovik, D. Davcev, S. Kalajdziski, T. Malinovski, E. Palmisaro, E. Caporali, J. Valdisari - "Videoconferencing – based educational system: a case study", E-Challenges e-2011, IIMC International Information Management Corporation, Florence, Italy, 26-28 October 2011.....6 x 0,6 = 3,6 K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski – "Protein Function Prediction by Spectral Clustering of Protein Interaction Network", in Proceedings of International Conference on Bio-Science and Bio-Technology BSBT'11, Jeju Island, Korea, 8-10 December 2011.....6 x 0,8 = 4,8	48,6
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир I. Ivanoska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski - "Protein function prediction using semantic similarity metrics and random walk algorithm", in the 9th Conference for Informatics and Information Technology 2012, Bitola, Macedonia.....2 x 0,8 = 1,6 S. Ivanovska, I. Ivanoska, S. Kalajdziski, "Algorithms for Effective Team Building", in the 10th Conference for Informatics and Information Technology 2013, Bitola, Macedonia.....2 x 0,8 = 1,6	3,2
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор I. Cingovska, G. Mirceva, S. Kalajdziski, D. Davcev - "Comparative analysis of wavelet based protein descriptors", in Proceedings of 9th National Conference ETAI 2009, Ohrid, Macedonia, 2009.....3 x 0,6 = 1,8 M. Janeski, S. Kalajdziski - "Forecasting stock market prices", in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.....3 x 0,9 = 2,7 M. Angelova, S. Kalajdziski, I.j. Kocarev - "Computational Methods for Gene Finding in Prokaryotes", in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.....3 x 0,8 = 2,4 I. Ivnoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski - "Hierarchical Protein Classification based on Gene Ontology and Decision Trees", in Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010.....3 x 0,6 = 1,8 N. Pavlovik, I. Ivanoska, S. Kalajdziski – "Comparison of Protein Descriptors Used in Hierarchical Multi-label Classification Based on Gene Ontology", in Proceedings of the 3-rd ICT Innovations Conference, Springer LNCS,	13,5

Skopje, Macedonia, 14-16 September 2011.....3 x 0,8 = 2,4 C. Atanasovska, K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, "Determination of protein functional groups using the Bond Energy Algorithm", in the 4th ICT Innovations Conference 2012, Ohrid, Macedonia.....3 x 0,8 = 2,4	
ВКУПНО:	103,3

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

[illegible]	[illegible]
Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма Интелигентни информациони системи.....1 Содржинско базирано пребарување.....1 Биоинформатика.....1	3
Учество во промотивни активности на факултетот/институтот Отворени денови за промоција на факултетот во учебните години 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 и 2012/2013.....5 x 0,5 = 2,5 Учество во промоцијата на саем за образование во 2010 година.....0,5	3
Превод на книга Dimitri P. Bertsekas, "Dynamic programming and optimal control", Athena Scientific	3
Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание CIIT 2011 и 2012.....2 x 0,5 = 1	1
Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание ICT Innovations 2009, 2010, 2011 и 2012.....4 x 1 = 4	4
Изготвување и пријавување на научен/образовен проект (носител) Интегриран систем за структурно пребарување, класификација и прикажување на протеински информации, 2011-2012.....2 (носител) Determining Functional Groups in Protein-Protein Interaction Networks, 2011-2013.....2 (соработник) Предобработка и постобработка кај ансамбли од класификатори, 2011-2012.....0,5 (соработник) Методи за податочно фузирање кај проблеми од Биоинформатиката, 2011-2012.....0,5 (соработник) Адаптибилно мултимедиско учење во мобилен облак околина, 2012-2013.....0,5	5,5
Член на факултетска комисија Претседател на факултетска пописна комисија за компјутерската опрема во ФЛАОП и стручните служби.....0,5 Член во подкомисија за евалуација на студиски програми (информатика и компјутерско инженерство).....0,5 Претседател на факултетска пописна комисија за лаборатории.....0,5	1,5
Член на комисија за избор во звање (2 членства)	0,4
Координатор на студиска програма Студии од втор циклус: Интелигентни информациони системи.....1 Содржинско базирано пребарување.....1 Биоинформатика.....1	3
ВКУПНО:	24,4

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	107,3
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	103,3
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	24,4
Вкупно:	**235**

Членови на Комисијата

Академик д-р Љупчо Коцарев, претседател, с.р.

Проф. д-р Данчо Давчев, член, с.р.

Вонр. проф. д-р Ана Мадевска Богданова. член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВОВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ДЛАБОКО ЗАМРЗНАТА СПЕРМА ВО РЕПРОДУКЦИЈАТА НА СВИЊИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЉУПЧО МИЦКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29.6.2012, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на изработената докторска дисертација во следниов состав:

- д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Михајло Адамов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Флорина Поповска-Перчиниќ , доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да даде оцена на докторската дисертација **ВОВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ДЛАБОКО ЗАМРЗНАТА СПЕРМА ВО РЕПРОДУКЦИЈАТА НА СВИЊИ,** изработена од м-р Љупчо Мицков. Комисијата, по деталното разгледување на доставениот материјал, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Воведување на користењето на длабоко замрзната сперма во репродукцијата на свињи“ е напишана на 195 страници чукан текст со 9 слики, 67 графикони и 77 табели. Таа ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и англиски јазик, Вовед, Преглед на литература, Цели на истражувањето, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во **воведот** кандидатот се осврнува на основните податоци поврзани со проблемите со кои во текот на развојот на репродуктивните технологии се соочиле голем број истражувачи кои работеле на полето на криопрезервација на сперма од нерези, при што, концизно ги наведува предностите, како и

недостатоците при користењето на овој начин на конзервација на спермата од нерези, како и застапеноста на нејзиното користење во светот, со посебна напомена дека оваа технологија досега воопшто не била употребена во свињарството како индустрија, во поширокиот регион.

Понатаму, во поглавјето **Преглед на литературата**, во девет одделни точки, кандидатот наведува најнови, но и постари извадоци од литературата релевантна за темата што ја обработува. Во точката *Историјат*, концизно е претставен развојот на технологиите за длабоко замрзнување на спермата, од самите експериментални почетоци, кај поединечни видови фармски животни, се до најновите достигнувања во ова поле, со посебен осврт кон почетоците и текот на развитокот на оваа технологија, применета во свињарството. Исто така, тука се наведени и основните проблеми со кои истражувачите се среќаваат при работата во ова поле: ниските проценти на фертилитет и големината на легло, високата варијација помеѓу нерезите во успехот на замрзнување, потребата од висок број сперматозоиди по доза за осеменување, повисоките трошоци, како и недостатокот на релевантни лабораториски тестови за точна проценка на квалитетот на спермата. Терминот за добивање на оптимален фертилитет на криопрезервираните сперматозоиди од нерези е значително пократок од оној кај течната сперма.

Во точката *Криобиологија*, кандидатот за почеток го дефинира терминот, цитирајќи голем број релевантни научни извори, при што го задржува својот фокус врз настаните кои се одвиваат во текот на самиот процес како во клетката, така и во самата околина на клетката, како дел од поширокиот крио-систем. Посебен и темелен осврт е даден на досегашните научни сознанија, компилирани од многубројните литературни наводи од ова поле на биологијата, за текот на процесот на криопрезервација кај сперматозоидите добиени од порцините видови животни.

Влијанието на садовите (контејнерите) во кои можат да се конзервираат суспендираните сперматозоиди од овој вид фармски животни, на многу јасен и сликовит начин е претставено во поглавието *Пакување на спермата за криопрезервација*, при што се нагласени добрите и лошите страни за секој тип на презервации, со посебен осврт на биофизичките својства на типот на пакување (медиум пасти од (0,5 ml), кој кандидатот се одлучил да ги користи во своите експерименти. Оваа точка се надоврзува на следната, *Температура на замрзнување и одмрзнување* (температурен опсег, температурна крива), каде што се опишани основните протоколи за криопрезервација, со детален опис на периодите на инкубација, ладење и криопрезервација на сперматозоидите, како и со температурите за нивна ревитализација, односно одмрзнување, а исто така и со влијанието на тир. „студен шок" врз сперматозоидите од нерези, детално разработени во наредната точка.

Во точката *Фертилитет и* ***in vitro*** *тестови*, кандидатот се задржува на фактот кој употребата на вака конзервираниот материјал од нерези ја прави неинтересна. Имено, криопрезервираната сперма поседува пониско фертилизирачки капацитет, кога се користи за ВО од свежата сперма или спермата сочувана во течна форма. Пониското фертилитет на криопрезервираната сперма не може целосно да се компензира, на исто ниво како што тоа се постигнува со свежата сперма, со осеменување со еднакви броеви „живи" сперматозоиди.

Особено детално е разработена точката *кинетика на сперматозоидите*, каде што е очигледно дека кандидатот го посветил најголемиот дел од својот досегашен научен опус. Подвижноста е една од карактеристиките на

сперматозоидите, покрај другите, која долго време го задржува вниманието на многу истражувачи. Имплементацијата на системите за дигитализирање и компјутерска анализа на добиените слики во истражувањата поврзани со кинетиката на сперматозоидите претставувало виден напредок во минатите две децении. Оваа компјутеризирана анализа на сликата на спермата овозможува да се квантифицираат поспецифичните кинетички карактеристики на сперматозоидот, како што се праволиниската брзина (VSL), курвилинеарната брзина (VCL), просечната брзина (VAP), линеарноста (LIN), коефициентот на исправеност на траекторијата (STR), амплитудата на латералното поместување на главата (ALH) и фреквенцијата на опашката (BCF). Во оваа точка, кандидатот детално ги разработува CASA-системите.

Во последните две точки, дадена е компилација од научни наводи поврзани со користењето на различни криопрезерванси при криопрезервацијата на спермата од нерези, како и за користењето на различни режими за центрифугирање на спермата, во текот на нејзината подготовка за криопрезервација, како едни од побитните услови кои треба да бидат исполнети за нејзина успешност, односно за добивање на што поголем процент подвижни сперматозоиди по одмрзнувањето.

Кандидатот јасно ги одредува **целите** на оваа докторска дисертација, а тоа се: развивање метода за замрзнување на сперма од нерези и истражување на ефектот на различните фактори кои имаат удел во преживувањето на сперматозоидите од нерези in vitro после криопрезервација, како главна цел. Посебни цели во оваа дисертација биле: да се одреди оптималниот протокол за процесирање и криопрезервација на спермата од нерези, да се анализираат ефектите на процедурите за криопрезервација врз CASA-кинетичките и морфолошките параметри на сперматозоидите; да се одредат оптималниот режим за центрифугирање на спермата од нерези во текот на нејзиното процесирање, пред криопрезервацијата, како и да се одреди оптималната концентрација на криопрезерванс; да се одреди квантитативната разлика во субпопулациите сперматозоиди во ејакулатите пред и по процедурата на криопрезервација на спермата и да се одреди фертилитетот на длабоко замрзнатата сперма.

Во поглавјето **Материјал и методи** е опишано дека во опитите изведени во склоп на ова истражување биле користени 713 ејакулати од 18 полово зрели нерези од расите јоркшир (n = 10), ландрас (n = 5) и дурок (n = 4). Ејакулатите биле добивани со користење на техниката на мануелна фиксација на *glans penis* (gloved hand technique). Првите неколку млаза од ејакулатот (фракцијата богата со бактерии) била изоставена, а за потребите на опитите беа користени првите 15 – 20 mL од фракцијата богата со сперматозоиди (во опитот кога криопрезервацијата била изведувана по скратената процедура), или целата фракција богата со сперматозонди (кога криопрезервацијата била изведувана според конвенционалната процедура).

Во опитот за одредување на оптималниот режим за центрифугирање на сперматозоидите, ејакулатите, претходно разредени во размер 1:1, биле поставени во епрувети и подложени на дејство на различни гравитациски сили, во тек на различен временски период и тоа: 800 rpm во тек на 12 минути, 1.600 rpm во тек на 6 минути, 2.000 rpm во тек на 3 минути и 2.400 rpm во тек на 2 минути, на температура од 17°C. По центрифугирањето, ејакулатите биле процесирани и криопрезервирани во согласност со стандардната процедура за криопрезервација на сперма од нерези, криопрезервираните дози биле одмрзнати според стандардната процедура за одмрзнување, по што следувал

рутински микроскопски преглед, со користење на фазно-контрастна микроскопија на светло поле (Фаза 1) (Nicon Optiohot, Japan) и CASA-евалуација (HTM-IVOS V.12, Hamilton Thorn Research, USA).

Со цел да се одреди оптималната концентрација на криопрезерванс во екстендерот, кандидатот, по центрифугирањето и предилуцијата со екстендерот за ладење (волумен еквивалентен на отстранетиот супернатант по центрифугирањето), ејакулатите ги ладел до 5°C, во тек на 2,5 часа, а потоа биле доведени до конечна концентрација со помош на екстендерот за замрзнување кој содржел 0%, 3% и 8% криопрезерванс (глицерол).

Процесирањето на ејакулатите според традиционалната процедура било според методата на Westendorf et al. (1975), модифицирана од Thurston et al. (2001), додека за криопрезервација на сперматозоидите со користење на скратената процедура се користеа само ејакулатите кај кои при CASA-евалуацијата биле присутни над 90% подвижни сперматозоиди. Била употребувана Порција 1 (P1, првите 20 mL од фракцијата богата со сперматозоиди) при што таа била инкубирана во водена бања на температура од 33°C, а потоа била екстендирана со комерцијален разредител за ладење (Androhep®, Androhep EnduraGuard™ и Androhep® Plus, Minitub, Tienfenbach, Germany) во размер 1:1. Вака екстендираните ејакулати без центрифугирање биле оладени до 5°C во рок од 1,5 часа и биле доведени до конечната концентрација со изотермичен (5°C) екстендер за замрзнување (CryoGuard™-CF Minitub, Tienfenbach, Germany), а потоа биле спакувани во транспарентни PVC паети од 0,5 mL, наредени на крио-рампи и замрзнати со користење на замрзнувач со компјутерски контролиран степен на замрзнување по следниот протокол: ладење до –6°C при пад од 6°C/min, стабилизација на –6°C за во тек на 1 минута за да настапи кристализацијата, ладење од –6°C до -20°C во тек на 15 секунди и замрзнување од -20°C до -80°C со пад од 40°C/min, задржување во траење од 30 s на –80°C, а потоа ладење со пад од 70°C/min до –150°C, по што следувало потопување во течен азот и складирање во депо контејнер.

Во клиничките истражувања, биле вклучени 54 матрици, од кои 20 во експерименталата група: 10 биле осеменети со сперма конзервирана по традиционалната процедура за криопрезервација, а 10 биле инсеминирани со сперма конзервирана по експерименталната процедура за криопрезервација. Како контрола биле вклучени 34 матриците, осеменети со сперма конзервирана во течна состојба.

Во поглавјата **Резултати и Дискусија**, кандидатот ги прикажува јасно резултатите добиени при овие истражувања, ги дискутира и споредува со податоците добиени од други истражувања во светот. Резултатите од испитувањата се прикажани во 103 графикони и табели, а сигнификантните разлики се прикажани споредбено помеѓу групите. Оптималниот режим за центрифугирање пред криопрезервацијата според овие истражувања би бил 800 x g/12 min.

Ова истражување покажало дека спермата од нерези криопрезервирана во паети при оптимални степени на ладење и загревање во присуство на различни концентрации глицерол покажуваат различни промени во подвижноста, кинетичките и морфолошките параметри на сперматозоидите. Оптималната концентрација на криопрезерванс (глицерол) во поглед на крио-опстанокот на сперматозоидите од нерези била 3%.

Процентот на подвижни сперматозоиди во течната сперма изнесувал 80,92 ± 0,44 %, кај TCP-спермата 28,81 ± 0,56 %, а кај XCP-спермата 34,04 ± 1,26

%, при што била забележана висока сигчификантност помеѓу процедурите за криопрезервација ($p < 0,0005$).

Просечната брзина на сперматозоидите (VAP) во течната сперма изнесувала 71,50 ± 0,52 μm/s, кај TCP-спермата 42,11 ± 0,56 μm/s, а кај XCP-спермата 51,23 ± 1,05, при што била забележана висока сигнификантност помеѓу процедурите за криопрезервација ($p < 0,00005$). Праволиниската брзина на сперматозоидите (VSL) во течната сперма изнесувала 47,03 ± 0,40 μm/s, кај TCP-спермата 22,02 ± 0,53 μm/s, а кај XCP-спермата 31,13 ± 0,93, при што била забележана висока сигнификантност помеѓу процедурите за криопрезервација ($p < 0,00005$).

Курвилинеарната брзина на сперматозоидите (VCL) во течната сперма изнесувала 163,19 ± 0,95 μm/s, кај TCP-спермата 128,86 ± 1,30 μm/s, а кај XCP-спермата 132,66 ± 2,23, при што ејакулатите добиени од нерезите од расата ландрас, покажале висока сигнификантност помеѓу процедурите за криопрезервација ($p< 0,00005$).

Амплитудата на латералното поместување на главата на сперматозоидите (ALH) во течната сперма изнесувала 7,90 ± 0,03 μm, кај TCP-спермата 7,53 ± 0,05 μm, а кај XCP-спермата 7,37 ± 0,08 μm. Кај ејакулатите добиени од нерезите од расата ландрас била забележана висока сигнификантност помеѓу процедурите за криопрезервација, при што вредноста на овој параметар била значително повисока кај XCP-спермата ($p < 0,005$).

Фреквенцијата на опашката на сперматозоидите (BCF) во течната сперма изнесувала 30,44 ± 0,03 Hz, кај TCP-спермата 30,23 ± 0,21 Hz, а кај XCP-спермата 29,41 ± 0,30. Кај ејакулатите добиени од нерезите од расата дурок и ландрас била забележана сигнификантност помеѓу процедурите за конзервација, при што вредноста на овој параметар беше значително повисока кај TCP-спермата во однос на течната сперма ($p < 0,05$).

Индексот на исправеност на патеката на сперматозоидите (STR) во течната сперма изнесувал 79,31 ± 0,20 %, кај TCP-спермата 79,80 ± 0,27 %, а кај XCP-спермата 80,55 ± 0,46. Ејакулатите добиени од нерезите од расата Ландрас покажале сигнификантност помеѓу процедурите за конзервација, при што вредноста на овој параметар беше значително повисока кај TCP-спермата во однос на течната сперма ($p < 0,05$).

Линеарноста на патеката на сперматозоидите (LIN) во течната сперма изнесувала 46,29 ± 0,20 %, кај TCP-спермата 47,30 ± 0,35 %, а кај XCP-спермата 48,11 ± 0,55, при што била забележана сигнификантност во разликите на овој параметар помеѓу XCP-спермата и течната сперма ($p < 0,05$). Исклучок од ова претставуваа ејакулатите добиени од нерезите од расата јоркшир, каде што беше забележана сигнификантност помеѓу процедурите за конзервација ($p < 0,05$).

Елонгацијата на главата на сперматозоидите во течната сперма изнесувала 45,35 ± 0,13 %, кај TCP-спермата 44,92 ± 0,17 %, а кај XCP-спермата 44,39 ± 0,23, при што беше забележана сигнификантност во разликите на овој параметар помеѓу XCP-спермата и течната сперма ($p < 0,05$).

Површината на главата на сперматозоидите во течната сперма изнесувала 9,83 ± 0,05 μm^2, кај TCP-спермата 9,56 ± 0,08 μm^2, а кај XCP-спермата 8,61 ± 0,09 μm^2, при што била забележана висока сигнификантност во разликите на овој параметар помеѓу XCP-спермата и останатите две процедури за конзервирање на спермата ($p < 0,00005$), а на ниво на вкупниот број испитани примероци, била забележана сигнификантна разлика во вредноста на овој параметар и помеѓу течната и TCP-спермата.

Застапеноста на суппопулацијата брзи сперматозоиди во течната сперма изнесувала 77,45 ± 0,47 %, во TCP-спермата 25,02 ± 0,63 %, а кај XCP-спермата 28,90± 1,17 %. Била забележана висока сигнификантност во разликите на оваа суппопулација помеѓу расите јоркшир и ландрас во течната сперма ($p < 0,001$) и во TCP-спермата помеѓу трите раси ($p < 0,0005 - p < 0,00005$).

Застапеноста на субпопулацијата средно брзи сперматозоиди во течнатата сперма изнесувала 3,45 ± 0,10 %, во TCP-спермата 4,20 ± 0,18 %, а кај XCP-спермата 4,14 ± 0,41 %. Била забележана сигнификантност во разликите на оваа суппопулација спематозоиди помеѓу расите јоркшир и ландрас во XCP-спермата ($p < 0,05$). Сигнификантност постоела и во застапеноста на оваа субпопулација помеѓу течната сперма и TCP-спермата, на ниво на вкупно испитани примероци ($p < 0,01$).

Застапеноста на субпопулацијата бавни сперматозоиди во течнатата сперма изнесувала 6,17 ± 0,14 %, во TCP-спермата 9,62 ± 0,37 %, а кај XCP-спермата 11,35 ± 0,69 %. Била забележана висока сигнификантност во разликите на оваа суппопулација сперматозоиди помеѓу расите јоркшир и останатите две раси во TCP-спермата ($p < 0,005$ - $p<0,0001$). Кај XCP-спермата била забележана висока сигнификантност во разликите на застапеноста на оваа субпопулација сперматозоиди помеѓу расата дурок и останатите две раси ($p < 0,00005$). Висока сигнификантност постоела и во застапеноста на оваа субпопулација помеѓу течната сперма и криопрезервираната сперма по обете процедури ($p < 0,00005$), на ниво на вкупно испитани примероци, а помеѓу протоколите за криопрезервација разликата во застапеноста на субпопулацијата била на ниво $p < 0,05$.

Застапеноста на суппопулацијата статични сперматозоиди во течнатата сперма изнесувала 12,90 ± 0,36 %, во TCP-спермата 61,37 ± 0,70 %, а кај XCP-спермата 55,68 ± 1,52 %. Била забележана висока сигнификантност во разликите на оваа суппопулација спематозоиди помеѓу расите Јоркшир и останатите две раси во течната сперма ($p < 0,005$). Кај TCP-спермата била забележана висока сигнификантност во разликите на застапеноста на оваа суппопулација сперматозоиди помеѓу расата јоркшир и останатите две раси ($p < 0,00005$), а кај XCP-спермата била забележана сигнификантност помеѓу застапеноста на субпопулацијата кај расите дурок и ландрас ($p < 0,01$).

Заклучоците се одраз на релевантни опсервации и констатации добиени во текот на испитувањето во оваа студија и претставуваат јасен приказ на резултатите. Прикажаните заклучоци даваат одговори на поставените цели и со нив се добива увид во различниот ефект на концентрацијата на криопрезерванс, режимот на центрифугирање, како и на различните протоколи за криопрезервација врз кинетичките својства на сперматозоидите од нерези. Тие укажуваат на постоење на битни разлики на овие параметри како помеѓу различни нерези од иста раса, така и помеѓу самите раси. Потврда за наведеното се и изведените клинички истражувања, кои само ја потврдуваат поставената хипотеза.

Во поглавјето **Литература**, кандидатот наведува 219 понови и постари референци кои се однесуваат на оваа проблематика и се објавени во различни списанија и книги. Најголем дел од нив се оригинални научни трудови со понов датум.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложената докторска дисертација со наслов **ВОВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ДЛАБОКО ЗАМРЗНАТА СПЕРМА ВО РЕПРОДУКЦИЈАТА НА СВИЊИ,** изработена од м-р Љупчо Мицков, претставува самостоен, оригинален научен труд со јасно дефинирани цели на истражување, во кој се применети адекватни и признати научноистражувачки методи. Резултатите на истражувањата се презентирани на прегледен начин, соодветно се елаборирани и се поткрепени со литературни податоци.

Темата на оваа дисертација е особено интересна, заради специфичноста на криопрезервацијата на сперматозоидите од нерези, но за жал, заради слабото преживување на сперматозоидите, ниту кај нас ниту пошироко нема широка примена во практиката. Истражувањата во областа на криобиологијата на спермата од нерези имаат особено значење од аспект на асистираната репродукција, како и за сочувување на автохтониот генетски материјал.

Во дисертацијата, за првпат се квантифицирани промените во кинетичките параметри на сперматозоидите од нерези, на критичните точки од истражуваните протоколи за конзервација.

Сметаме дека добиените резултати од оваа дисертација даваат особен придонес во разбирањето на процесите на криопрезервација на спермата од нерези. Добиените резултати претставуваат почетна точка за примена на длабоко замрзнато семе од нерези во практиката, но и за понатамошни истражувања кои треба да ги разјаснат процесите кои се одвиваат во самите сперматозоиди за време на замрзнувањето, со што би се подобрило и преживувањето на криоконзервираните сперматозоиди од нерези.

Од тие причини, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да ја прифати докторската дисертација **ВОВЕДУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА ДЛАБОКО ЗАМРЗНАТА СПЕРМА ВО РЕПРОДУКЦИЈАТА НА СВИЊИ** од м-р Љупчо Мицков и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Комисија

Проф. д-р Владимир Петков с.р.

Проф. д-р Тони Довенски с.р.

Проф. д-р Михајло Адамов с.р.

Проф. д-р Пламен Тројачанец с.р.

Доц. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ с.р.